**УНИВЕРЗИТЕТ "Св. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"**

**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ**

**ИНСТИТУТ ЗА ОДБРАНБЕНИ И МИРОВНИ СТУДИИ**

# ПОЛИТИЧКО-ГЕОГРАФСКА ПОЛОЖБА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА: ПРОЦЕНКА И ПЕРСПЕКТИВИ ЗА РАЗВОЈ ВО ЕВРО-АТЛАНТСКИОТ АМБИЕНТ

–докторска дисертација–

МЕНТОР:

*Проф. д-р Билјана Ванковска*

КАНДИДАТ:

*М-р Тони Милески*

## СОДРЖИНА


| | | | |
|---|---|---|---|
| **1. ВОВЕДЕН ДЕЛ** | | | **2** |
| 1.1. | Формулирање на проблемот на истражувањето | | **2** |
| 1.2. | Цели на истражувањето | | **5** |
| 1.3. | Предмет и основна хипотетичка рамка на истражувањето | | **6** |
| 1.4. | Хипотези на истражувањето | | **9** |
| 1.5. | Варијабли на истражувањето | | **11** |
| 1.6. | Методи и техники на истражувањето | | **11** |
| 1.7. | Научна и општествена оправданост на истражувањето | | **13** |
| 1.8. | Досегашни истражувања | | **13** |
| **2. ТЕОРЕТСКА РАМКА НА ПОЛИТИЧКО-ГЕОГРАФСКИТЕ И ГЕОПОЛИТИЧКИТЕ ИСТРАЖУВАЊА** | | | **14** |
| **3. ПОЛИТИЧКО-ГЕОГРАФСКИОТ ПРОЦЕС КАКО ДЕТЕРМИНАНТА ВО ФОРМИРАЊЕТО НА ПОЛИТИЧКАТА КАРТА** | | | **21** |
| 3.1. | Политичко–географскиот процес и политичката карта | | **21** |
| 3.2. | Територијални спорови и трговии со територии | | **27** |
| 3.3. | Создавање на светската политичката карта | | **31** |
| 3.4. | Формирање на политичко–географската карта на Балканот | | **35** |
| 3.5. | Политичка карта на Балканот по завршувањето на Студената војна и Југословенската криза | | **51** |
| 3.6. | Глобализација, фрагментација и политичко–географскиот процес | | **54** |
| **4. БАЛКАНСКИОТ ПОЛИТИЧКО-ГЕОГРАФСКИ КОНТЕКСТ** | | | **58** |
| 4.1. | Политичко–географскиот процес на Балканот | | **58** |
| 4.2. | Терминолошко редефинирање на Балканот (Балканско Полуострово, Југоисточна Европа) | | **59** |
| 4.3 | Геостратегиско и геополитичко опкружување на Балканот | | **64** |
| **5. ЛОКАЛНА, РЕГИОНАЛНА И ГЛОБАЛНА ПОЛИТИЧКО-ГЕОГРАФСКА ПОЛОЖБА НА ДРЖАВИТЕ ОД ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА** | | | **75** |
| 5.1. | Локална и регионална положба на државите од Југоисточна Европа | | **75** |
| 5.2. | Современи аспекти на кризните жаришта во регионот на Југоисточна Европа | | **80** |
| 5.3. | Сценарија за решавање на територијалните спорови | | **84** |
| | 5.3.1. | Македонија | **85** |
| | 5.3.2. | Босна и Херцеговина | **88** |
| | 5.3.3. | Србија и Црна Гора | **91** |
| | 5.3.4. | Словенија | **98** |
| | 5.3.5. | Хрватска | **98** |
| 5.4. | Регионални политичко–географски импликации од можната независност на Косово | | **100** |
| 5.5. | Надворешни фактори кои ја профилираат локалната и регионална политичко–географска положба на Балканот | | **106** |
| 5.6. | Картографски прикази на Големодржавните проекти во регионот на ЈИЕ | | **113** |
| 5.7. | Глобална политичко–географска положба на Југоисточна Европа | | **118** |
| **6. РЕГИОНАЛНИ ИНИЦИЈАТИВИ ЗА ПОВРЗУВАЊЕ НА ДРЖАВИТЕ ОД ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА** | | | **131** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 6.1. | Партиципацијата на меѓународните организации во субрегионалната соработка во регионот | | | 139 |
| **7. АНАЛИЗА НА ДЕТЕРМИНАНТИТЕ КОИ ВЛИЈААТ НА ПОЛИТИЧКО-ГЕОГРАФСКАТА ПОЛОЖБА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА** | | | | **146** |
| 7.1. | Физичко–географски детерминанти | | | **161** |
| | 7.1.1. | Улогата на планинските и рамничарските области, морските басени и речните долини | | **161** |
| | 7.1.2. | Основни параметри на територијата на Република Македонија | | **165** |
| 7.2. | Геополитички детерминанти | | | **173** |
| | 7.2.1. | Контактен карактер и јазолност на геополитичката положба на Република Македонија | | **173** |
| | 7.2.2. | Српските територијални интереси кон Македонија | | **176** |
| | 7.2.3. | Бугарските територијални интереси кон Македонија | | **181** |
| | 7.2.4. | Грчките територијални интереси кон Македонија | | **184** |
| | 7.2.5. | Албанските територијални интереси кон Македонија | | **187** |
| 7.3. | Геостратегиски детерминанти | | | **194** |
| | 7.3.1. | Современи аспекти на геостратегијата | | **194** |
| | 7.3.2. | Република Македонија во рамките на Јужноевропското боиште | | **196** |
| | 7.3.3. | Геостратегиски баланс на силите во регионот | | **202** |
| | 7.3.4. | Македонија и геостратегиските оски на Балканот | | **211** |
| 7.4. | Сообраќајно–географски детерминанти | | | **215** |
| | 7.4.1. | Транспортни коридори во Југоисточна Европа и партиципацијата на Република Македонија | | **215** |
| | 7.4.2. | Коридорот 8 и неговото значење за Република Македонија | | **222** |
| | 7.4.3. | Копнени сообраќајни правци и нивно значење | | **230** |
| 7.5. | Културно–цивилизациски детерминанти | | | **238** |
| | 7.5.1. | Дескриптивно и нормативно дефинирање на цивилизацијата | | **238** |
| | 7.5.2. | Линија на разделување/линија на дијалог | | **245** |
| | 7.5.3. | Етно–географски карактеристики на Р.Македонија | | **248** |
| | | 7.5.3.1. | Бројно движење на населението во Република Македонија | **248** |
| | | 7.5.3.2. | Етно–географска структура на населението во Република Македонија | **251** |
| | 7.5.4. | Решение: Мултикултурниот модел на уредување во Р.Македонија | | **254** |
| 7.6. | Економско–географски детерминанти | | | **262** |
| | 7.6.1. | Енергетски ресурси на Република Македонија | | **263** |
| **8. ПОЗИТИВНИ И НЕГАТИВНИ АСПЕКТИ ОД ПОЛИТИЧКО-ГЕОГРАФСКАТА ПОЛОЖБА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА-ПРЕПОРАКИ ЗА ПОЗИТИВНО ВАЛОРИЗИРАЊЕ** | | | | **268** |
| **9. ЗАКЛУЧОЦИ** | | | | **280** |
| **10. БИБЛИОГРАФИЈА** | | | | **289** |

# 1. Воведен дел

## 1.1. Формулирање на проблемот на истражување

Во доменот на политичката географија, географскиот простор го надминува таканаречениот конвенционален поим за географска положба која е ограничена само со нејзините просторни компоненти. Имено, политичко-географската суштина на поимот положба, произлегува од дефиницијата на поимот географска положба. Географската положба претставува однос на одредена територијална целина према природните и општествените компоненти на географската средина во поблиското и подалечно опкружување. Широк спектрум на варијабли ја детерминираат политичко–географската положба, поради што истата може да се класифицира во групата на релативни положби. Релативноста произлегува од фактот што општествено–географските компоненти се променливи и зависат од времето, интензитетот, опкружувањето и од другите детерминанти на делување. Од друга страна, апсолутноста на положбата е детерминирана од релативно непроменливите (или споро менливи) физичко–географски компоненти.

Во тој контекст, политичко–географската положба може да се дефинира како динамичен однос на одредена географска (територијална) целина према природните и општествените компоненти на географската средина во поблиското и подалечното опкружување. Компоненти кои се релевантни за внатрешните политички односи и надворешно–политички позиции према други географски (територијални) целини и меѓународни организации. Врз политичко–географската положба влијаат светските политички и економски центри, интеграциските и дезинтеграциските процеси, глобалните и регионални транспортни и информациски оски како и положбата во однос на кризните жаришта на планетата. Тоа значи дека ниту една држава нема постојана политичко–географска положба, односно таа е релативна и се менува со оглед на промените кои тесно корелираат со територијалниот опфат на државата, нивото на стопанскиот развој, вклученоста на државата во економските, политичките и воените сојузи. Врз политичко-географската положба влијае формирањето и развојот на државите во определен регион. Детерминанта која има рефлектирачко влијание на политичко–географската положба е државната граница која во најголем степен

ја одразува промената во политичко–географската положба како на секоја држава поединечно така и на одредени региони и подрачја.

За целосно разбирање на комплексноста на политичко–географската положба, неопходно е покрај физичко–географската база да се анализираат елементите на сообраќајната и економската поврзаност и изолираност, историското наследство, демографските процеси, воено-стратегиските елементи и сл. Од ваквите констатации произлегува дека анализата на политичко–географската положба на одредена географска целина или територија подразбира опсервирање на причинско–последичните врски и взаемни условености на географските и политичките односи.

Доколку се вратиме на почетокот од 90–те години од минатиот век, можеме да констатираме дека Балканскиот Полуостров претрпе радикални промени во смисол на редефинирање на границите и политичката карта и промена на општественото уредување на државите – негови конституенти. Генератор на ваквиот политичко–географски процес на регионот беше распаѓањето на Советскиот Сојуз, како една од двете постоечки супер сили, кое битно ја измени политичката карта на светот. Имено, настаните кои се случија во 1989 година доведуваат до рушење на источноевропскиот модел создаден под закрилата на тогашниот Советски Сојуз. Таквите геополитички промени го срушија дотогаш постоечкиот светски поредок, кој како што е познато беше создаден по завршувањето на Втората светска војна. Хронологијата на настаните беше навистина импресивна. За две години доаѓа до целосен колапс на “источниот блок”. Во текот на есента 1989 година доаѓа до рушење на режимот на Источна Германија и паѓање на Берлинскиот ѕид. Кон крајот на 1990 година двете Германии, источна и западна се обединуваат. Новоформираната Германија, со Парискиот акт беше призната од сите четири држави победнички од Втората светка војна. Се распадна источно–европскиот одбранбен систем (Варшавскиот договор престана со својата активност на 01.VII.1991 година) како и Економската асоцијација на социјалистичките држави која е распуштена на 28.XI.1991 година.

Свој придонес кон промената на геополитичкиот поредок и политичко–географските процеси имаше и дезинтеграцијата на СФРЈ која се рефлектираше со невидено насилство, манифестирано преку обидите

на етничките групи, првенствено Срби, Хрвати и Албанци кои егзистираат на овие простори да креираат етнички чисти држави преку освојување на територии каде што живее население од еднородна етничка структура. Кревкиот баланс помеѓу етничките групи во Босна и Херцеговина кој се воспостави по Дејтонскиот договор, како и Охридскиот договор во Република Македонија се чини дека сеуште ја прави нејасна конечната разврска и стабилизација на регионот.

Поради овие причини, Македонија и Балканскиот Полуостров претставуваат два поими кои се однесуваат на конкретни просторни целини и кои претставуваат специфичен објект на анализи. Централната положба, партиципацијата во главните комуникациски коридори, овозможуваат просторот на Република Македонија да има значителна улога во секоја историско–територијална прекомпозиција и промени на границите. Историското минато како и бремето на наследените економски, геополитички и геостратегиски дисбаланси како и интересите на големите сили допринесуваат територијалните системи кои егзистираат на Балканот да имаат променливи квалитативни и квантитативени територијални карактеристики, без прецизни граници во физичко–географски, политички, етнички и културно–цивилизациски смисол. Територијата и положбата на Република Македонија претставуваат компонента на сложениот и варијабилен политичко–географски систем на Балканскиот Полуостров, Балканот и Југоисточна Европа. Имајќи во предвид дека политичките и географските граници на Балканскиот Полуостров не се совпаѓаат, првиот претставува географски поим, додека двата други се политички мотивирани описи на конкретниот географски простор.

Во докторската дисертација, територијата на Македонија претставува примерен објект на анализа, додека Балканот ќе претставува поширок или секундарен објект на анализирање. За создавање повеќедимензионална слика на сложениот систем на политичко–географска поврзаност и взаемна условеност, неопходно се наметнува потребата од анализа на различни детерминанти кои влијаат на квалитетот на политичко–географската положба на Република Македонија. Со оглед на фактот дека положбата и политичко–географскиот процес имаат многу

динамичен карактер, нивните современи карактеристики и модалитети наложуваат во одредени делови да се повикаме и на историската ретроспектива во која се фокусирани поголемиот број значајни доктрини и интереси кои ја профилираат политичко–географската положба.

При донесувањето на одлуката за формулирање на насловот на докторската теза, користен е поимно–категоријалниот апарат на политичката географија како научна дисциплина, во кој положбата и перспективите за понатамошен развој на Република Македонија завземаат централно место. Анализираните детерминанти, во содржинскиот дел на тезата, ја профилираат вкупната политичко–географска положба и истовремено ги детерминираат интегративните политички, економски и безбедносни процеси кои се одвиваат на одреден географски простор.

### 1.2. Цели на истражувањето

Научните цели како составен дел од реализирањето на истражувачкиот проект го детерминираат нивото на научното сознание кое треба да се оствари.

Како *општо научни цели* на истражувањето ќе ги определиме следните:

- Да се испитаат природните детерминанти, географски, демографски и ресурсни потенцијали;
- Да се испитаат економски трендови, воени трендови, политички трендови;
- Да се испитаат културните и религиските елементи;
- Да се испитаат историските и геополитичките елементи;
- Да се испитаат влијанието на националните интереси во решавањето на спорните прашања во регионот;
- За формирање на релевантна проценка на политичко–географската положба на Република Македонија и регионот ќе се анализира новонастанатата политичко–географска положба на секоја држава конституент на регионот и на регионот во целина. Како резултат на анали–

зите и прогнозите ќе се издиференцираат предлог мерки за надминување на потешкотиите во транзициониот период, особено од безбедносен аспект;

- Крајна цел на истражувањето ќе биде изготвување на валидна политичко–географска проценка или прогноза, како највисоко ниво на научното сознание, која за Република Македонија ќе послужи како репер за правилно насочување на националните потенцијали за реализирање на крајната цел политичко, економско и безбедносно интегрирање во европскиот конгломерат на нации со изразени демократски идеали и вредности.

Како *општествена цел* ќе го детерминираме апликативниот карактер на резултатите од истражувањето кои ќе бидат значајни сегменти во реализацијата на крајната цел постигнување стабилен и перспективен регион.

### 1.3. Предмет и основна хипотетичка рамка на истражувањето

*а) Теоретско детерминирање на предметот на истражувањето*

Основен предмет на истражувањето ќе претставуваат политичко–географската, геополитичката и геостратегиската положба на Република Македонија и перспективите за развој на регионот во Евроатлантскиот контекст. Поконкретно ќе се истражува политичко–географскиот простор во регионот и неговото место, улога и значење за европските и светските сили.

*б) Операционализација на предметот на истражувањето*

*Политиката* претставува наука за основните закони за развој на човековото општество, на народите и нациите, за односите помеѓу државите, за формите на државното уредување и политичката власт, при што нејзина основна цел претставува настојувањето да се создадат материјални и духовни претпоставки за развој на општеството.

*Национална безбедност* претставува дејност на националните држави со која тие во согласност со сопствените општествени и нацио–

нални можности во сегашноста и иднината, земајќи ги предвид глобалните промени и општиот развој, го заштитуваат сопствениот идентитет, опстанок и интересите[1].

*Одбранбената политика* се дефинира како дејност на највисокото политичко раководство и највисоките државни органи и институции во насочувањето и подготвувањето на одбранбените сили и другите субјекти на одбраната, во одбраната на виталните државни и национални интереси.

*Географски простор* претставува тродимензионален континуум составен од материјални елементи, односно земјиште, вода, воздух, растителен и животински свет, население и сето она што човекот го материјализирал и вградил во територијата.

*Територија* е дел од копнената површина со сите природни и антропогени својства и ресурси (површина, положба, стопански објекти и сл.) кои ја сочинуваат просторната база на општествената дејност.

*Државата* претставува темелен субјект на политичко–географските истражувања и се смета за основен и најважен облик на политичко организирање на општеството. Државата претставува историска творба и настанала тогаш кога развитокот на производните сили ја руши хомогената општествена структура на првобитната заедница и доведува до поделба на општеството на класи.Територијата на државата со помош на границите претставува јасно дефиниран сегмент на Земјиниот геоид, до одредена височина и длабочина.

*Политичка географија* претставува научна дисциплина која се занимава со проучување на взаемното дејство помеѓу географскиот простор и политичките процеси. Притоа, просторните карактеристики (најчесто географската положба) се разгледува како најсуштествен елемент на политичката географија. Политичката географија всушност претставува географија на моќта, односно географија на оние содржини кои даваат свој придонес во разбирањето на сето она што претставува релевантна рамка во поглед на моќта и немоќта на државата како темелен субјект во политичката географија.

---

[1] Дефиниција на *Amin Hewedy* превземена од Котовчевски, М. (2000) *Национална безбедност на Република Македонија-прв дел.* Скопје: Македонска цивилизација.

*Политичко-географска положба* претставува динамична категорија врз која влијаат светските политички и економски центри, интеграциските и дезинтеграциските процеси, глобалните и регионални транспортни и информатички оски како и положбата во однос на кризните жаришта на планетата.

*Геополитика* претставува правец во сваќањето на политичката географија, според кој географските фактори, особено територијата имаат пресудна улога во организирањето на политичкиот облик на општеството и водењето на државната политика или геополитиката претставува дисциплина која истакнува дека земјата на која живее еден народ или на која е организирана државата има пресудна улога во организирањето на политичкиот облик на општеството и водењето на државната политика.

*Геополитичка положба* претставува вид на географска положба која е во тесна корелација со политичките и геостратегиските фактори.

*Геополитички закони* се збир на стратегиски претпоставки кои владите на државите ги креираат за други држави, кога ја креираат сопствената надворешна политика. Ваквите оперативни закони вклучуваат проценка на места надвор од сопствените граници, во смисол на нивната стратегиска важност и како потенцијални закани. Геополитичките закони претставуваат основни, суштествени елементи на геополитичките светски поредоци. Своето дејствување геополитичките закони го манифестираат на три нивоа – локално, регионално и глобално. Локалното ниво значи проценка на соседните држави. Колку ѝ да се територијално мали, владите на таквите држави мора да имаат локален геополитички закон. Регионалното ниво на закони е потребно за држави кои сакаат својата моќ да ја проектираат подалеку од своите најблиски соседи. Владите на сите регионални и потенцијални регионални сили треба да создаваат вакви закони. Конечно, само неколку држави водат глобална политика и нивните влади треба да имаат адекватни геополитички закони за целиот свет. Според тоа, сите држави имаат локални закони, многу земји имаат и регионални закони, а само мал број имаат глобални закони.

*Геостратегијата* претставува врска помеѓу географските, политичко–географските и геополитичките содржини со она што има воено и –

стратегиско значење. Односно, геостратегијата претставува рамка која ја објаснува стратегијата на државите и нејзините вариетети пред се со географските фактори и географската положба.

*Геостратегиска положба* претставува збир на одредени географски и стратегиски чинители кои ја определуваат положбата на одредена држава или регион. Притоа во склопот на геостратегиската положба влегуваат следните елементи: географската положба на државната територија, нејзината големина, должината и обликот на границата, степенот на комуникативноста, положбата во однос на соседите и нивните политички и стратегиски цели и интереси.

### 1.4. Хипотези на истражувањето

Поаѓајќи од општиот пристап кон проблемот на истражувањето за согледување на современата политичко–географска положба на Република Македонија и перспективите за развој во Евроатлантскиот амбиент, како и врз основа на веќе поставените научни и општествени цели на истражувањето ја поставуваме следната општа хипотеза:

1. Редефинирањето на политичката карта во регионот на Југоисточна Европа предизвика промени во неговата политичко–географска положба и на политичко–географската положба на Република Македонија. Таквата состојба во голема мерка влијае на нејзината безбедност и перспективите за развој и политичкото, економското и безбедносното интегрирање во европското семејство на нации со демократски идеали и вредности.

Покрај општата хипотеза ги поставуваме и следните посебни:

1. Светските политички, економски и воени центри влијаат врз политичко–географската положба на Република Македонија и регионот;
2. Геополитичките и геостратегиските интереси на регионалните сили ја определуваат политичко–географската положба на Балканот;

3. Физичко–географските детерминанти ја определуваат политичко–географската положба на Р. Македонија;
4. Геополтичките детерминанти имаат влијание на определувањето на политичко–географската положба на Република Македонија;
5. Политичко–географската положба на Република Македонија е детерминирана од геостратегиските фактори;
6. Постојните и проектирани глобални и регионални транспортни коридори во регионот ја дефинираат политичко–географската положба на Република Македонија;
7. Културната и религиската разноликост во Република Македонија и на Балканскиот регион претставуваат елементи кои го определуваат динамичниот карактер на политичко–географската положба;
8. Кризните жаришта, територијалните спорови и малцинските проблеми во државите, конституенти на политичка Југоисточна Европа во голема мерка ја детерминираат неговата стабилност и политичко–географска положба;
9. Политичките, економските и воените трендови во државите од Југоисточна Европа го детерминираат развојниот пат на регионот во целина и на секоја држава поединечно;
10. Демографските трендови и малцинските проблеми претставуваат фактор кој силно влијае на можностите за промена на државните граници како најчуствителни сегменти во мозаикот на детерминанти кои ја конституираат политичко–географската положба на регионот;
11. Геополитичките иницијативи за регионално поврзување на државите го приближуваат регионот кон Евро–атлантските политички, економски и воени интеграции.

### 1.5. Варијабли на истражувањето

*Независни варијабли:*

Структурни карактеристики на државната територија на Република Македонија, геополитичка и геостратегиска положба – историски и актуелни аспекти, политички, економски и воени трендови, геополитички интереси на големите сили, територијални и малцински спорови.

*Зависна варијабла:*

Политичко–географска положба на Република Македонија и регионот на Балканот врз која влијаат светските политички и економски центри, интеграциските и дезинтеграциските процеси, глобалните и регионални транспортни и оски како и положбата во однос на кризните жаришта, политичките иницијативи, спорните територијални прашања и економските трендови.

### 1.6. Методи и техники на истражувањето

Методолошката рамка на ова истражување ја сочинуваат општите научни методи кои го детерминираат дескриптивниот и експликативниот карактер на истражувањето. Главната насока на истражувањето е согледување и опишување на одредени состојби и тенденции за креирање на валидна проценка за современата политичко–географска положба на Република Македонија и Балканскиот регион.

Посебно место во примената на истражувачките методи ќе имаат:

*Дијалектичкиот метод* кој укажува на фактот дека политичко–географската положба на Република Македонија неможе да се набљудува и истражува како некаков случаен збир на разновидни елементи, туку како единствена целина врз која своето влијание го манифестираат сите нејзини конститутивни елементи: географските детерминанти, геополитичката и геостратегиската положба, економските, политичките и воените трендови и т.н.

*Дескриптивниот метод* ќе се користи за детално опишување на политичко–географската, геостратегиската и геополитичката положба

на Република Македонија, природните и социјалните детерминанти, културните и религиските елементи во регионот.

*Компаративниот метод* ќе се користи во сите случаеви кога ќе биде потребно да се компарираат повеќе податоци за да се добијат релевантни индикатори за добивање сознанија за приближување кон критериумите за политичко, економско и безбедносно интегрирање во евро–атлантскиот амбиент. Со самото тоа ќе се добијат индикатори кои ќе ја детерминираат современата политичко–географска положба на истражуваниот простор. Употребата на компаративниот метод ќе овозможи реализирање на квалитативна и квантитативна анализа на собраните емпириски податоци, при што ќе се воопштат релевантните факти за потврдување или негирање на поставените хипотези.

*Историската анализа* ќе се употреби со цел осознавање на процесот на создавањето на денешната политичка карта на регионот како и неговата политичко–географската положба од времето на претходниот геополитички светски поредок.

*Анализа на содржината* предвидува анализа на најразлична документација, меѓудржавни договори, акциони планови за интегрирање, политичка пропаганда, историска документација, геополитички иницијативи и др., со што се доаѓа до богат извор на податоци кои ќе овозможат успешност во истражувањето.

*Метод на интуиција* ќе овозможи полесно осознавање на поврзаноста помеѓу одредени појави, со потпора на личното искуство на поискусните истражувачи и стручни лица во конкретната и сродните научни области.

*Каузалната метода* ќе се користи со цел воочување на каузалната врска помеѓу независните варијабли и зависната варијабла.

Во обработката на одредени податоци ќе се применат и соодветни математичко–статистички методи карактеристични за квантитативниот методолошки приод.

Од техниките за обработка на податоците ќе се употребува *мултиваријантната анализа* чија основна функција ќе биде утврдување дали корелацијата помеѓу две испитувани појави, со вклучување на анализа на трет фактор, е каузална или случајна. Во истражувањето ќе се применуваат и одре–

дени компјутерски програми (*Arc View® GIS*) за поексплицитно прикажување на предметот кој се истражува како и богат опус на карти, шеми и скици.

### 1.7. Научна и општествена оправданост на истражувањето

Од научен аспект истражувањето и анализата на современата политичко–географска положба на Република Македонија и перспективите за развој во Евроатлантскиот амбиент е мошне значајно со оглед на тоа што во нашата научна мисла и практика не се вршени проценки за можниот политичко–географски развој на регионот и правците кон кои Република Македонија, како рамноправен конституент на регионот, ќе треба да се насочува. Резултатите од истражувањето, кои ќе имаат апликативен карактер, ја детерминираат неговата општествена оправданост, а исто така треба да послужат како елементи кои ќе можат да дадат определени насоки во државната (надворешна и внатрешна) и безбедносната политика (националната концепција и стратегија за безбедност и одбрана).

### 1.8. Досегашни истражувања

Во Македонската научна теорија и практика постојат незначителен број трудови кои како научен дискурс го имаат полето на политичката географија. Оттука, добиените сознанија ќе претставуваат први од таа област и ќе послужат како солидна научна база за понатамошни истражувања.

## 2. ТЕОРЕТСКА РАМКА НА ПОЛИТИЧКО-ГЕОГРАФСКИТЕ И ГЕОПОЛИТИЧКИТЕ ИСТРАЖУВАЊА

Потребата од систематизирани географски сознанија за природната средина, стратегиските ресурси, населението, сообраќајот, економијата, била неопходна за одржување на државната организација уште од античкиот период. Процесот на глобализирање на политичките односи претставува резултат на забрзаниот развој на сообраќајот и комуникациите, урбанизацијата и индустријализацијата, што претпоставува креирање на еден хиерархиски и полицентричен светски систем. Како резултат на економската поларизираност и финансиска концентрација во одредени периоди доаѓа до промена на центрите кои претставуваат "моќ" и кои управуваат со регионалната и глобалната светска економија и политика. Причините за ваквите состојби неможе да ги оправдуваме само со техничко-технолошките иновации, туку и со географските услови и фактори, односно нерамномерниот распоред на природните ресурси, демографските процеси, географската положба на одредени простори во однос на светските трговски и сообраќајни текови, нерамномерниот степен на социјално-економскиот и културно-цивилизацискиот развој.

Големите контрадикторности и контрасти кои се создаваа во светот, претставуваа иницијатори во создавањето најразлични сложени научни теории, концепции и хипотези за двигателите на историјата и управувањето со светскиот поредок. Во тие рамки плејада од најразлични автори, потпирајќи се на физичко-географските фактори, се обидувале да развијат сеопфатна теорија која ќе го објасни еволутивниот развој на државата и историските промени на политичката карта. Поголемиот дел од создадените теории, покрај тоа што во голема мерка не го преживеале судот на времето и разумот, создале одредени географски премиси кои претставувале основа за издвојување на посебни научни дисциплини – политичка географија и геополитиката како нејзина доктрина. Првата се занимава со научно објаснување на светскиот поредок, а втората како тој да се промени.

Политичката географија како научна дисциплина се занимава со проучување на географските процеси, појави и односи кои имаат политички карактер, односно во својот истражувачки фокус ја има географ-

ската условеност на политичките процеси и ги анализира причинско-последичните врски, ставајќи акцент на прашањата Што? и Каде?. Од друга страна геополитиката, во своите анализи се занимава со одговарање на прашањата "Што да се работи? и Како да се работи? во практичниот-политички аспект[2].

Терминот политичка географија, во денешни услови се употребува како скратен и симплифициран (поедноставен) поим во кој на најтесен начин партиципираат три фундаментални содржини. Станува збор за една тријада која ја формираат политичката географија во потесен смисол на зборот, геополитиката (неогеополитиката) и геострагегијата.

Тргнувајќи од основното, најопшто поимање на политичката географија може да се каже дека таа претставува научна дисциплина која се занимава со проучување на взаемното дејство помеѓу географскиот простор и политичките процеси. Притоа, просторните карактеристики, најчесто географската положба, се разгледува како најсуштествен елемент на политичката географија.

Мошне прифатлива но и недоволно искристализирана дефиниција за политичката географија е онаа која оваaa дисциплина ја смета за географски ориентирани политички студии. Ваквата теза е мошне прифатлива, но сепак недоволно конкретна како дефиниција. Ова поимање, произлегува од потенцирањето на поврзаноста на географските и политичките феномени, поради што политичката географија поприма карактер на контактна наука во која се спојуваат и испреплетуваат географските, политичките и економските феномени. Така на пример, Павиќ Р., политичката географија ја дефинира како географска дисциплина која ја проучува поврзаноста, интеракцијата и зависноста на политичките феномени, физичките и економско-географски особини и фактори на Земјината површина[3].

Според Барбаг (*Barbag*) политичката географија е насочена кон интерпретација на политичката карта во сегашноста и во минатото, разоткривање на просторните различности и појави со политички карактер, како и кон осознавање на специфичноста на територијалното формирање

---

[2)] Грчић, М. (2000) *Политичка географија*. Београд: Географски факултет, стр. 9

[3)] Pavić, R. (1973) *Osnove opće i regionalne političke geografije, geopolitike i geostrategije (I i II dio)*. Zagreb: Sveučilište u Zagrebu, str.28.

и политичко развивање на државите во регионите. Хартшорн (*Hartshorne*) истакнува дека политичката географија претставува наука која ги проучува вариететите на политичките феномени на различни географски широчини. Според Вајтлисеј (*Whittlesay*), самата суштина на политичката географија é во политичкиот простор, односно според него секое политичко значење на просторот е во тесна корелација со климата, ландшафтот (гер. *Landschaft* – предел, крај, пејсаж) и природните ресурси[4].

Интересни се видувањата на Коен (*Cohen*) кој потенцира дека политичкиот простор е повеќе димензионален. Според него, просторот е хоризонтален кога тој се перцепира по својата форма, размер, местоположба и природни ресурси на конкретниот политички субјект. Политичкиот простор е вертикален, во ситуација кога тој се набљудува од аспект на взаемното дејство помеѓу човековите цели, законите и економските средства. Според овој автор, просторот има и трета димензија, односно времето. Оваа димензија ја разгледува меѓусебната интеракција на хоризонталниот и вертикалниот простор во одреден временски период.

Од аналитичарите кои ја проучувале политичката географија во Источна Европа особено се истакнува Маергојз. Според него политичката географија е наука која ја проучува територијалната местоположба на политичките сили, како и законитостите на развојот и структурата на политичките региони и центри. Поцелосно определување на политичката географија дава Горбацевиц кој истакнува дека политичката географија претставува дисциплина која се занимава со проучување на политичко–територијалната организација на општеството во географскиот простор. Според Колосов политичката географија е географска наука во рамките на социјално–економската географија, која ја проучува просторната организација на политичкиот живот на општеството[5].

Во Оксфордскиот политички речник (*The Concise Oxford Dictionary of Politics*) се истакнува дека политичката географија претставува географија на државите, федерациите и административните единици[6].

---

4) Карастоянов, С. (1997) *Политическа география, геополитика и геостратегия.* София: Университетско издателство "Св. Климент Охридски", стр. 11.

5) Исто, стр.12.

6) McLean, I. (1996) *The Concise Oxford Dictionary of Politics.* Oxford: Oxford University Press, p.384.

Предмет на проучување на политичката географија покрај другото претставуваат и следните содржини: расниот, религискиот и етничкиот распоред на населението во светот, политичките миграции, карактеристиките на политичко–географската положба, големината и обликот на државната територија, природно географскиот детерминизам[7], проблемите на континенталните и маритимните држави, државните граници, речните текови, внатрешните политичко–територијални поделби, одредени промени на политичката карта на светот и др.

Значи, предмет на проучување на политичката географија е пред се државата, односно нејзината територија. Едно од најважните прашања на кое се стреми да одговори политичката географија, е како влијае државата и нејзината политика врз оформувањето на географскиот простор. Политичката географија се занимава со структурата и функциите на политичките региони. Според тоа, со оглед на својот предмет на проучување политичката географија е дел на изучувањето на меѓународните односи. Во тој контекст несомнено би можеле да се сложиме дека и самата војна како политичка појава често пати претставува "главен" причинител за антропогени промени на географскиот простор.

Политичката географија, всушност, претставува географија на моќта, односно географија на оние содржини кои даваат свој придонес во разбирањето на сето она што претставува релевантна рамка во поглед на моќта и немоќта на државата како темелен субјект во политичката географија. Од ваквото сфаќање произлегува дека политичката географија, покрај другото претставува и една од основните политиколошки дисциплини.

Наспроти политичката географија како наука стои геополитиката како доктрина. Самиот термин геополитика за првпат бил употребен во 1899 година во статијата на Рудолф Челен (*Rudolf Kjellen),* под наслов "*Студија за шведските политички граници*". Подолг временски период доминирале теории дека геополитиката претставува концепција, која ја објаснува политиката на државата преку природногеографските услови, географската положба и расните разлики на населенито. Челен во својот труд "*Der staat als Lebensform*" (Државата како облик на живеење),

---

[7] Географски детерминизам – учење според кое географските фактори се пресудни, решавачки елементи од кои зависат сите општествени појави и процеси.

ја нарекува геополитиката "...наука за државата како географски организам или појава во просторот[8]...". Притоа, тој го оценува влијанието на географските фактори врз државата и нејзината моќ, од што произлегуваат насоките за структуирање на најефикасната политика, која на државата ќе и овозможи безбедност и успешен развој.

Под поимот геополитика во американската литература се подразбира општествена научна дисциплина, која се занимава со проучување на ефективноста на етничките, демографските и економските аспекти врз политиката на државата. Според бугарскиот професор Карастојанов[9], геополитиката претставува додаток на природните, економските, социјалните и демографските особености на државата во креирањето на нејзината политика. Разликата помеѓу политичката географија и геополитиката може да се открие во односот помеѓу политичките феномени и географските фактори. Разликата се состои во тоа што геополитиката ги објаснува политичките појави во многу поголем степен само со географските фактори.

Според "Воениот лексикон"[10], геополитиката е правец во сфаќањето на политичката географија, според кој географските фактори, особено територијата имаат пресудна улога во организирањето на политичкиот облик на општеството и водењето на државната политика. Во "Социолошкиот терминолошки речник"[11], геополитиката (анг. *Geopolitics*, фран. *geopolitique*, гер. *geopolitik*, рус. геополитика) се дефинира како дисциплина која истакнува дека земјата на која живее еден народ или на која е организирана државата има пресудна улога во организирањето на политичкиот облик на општеството и водењето на државната политика.

Геополитиката претставува составен дел од политиката на државата. Имајќи во предвид дека политиката претставува наука за основните закони за развој на човековото општество, на народите и нациите, за односите помеѓу класите во одредена држава и меѓу самите држави, за формите на државното уредување и политичката власт,

---

8) Карастоянов, С. (1997) *Политическа география, геополитика и геостратегия.* София: Университетско издателство "Св. Климент Охридски", стр. 26.

9) Исто, стр. 27.

10) Ratković, B. (i sar.) (1981) *Vojni Leksikon.* Beograd: Vojnoizdavački zavod, str.148.

11) *Социолошки терминолошки речник.* (1995) Скопје: Филозофски факултет, Институт за социологија, МАНУ.

произлегува дека целта на геополитиката е тесно поврзана со политичките цели на државата во настојувањата да се создадат материјални и духовни претпоставки за развој на општеството[12].

Поголемиот број теоретичари истакнуваат дека најсуштествена разлика која постои помеѓу политичката географија и геополитиката се наоѓа на следната релација; додека првата настојува да укаже на врската и взаемното влијание на политичките феномени и географските фактори, дотолку, втората настојува политичките појави да ги "објасни" исклучиво само со географските фактори[13]. Свои допирни точки геополитиката покрај со географските науки има и со другите општествени науки, како историјата, воените науки, социологијата, економијата, и др. Всушност геополитиката претставува субјективна интепретација на политичката географија со цел остварување на државните интереси, афирмација на државната и воената моќ, создавање предност во настојувањето да се оствари директна или индиректна контрола и влијание како и остварување на интересни сфери или некој друг облик на територијална доминација.

За да ги реализира своите цели геополитиката изнаоѓа соодветни оправдувања кои имаат физичко-географски, демографски, религиски, етнички или некој друг карактер. И кај *неогеополитиката* е слично, само што кај неа не се работи за директно освојување на просторот, туку само за воспоставување на интересни сфери.

И на крај, *геостратегијата* како трет член на политичко – географскиот триаголник претставува врзулка на географските, политичко-географските и геополитичките содржини со она што има воено и стратегиско значење. Односно, геостратегијата претставува рамка која ја објаснува стратегијата на државите и нејзините варијетети пред се со географските фактори и географската положба[14]. Од воена гледна точка геостратегијата претставува стратегиска практика за преобразување на просторот на начин кој најмногу одговара на интересите на од–

---

12) Карастоянов, С. (1997) *Политическа география, геополитика и геостратегия.* София: Университетско издателство "Св. Климент Охридски", стр.16.

13) Pavić, R. (1973) *Osnove opće i regionalne političke geografije, geopolitike i geostrategije (I i II dio).* Zagreb: Sveučilište u Zagrebu.

14) Карастоянов, С. (1997) *Политическа география, геополитика и геостратегия.* София: Университетско издателство "Св. Климент Охридски", стр.15.

редена држава или држави. Тоа значи директна контрола на геостратегиските позиции, пристаништата, островите, изворите на суровини, каналите, големите комуникациски артерии и др.

Несомнено, презентираната содржина јасно упатува на заклучок дека терминот политичката географија, во денешни услови се употребува како симплифициран поим во кој на најтесен начин партиципираат три фундаментални елементи: политичката географија во потесен смисол на зборот, геополитиката и геостратегијата.

## 3. ПОЛИТИЧКО-ГЕОГРАФСКИОТ ПРОЦЕС КАКО ДЕТЕРМИНАНТА ВО ФОРМИРАЊЕТО НА ПОЛИТИЧКАТА КАРТА

Промените кои се случија во Светот, особено на Евро–азиското копно, кон крајот на осумдесеттите години (крајот на блоковската поделба и биполарната поделба на светот) и после дезинтеграцијата на СФР Југославија и Советскиот Сојуз на почетокот на деведесеттите години од дваесеттиот век, повторно ги активираше политичко–географските, геополитичките и геостратегиските постулати. Таквите промени условија создавање на поинаков систем на вреднување, адаптиран на современите услови и несомнено предизвика поинаков теоретски и апликативно–регионален пристап кон политичко–географските проблеми. Во тие рамки искуствата во изминатиот петнаесетогодишен период наметнуваат потреба за подобро запознавање на влијанието на политичко–географскиот процес врз моделирањето на политичката карта.

### 3.1. Политичко-географскиот процес и политичката карта

Политичко–географскиот процес може да се дефинира како процес на создавање, развој и исчезнување на политичко–територијалните системи на светската политичка карта. Политичката карта, без разлика дали станува збор за светска, регионална или некоја локална, всушност претставува географска експресија на меѓународниот систем. Целиот структурен систем на политичката карта се темели врз два основни концепта: концептите на територија и суверенитет.

Џин Готман (*Jean Gottman*) го опишал потеклото на концептот за територија. Имено, зборот има латинска основа и изворно означувал област околу поголем град која била под негова јурисдикција. Неговата употреба во почетокот се однесувала на градовите – држави во стариот свет и подоцна повторно влегол во употреба, означувајќи области под власт на средновековните италијански градови. Никогаш не се однесувал на целата Римска империја или средновековното христијанство. Денес, овој израз се однесува на современите држави. Територија е земја која му припаѓа на оној кој вла–

дее со државата. Ова значење се појавува уште во 1494 година, приближно во времето на почетоците на создавањето на светската економија[15].

Современото значење на зборот територија е тесно поврзано со правниот концепт на суверенитетот. Всушност на овој начин се разликува од почетната дефиниција за област која му припаѓала на градот. Суверенитетот е израз кој имплицира постоење на апсолутна власт во една политичка заедница[16]. Овој концепт не бил развиен во стара Грција: териториите на градовите не биле суверени. Наместо тоа, Хинсли (*Hinsley*) овој концепт го наоѓа во Римската империја и владеењето на императорот со Империјата. Суверенитетот претставувал лична политичка доминација без експлицитна територијална врска со универзалните барања на Империјата. Ваквиот концепт кој е пренесен во средновековна Европа во Римското право, исто така е задржан во современиот јазик каде зборот крал или кралица означува суверен на една земја. Но средновековна Европа под феудализмот била хиерархиски систем на власт и владеење, а не на територија. Односите на господар и поданик биле лични односи на заштита и служење и не биле одредувани со територија.

Соединувањето на територијата и суверената власт обезбедува правна основа на современиот меѓудржавен систем. Овој процес почнува да се одвива по 1494 година. Тогаш со договорот во Тордесиљ поделени се интересните сфери на Шпанија и Португалија со таканаречениот "папски меридијан" (46° западна географска широчина) и е финализирано со Договорот од Вестфалија во 1648 година[17]. Ова обично се толкува како прв договор кој го дефинира современото меѓународно право. Според него, секоја држава е суверена во рамките на својата територија: првата повреда на меѓународното право е мешањето во внатрешните работи на една земја.

---

15) Gottman, J. (1973) *The Significance of Territory*. Charlottesville: University Press of Virginia, p.16.

16) Hinsley, F.H. (1966) *Sovereignty*. London: Watts, p.26.

17) Вествалскиот мир од 1648 година претставува завршеток на "триесетгодишната војна" во Европа и овозможил услови за формирање на рамнотежа на силите во Европа. Резултатите биле следни: Германија останала раздробена и многу ослабена, Шведска станала господар на Балтикот, Франција ги добила Алзас, Стразбур, Зундхау и Хагенау, а формално и е признато приклучувањето на епископиите Мец, Тул и Верден. Холандија и Швајцарија добиле меѓународно признавање како самостојни европски држави. После триесетгодишната војна Шпанско-Француската војна, идејата на Хабзбурговците да создадат во Европа "Христијанска империја" претрпела пораз. Главната улога во Европа ја превземаат централизираните феудални држави Франција и Русија. Грчиќ, М., (2000) *Политичка географија*. Београд: Географски факултет, стр.436.

Резултатот бил формално признавање на Европа која била поделена на околу 300 суверени единици. Ова е почетната територијална основа на современиот меѓудржавен систем, односно првата “политичка карта на светот “[18].

Врз основа на Вестфалскиот мир, како што потенцира Дејвид Хелд (*David Held*), создаден е концептот, наречен Вестфалски модел кој ја објаснува природата на меѓународниот систем. Моделот го опфаќа периодот од 1648 година до 1945 година, иако и денес важат многу негови претпоставки за меѓународните односи. Вестфалскиот модел, Хелд, накратко го резимира на следниот начин, прикажан на шемата. (види шема бр.1):




**Шема бр. 1 Вестфалски модел**

Вестфалската рамка на меѓународните односи се карактеризира со траен и парадоксален квалитет. Во еден таков свет, во кој доминирало правото на секоја држава автономно и независно да дејствува, посебните

---

[18]) Taylor, P. (1993) *Political Geography, World-economy, Nation-States and Locality*. Essex: Longman Scientific&Technical, p.157.

политички сили кои го оспорувале воспоставувањето на територијалните граници немале друга алтернатива освен со помош на оружје да воспостават “ефикасна контрола” на териториите на кои полагале право, и на тој начин да се стекнат со услови за меѓународно признавање[19].

Доколку се согласиме дека територијата претставува платформа за учество во меѓународни односи, во тој случај суверенитетот обезбедува легитимитет. Суверенитетот е основно правило во меѓудржавните односи кое ги идентификува територијалните ентитети кои се достојни за учество во оваа игра[20].

Меѓутоа, сите територии не претставуваа суверени држави. Пред дваесеттиот век кога сеуште постоеле области надвор од светската економија, политичките ентитети од надворешната или екстерната арена не се разгледувани како да имаат одредени политички права. Ирокезите во Северна Америка, Зулу народот во јужна Африка и Маратите во централна Индија не биле признати како легитимни учесници во меѓудржавниот систем. Резултат на таквата состојба е што нивните територии биле погодни за придодавање кон суверените држави кои биле во фаза на експанзија. Смол и Сингер (*Small and Singer*) војните кои од ова произлегуват ги нарекле “екстра–системски”[21]. Но, ваквиот формален империјализам бил легитимен во меѓународното право бидејќи не го повредувал суверенитетот.

Државата не станува суверена само со тоа што ќе се декларира како таква. Сувереноста никогаш не е прашање на само една држава. Тоа е меѓудржавен договор затоа што суверенитетот може да постои само за држави кои реципрочно го признаваат легитимното постоење во рамките и според нормите на меѓудржавниот систем. Бантустаните во Јужна Африка (Бофутацвана, Транскеј, Цискеј, Венда) и покрај прогласената независност заради политиката на апартхејд не биле признати како суверени држави и не станале дел од меѓудржавниот систем. Сли–

---

19) Held, D. (1997) *Demokratija i globalni poredak – od moderne države ka kosmopolitskoj vladavini*. Beograd: Filip Višnjić, p.p. 98-100.

20) James, A. (1984) “Sovereignty: ground rule or gibberish?”, in: *Review of International Studies 10: 1-18*.p.2.

21) Small, M., Singer, J.D. (1982) *Resort to Arms: International and Civil Wars 1816-1980.* Sage: Beverly Hills, Calif.

чно, републиката која била основана на северниот дел на Кипар по турската инвазија од 1974 не била призната од никого освен од Турција[22].

По завршувањето на Втората светска војна доаѓа до напуштање на Вестфалскиот модел на меѓународното право и до создавање на нов кој кулминирал со прифаќањето на Повелбата на Обединетите нации. Повелбата на ООН, и со неа поврзаните и пропратни документи, проектираат модел на меѓународна регулатива која потенцира дека државите сеуште се "љубоморно" суверени, но меѓусебно поврзани во мноштво односи.




**Шема бр 2. Модел на Повелбата на Обединетите Нации**

Според претходната шема, повелбета на ОН е креирана на оној начин на кој се сваќала меѓународната структура на силата во 1945 година. Во Повелбата на ОН вградена е поделба на светот на моќни нации–држави кои имаат јасни геополитички интереси. Како последица на тоа, ОН биле

---

[22] Wallerstain, I. (1984) *The Politics of the World-Economy.* Cambridge UP: Cambridge, UK, p.175.

оневозможени да делуваат како автономен актер во однос на многу нерешени прашања. Една од најочигледните манифестации на таквата состојба претставува доделувањето на посебни права на вето на постојаните членки на Советот за безбедност на ООН. Ваквиот привилегиран политички статус го зголемил авторитетот и легитимноста на положбата на големите сили, затоа што со ветото биле заштитени од осуди и санкции во случај на униталерални акции (САД тоа го користат во воспоставувањето на новиот светски поредок!). И покрај тоа што Повелбата на државите им наметнувала нова обврска за решавање на споровите по мирен пат и изградила одредени процедури со кои би се искажувале ставови за самоодбранбените акции, овие процедури ретко се применувани. Дири и мисиите на ОН за одржување на мирот (исклучок претствува Сомалија 1992–94) ограничени се на државите кои претходно се согласиле да се превземаат операции на нивните територии[23].

Значи од 1945 година, суверенитетот обично се потврдувал со прием во Организацијата на обединетите нации. Прва задача на пост–колонијалните држави на Африка и Азија била да се пријават за влегување во ООН со што го докажуваат своето присуство на светската сцена. Овој процес на признавање и непризнавање се повторува и со новосоздадените држави по распадот на СССР и СФР Југославија, додека самопрогласените ентитети како што се Придњепровската Република и Гагаузија во Молдавија, Чеченија во Русија, Република Српска Краина во Хрватска не се признати. Постојат територии чиј што суверенитет го гарантира меѓународната заедница, односно ООН, како што е случајот со Косово и Метохија. Накратко, суверенитетот им дава на териториите меѓународна вредност во светската економија.

Меѓународното признавање на државите може да биде потполно или делумно. Денес, на светската политичка карта постојат околу 50 држави, територии и други ентитети, кои немаат целосно меѓународно признавање. Во таа група спаѓаат:

- Државите со специјален статус – меѓународно признати и слободно придружени на САД (Порторико, Микронезија, Палау, Маршалските острови, Северните Маријански острови);

---

[23] Held, D. (1997) *Demokratija i globalni poredak – od moderne države ka kosmopolitskoj vladavini*. Beograd: Filip Višnjić, p.110.

- Квази суверените автономни територии – Крим во Украина, провинцијата Касаи во ДР Конго, Гагузија и Придњестровската Република во Молдавија, Аландските острови, Јужен Тирол;
- Ентитетите кои имаат непотполно признавање, меѓутоа ефективно функционираат. Најпознати примери се Тајван, Чеченија, турскиот дел на Кипар, Република Српска;
- Ентитети во чии рамки постојат движења за независнот како што се Абхазија, Нагорно Карабах, Тамилски Цејлон, Кабинда, Курдистан, Палестина, Бугенвил, Западна Сахара, Нагорно-Бадахшанска автономна област, Косово;
- Ентитети во кои постои свест за посебност како што се Тибет во Кина, Калистан во Индија, Гагаузија во Молдавија, Татарстан во Русија, Квебек во Канада, Сомалиленд во Сомалија;
- Територии кои се споменуваат како геополитички единици без некои посериозни основи, како што се британското острово Сарк во Ла Манш, провинцијата Хат Ривер во Западна Австралија, Паданија на северот од Италија, Ескимската територија Нанавуд во Канада, Илирида во Република Македонија[24].

### 3.2. Територијални спорови и трговии со територии

Дејството на двојниот принцип на територија и суверенитет како основа на меѓународното право имаат заедничка последица: државите станале "колективни индивидуи" во кои се создаваат законите. "Правата на државите" имаат приоритет над интересите на други институции. Ова стои во Член 2 од Повелбата на ОН која го потврдува територијалниот интегритет на државите – членки и го смета за незаконско секое мешање во нивните внатрешни работи. Оттука, може да се каже дека меѓународното право е всушност конзервативно по својата природа и одржува *status quo* во меѓународниот систем. Таквиот конзерватизам претставува услов за стабилност на светската политичка карта. Промени се случуваат кога политичките барања за територија го надвладуваат правниот конзерватизам. Во геополитичката теорија познати се две концепции за географ-

---

24) Грчиќ, М. (2000) *Политичка географија*. Београд: Географски факултет, стр.174.

скиот простор (геопростор) кои се темелат врз економска (концепција "животен простор") и воено-стратегиска (концепција "природни граници") нужност за проширување на државната територија. Доколку две држави претендираат на иста територија, истата можат да ја имаат со сила и закана на сила, со купување и со договорна спогодба за размена на територии.

Најчесто оправдувањата за политичките барања кои имаат важно влијание врз создавањето на политичката карта, се: ефикасна контрола, територијален интегритет и историски културни барања.

Ефикасната контрола како критериум за прифаќање на правото на државата за територија се користи за легализирање на оружените освојувања. Во меѓународната сфера, како во народните судови, "сопственоста е девет - десетини од законот". За идеализмот на ОН и другите светски субјекти, моќта на политиката се уште лежи во коренот на меѓународните односи. Сега никој веќе не го оспорува присоединувањето на Гоа од страна на Индија кон нејзината територија во 1962 по успешната инвазија врз оваа португалска колонија. Суверенитетот обично се прифаќа штом врз територијата се демонстрира ефикасна контрола. Овој принцип бил применет при поделбата на Африка помеѓу европските сили по Берлинскиот конгрес во 1884.

*Територијалниот интегритет* може да се искористи за предизвикување на правото на државата која има ефикасна контрола врз некоја територија. Географските барања може да бидат од било каков обем. Најпознат е концептот на САД за "судбинскиот манифест" (*Manifest Destiny*)" кој го оправдува ширењето на САД од "океан до океан". Голем дел од барањата се многу поскромни, најчесто одредени стратегиски објекти. Во моментов најпознато е барањето на Шпанија за Гибралтар. И покрај британската ефикасна контрола како и желбата на жителите на Гибралтар да ги одржат врските со Британија, во 1968 ОН гласале за предавање на Гибралтар на Шпанија. Фактот што тој бил дел од Иберискиот полуостров обезбедил основа за барање за територијален интегритет. Исто така како илустративен пример можеме да го посочиме барањето на Србија и Црна Гора за територијален интегритет над Превлака која е составен дел на Бокакоторскиот залив.

*Историските и културните барања* вообичаено се однесуваат на одреден приоритет или времетраење на одредена мината сопственост (окупација) на територија. Културните барања се поврзани со национални барања за територија, односно биле поврзувани со "националното самоопределување"[25].

Значајно место во создавањето на политичката карта, односно одвивањето на политичко-географскиот процес имаат и прераспределбите на териториите. Прераспределбата на териториите како последица на промените на односите на силите, претставувала историски сложен проблем кој бил решаван со војни, со трговија на територии, меѓународни конгреси, конференции и спогодби. Постојат голем број на примери за размена, спогодба или трговија со територии и население, особено во XIX и XX век. Така на пример, Наполеон во 1803 година ја продал Луизијана на САД за 15 милиони долари. Во 1819 година САД ја купуваат Флорида од Шпанија за 5 милиони долари, исто така САД после војната 1846–48 година склучиле договор со Мексико (договор Гваделупе–Идалго) според кој за 15 милиони долари го добиле Тексас, Ново Мексико, Горна Калифорнија и дел од Аризона или вкупна површина од 1 300 000 км$^2$. Во 1853 година САД купуваат уште 140 000 км$^2$ од мексиканската територија помеѓу реките Колорадо и Рио Гранде за 10 милиони долари. Рускиот цар во 1867 година на САД ја продава Аљаска (21 000 км$^2$) за 7 200 000 долари (11 милони рубљи во злато). Голема Британија во 1890 година го отстапува островото Хелголанд (во Северното Море) на Германија во замена за Занзибар во Источна Африка. Во 1898 САД ги купуваат Филипинските острови од Шпанија за 20 милиони долари, а исто така ги добиле островите Порто Рико и Гуам како компензација за воените трошоци. Американскиот милионер Џон Хенли, во 1951 година понудил 18 милиони, а покасно и 24 милиони долари за да ја откупи Северна Ирска од Британија и да ја поклони на Ирска со цел да го реши историскиот спор помеѓу двете држави. Кримската област во 1954 година е доброволно предадена на Украина од страна на Руската федерација. Идеја за размена на територии имаше и во текот на конфликтот во 2001 година во Македонија. Идејата беше да се разменат територии од североисточниот

---

[25] Taylor, P. (1993) *Political Geography, World-Economy, Nation-States and Locality*. Essex: Longman Scientific&Technical, p.p.160-162.

дел на Македонија со доминантно албанско население за територии од Албанија (Мала Преспа) каде што живее македонско население. Ваквите територијални отстапки не треба да бидат против суверената волја на населението, поради што на спорните територии, во краен случај, се спроведуваат референдуми[26].

Исто така, под категоријата "долгорочна аренда", во интерес на взаемната одбрана, империјалистичките држави по пат на сила добивале право на екстериторијалност на териториите на формално суверените држави. Во Кина постоеле 39 странски сетлменти и концесии (Цјаочжоу, Вејхајвеј, Кванчжоуван и други), дадени во "вечна аренда" (вообичаено на 99 години) на странски сили, кои ги поседувале до кинеската револуција во 1943, односно 1947 година. Иран во 1901 година и предал на Голема Британија концесии на 60 години за истражување и експлоатација на нафта, додека англо–персиска нафтена компанија добила слични концесии од 1935 до 1993 година. Пример за "сфера на влијание" претставува доктрината Монро[27], по формулата "Америка на американците", односно за оправдување на мешањето во внатрешните работи на државите од Латинска Америка и освојувањата на САД во реонот на Карибите и на Пацификот. Доктрината Хеј од 1899 година истакнува дека секој воден пат од Атлантскиот кон Тихиот океан, мора да биде под контрола на САД. Пред Втората светска војна САД ја користеле доктрините на "отворена врата" и "еднакви можности" за остварување сфери на влијание во Кина. По завршувањето на Втората светска војна интересните сфери се реализираат преку "Маршаловиот план" и "Трумановата доктрина" кои предвидуваат програм за помош врз основа на взаемна безбедност и програмот за интеграција на Европа, НАТО пактот и другите сојузи. Врз

---

26) Грчиќ, М. (2000) *Политичка Географија*. Београд: Географски факултет, стр.180.

27) Суштината на доктрината Монро (донесена 1823 година) се состоела во фактот што САД секој обид на европските држави за наметнување на сопствената политичка власт во западната хемисфера ќе го сметаат за загрозување на нивната безбедност. Пошироко во: Миноски, М. (1994) *Соединетите американски држави и Македонија 1869-1919*. Скопје: Архив на Македонија, Матица македонска, стр.13–16.

основа на НАТО, САД имаат право да градат воени бази на територијата на државите членки[28].

### 3.3. Создавање на светската политичката карта

Создавањето на светската политичка карта претставува резултат на политиката на моќ. Тоа е карта на променливи модели со губитници и победници. Територијата создава платформа, суверенитетот оправдување, но ни едното ниту другото не претставува адекватна одбрана за една држава против успешната акција спроведена од позиција на политика на моќ на ривалската држава, кога станува збор за елиминирање од светската сцена.

Основната задача на политичката географија претставува објаснувањето на политичка карта која оддава впечаток на стабилност која е потполно имагинарна. Најверодостојна интерпретација на политичката карта е истата да се разгледува како серија на шаблони кои драстично се менувале во минатото и кои, без сомнение, можат од корен да се променат во иднината[29].

Светот и политичката карта каква што е познавале Страбон, Рацел, повеќе не е актуелен. Современите промени се однесуваат како на територијата на државите така и на нивното внатрешно уредување. Во поновата историја политичката карта на светот се менувала како резултат на три политичко–географски процеси:

1. Колонијалниот ривалитет и деколонијализацијата, кои впрочем претставуваа причина за Првата светска војна;

2. Идеолошкиот ривалитет, оличен преку трите главни идеологии – либерализмот со предводник САД, фашизмот со предводник Германија и комунизмот со предводник СССР. После поразот на фашизмот во Втората светска војна, преостанатите две идеологии кои беа сојузници, стануваат ривали и ја започнуваат “Студената војна” во која доаѓа до пораз на комунизмот.

---

[28] Грчић, М. (2000) *Политичка Географија*. Београд: Географски факултет, стр.145–146.

[29] Исто, стр.431.

3. Цивилизациски ривалитет, потпрен на различноста на религиите, кои според одредени прогнози може да заврши со светски судир.

Промените на политичката карта кои имаат *долготраен карактер* се одвиваат според одредени закономерности. Историските последици од распаѓањето на империите се долготрајни и траат со векови. Така на пример распадот на империјата на Шпанија доведе до големите атлантски (светски) војни помеѓу Франција и Англија. Самото создавање на Соединетите Американски Држави претставува продукт на тој процес, односно дел од бурната човекова историја. Светските војни помеѓу Англија и Франција во XVIII век траеле 126 години, додека опаѓањето и редуцирањето на Шпанската империја траело преку 300 години. Распадот на Отоманската империја траела 240 години, односно од поразот кај Виена 1683 година до 1923 година. Распадот и повлекувањето на Отоманската империја ја предизвикала, меѓу другото, и Првата светска војна. Русија, Австро–унгарија, а подоцна и Германија и Турција, упорно бранејќи ги сопствените интереси на Балканот, искажувајќи подршка на сопствените "сателити", предизвикувале разновидни конфликти, мали војни, закани за поголеми војни и атентати. Тој период е особено значаен за поделбата на етничката територија на Македонија, која според историскиот тек и прераспределбите на светскиот и регионалниот ривалитет има долготраен карактер. Во меѓувреме доаѓа до распад на Руската империја, поради што се зголемија апетитите не само на Германија, туку и на исламските, јапонско–кинеските и монголските "играчи" за Азиското руско пространство. Со воспоставувањето на Новиот светски поредок во почетокот на деведесеттите години од минатиот век (падот на комунизмот и револуциите во Источна Европа), доаѓа до завршување на "Студената војна" но, и на крајот на поделбите на Европа (западна и источна).

*Краткотрајните промени* исто така завземаат значајно место во процесот на формирањето на политичката карта. Така на пример, во последните илјада години помеѓу Русија и Европа се сменувале непријателството и пријателството, взаемното привлекување и одбивање, геопо–

литичката согласност, напади и отстапувања, изолации и соработка. Во одредени моменти Русија се поврзува со Прусија и Германија на сметка на Полска, а потоа со Полска против Германија. Понекогаш имала сојузнички релации со Англија или Франција, другпат и претела на Англија со војна, а се случувало истовремено да војува и со Англија и со Франција (Кримската војна од 1854–1856 година). Во 1812 година французите под водство на Наполеон ја завземаат Москва, во 1814 година козаците маршираат по Шанз–Елизе, а четири реони во Париз имаат руски губернатори. Во 1941 година германците доаѓаат до Москва, а 1942 до Волга и Кавказ, 1945 година Русите го завземаат Берлин. Ниту една од овие екстремни географски прекројувања немала долготраен карактер.

*Големите промени* на политичката карта секако претставуваат резултат на војните и конфликтите поврзани со големите геополитички промени. Само за илустрација, светската политичка карта е прекројувана во Вестфалија (1648) по Триесетгодишната војна, во Виена (1815) по Наполеоновите војни, во Версај (1919) по Првата светска војна, во Париз (1947) по Втората светска војна. Секоја нова карта дава основа за создавање на нов светски геополитички поредок[30]. Меѓутоа, светската политичка карта не претставува резултат само на големите сили и нивното геополитичко ривалство, туку е резултат на постојаните мали промени кои се резултат на војните и конфронтирањата на помалите сили.

---

[30)] Геополитичкиот поредок секогаш претставува организација на просторот во кој постојат одредени центри на моќ кои се грижат за одржувањето или ревидирањето на поредокот. Така на пример, во Британскиот геополитички поредок доминирала Голема Британија, после тоа, се појавиле повеќе сили кои имале за цел да учествуваат во организацијата на просторот и завземањето на светските и регионалните позиции кои ги имала Голема Британија. Во периодот на "Студената војна" доаѓа до создавање на рамнотежа на светско рамниште помеѓу големи воени и политички сили. Периодот потоа, е одбележен со доминација на една голема светска политичка, воена и економска сила и неколку светски економски сили, односно неколку светски/регионални воени сили. Во такво опкружување голема е веројатноста да дојде до зголемување на незадоволството поради тенденциите една сила да доминира со целиот свет.

Сегашниот геополитички поредок ги уредува меѓусебните прашања преку организирање на светскиот пазар и трговијата чии што политички израз се наднационалните интеграции и меѓународните институции и организации, како што се Европската Унија, Меѓународниот монетарен фонд, Светската банка и слично. Во денешниот свет идеологијата за хегемонија се гледа во верувањето дека светскиот прогрес е единствено можен преку ширењето на идејата за пазарна економија и демократија низ целиот свет. Политичката, економската и безбедносната практика се стреми кон хиерархиска организација на стабилен простор, кој е неминовен за развој на демократијата, економијата и толеранцијата. Пошироко во: Taylor, P. (1993) *Political Geography, World-economy, Nation-States and Locality.* Essex: longman Scientific&Technical и Бацаров, З. (1999) *Геополитически системи.* София: Фондация "Свободна и демократична Бъгаря".




**Слика бр.1 Развој на политичката карта на Европа од 1500 година до 1878 година**

(**Извор:** *Veliki Atlas Svijeta.* (1986) Ljubljana: Mladinska knjiga, str.33)

## 3.4. Формирање на политичко-географската карта на Балканот

Балканот како колевка на хеленската цивилизација, византиската империја и православната религија, всушност претставува "стара Европа". Имено, на Балканскиот Полуостров се формирала првата цивилизација во Европа (античка Грција), првата империја (македонската), а после неа дошле и другите империи (Византиска, Отоманска, Хабзбуршка) и интересни сфери. Империјалните подеми и падови, во последните два милениума овозможиле распоредот на народите и културите на Балканскиот Полуостров да се менуваат под влијание на војните, политичките и економските фактори.

Близината на Балканот со големите центри на цивилизациите и конфигурацијата на земјиштето, односно лесниот пристап за надворешните освојувачи и во исто време големите поделби, разлики и војни во регионот ги претставуваат неговите историски карактеристики. Последните настани поврзани со насилниот распад на Југославија, крвавата граѓанска војна во Босна и конфликтите на Косово и Македонија претставуваат видливи опомени дека Полуостровот загубил малку од својата склоност за насилство. Како резултат на таквите состојби, политичко–географскиот процес во регионот, во голема мерка е резултат на надворешните сили и внатрешните конфликти.

Современата политичка карта на Балканот, претставиува производ на долг историски развиток и сплет на разноразни, неретко дијаметрално спротивни елементи со географски, политички, воен, демографски, економски и културен карактер. Така на пример, ако се навратиме на Балканот во периодот на долговековното присуство на две моќни, но внатрешно – политички дивергентни држави, станува збор за Австро–Унгарија и Турција (Отоманската империја), ќе забележиме дека била создадена, од една страна, линија на цивилизациска поделба, а од друга страна голема внатрешна меѓуетничка и историска испреплетеност. Навлегувајќи во сферата на градење на нациите–држави[31], на

[31)] Според најголемиот број на современи анализи национализмот како чувство кое ги поврзува припадниците на една држава е прилично нов феномен. За прв пат био изразен во периодот на Француската револуција од политичката елита, но се вкоренува кај луѓето како чувство дури во XIX век. Во поглед на суштината на нацијата се разликуваат четири дефини–

површина се појавува феноменот на докажување на сопствената етничка “чистота” на секоја држава-нација поединечно. Јелавич Б. (*Barbara Jelavich*) во своето дело “Историја на Балканот - дваесетти век”, истакнува: “...во сите региони населението претставува спој на домородни жители и последователни освојувачи, односно смеса постигната преку воени освојувања од страна на посилна група со апсорбирање на еден народ од страна на друг поради поголемата бројност или со прифаќање на друг јазик поради културната привлечност понудена од страна на некоја понапредна цивилизација[32]...”. Во една таква состојба, обидите за воспоставување прифатлив модел на соживот помеѓу бројните ентитети кои претставуваат конститутивни елементи на различни држави, во текот на политичко-географскиот процес биле многу комплицирани и пропратени со прекројувања на политичката карта. Односно, досегашната практика потврдува дека во повеќе наврати и под одредени услови, латентните

ции: а) Нацијата како “природна” заедница ја дефинирал германскиот филозоф Фихте. Во често цитираната негова сентенца од неговиот “Говор на германската нација” од 1808 година, тој истакнува: “Разликата помеѓу германската и другите нации во Европа создадена е од природата. Германците се обединети во нација, различна од сите други нации, затоа што имаат заеднички јазик и заеднички природни карактеристики”. Според оваа теорија поединците неможат да ја бираат својата националност така што ќе се идентификуваат со нацијата, поради тоа што се родени во нацијата и неможат да побегнат или да се одрекнат од својот национален идентитет. б) Идејата нацијата како договорна или квази-доброволна асоцијација потекнува од “Општествениот договор” на Ж.Ж. Русо. Нацијата постои затоа што нејзините членови се идентификуваат со неа. Таа ќе исчезне во оној момент кога тој смисол за идентификација ќе поприми нов идентитет. Позната е изреката на Ренан: “Нацијата претставува секојдневен плебисцит... Нациите не претставуваат нешто вечно, затоа што човековата волја е променлива. Човекот не е роб на својата раса, ниту на својот јазик, ниту на вероисповеста, ниту на речните текови, ниту на протегањето на планинските венци. Едно широко обединуввање на луѓе со ладен дух и огнено срце создава природно самосознание, наречено нација”. в) Нацијата како метафизички идеал или како безлична цел; претставува вулгаризирање на нацијата како збир на симболи, аспирации и одредени историски референци. Пример за ваков идеал се наоѓа на првите страници од воените мемоари на генералот де Гол во кои за објаснување на прашањето што претставува “Франција”, де Гол се повикува на симболи, историски фигури, битки, со што “Франција” е апсолвирана без луѓе. г) Нацијата како политички проект на малкубројна елита која себеси се гледа како олицетворение на вредностите на нацијата. Елитата има мисија да ги интегрира различните етнички и социјални групи во нација, со единствена цел модернизирање на општеството или отстранување на надворешна доминација. Примери за ваквиот концепт претставуваат “европскиот национализам” и национализмот на “Третиот свет”. Сите дефиниции имаат две заеднички карактеристики. Првата, нацијата претставува база на политичкиот легимитет. Втората, сите претпоставуваат дека нацијата е територијално ограничена, односно е замислена како лимитирана. Централниот проблем претставува фактот што државата не одредува кој ќе биде член на нацијата и границата на државата не се поклопува со границата на нацијата. Сепак легимитетот на државата базиран на нацијата е проблематичен. Денес се доминантни два концепти на нацијата, во зависност од тоа дали ја дефинираат нацијата како “природна” или “вештачка” заедница. Клучниот фактор во првата е единството на етничкото потекло, а во другата политичкото единство. Holsti J.K. (1996) *The State, war, and the State of war*. New York: Cambridge University Press; Грчиќ, М. (2000) *Политичка Географија*. Београд: Географски факултет, стр.123-124; Anderson, J. (1986) “Nationalism and Geography” in Anderson, J. (ed.) *The Rise of the Modern State*. Brighton: Harvester.

32) Јелавиќ, Б. (1999) *Историја на Балканот - дваесетти век*. Скопје: Ник ЛИСТ стр. 521-530.

или отворените непријателства станувале супститут за разумните решавања на проблемите, резултирајќи со потенцијално нестабилни или насилни ситуации, кои целиот изминат период го обременуваат политичко-географскиот процес на Балканот.

Првите поголеми турбуленции на Балканот започнуваат со распаѓањето на Отоманската империја и нејзиното повлекување. Воедно, тој период е судбоносен за Македонија како територија која најчесто била предмет за раздор и поделби. Како историски настани кои имале свое влијание врз креирањето на Балканската политичка карта, можеме да ги издвоиме: востанијата во Србија од 1804 до 1813 година, предводени од Караѓорѓе Петровиќ, второто српско востание од 1815 година, под раководство на Милош Обреновиќ, периодот на Милан Обреновиќ IV кога Србија преку ослободителните војни од 1876 година до 1878 година ја стекнува целосно својата независност[33].

Првите обиди за ослободување на Грција од Османлиската власт датираат од последните години на XVIII век, со појавата на ајдутите-клефти. Првото востание започнало во април 1821 година во Влашко и Молдавија под раководство на Александар Ипсиланти. Во востанието не земале учество Романците, а не добило подршка ниту од Русија, ниту од Австрија. Кога во 1821 година избувнало востанието, ниту една голема сила не била подготвена за меѓународна криза на Исток. Британскиот премиер Каслриги, неговиот наследник Роберт Кенинг се залагале за одржување на Османската Империја. Русија исто така не сакала дезинтеграција на Османската Империја од различни причини. Првенствено поради склучените договори со Портата во однос на управата во кнежевствата и одредените одговорности кон христијанското население. Исто така, од економски причини, односно поради мерките кои ги превземала Портата со што се попречувала руската трговија.[34] Во 1826 година доаѓа до склучување договор помеѓу Британија и Русија (во 1827 година се приклучува и Франција) за посредување во решавањето судирот со цел Грција да добие автономија. Во 1827 година сојузничките сили ја поразиле

---

[33]) *Историски атлас*. (1998) Скопје: Сојуз на друштвата на историчарите на Република Македонија, стр. 95.

[34]) Јелавиќ, Б. (1999) *Историја на Балканот, осумнаесетти и деветнаесетти век.* Скопје: НИК Лист, стр. 264–269.

турско–египетската флота закотвена во заливот Наварин. Со договорот од Едрене, потпишан во септември 1829 година, Османлиската Империја ја признала независноста на Грција, додека на конференцијата во Лондон одржана во февруари 1830 година, Франција, Русија и Британија ја прогласуваат Грција за независна држава[35].




**Слика бр.2 Балканот од 1812 до 1878 година**

---

35) *Историски атлас.* (1998) Скопје: Сојуз на друштвата на историчарите на Република Македонија, стр. 96.

(**Извор:** *Историски атлас.* (1998) Скопје: Сојуз на друштвата на историчарите на Република Македонија, стр. 104)




**Слика бр.3 Балканот од 1878 до 1912 година**
(**Извор:** *Историски атлас.* (1998) Скопје: Сојуз на друштвата на историчарите на Република Македонија, стр. 104)

Нареден значаен елемент во политичко–географскиот процес на Балканот и формирањето на неговата политичка карта, претставува таканаречената Источна Криза од 1875–1878 година. Со победа во оваа војна, Русија го склучува Сан–Стефанскиот мировен договор со Турција, во корист на Бугарија. Со одлуките од Сан–Стефанскиот ми–

ровен договор не се согласувале големите сили поради што истата година 1878 бил одржан Берлинскиот конгрес на кој е прекроена политичката карта на Балканот[36]. Тогаш потполна независност добиваат Романија, Србија и Црна Гора, и создадено е кнежество Бугарија (во 1908 година ја прогласува својата независност со што биле отфрлени и последните вазални односи према Турција[37]) и автономната турска провинција Источна Румелија[38]. Источна Румелија со центар во Пловдив во 1885 година се обединува со Бугарија, а во 1879 година доаѓа до востание на Крит кое активно го подржувала Грција со испраќање на доброволци, но и со предизвикување на диверзии во Епир и Македонија. Резултатот бил автономија за Крит. Со решавањето на Критското прашање, Македонија останува единствената од турските покраини со претежно христијанско население, која сеуште чекала на реформи[39].

Балканските војни имале најголем дефрагментирачки карактер во поглед на територијалната целовитост на географска Македонија. Овие војни во политичко-географскиот процес предизвикале долготрајни промени на Балканот, особено за Македонија.

Македонските области во рамките на Отоманската Империја не само што биле главна тема кон крајот на XIX век, туку подоцна ќе станат главна точка на раздорот помеѓу балканските држави. Македонија во тој период немала дефинирани политички граници, односно била дел од трите вилаети Солун, Косово и Битола. Се смета дека регионот на север бил ограничен со Шар Планина, на исток со Родопските Планини, на југ со Егејското Море, планината Олимп и пиндската верига, а на за-

---

[36] Грчић, М. (2000) *Политичка географија.* Београд: Географски факултет, стр. 451.

[37] *Историски атлас* (1998) Скопје: Сојуз на друштвата на историчарите на Република Македонија, стр. 98.

[38] Во членот 1 од Берлинскиот договор се потенцира дека Бугарија се формира како самоуправно кнежевство кое ќе плаќа данок, под главна управа на Н.И.В. Султанот, ќе има христијанска влада и полиција. Во членот 13 стои: "на југ на Балканот се формира провинција што ќе биде наречена "Источна Румелија" и која ќе биде под непосредна политичка и воена власт на Н.И.В. Султанот во услови на административна автономија. Таа ќе има генерал-губернатор христијанин". Членот 26 се однесува на признавањето на независноста на Црна Гора, членот 34 го признава српското кнежевство како независно, додека членот 43 се однесува на признавањето на независноста на Романија. Пошироко во: Христов, А. Донев, Ј. *Македонија во меѓународните договори1875-1919*. Скопје: Архив на Македонија, Матица македонска, стр. 71–90.

[39] Талевски, Ј. (1998) *Границите на Република Македонија.* Битола: Апекс, стр. 20.

пад со Охридското Езеро[40]. Од големо значење за областа била нејзината голема геостратегиска важност. Таа се наоѓала во срцето на полуостровот и ги вклучувала долините на реките Вардар и Струма. Главно Османско пристаниште после Цариград, било солунското пристаниште, а градот Солун бил економски центар на Македонија. Овој град со Белград го поврзувала железничка линија уште од 1888 година. Австро-Унгарија, по окупацијата на Босна и Херцеговина и на Новопазарски Санџак, имала ист интерес за областите на југ од Егејот, каков што бил интересот на Русија за Бугарија. Русија и Голема Британија имале свое влијание во судбината на регионот поради неговата близина со протоците (Босфор и Дарданели) и улогата што тој ја имал во рамнотежата на силите на Балканот. За балканските националисти Македонија била дури одповитално значење, односно оној кој ја имал Македонија, ја имал и доминантната стратегиска положба на полуостровот. Оттука, основното спротивставување на формирањето на санстефанска голема Бугарија било поради тоа што границите што би и се дале и во кои би била вклучена и Македонија, би ја направиле најсилна држава на Балканот[41].

Своите барања за завладување на економските богатства, покрај стратегиските предности на Тракија, Македонија и Албанија ги истакнувале Бугарија, Грција, Србија и Црна Гора. Македонската територија претставувала главен географски простор кој го зафаќал највожниот економски и комуникациски терен за завладување на Егејските брегови со Солун и Јадранскиот брег во Албанија. Со своето значење, особено се истакнувале долините на реките Вардар и Струма кои обезбедувале брз и безбеден пристап кон егејските острови преку Солунското и Кавалското пристаниште.

Во февруари/март 1912 година Србија и Бугарија потпишале Договор за пријателство и сојуз[42], според кој било утврдено идното заедничко координирано дејствување против Турција и решавањето на сите проблеми кои ќе се јавеле во текот на зедничкото дејствување.

---

40) Јелавиќ, Б. (1999) *Историја на Балканот, дваесетти век*. Скопје: НИК Лист, стр. 104.

41) Исто, стр. 104–105

42) Христов, А. Донев, Ј. *Македонија во меѓународните договори1875-1919*. Скопје: Архив на Македонија, Матица македонска, стр. 162–166.

Бугарија и Грција во мај 1912 година потпишале Договор за одбранбен сојуз[43], меѓутоа не се договориле за поделба на територии, додека Црна Гора во октомври потпишала договор за сојуз со Србија и Бугарија.

Првата балканска војна започнала на 8 октомври 1912 година кога црногорските трупи ја преминале границата на Отоманската империја и го опколиле Скадар. Балканските сојузници лесно ја поразиле турската војска (700.000 сојузнички сили, наспроти 320.000 турски[44]) и во текот на воените операции до 4 декември 1912 година, кога беше склучено примирјето и потоа до 29 јуни 1913 година, денот на отпочнувањето на Меѓусојузничката војна, ја разделиле Македонија на следниот начин:

Србија ја окупирала таканаречената неспорна зона[45] од "Тајниот анекс" од српско–бугарскиот договор за пријателство и сојуз и тоа северозападно од линијата Голем Врв–манастир Габовци на Охридското Езеро, како и поголемиот дел од таканаречената спорна зона од линијата од Голем Врв до Вардар, меѓу селата Пепелиште и Криволак и по реката Вардар до Гевгелија, односно се западно од таа линија. Во Гевгелија завладеал троен кондоминиум на српските, бугарските и грчките војски и власти. Јужната граница помеѓу Србија и Грција се протегала на запад од Гевгелија преку планините Кожуф, Баба, вклучувајќи го Охридското езеро до албанските планини[46].

Бугарија ја окупирала неспорната зона призната со Договорот помеѓу Србија и Бугарија од 1912 година, односно источно од реката Струма, т.е. Пиринскиот дел на Македонија и дел од спорната зона источно од линијата Голем врв – река Вардар, меѓу селата Пепелиште и Криволак, по Вардар до Гевгелија и југоисточно од неа до југозападно од Дојранското Езеро, па на југ кон Арџанското Езеро, покрај селата Џами Махале, западно од селата Доксомбос, Семаси, Родоливос, врвејќи во југоисточна насока и сечејќи го Тахинското Езеро и по котите

---

43) Исто, стр. 167–169

44) Јелавиќ, Б. (1999) *Историја на Балканот, дваесетти век*. Скопје: НИК Лист, стр. 114.

45) Според членот 2 од "Тајниот анекс" на договорот, Македонија треба да биде разделена на две зони: "неспорна зона" и "спорна зона" која потоа повторно ќе се подели под арбитража на Русија. Пошироко во: Христов, Т. (2001) *Политическа география на Бъгария*. Пловдив: Академично издателство на Аграрния университет, стр. 230.

46) Талевски, Ј. (1998) *Границите на Република Македонија*. Битола: Апекс, стр. 23.

815 и 805 преку планината Кушница кон селото Дољани излегувајќи на Орфанскиот Залив на Егејското Море. Источно од оваа линија селата и градовите Кавала, Драма, Серес, Сари Шабан, Правиште, Захна, Демирхисар и Кукуш од Егејска Македонија[47].

Грција ја окупирала територијата на Егејска Македонија, на север допирајќи до јужните линии на територијата окупирана од Србија, а на исток до линијата со Бугарија.




**Слика бр.4 Македонија окупирана и разделена помеѓу српските, бугарските и грчките војски од октомври 1912 до јуни 1913 година**
(**Извор:** Талевски, Ј. (1998) *Границите на Република Македонија*. Битола: Апекс, стр. 26)

47) Исто, стр. 23.

После поразот на Отоманската империја од страна на балканските сојузници во 1912–13 година, големите сили Австро–унгарија, Франција, Германија, Голема Британија, Италија и Русија, инсистирале да биде создадена независна Албанија во граници кои тие ги одредиле, на Отоманската империја да и се вратат териториите источно од Едрење, значајни за контрола на мореузите, и на полуостровот Атос да му се остават автономните привилегии. Состојбата меѓу сојузниците е дополнително комликувана со создавањето на независна Албанија, поради што бил анулиран првичниот договор меѓу Србија и Бугарија. Покрај освоените делови од "спорната зона" во Македонија како компензација за изгубените територии во Албанија, Србија заедно со Црна Гора го поделиле и Новопазарскиот санџак. Грција, покрај Егејска Македонија, добила територии во Епир и западна Тракија.

На 29 јули започнува Втората балканска војна како резултат на желбите на доскорешните сојузници за повторна прераспределба на македонската територија. Бугарската војска прва започнала со дејствување, откога се дознало за тајната спогодба[48] помеѓу Србија и Грција за меѓусебна поделба на Македонија. Неочекувано во војната влегла и Турција која го повратила Едрење и продолжила со настапување по долината на реката Марица, и Романија која е завзела Јужна Добруџа. Со мировниот договор во Букурешт од 10 август 1913 година, Бугарија е изгубила источна Тракија и јужна Добруџа, вратен и е дел од западна Тракија, задржани се териториите на источна Македонија (Пиринска Македонија) и излезот на Егејското Море преку пристаништето Дедеагач (Александруполис)[49].

Новонастанатите гранични линии помеѓу Србија, Грција и Бугарија утврдени по Букурешкиот мировен договор, претставувале и државни граници кои Македонија ја поделиле на три дела.

48) Христов, А., Донев, Ј. *Македонија во меѓународните договори1875-1919*. Скопје: Архив на Македонија, Матица македонска, стр. 180–185.

49) Грчић, М. (2000) *Политичка географија*. Београд: Географски факултет, стр. 455.



**Слика бр.5 Македонија по Букурешкиот мировен договор од 10 август 1913 година**

(**Извор:** Талевски, Ј. (1998) *Границите на Република Македонија*. Битола: Апекс, стр. 26)

Првата светска војна започнала со објавата на војна од страна на Австро–унгарија на Србија на 28 јули 1914 година, месец дена по Сараевскиот атентат. Воедно, проширувањето на Србија кон Македонија и формирањето на заедничка граница помеѓу Србија и Црна Гора, го спречувале пробивот на финансискиот капитал и го оневозможувало територијалното проширување на Австро–унгарија кон внатрешноста на Балканското

полуострово[50]. По четиригодишните борби помеѓу силите на Антантата и Централните сили, на мировната конференција во Версај 1919 година прекроена е политичката карта на Балканот и на цела Европа. Создадени се нови држави Полска, Чехословачка и Кралството на Србите, Хрватите и Словенците (од 1929 година Југославија[51]). Романија добива најголеми територии на сметка на поранешната Унгарија, односно Трансилванија и Буковина и на сметка на Русија, Бесарабија. Бугарија го губи излезот на Егејското Море. Градот Смирна (Измир) со задгрбието и припаднал на Грција, но после војната во 1922 година повторно е вратен на Турција[52].

Со потпишувањето на мировниот договор помеѓу сојузните здружени сили и Бугарија на 27 ноември 1919 година во Неј на Сена[53], санкционирани се одредбите на Букурешкиот мировен договор од 1913 година со кои Македонија беше поделена на три дела, меѓу Србија, Грција и Бугарија. Букурешкиот мировен договор претрпел само мали корекции, главно во југоисточниот дел на Македонија. Струмица и нејзината околија ѝ биле одземени на Бугрvärldar и приклучени кон новосоздаденото Кралство на Србите, Хрватите и Словенците. Со ваквите корекции, не замајќи ги предвид незначителните измени на границата со Албанија кај Дебар и манастирот Св. Наум, Македонија се нашла во следната положба: на Грција и припаднал најголем дел, 35.169 км$^2$, на Кралството СХС 25.774 км$^2$, на Бугарија 6.798 км$^2$, а еден мал дел од територијата на Македонија останал во границите на Албанија. На тој начин доаѓа до дефрагментација на целоста на територијата на Македонија, која во своите географски граници кои главно соодветствуваат и на етнографските, изнесувала 67.741 км$^2$. Со тоа дошло до разбивање и на економската и национална компактност со што бил оневозможен нормалниот демографски, општествен, економски, културен и национален развој на македонскиот народ[54]. Односно, со

---

50) *Историски атлас.* (1998) Скопје: Сојуз на друштвата на историчарите на Република Македонија, стр. 121.

51) Јелавиќ, Б. (1999) *Историја на Балканот, дваесетти век.* Скопје: НИК Лист, стр. 143.

52) Грчић, М. (2000) *Политичка географија.* Београд: Географски факултет, стр. 456.

53) Христов, А., Донев, Ј. *Македонија во меѓународните договори 1875-1919.* Скопје: Архив на Македонија, Матица македонска, стр. 194–201.

54) *Историја на македонскиот народ, (том четврти)*, (2000) Скопје: Институт за национална историја, стр.131.

Букурешкиот мировен договор е разбиена геополитиката, етничката и економската целина на македонскиот народ[55].

Прашањето за статусот на манастирот Св. Наум било поврзано со прашањето за разграничување меѓу Кралството СХС и Албанија во пределот околу Охридското Езеро. Тој проблем останал нерешен уште од Конференцијата на амбасадорите во Лондон 1913 година. Разграничувањето како проблем по војната за прв пат било поставено на 2 октомври 1921 година, на седница на Советот на лигата на народите. Спорот траел цели четири години, до 6 август 1925 година. За тоа време, големите сили, а особено Англија, биле наклонети манастирот Св. Наум да и припадне на Албанија. Најпосле е донесена одлука според која манастирот се остава на Кралството СХС,а на Албанија да и припадне селото Пешкопеја. Ваквиот резултат е поради заканата на југословенската дипломатија дека ќе ја напушти Лигата на народите доколку манастирот се додели на Албанија[56].




**Слика бр.6 Административно-територијална поделба на Кралството Југославија од 1929 година**
(**Извор:** *Историски атлас*. (1998) Скопје: Сојуз на друштвата на историчарите на Република Македонија, стр. 136)

[55] *Историја на македонскиот народ.* (1972) Скопје: Просветно дело, стр. 226.
[56] *Историја на македонскиот народ, (том четврти).* (2000) Скопје: Институт за национална историја, стр.186–187.




**Слика бр.7 Македонија по Балканските и Првата светска војна**
(**Извор:** *Историски атлас.* (1998), Скопје: Сојуз на друштвата на историчарите на Република Македонија, стр. 118)

Втората светска војна претставува најголемиот воен судир во досегашната историја на човештвото. На самата површина излегле големодржавните и националистичките претензии на Балканските држави. Создадени се сателитски творби, под патронат на Третиот Рајх, НД Хрватска, Унгарија, Романија и Бугарија и под патронат на Италија, Албанија. Во текот на воените дејства, Унгарија е запоседнала Бачка, се–

верна Трансилванија, Рутенија и јужното погранично подрачје на Словачка. Независната држава Хрватска ја опфаќала Босна и дел од Србија (Срем). Обновен е сонот за Санстефанска Бугарија, со завземањето на јужните делови на Србија, поголем дел од Македонија, Добруџа и источна Тракија. Италија на претходно окупираната Албанија и ги приклучила деловите од западна Македонија, Косово и Метохија и Епир. Исто така, Италија е окупирала и Црна Гора и се проширила на источното јадранско приморје[57].

По завршувањето на Втората светска војна, балканските граници воглавно се вратени на претходните позиции. Укинати се монархиите и воспоставени се републики. На Југославија, односно Хрватска и Словенија и припаднале териториите на Италија во јадранското приморје. Бугарија е добила јужна Добруџа[58] и корегирани граници спрема Грција и Турција.




**Слика бр.8 Балканските држави после Втората светска војна**
(**Извор:** Христов, Т. (2001) *Политическа география на България*. Пловдив: Академично издателство на Аграрния университет, стр. 280)

---

[57] Грчиќ, М. (2000) *Политичка географија*. Београд: Географски факултет, стр. 456.

[58] Пошироко во: Христов, Т. (2001) *Политическа география на България*. Пловдив: Академично издателство на Аграрния университет, стр. 278.

На конференцијата на Јалта одржана во февруари 1945 година, доаѓа до создавање на биполарна поделба на светот и извршена е поделба на интересни сфери на Балканот. Во биполарниот светски систем рамнотежата на силите на Балканот се одржувала според формулата 2+2+2, што значи: Грција + Турција = НАТО, Бугарија + Романија = Варшавски договор, Југославија + Албанија = неврзани, односно неутрални држави.

Според одредбите од Париската мировна конференција од февруари 1947 година на Балканот се случиле следните промени на политичката карта. На Грција и биле доделени Додеканските острови и Родос кој порано биле под власт на Италија, со што нејзината територија е зголемена за околу 5.000 км$^2$. Југославија добила делови од Истра и Јулијската краина со островите. Од градот Трст и северозападниот дел од Истра била формирана Слободна територија (733км$^2$) која била поделена на зона А (под управа на англо–американската војска) и зона Б (под југословенска управа). Со Лондонската спогодба од 1954 година Југославија ја добила зоната Б (Копер и Бује) и помал дел од зоната А, додека преостанатиот дел со градот Трст и припаднал на Италија. Италија е смалена за околу 11.000 км$^2$, а Југославија проширена за околу 7.000 км$^2$. Романија од Унгарија е добила Трансилванија, а вратила делови од јужна Добруџа на Бугарија како и Бесарабија и северниот дел на Буковина на СССР. На тој начин Романија е намалена за околу 43.000 км$^2$. Бугарија ги вратила окупираните делови на Југославија и на Грција, но сепак е проширена за околу 8.000 км$^2$ поради териториите вратени од Романија (јужна Добруџа). Албанија добила незначително проширување од 1.200 километри квадратни[59].

По завршувањето на Втората светска војна, територијата на Македонија, односно нејзините граници спрема Албанија, Грција и Бугарија, кои биле утврдени со Версајскиот мировен договор до денес останаа непроменети. Границата спрема Србија по Втората светска војна претставуваше административна граница , која што не беше прецизно дефинирана. Првичните обиди за дефинирање на територијата на македонската држава можат да се определат со отварањето на свече–

59) Грчић, М. (2000) *Политичка географија*. Београд: Географски факултет, стр. 447–448.

ниот дел на Првото заседание на АСНОМ (1944 година), како и во манифестот што од Заседанието е упатено до македонскиот народ. Според овие податоци може да се види дека Качаничката и Прешевската околија се во составот на Македонија како што било и во 1921 година, што може да се види од документите за пописот на населението во Вардарска Македонија во 1921 година[60].

Конечното разграничување помеѓу Република Македонија и Заедницата Србија и Црна Гора (во тоа време СР Југославија) е направено на Самитот на држави и влади на земјите членки на Процесот за соработка во Југоисточна Европа, на 23 февруари 2001 година. На Самитот е потпишан Договор за протегање и опис на државната граница[61].

### 3.5. Политичка карта на Балканот по завршувањето на Студената војна и Југословенската криза

Со распаѓањето на Варшаскиот договор (1991) година и блоковската поделеност на светот, на Балканот доаѓа до повторна промена на политичката карта. Дезинтеграцијата на СФРЈ овозможува на Балканот да се создадат пет нови држави, кои својот суверенитет, генерално преку воени судири го пренесоа на новосоздадените држави.

На денешната политичка карта на Балканот егзистираат десет мали и средни држави и една област (Косово) под меѓународен протекторат (ООН).

- Република Македонија - 25.713 км$^2$ и 2.02 милиони жители[62];
- Бугарија – 110.994 км$^2$ и 9.1 милиони жители;
- Албанија – 28.748 км$^2$ и 3.3 милиони жители;
- Грција – 131.957 км$^2$ и 10.6 милиони жители;

---

60) Талевски, J. (1998) *Границите на Република Македонија.* Битола: Апекс, стр. 28.

61) Составен дел на Договорот се "Описот и протегањето на државната граница", кој текстуално ја опишува границата од македонско-југословенско-албанската тромеѓа до македонско-југословенско-бугарската тромеѓа и "Атлас на листови на топографски карти во размер 1:25.000", кој ги содржи сите листови од наведената карта на кои е вцртана заедничката гранична линија. Пошироко во: Талевски, Ј., Миленковски, М. (2002) "Северната граница и конфликтот во Република Македонија", во *Современа македонска одбрана*. Скопје, бр.5, стр. 51.

62) Според пописот од 2002 година во Република Македонија се евидентирани 2.022.547 жители. Државен завод за статистика, Попис на населението, домаќинствата и становите во Република Македонија, 2002 година.

- Турција – источна Тракија и Истамбул, 23.764 км$^2$ и 4.8 милиони жители;
- Романија – 237.500 км$^2$ и 23.2 милиони жители;
- Словенија – 20.251 км$^2$ и 2 милиони жители;
- Хрватска – 56.538 км$^2$ и 4.7 милиони жители;
- Државна заедница Србија и Црна Гора – Србија (88.361 км$^2$ и 9.7 милиони жители) и Црна Гора (13.812 км2 и 0.6 мил.жители);
- Босна и Херцеговина – Муслиманско-хрватска федерација (26.084 км$^2$ и 3 мил.жители) и Република Српска (25.035 км$^2$ и 1.4 мил. жители)
- Косово – (10.877 км$^2$ и население од 1.8 до 2.4 милиони[63])

Политичко-географскиот процес на Балканот е доста компликуван. Доколку како единствен критериум се земе фактот што еден народ живеел некогаш на подрачје кое било подолго или пократко време во составот на државата на тој народ, тогаш секој би имал право на секого и сечие. Тоа значи дека вистинско и праведно решение не би можело да се воспостави се додека постои последниот жив жител на регионот. Оттука, мора вистинските насоки на балканскиот политичко-географски процес да се трасираат кон нови проевропски интегративни размислувања и нови општествени вредности.

Се наметнува констатацијата дека промените на политичката карта се детерминирани од потенцијалното "разместување" на војната и мирот. Современиот распоред на кризните жаришта, (доколку се погледне Балканот и Блискиот Исток) всушност претставува одраз на поранешните конфронтирања и конфигурација на победниците и поразените. Меѓународниот ривалитет ги продуцира промените на политич-

---

[63] Според официјалните пописи спроведени во Косово, односно тогашна СФРЈ, бројот на населението во покраината се движел на следниот начин: во 1948 година – 729.000 жители од кои 68% Албанци, 24% Срби и 8% други; во 1953 година-808.000 жители од кои 65% Албанци, 23% Срби и 12% други; во 1961 година-964.000 жители, односно 67% Албанци, 24% Срби и 9% други; во 1971 година-1.244.000 жители, 74% Албанци, 18% Срби и 8% други; во 1981 година-1.584.000 жители, 77% Албанци , 13% Срби и 10% други; во 1991 година-1.956.000 жители, 82% Албанци, 10% Срби и 8% други. Според LSMS (*Living Standard Measurement Survey 2000*) се проценува дека живеат од 1.8 милиони до 2.4 милиони жители. Од нив 88% се етнички косовски Албанци, Срби има 7% додека како други се евидентирани 5%.

ката карта, односно светската политичка географија ќе биде консеквентна на идниот распоред на светскиот ривалитет.

Во XXI век модерното информатичко општество се повеќе го релативизира поимот суверенитет и неговата територијална рамка. Се поголемото значење на информацијата, доведува до "стеснување" на просторот и "забрзување" на времето. Се чини дека завршува поредокот базиран на контрола на просторот, а настапува поредокот на контрола на времето, со цел забрзување на движењето на финансискиот капитал, стоката, луѓето и информациите во глобални рамки. Новиот поредок воведува, на одреден начин, хиерархија на суверенитетот. Со територијата која правно припаѓа на одредена држава, управува во реалноста друга помоќна држава.

Новите меѓународни односи подразбираат поголема активност на недржавните актери. Денешните односи помеѓу нациите, во новата структура на глобалните релации, одредени се, скоро на исто ниво како и владите на државите, преку односите и активностите на големите компјутерски фирми (*Microsoft*), невладините организации, еколошките организации (*Green Peace*), организациите за заштита на човековите права (*Amnesty International, Human Rights Watch*). Одредени невладини актери, благодарение на својата меѓународна положба, можат да профилираат одредени аспекти од меѓународните односи многу повеќе отколку одредени држави. Исто така, современите меѓународни односи кои го детерминираат политичко-географскиот процес во голем дел се базираат на: располагањето со моќ за наметнување на одредени решенија, прагматизам во барањето на решенијата, пред се подразбирајќи согласност на решенијата со интересите на големите светски сили. Оттаму, според Фатиќ, новото се поприфатливо начело претставува "Постапувај на таков начин што најверојатно ќе биде прифатливо или во интерс на најмоќните држави, затоа што единствено тогаш ќе може да добиеш подршка"[64].

---

[64] Fatić, A. (1999) *Novi međunarodni odnosi*. Beograd: Službeni list SRJ, str. 7-10.

## 5.4. Глобализација, фрагментација и политичко-географскиот процес

Политичко–географскиот процес во последните петнаесет години во голема мерка зависи од процесите на глобализацијата и фрагментацијата кои како доминантни, одвивајќи се на целиот планетарен простор ја моделираат светската политичка карта. Сегашната светска конфигурација, нејзиното функционирање и стабилност зависи од два, на прв поглед контрадикторни, квази–перманентни процеси. Станува збор за глобализацијата и фрагментацијата[65].

Генерално гледано, човековата историја може да се интерпретира како еден динамичен процес на меѓусебна интеракција помеѓу процесите на глобализација и фрагментација. Ваквото разгледување наметнува констатација дека овие два процеси отсегокаш ја прателе човековата историја, односно отсекогаш биле присутни во секој позначаен настан и развоен процес и тоа доминантно во своето дијалектичко единство, отколку што заемно се исклучувале. Дефинирањето на овие два процеси е релативно комплицирано, со оглед на богатството на двата термина и припадноста на авторите, кои тоа го прават, на различни теоретски стојалишта. Доминантната перцепција на глобализацијата и фрагментацијата е како взаемно ислкучувачки принцип (црно-бел), кој обезбедува основа за таков пристап во кој глобализацијата и фрагментацијата не можат да се сложат. Во тој контекст егзистираат размислувања кои се базираат врз перцепциите низ "црно–белата" призма, а кои укажуваат дека глобализацијата, протежирана од политичарите на западните демократии, честопати се набљудува како нешто што се поклопува со идеите за интеграција, мултикултурализам, универзализам и хомогеност. Глобализацијата неретко е другото име за новиот светски поредок и се идентификува со мирот и стабилноста. Од друга страна, фрагментацијата се поврзува со оние делови од светот кои не ги почитуваат универзално промовираните вредности на глобалниот систем. На ваков начин набљудувана, фрагментацијата претста–

[65] Ioan, I. (2000) *Is Romania Merely an Onlooker at the Globalisation and Fragmentation Process?*. Third Geo-Political Colloquium, Garmish-Partenkirchen, Germany.

вува синоним за дезинтеграција, автархичност, затвореност и изолираност[66].

Процесот на глобализација и нејзиниот планетарен карактер не претставува прв таков процес, непознат за човековата историја. Слични процеси се одвивале во минатото, но под поинакви форми и состојби. Оттаму, како такви може да ги посочиме следните: географските откритија како вовед во првата Европеизација на Светот (облик на лимитирана интеграција и глобализација); на крајот од XIX век Светот почна да се индустријализира, додека, денес сме соочени со посилни и покохерентни униформистички трендови, кога времето и просторот се намалува и стеснува под импактот на современите технолошки можности во транспортот и комуникациите, од процесот на информатизирањето на светот, од зголемената употреба на англискиот јазик, од духот на партнерството и транспарентноста на ниво на меѓудржавни регионални организации и сл. Фрагментирачкиот процес е предизвикан од група на екстремно комплексни фактори, и нема сомнение дека и овај процес се случува насекаде во светот. Тие елементи имаат етничка, религиозна, економска па дури и социјална природа. Фрагментацијата според Јан Јанош (*Ioan Ianoş*) може да биде тотална (хоризонтална) или парцијална (вертикална), имајќи различен степен на просторна и временска (темпорална) индивидуалност. Тоталната фрагментација настанува кога заедницата од националниот субпростор е свесна за сопствените културен, лингвистички, религиозен, етнички, економски и др., идентитет и традиции, преку оружен конфликт или преговори, се здобива со тотална (целосна) независност од првичниот национален простор. Секогаш кога тоталната фрагментација се спроведува преку силата на оружјето, регионалната интеграција претставува потешкотија поради воспоставените политички и економски бариери (типичен пример се настаните во поранешна Југославија). Од друга страна, во случај кога фрагментацијата е резултат од преговори помеѓу заинтересирани–

66) Ванковска, Б. (2001) *Македонија помеѓу глобализацијата и фрагментацијата.* во "Современа македонска одбрана", бр.3, година II, стр. 70–72.

те страни, новонастанатите држави можат да развиваат комплексни врски на соработка (пример, поранешна Чехословачка)[67].

Парцијалната фрагментација настанува со официјално признавање (обострано) на идентитет во рамките на националната држава, за покасно да се дозволат одредени лимитирани права кои дозволуваат и овозможуваат подобар регионален менаџмент на локалните ресурси, поддржување на активности поврзани со економскиот растеж и подобрувањето на животниот стандард, без било какви територијални импликации. Како по правило, ваквиот тип на фрагментација настанува во мешаните заедници, како пример може да се посочат оние држави, каде што секоја заедница има право на едукација на својот мајчин јазик, религиозни, културни и други права. Ваквиот пристап важи единствено во случај кога се елиминирани сите евентуални закани за територијални промени[68].

Потешкотиите во дефинирањето на овие процеси можат да имаат методолошки или теоретски импликации, меѓутоа нивното одвивање во голема мерка влијае на формирањето на политичката карта, профилирајќи ги територијално–политичките субјекти и целокупниот политичко–географски процес.

Сите процеси имаат свој импакт на политичко–географскиот процес, создавајќи поинакви капацитети за анализа и набљудување на териториите и суверенитетот на денешните територијално–политички субјекти.

За Балканот може да се каже дека со векови претставувал сцена на која наизменично се одигрувале процесите на глобализација и фрагментација. Генерално гледиште на Западните држави е она кое што потенцира дека Балканот претставува микропростор кој никогаш не бил интегриран во Европа. Со падот на комунистичките влади, државите во регионот настојуваат да се ослободат од епитетот “балкански”, редефинирајќи ја сопствената положба како дел од Централна или Југоисточна Европа. Во политичко–географската теорија најфреквентниот

---

67) Ioan, I. *Is Romania Merely an Onlooker at the Globalisation and Fragmentation Process?.* paper presented on Third Geo-Political Colloquium, Garmish-Partenkirchen, Germany, 2000.

68) Ibid.

инфлуент кој потекнува од регионот е терминот “балканизација[69]” која во дипломатскиот и геополитичкиот вокабулар има силна негативна конотација, алудирајќи за политичко–територијалната и етничката расцепканост, меѓусебната конфронтираност и сл[70].

Глобализациските и фрагментирачките процеси кои се случуваа во изминатите децении, на површината “исфрлаат” и одредени бизарни форми на регионално поврзување на државите во регионот. Промоцијата на терминот “Западен Балкан” од страна на меѓународната заедница регионално го фрагментира Балканот. Идејата е насочена, првенствено кон дистанцирање на безбедносните закани што подалеку од развиена Европа. Опасноста од ваквите идеи произлегува од тенденциите за тотална фрагментација кои се појавуваат кај одредени балкански ентитети (првенствено албанскиот ентитет) кои сѐ дијаметрално спротивни од надворешните наложби и заложбите на другите држави за регионално поврзување.

Основните приоритети на државите во регионот, вклучително и Република Македонија, се движат во насока на регионалното поврзување, преку грижата за јакнење на регионалниот идентитет на сопствените држави и народи. Регионалниот политичко–географски процес има тенденции на интегрирање во евроатлантските структири, кои од друга страна налагаат регионален настап на државите аспиранти од регионот на Балканот. Ослободувањето од “стегите” на балканизацијата во голема мерка ќе придонесе за стабилизирање на политичко–географскиот процес на Балканот и еден постабилен период во самодетерминирањето на регионот.

---

69) Поширoко за процесот и поимањето на балканизацијата во: Степић, М. (2001) *У вртлогу балканизације*. Београд: Службени Лист СРЈ, Институт за геополитичке студије.

70) Ванковска, Б. (2001) *Македонија помеѓу глобализацијата и фрагментацијата*”, во “Современа македонска одбрана”, бр.3, година II, стр. 79–80.

# 4. БАЛКАНСКИОТ ПОЛИТИЧКО-ГЕОГРАФСКИ КОНТЕКСТ

## 4.1. Политичко-географскиот процес на Балканот

Кога станува збор за политичко–географските особености на територијата, може да се воочи дека променливоста е една од нејзините основни карактеристики. Карактерот и интензитетот на промени условени се од посредното и непосредното влијание на различни фактори. Динамичниот карактер на политичко–географските категории, нивната меѓусебна условеност и зависност како и ефектите кои се манифестираат го профилираат политичко–географскиот процес.

Политичко–географскиот процес претставува збир на директни и индиректни трансформации на одреден геопростор, при што промените на политичко–географскиот комплекс се најмногу воочливи и најконкретни, така што претставуваат основен иницијатор за понатамошните антропогеографски процеси, и во одредени околности, иницираат и природно–географски модификации на географската средина.

Балканот (државите негови конституенти) претставува простор во кој природно–географските предиспозиции како и комплексната внатрешна и опкружувачка антропогена структура ја одредуваат политичко–географската динамичност како основна особина на оној дел од планетата кој се карактеризира со поделеност, антагонизми, гранични проблеми, територијални претензии, интересни сфери, национална, верска и политичка исклучивост, влијание на големите сили, економска поларизираност и др. Политичко–географските и геополитичките процеси прераснуваат во синоним за Балканот поради историскиот континуитет и константност на актерите, методите, крајните ефекти кои се манифестираат преку трансформација на положбата, популационите процеси, општествено–економските системи, политичко–територијалните структури, геостратегиските постулати и надворешните интерси како на целиот регион, така и на одредени негови делови.

Политичко–географските и геополитичките процеси кои се одвиваат на Балканот предизвикани се од внатрешни и надворешни фактори. Меѓутоа ваквата класификација на овие два фактора е условена со оглед на меѓусебната испреплетеност и поврзаност на заедничките ин–

тереси и цели. Карактерот и суштината на влијанието на одредени фактори го надминуваат стереотипното сваќање на директната или индиректната, политичко–дипломатската, економска и воена стратегија и тактика како можни механизми за реализирање на определените интереси. Локалните фактори како двигатели на балканските политичко–географски и геополитички процеси се разновидни, при што нивниот статус, скоро без исклучок, е дефиниран со илузијата за сопственото место во меѓународните односи, поради што неретко завршуваат во лавиринтот кој како крајно исходиште ги претвара во “монети за поткусурување” на посилните, во редизајнирањето на политичко–територијалниот амбиент. Македонскиот фактор, неговата историска судбина, претставува типичен пример на ваквиот балкански дуализам.

Република Македонија, особено нејзината положба и територијалните особености, во голема мерка го детерминираат целокупниот политичко–географски процес на Балканот. Исто така вкупните процеси на Балканот, било да се одвиваат на релација Македонија–соседство или пошироко без нејзино учество, повратно влијаат на вкупната политичко–географска суштина на македонската територија. Поврзаноста на таквите релации најдиректно се проектираат на целиот комплекс на политичко–географски категории како што се: положбата, популационите категории, политичко–економските системи, големината, обликот и компактноста на територијата, како и поширокиот геополитички и геостратегиски контекст.

### 4.2. Терминолошко редефинирање на Балканот (Балканско Полуострово, Југоисточна Европа)

Балканот претставува простор кој се карактеризира со предрасуди, долготрајни наметнати од различни интереси, невистини и заблуди. Самиот назив на полуостровот, според повеќе автори потекнува од погрешното сваќање на неговиот релјеф.

До почетокот на 18 век и во првите декади од истиот, полуостровот имал политичко име: Европска Турција или Отоманско царство во Европа[71]. Од 1830–1880 година владее вистинска збрка при што не се

[71)] Gaetan Palma “Carte de la plus grande partie de la Turqie d’ Europe”, Трст, 1811 год. F.V.Weiss “Carte der Europäischen Türkie”, Виена 1829 год. Chevalier Lapie “Carte de la Türkie d’ Europe”,1822год., во: Николајевић, J.M. (1904) *Географије Балканског Полуострова.* Београд: Штампарска радионица Министарства војног, стр. 3–4.

знае кое име треба да се даде на Полуостровот. Познатата француска експедиција која е проучувала Грција, целиот полуостров го нарекува "*Континентална Грција*". Воениот географски институт во Виена, во 1877 година го нарекува "*Европски ориент*", а се нарекувал и "*Јужно-источно Европско Полуострово*"[72].

До средината на 19 век се задржало сваќањето за постоење на еден планински венец, кој без прекин се протега од Црното Море до Алпите, и во периодот на ренесансата се означувал како *Catena Mundi* (*Catena del Mondo*). Истражувачите од првата половина на 19 век му давале име Централно Било (*Centralkette*). Таквата планинска бариера, апсолвирана како природно-географски детерминирана граница помеѓу "дивите", варварските и сурови области на север и оние цивилизираните на југ, таа добила политичко-географска суштина како зонална граница и претставува еден облик на "прабалканизација"[73]. А. Цојне (*A, Zeune*) во 1808 година, темелејќи ги своите сознанија врз премисата за постоење на Централното Било, го нарекува Хемус, односно Балкан, додека на целото Полуострово му дава име Балканско Полуострово (*Balkanhalbinsel* или *Haemushalbinsel*). Меѓутоа, името Балканско Полуострово, ретко е употребувано во периодот од 1808 до 1840 година, односно важните публикации од тоа време го користат политичкото име Европска Турција[74]. Дури по првата половина на 19 век, после патувањата на Ами Буве (*Ami Boué*) воочено е дека Централното Било не постои. На тој начин Балканското Полуострово добило име по евидентна грешка, а таквата константа според Степиќ, произлегла од англо-франко-германоцентричното гледање на просторот како *terra incognita* во псеудонаучен смисол и како *terra nulius* во геополитичко-експанзионистички смисол, кои се задржале и покасно, посебно во политичко-географските сваќања од просторната инкопатибилност и различното трасирање на границите на териториите означени како "Балканско Полуострово" и "Балкан", па се до современите, наметнати политичко-територијални прекомпозиции и граници ("Ју-

---

72) Исто, стр.5.

73) Степиќ, М., (2001) *У вртлогу балканизације*. Београд: Службени Лиот СРЈ, Институт за геополитичке студије, стр.155-156.

74) Николајевиќ, Ј.М. (1904) *Географије Балканског Полуострова*. Београд: Штампарска радионица Министарства војног, стр. 6.

### 5.3.1. Македонија

Конфликтот кој во 2001 година се случи во Република Македонија, набљудуван низ призмата на Платформата за решавање на националното албанско прашање, треба да претставува опомена дека постојат сценарија за групирање на сите Албанци во една држава[101], односно за нови промени на границите на Балканот. Решенијата кои ги нуди меѓународната заедница во актуелниот момент се сведуваат на развој на демократијата во Република Македонија, односно, се претендира српско–албанските односи да се нормализираат во демократското опкружување, а македонските албанци мора со демократски ориентираната македонска држава да го пронајдат својот пат кон изнаоѓање на решенија од кризата. Меѓутоа, проблемот кој произлегува од скоро непостоечките традиции на демократски односи и дејствување на демократските институции, не влева надеж за некое брзо решавање на постоечката состојба.

Дејствувањето на меѓународната зедница во Македонија, сепак не го спречи периодот после мирните години на осамостојување и развој, да се покаже целата прикриеност и ранливост на проблемите. Пројавениот интерес и ангажман на НАТО за Македонија, членството во Партнерството за мир, овозможува релативно брзо дејствување (а тоа се покажа за време на кризата во 2001 година) во насока на елиминирање на опасностите за ескалирање на пожестоки вооружени судири на територијата на Република Македонија.

Во тој период се шпекулираше со еден класичен геополитички “гест”. Имено, се говореше дека Македонската академија на науките и уметностите промовира идеја за размена на територии и население помеѓу Македонија и Албанија. Идејата подразбираше размена на териториите и населението од западниот дел на Р.Македонија со доминантно албанско население за областите во Албанија каде што живее македонско население. Размената би траела 4–5 месеци, поради што би се отвориле пунктови во двете држави преку кои би одело пријавувањето на населението. Ова решение секако дека беше под влијание на тезата дека Албанците во Македонија не сакаат поголема рамноправност, туку

---

101) Пошироко за оваа платформа во: *“Platform for the Solution of the National Albanian Question”, Albanian Academy of Sciences,* In: Pan-Albanism: How Big a Threat to Balkan Stability?, 25 February 2004, Tirana/Brussels: ICG-International Crisis Group, Europe Report N. 153.

се стремат кон сепарирање на територии од Македонија и нивно приклучување со Косово или со Албанија. Ваквото брзо решавање на состојбите е дијаметрално спротивно со основното начело на непроменливост на границите, поради што не најде одобрување кај меѓународната заедница и во државата[102].

Дисбалансот кој се појавува во врска со безбедноста на територијата на Република Македонија, кај меѓународната заедница поттикнува активност преку највисоките претставници на Европската Унија и НАТО да дејствува во насока на смирување на состојбите и имплементирање на Охридскиот договор, како предуслов за продолжување на интегративните процеси и стабилизирање на политичко–географската положба за одреден подолг период.

Со донесувањето на Охридскиот договор (13 Август 2001 година) во Република Македонија се создадени услови за реализирање на договорот, кој нема целосна подршка ниту кај Албанците, ниту кај Македонците. Политичката власт се соочува со барањата на меѓународната заедница за реализација на истиот, во исклучително тешка економска состојба. И покрај податокот што Република Македонија ја има потпишано Спогодбата за асоцијација и стабилизација, членка е на Партнерството за Мир, спроведувањето на Охридскиот договор се чини како најзначаен елемент во нејзиното приближување кон интегративните процеси[103].

Погрешните перцепции за Охридскиот договор можат да влијаат врз политичко–географскиот процес, на политичко географската положба на Република Македонија како и на последиците по македонските евро–атлантски перспективи.

Како прво се потенцира дека меѓународната заедница, особено ЕУ, НАТО и САД сметаат дека Охридскиот договор кој тие го спонзори–

---

[102] За оваа идеја не постои пишан документ. МАНУ се оградуваше од обвинувањата дека стои зад ваквата идеја. Тогашниот претседател на МАНУ, Георги Ефремов потенцираше дека потполно се согласува со поголемиот дел од македонската јавност за неприфатливоста и нецивилизираноста на идејата за размена на териториите и населението која се коси со принципите на современите граѓански општества. Идејата предизвика жестоки реакции особено кај македонските партии од Тетово кои ја окарактеризираа како морбидна опција. Тогашниот претседател на Собранието на Република Македонија, Стојан Андов изјавуваше дека не може да ја прифати ниту да ја отфрли идејата затоа што ништо не значи и претставува идеја за размислување. http://www.vest.com.mk (посетен на 10.11.2004 година)

[103] Vukadinović, R. (2003) *Nestabilna Sigurnost Jugoistoka Evrope.* Zagreb: Zbornik Radova Poslijediplomskog studija "Međunarodni odnosi", str. 66.

раа стави крај на конфликтот, спречувајќи можна граѓанска војна. Поаѓајќи од дефиницијата за конфликтот[104] и апсолвирајќи го истиот како циклус на кој му е потребно време за трансформација, сосема е јасно дека неможе да се заврши или прекине едноставно со пишан документ. Република Македонија, како и сите земји во регионот бара трансформација на конфликтот, а во тој контекст Охридскиот договор претставува значаен чекор за редуцирање на насилството. Второто погрешно толкување на Охридскиот договор, беше проследено со разоружувањето и распуштањето на герилата на ОВК (Ослободителната војска на Косово). Според претставниците на НАТО, никој и не очекувал дека мисијата "Суштинска жетва" целосно ќе ги разоружа борците на ОВК. Тоа повеќе требало да биде симболичен гест и мерка за градење на доверба. Таканареченото разоружување, всушност претставуваше доброволно собирање на оружјето. Брзото појавување на Албанската национална армија (АНА), што претставуваше продолжение на Ослободителната национална армија (ОНА) и потврдата од разузнавачките извори од Брисел за постоење на Армија на Република Илирида (АРИ), претставуваат докази за фарсата наречена "жетва". Третата лажна перцепција се однесува на новоиницираниот "политички процес", со што погрешно се проценуваат и бришат десетте претходни години на политички развој во Македонија. Политичките реформи и доброто управување не ги опфаќаат само законските и институционалните промени, туку и разумно политичко водство и силно граѓанско општество. Сето ова укажува дека Охридскиот договор не гарантира конечно смирување на состојбите и стабилизирање на политичко-географската положба на Република Македонија[105].

---

[104] Конфликтот како постојана содржина на социјалното егзистирање на различни нивоа претставува феномен може да има позитивна конотација кога преку раздвижување и акција предизвикува одредени општествени промени, или пак негативна конотација кога во себе вклучува насилство. Постојат повеќе дефиниции за конфликтот, така на пример Сандол, Д. конфликтот го дефинира како динамичен феномен, манифестен конфликтен процес, составен од фази на иницирање, ескалација, контролирано одржување, стивнување и разрешување. Пошироко во: Гоцевски, Т. Ортаковски, В. Георгиева, Л. (1999) *Разрешување и трансформација на конфликтите*. Куманово: Македонска ризница.

[105] Ванковска, Б. (2003) *Тековни перспективи врз состојбите во Македонија*. Скопје: Фондација Институт отворено општество, стр. 23–30.

Џејмс Петифер (James Pettifer) во својот извештај од март 2002 година[106], како теоретско размислување за можно решение за Македонија, на средорочен план, ја нуди опцијата за кантонизација на државата со кое Македонците ќе можат да ја лимитираат растечката демографска сила на Албанците со оглед на нивниот природен прираст. Како контра аргумент, Петифер истакнува дека кантонизацијата единствено ќе ги оддели заедниците, но ќе биде компликувано да се заштитат другите малцинства како Турците и Ромите и најверојатно ќе ја подготви земјата за поделба. Оваа опција може да предизвика процес и во соседните држави каде што живее македонско население, односно Петифер сугерира на можноста за формирање македонски кантон во Северна Грција или македонски кантон во Пиринскиот дел од Македонија, односно југозападна Бугарија[107]. Анализирајќи ги ставовите на Петифер, би се сложиле дека како теоретско размислување или сценарио за реализација, краткорочно гледано би довело до поделба на земјата по Кипарскиот урнек со "зелена линија" и нова мировна мисија. Таквото сценарио би ја оддалечило Македонија од вкупните развојни токови во регионот и интенциите за политичка, воена и економска интеграција најмалку за 20 години.

### 5.3.2. Босна и Херцеговина

Босна и Херцеговина сеуште покажува дека доминира националната матрица во трите нејзини национални дела. Процесот на интеграција на земјата е приоритет. Во тој контекст интересни се препораките на Карнегијевата комисија за Балканот кои потенцираат дека долгорочната стабилност е основниот предуслов за реинтеграција и мирен соживот. Начинот на кој тоа треба да се реализира е присуството на мировни сили кои и денес под името СФОР егзистираат во Босна и Херцеговина. Сите страни потписнички на Дејтонскиот мировен договор мора да се придржуваат на дадената обврска да соработуваат со Меѓународниот суд во Хаг, како и препораки кои се однесуваат на помош на државните институции во обновување на граѓанското општество, економскиот подем, слободата на независните медиуми, враќање на бегалците и сл[108].

---

106) Pettifer, J. *FIROM After Ochrid.* G106, Conflict Studies Research Centre, March, 2002.

107) Ibid. p.p.11-12.

108) Tindemans, L. et al. (1996) Izveštaj Međunarodne Komisije za Balkan-Nedovršeni mir. Zagreb: Hrvatski Helsinški Odbor za Ljudska prava, Pravni Centar FOD BIH, str.87-101.

Се поставува прашањето дали со Дејтонскиот договор[109] можат да се реализираат гореспоменатите напомени. Имено, Дејтонското решение за војната во Босна и Херцеговина има своја противречна компонента. Станува збор, од една страна, за прифаќање на етничката поделба на Босна и Херцеговина која е воспоставена по пат на воена сила, додека од друга страна нуди солуција за одржување на предвоената мултиетничка Босна и Херцеговина. Дејтонскиот договор нуди изградба на конституционална и институционална рамка која не би требало да го спречни процесот на создавање на три одвоени национални држави, но истовремено Дејтон ги признава и резултатите од војната.

Можните сценарија за политичко-географскиот процес во Босна и Херцеговина со што може да се влијае на нејзината локална и регионална политичко-географска положба, можат да се одвиваат во следните правци: *Обновување на мултиетничка Босна и Херцеговина*. Ова сценарио е малку веројатно поради фактот што народите што живеат на тоа подрачје сеуште се обременети од последиците на крвавата војна и етничките чистења кои се чини трајно ја изменија демографската слика која е невозможно да се врати во првобитната состојба; второто сценарио се однесува на *соживот на трите заедници во рамките на двата "ентитета" под заеднички покрив*. Ова сценарио би значело дословно спроведување

---

109) Како клучни решенија на Дејтонскиот договор се разграничувањето и идното уставно уредување на Босна и Херцеговина. Имено, со договорот прифатена е и операционализирана формулата за територијално разграничување во Босна и Херцеговина врз основа на која 51% од територијата им припаѓа на Федерацијата Босна и Херцеговина (Формирана на 18.март1994 година), а 49% од територијата на Република Српска (7 април 1992 година). Сараево во Целина е вклучено во Федерацијата. Горажде, поврзано со коридор останало во составот на Федерацијата Босна и Херцеговина. Статусот на Брчко е предвидено да се одреди со арбитражна комисија. Во поглед на уставното уредување, поаѓајќи од принципите за зачувување на границите на сите поранешни републики во составот на СФРЈ, во новиот Дејтонски Устав, централната власт добила надлежности во областа на надворешната политика, надворешната трговија, царинската политика, монетарната политика. Со уважување на резултатите од војната формирани се два ентитета, Федереација Босна и Херцеговина и Република Српска со висок степен на уставно-правен субјективитет. Ентитетите имаат и одреден вид на ограничен меѓународноправно договорни капацитети, со што почитувајќи го територијалниот суверенитет и интегритет на Босна и Херцеговина, ќе можат да основаат специјални паралелни односи со соседните држави и склучуваат спогодби со државите и меѓународните организации со одобрение на Босанско херцеговачкиот Парламент (Скупштина). Во Парламентот, Претстедателството, Уставниот суд, застапеноста на претставниците на Федерацијата Босна и Херцеговина и Република Српска ќе биде во соодност 2 према 1. Договорот предвидува правна регулатива со која е оневозможено прегласување на бројно послабата страна, за одредени суштински прашања. Пошироко во: Петковић, Р. (1996) *XX век на Балкану, Версај, Јалта, Дејтон.* Београд: Службени лист СРЈ, стр. 301.

на Дејтонскиот договор. И третото сценарио претставува *поделба најпрво на два, а потоа и на три дела*. Тоа може да доведе до фактичка анексија на Хрватска и Србија на делови од Босна и Херцеговина, додека 30% од територијата би останала на Бошњаците. Со тоа би се формирала единствена муслиманска босанска држава на Балканот, која ќе се најде во “клешти” помеѓу Голема Србија и Голема Хрватска. Таква држава, затворена самата во себе, економски би била неоддржлива, со што би се создала “плодна почва” за авторитарни тенденции и растечки фундаменталистички трендови. Со тоа регионот би бил потенцијално кризно жариште. Ваквиот тренд би можел да има последици и за Турција, во која исламистите веќе подолг период алудираат на апсурдноста на врзувањето на Турција со Западот. Исто така, ефектите би се почуствувале и на Косово и Македонија, населени со албанци кои номинално се со муслиманска вероисповед.




**Слика бр.12 Федерација Босна и Херцеговина**
**(Извор:** Microsoft Encarta Encyclopedia Deluxe 2004**)**

### 5.3.3. Србија и Црна Гора

Под притисок на меѓународната заедница, а особено на Европската Унија, Србија и Црна Гора после долгите спорења и преговарања се согласуваат да создадат државна заедница Србија и Црна Гора. Тоа подразбира заеднички пазар, надворешна политика и одбрана, а после три години по пат на референдум да се одлучи за задржувањето на државната заедница или да се пристапи кон потполно раздвојување. Ова претставува уште еден значаен момент во политичко–географскиот процес во регионот, што дава можност за редефинирање на политичко–географската карта.

Првичните анализи, укажуваат на податокот дека, доколку Црна Гора излезе од сојузот со Србија, таквата состојба ќе доведе до зголемен притисок на Албанците на Косово и тие да го следат истиот чекор и да се одвојат од Србија. Истовремено осамостојувањето на Црна Гора би можело да се одрази и на Албанците во Македонија, кои исто така, би барале можност за промена на сопствениот статус, било со Косово, било со Албанија или во најлошата варијанта одвојување на Западна Македонија. Од овие причини, за меѓународната заедница, решавањето на статусот на Србија и Црна Гора е од исклучителна важност, затоа што тоа може да претставува сигнал за територијални поместувања и прекројувања во регионот[110].

Оптимистичката визија за враќање во нормалните демократски токови во *Србија и Црна Гора* може да се идентификуваат преку настојувањето на меѓународната заедница, а особено на Европската Унија, за отварање на сите комуникациски правци во насока север–југ и исток–запад; создавање на основа за почеток на вкупните економски и демократски промени, како претпоставка за решавање на интерните односи во Србија и Црна Гора (статусот на Косово и референдумот во Црна Гора). Најновите иницијативи од ЕУ говорат за заложби за отпочнување на трилатерални (Белград, Приштина, Подгорица) преговори за иднината на државната заедница.

Србија и Црна Гора (СР Југославија во тој период) после настаните од 1999 година и рушењето на режимот на Милошевиќ се претставува ка–

[110] Vukadinović, R. (2003) *Nestabilna Sigurnost Jugoistoka Evrope.* Zagreb: Zbornik Radova Poslijediplomskog studija “Međunarodni odnosi”, str. 67.

ко девастирана и деморализирана држава која има голем број на нерешени проблеми. Имено, станува збор за Војводина која во најновите услови со се поголем интензитет бара на одреден начин економска автономија како предуслов за нејзин побрз и поуспешен развој. Црна Гора, експонирајќи ги сопствените државотворни традиции, бара сопствена независност. Санџак[111] исто така се поставува во прилог на сопствена автономија, Јужна Србија со настаните од 2001 година исто така е дестабилизирана со дејствувањето на албанските бунтовници кои бараат територии за контрола на Моравско-вардаската долина, односно спојување со Косово, Албанија и Западна Македонија. Станува збор за територија во јужниот дел на Србија која ги опфаќа градовите Бујановац и Прешево кои се наоѓаат во долината на реката Јужна Морава по должината на рутата на главниот коридор во насока север-југ и кој овозможува влез во Балканскиот Полуостров од југ. Оваа комуникација го поврзува Белград со Македонскиот главен град, Скопје и грчкото пристаниште, Солун. Губењето на оваа територија за Србија би значело отсекување на комуникацијата со Македонија и Грција, додека од друга страна, албанците од регионот би се здобиле со стратегиска позиција која можат да ја користат за било кое барање од македонската и српската влада. Прекинувањето на оваа комуникација, Грција ја гледа како стратегиска цел на Турција во регионот. Градот Медвеѓа се наоѓа уште по на север од претходно споменатите два града, поточно во планинските области југо-западно од градот Лесковац, во долината на реката Јабланица, која претставува десна притока на Јужна Морава. Од стратегиска гледна точка претставува клин кој може да ја отсече Моравско-вардарската долина на уште едно место[112].

Историски гледано Прешевската долина била одделена од Косово во 1946 година со одлука на југословенската влада и ставена под српска

[111]) Регион во кој живеат помеѓу 200.000 и 250.000 илјади жители, од кој мнозинството се муслимани (според податоци од 1991 година 67%). Со поголемиот свој дел овој регион се наоѓа во Србија, додека со помал свој дел навлегува и во Црна Гора. Според Карнегиевиот (Carnegie Endowment for International Peace) меѓународен извештај за Балканот во Санџачкиот регион политичкиот живот не е доволно развиен, но поголемиот дел на тамошните политичари посакува висок степен на автономија. Санџак како територија помеѓу Косово и Босна и Херцеговина може да претставува сериозен проблем за Белград, но и за Балканот. Tindemans, L. et al. (1996) *Izveštaj Međunarodne Komisije za Balkan-Nedovršeni mir*. Zagreb: Hrvatski Helsinški Odbor za Ljudska prava, Pravni Centar FOD BIH, str. 112-113.

[112]) Churcher, B. *Kosovo Lindore/Preshevo 1999-2002 & The FYROM Conflict.* G104, Conflict Studies Research Centre, March 2002.

јурисдикција. Во Март 1992 година со отпочнувањето на дезинтеграцијата на СФРЈугославија, етничките Албанци оддржале неофицијален референдум за обединување на Прешевската долина со Косово. Со интервенцијата на НАТО во 1999 година, поголемиот дел од српските сили го напуштиле Косово и се распоределе во Прешевската долина. Таквата состојба довела до високи тензии и антагонизам помеѓу Србите и етничките Албанци, што довело до формирање на "Ослободителна војска на Прешево Медвеѓа и Бујановац" која започнува напади против српските безбедносни сили. Помеѓу март и мај 2001 година, како резултат на интензивната дипломатија на НАТО и САД, меѓународната заедница понуди мировен договор помеѓу Албанците и Србите, познат како Кончуљски договор (градче северозападно од Бујановац), кој доведе до распуштање на "Ослободителната војска на Прешево, Медвеѓа и Бујановац", враќање на српските безбедносни сили во 5 километарските безбедносни зони, и создавање на енергични цивилни компоненти (познати како Планот на Човиќ) кои ќе овозможат странски и домашни инвестиции во долината, мултиетнички полициски сили и интеграција на албанците во јавните институции, администрацијата и правосудството[113].

Ваквата состојба на југот од Србија несомнено треба да укаже на можните опасности од безбедносен аспект, но и за текот на вкупниот политичко–географски процес на југот од Балканот. Обидите на албанците од "Долината" се во насока на нивно наметнување во преговорите за финалниот статус на Косово.

Највлијателни проблеми, кои во наредните неколку години ќе го диктираат политичко–географскиот процес во регионот на Западниот Балкан се Црна Гора и статусот на Косово.

Црна Гора, која во 1918 година се откажува од сопствениот суверенитет и го пренесува на Кралството СХС, и како поранешна членка на југословенската федерација ги има сите права за барање на независност како што ја добија другите републики (Словенија, Хрватска, Босна и Херцеговина, Македонија). Црна Гора за време на НАТО интервенцијата врз СР Југославија прогласи сопствена неутралност, со што на сопствената територија не прогласи вонредна состојба, односно се солидаризи–

---

113) International Crisis Group, Europe Report N 153, *Pan-Albanism: How Big a Threat to Balkan Stability?*, 25 February 2004, Tirana/Brussels, p.p. 22-24.

раше со меѓународната заедница во осудата на режимот на Милошевиќ. Признавањето на правото на отцепување не е спротивно на начелото за непроменливост на границите според Повелбата на ОБСЕ. Од друга страна, проблемите во јужниот дел на Балканот не се резултат на Црногорското барање на независност, ниту Црна Гора е генератор на истите. Осамостојувањето на Црна Гора, за Србија ќе значи отсекување на директниот излез на Јадранското Море со што дополнително ќе се усложни нејзината политичко-географска положба.

Протекторатот Косово, практично претставува оддвоена територија под управа на меѓународната заедница, и каде што се мали шансите за враќање на српскиот суверенитет, под кој Косово формално се наоѓа (со Резолуцијата 1164 на Советот за безбедност на ООН на Србија и понатаму и е признат суверенитетот над Косово)[114].

Косово е територија од околу 10.877 км$^2$ со популација од 1.8 до 2.4 милиони жители од кои (според проценките на *LSMS – Living Standard Measurement Survey 2000*) околу 88% се албанско население. Лоцирано е во централниот дел на Балканскиот Полуостров помеѓу Белград и Солун, во насока север-југ ( 665 км) и помеѓу Софија и Албанското пристаниште на Јадранското Море, Шенѓин, во насока исток-запад (500 км). Меридијанската патна комуникација Белград–Краљево–Приштина–Скопје (430 км), поминува преку Косово. Исто така, источно од Косово на многу мала оддалеченост поминува главната оска на поврзување на Балканскиот Полуостров во насока север-југ, односно Моравско-вардарската долина. Една од најкратките трансферзални патни комуникации поминува преку територијата на Косово. Станува збор за рутата Ниш–Приштина–Призрен–Кукс–Шенѓин со излез на Јадранското Море во Албанија, во должина од 370 километри. Со проектот за реализација на трансферзалното поврзување преку Коридорот 8, Косово ќе биде поврзано преку значајна патна комуникација до Скопје, која од Приштина ќе изнесува само 85 км.

На Косово веќе со децении постои проблемот помеѓу двете етнички групи, Србите и Албанците. Демографските трендови укажуваат дека српското малцинство кое живее на Косово се повеќе се намалува. Како реперна година се зема 1961 кога е направен рапиден пресврт во

---

[114)] Vukadinović, R. (2003) *Nestabilna Sigurnost Jugoistoka Evrope.* Zagreb: Zbornik Radova Poslijediplomskog studija "Međunarodni odnosi", str. 57-59.

бројното движење на српското население. Имено во 1961 година имало 27% српско население на Косово, додека во 1991година 10%, а во 2000 година 7%[115]. Во триесеттгодишниот период од 1961 до 1991 година се проценува дека Косово го напуштиле 140.000 Срби. Пред 1991 година на Косово живееле повеќе од 200.000 срби, се проценува дека нивниот сегашен број изнесува околу 100.000. Во првите десет месеци од 2003 година во своите домови се вратиле 1259 бегалци или во периодот од 2000 до 2003 година околу 7.000 бегалци. Од политичко-географски аспект, етнички базираните миграции претставуваат силен инструмент за фактичко запоседнување на територијата и валиден аргумент во правно-политичката верификација во текот на многубројните промени на државните граници на Балканот.

Уверени дека времето е на нивна страна, во поголемиот период се наметнал политичкиот пристап на "време и трпеливост" кој Албанците од Косово го подржувале, и кој бил во насока на независност и отцепување на Косово од Србија. Паралелната држава на Косово почнала да се обликува во 1989 година кога е укинат уставот од 1974 година според кој покраината имаше висок степен на автономија. Со тоа укинати се сите институции на локалната власт, од работа се отпуштени илјадници албански службеници. Првичната политика на Косовските Албанци била политика на чекање, ненасилство и барање меѓународна поддршка[116]. Таквата состојба се чини траеше до Дејтонскиот мировен договор кога Албанците од Косово немаа никакви придобивки. Дејтон потврди дека Косово и понатаму се наоѓа во составот на Југославија. Очигледно беше дека Меѓународната заедница акцентот го постави на премисата дека Косово мора да остане во составот на Југославија со цел босанските Срби да останат во Босна и Херцеговина. Врвот на нетрпеливоста се манифестираше во 1997 година, кога албанските студенти излегле на демонстрации во Приштина и појавата на Ослободителната војска на Косово (ОВК) која во јануари 1998 година се прогла-

---

[115] Податоците се компарирани според: Степић, М. (2001) *У вртлогу балканизације.* Београд: Слижбени лист СРЈ, Институт за геополитичке студије, стр.202; Genov, N. ed. (2004) *Ethnic Relations in South Eastern Europe.* Berlin, Sofia: Friedrich-Ebert-Stiftung, Free University Berlin, Institute of Eastern European Studies p. 132.

[116] Tindemans, L. et al. (1996) *Izveštaj Međunarodne Komisije za Balkan-Nedovršeni mir.* Zagreb: Hrvatski Helsinški Odbor za Ljudska prava, Pravni Centar FOD BIH, str.114.

сила за вооружена сила на косовските Албанци. Веќе во мај ОВК имала под контрола 40% од Косовската територија[117].

Мировниот договор е промовиран во Резолуцијата на Советот за безбедност на ОН бр.1244 од 10 јуни 1999 година. Според оваа резолуција предвидено е распоредување на сили, со значително учество на НАТО, под единствена команда, кои ќе имаат овластување да воспостават безбедносно опкружување за сите луѓе на Косово и да овозможат безбедно враќање на раселените лица и бегалците. Косово би требало да има висок степен на автономија во рамките на Југославија со преодна управа. Разоружување на ОВК и задржување на ограничен број на припадници на српската полиција и војска за расчистување на мините, чување на "историските споменици" и надгледување на граничните премини. Преостанатите податоци и насоки за преодната управа се објавени на 14 јуни. Според нив Европската Унија ќе биде задолжена за реконструкцијата на Косово, а ОБСЕ за воспоставување на демократските институции, организирање на избори и заштита на човековите права. УНХЦР ќе биде задолжен за сместување на бегалците, преодната управа на ООН, УМНИК, ќе ја води полицијата, правосудството, училиштата, јавниот сообраќај, комуникациите и електричните централи. Покраината е поделена на 5 сектори: британски, американски, француски, германски и италијански, со присуство на 50.000 војници на КФОР[118].

---

117) Кремптон,Џ.Р.(2003) *Балкан после другог светског рата.* Београд: Клио, стр. 369–371.

118) Исто, стр.375–376.




**Слика бр.13 Косово под меѓународна управа**

(Извор: Кремптон, Џ. Р. (2003) *Балкан после другог светског рата.* Београд: Клио, стр. 369–371)

После интервенцијата на НАТО и воспоставувањето на меѓународната контрола над покраината, Косово се наоѓа на прагот на дефинирањето на сопствениот статус. Според одредени анализи создавањето на независно Косово може да ги предизвика следните последици: На Балканот би се создала нестабилна, неразвиена и културно сиромашна државна територија. Неразвиеноста на новата држава би претставувала пречка и за другите држави во регионот на патот кон нивното Европско интегрирање. Таквиот забавен ритам на интеграции неминовно би довел до технолошко доцнење на југот на Балканот. Илегалниот транспорт кој се одвива на територијата на Косово и нискиот степен на безбедност, го прават целиот непосреден регион нестаби–

лен[119]. Овие теоретски претпоставки во голема мерка можат да го детерминираат целокупниот политичко-географски процес на југот од Балканот, за што повеќе ќе говориме во делот за регионалните импликации од можната независност на Косово.

### 5.3.4. Словенија

Словенија со својот релативно мирен и рамномерен развој постигна значителни економски резултати, без некои значителни баласти од минатото веќе е земја членка на Европската Унија и НАТО. Со приемот на Словенија во НАТО, географски набљудувано дојде до воено интегрирање на територите на Италија, Словенија и Унгарија со што северниот дел од Југоисточна Европа станува дел кој има зголемена безбедносна улога, која може позитивно да влијае на вкупните политичко-географски процеси во регионот[120].

### 5.3.5. Хрватска

Хрватска се чини има најголеми шанси од државите во регионот на Западен Балкан[121] (политички суб-регион на Југоисточна Европа) за приближување кон политичките, економските и воени интеграции. Во една оптимистичка перспектива на набљудување, по завршувањето на владеењето на Фрањо Туѓман (умира од рак на желудникот 10 декември 1999 година), Хрватска влегува во Партнерството за мир (мај 2000 година), Светската трговска организација, Вилнуската група, го потпишува Договорот за асоцијација и стабилизација (2001 година), а во 2004 година поднесува апликација за членство во Европската Унија.

Позитивната улога која Хрватска би можела да ја има во детерминирањето на политичко-географската положба на регионот, може да се разгледуваат низ следните аспекти: Хрватска како фактор на стабилноста со сопствените гаранции за почитување на границите,

---

119) Fatić, A. (1999) *Novi Međunarodni Odnosi.* Beograd: Službeni List SRJ, str. 80-81.

120) Vukadinović, R. (2003) *Nestabilna Sigurnost Jugoistoka Evrope.* Zagreb: Zbornik Radova Poslijediplomskog studija "Međunarodni odnosi", str. 53.

121) Терминот Западен Балкан во политичкиот вокабулар повторно беше воведен во 2002-2003 година. Ова име официјално почна да се појавува во документите на Пактот за Стабилност за Југоисточна Европа, во говорите на неговиот специјален координатор д-р Ерхард Бусек, (да се види: http://www.stabilitypact.org/) во обраќањата на специјалниот координатор на Форумот на ЕУ-Западен Балкан во Брисел http://www.stabilitypact.org/pages/speeches/detail.asp?y=2003&p=14 (посетен на 15 Јули 2004 година) како и во изјавите на Високиот комесар на ЕУ, Хавиер Солана, http://www.europa.eu.int/pol/cfsp/index_en.htm и http://ue.eu.int/solana/listasp?BID=109 (посетени на 15 Јули 2004 година).

подржување на Дејтонскиот договор, непомагање на радикално национално ориентираните групи во Босна и Херцеговина, создавање на сопствен модел на цивилно–воени односи и поставување на одбраната согласно современите стандарди на НАТО, може да послужи како пример за другите држави во регионот[122].

122) Vukadinović, R. (2003) *Nestabilna Sigurnost Jugoistoka Evrope.* Zagreb: Zbornik Radova Poslijediplomskog studija "Međunarodni odnosi", str. 63.

## 5.4. Регионални политичко-географски импликации од можната независност на Косово

Анализирајќи го статусот на Косово низ призмата на променливост на границите на Балканот се наметнуваат четири возможни сценарија. Имено, станува збор за следните опции: **прво**, независно Косово но не во сегашните граници (помали граници); **второ**, независно Косово со можност за поширока интеграција со Албанија и Западна Македонија (Голема Албанија); **трето**, Косово како трета република во Државната заедница на Србија и Црна Гора; **четврто,** Големо Косово, со придодавање на одредени области на Косово со различни сценарија.[123]

Косовските интелектуални елити, потенцираат дека најдобра солуција за Македонија би била признавање на Косово во постоечките граници, поради фактот што секоја промена на границите ќе води кон дестабилизација на Македонија и промена на нејзините граници. Друго можно сценарио претставува договор за размена на северниот дел на Косово за териториите во Јужна Србија во кое доминира албанското население[124].

Во секој случај нерешениот статус на Косово претставува безбедносен предизвик за Република Македонија и влијае на нејзината вкупна политичко-географска положба[125]. Како идната солуција за Косовскиот статус ќе влијае на интегритетот и стабилноста на Република Македонија, примарно зависи од нејзините сопствени граѓани. Имено, од особено значење е отварање на искрен дијалог со граѓанито од албанско етничко

---

123) Максималистичкото сценарио се однесува на спојување со три "автономни области": "Дарданија" би ги опфатила општините Бујановац, Медвеѓа и Прешево, "Илирида" со општините Тетово, Гостивар, Кичево, Дебар и Струга и областа "Малесија" која се протега од рашката област до Јадранското море и ги опфаќа Плав, Гусиње и Улцињ. По обединувањето на овие области би се разговарало за обединување со Албанија, под услови кои би биле диктирани од Приштина. Минималистичкото сценарио со спојување на делови од Јужна Србија. http://arhiva.glas-javnosti.co.yu/ (Посетен на 15.11.2004 година)

124) За време на воената интервенција во 1999 година врз тогашна СР Југославија се шпекулираше дека НАТО успеал да дојде до таканаречениот српски план "Операција потковица" кој преку проценка на состојбата на Косово за петнаесет години, базирана на постоечкиот наталитет, и што треба да направи Србија за да ги задржи виталните објекти во покраината: Приштина, рудниците Трепча и историските споменици. Според планот требало да се обезбеди територија во облик на потковица на север и североисток на Косово и по должината на границата со Црна Гора. Кремптон,Џ.Р. (2003) *Балкан после другог светског рата.* Београд: Клио, стр.373.

125) Во Стратегискиот одбранбен преглед во делот во кој е елабориран стратегискиот контекст е потенцирано дека од посебен интерес за Република Македонија е стабилизирањето и унапредувањето на состојбата на Косово преку унапредување на сите демократски стандарди на граѓаните и институциите со решавање на конечниот статус на Косово, со што во понатамошниот период ќе престане да биде потенцијален генератор на криза. *Стратегиски одбранбен преглед (политичка рамка)*, Скопје: Влада на Република Македонија, 2003, стр.16–17.

потекло за да се слушнат нивните размуслување во врска со внатрешното уредување на евентуално независно Косово (кантонизација, федерализација), бидејќи тие решенија можат да имаат голем импакт и врз настојувањата за територијалното редефинирање внатре во Република Македонија. Законот за територијалната реорганизација на Република Македонија отвори процес кој кај поголемиот дел од македонското население создаде сомнеж во оправданоста на новите општински поделби според етничкиот принцип.

Во политичките кругови, исто така се оперира со идејата дека конечниот статус на Косово треба да се пролонгира, односно истиот да биде "замрзнат" за најмалку десет години. Без сомнение ваквата идеја произлегува од можните негативни ефекти од финализирањето на Косовскиот статус и поаѓа од различните интереси на политичките актери, првенствено на САД и ЕУ. САД би го искористиле тој период за завршување на "договарањето" со Србија. "Договарањето" може да биде во насока на задржување на Косово под српска контрола во замена за предавање на воените злосторници и криминалци на Хашкиот суд. Било кое друго барање на САД би можело да се реализира, поради фактот што тие имаат силен адут кој претставува дел од српската територија. Нерешениот и пролонгиран статус на Косово исто така погодува и на Европската Унија, која потроши многу време, пари и енергија да ја стабилизира сопствената позиција во регионот. Европската Унија поаѓа од претпоставката дека решението за Косово може да предизвика "домино ефект" во регионот. Во таа насока, стабилните и демократски институции на Косово и соседните држави, можат да придонесат и да го олеснат конечното решение.

До сега Република Македонија нема изградено стратегија на одговор на евентуалните политичко-географски процеси во регионот кои во голема мерка можат да влијаат на нејзината вкупна политичко-географска положба. Оттука, главните активности мора да бидат насочени кон меѓународната заедница преку која би се издејствувало Приштина да го признае Договорот за протегање и опис на државната граница меѓу Србија и Црна Гора и Македонија, кој е ратификуван од двете собранија и е депониран во Обединетите нации. Ваквите заложби треба да бидат

во насока на забрзување на спроведувањето на демаркацијата на граничната линија[126]. На овој начин решавањето на Косовскиот статус, на одреден начин би бил "оддалечен" од македонските граници. Треба да се знае дека прогнозите за решавањето на Косовското прашање се планираат за средината на 2005 година, кога истекува Договорот помеѓу Белград и Подгорица, кога новиот американски претстедател ќе го отпочне својот претстедателски мандат и кога во целиот Западен Балкан ќе се оддржуваат значајни изборни циклуси.

Создавањето на две албански етнички држави на Балканот, со јасни интенции за нивно обединување, ќе има долгорочни ефекти врз развојот на целокупниот регион. Притоа, може да се очекува доминоефект за сите Албанци и нивните етнички заедници во регионот.

Македонскиот национален интерес претставува заштита на нејзиниот територијален интегритет и суверенитет, како и задржување на курсот кон евро–атлантските перспективи. Поради тоа, меѓународната заедница мора да понуди отворена стратегија која ќе одговори на сите круцијални прашања во врска со решавањето на конечниот статус на Косово. Македонија не смее да биде "колатерална штета" или да го почуствува "домино ефектот" на сопствената територија.

Како можно решение можеме да ја разгледаме идејата за добивање на гаранции за Република Македонија од страна на ЕУ и НАТО, кои ќе се однесуваат на нејзиниот државен интегритет, односно гаранции кои нема да не врзуваат со решавањето на статусот на Косово и евентуалното менување на границите во регионот.

Кога регионот би се набљудувал од аспект на американскиот национален интерес, Балканот припаѓа во глобалните цели на американската безбедносна политика. Регионот содржи три категории на држави кои можат да асистираат на Вашингтон во понатамошните безбедносни мисии. Станува збор за лојални сојузници (Бугарија, Романија и Албанија)

---

126) Во 2001 година Косовскиот парламент изгласа декларација со која не ја признава спогодбата меѓу Скопје и Белград за разграничување на двете држави. По средбата во Приштина на 01.09.2004 година, меѓу (поранешниот) македонскиот министер за одбрана Владо Бучковски, косовскиот премиер Бајрам Реџепи и шефот на УМНИК Сорен Јесен Петерсен, следуваа изјави дека одбележувањето на македонско–српската граница кон Косово претставува прашање на форма, и дека нема суштински разлики околу нејзиното протегање иако не беше одговорено што ќе стане со неколку метри спорниот приватен имот кај Танушевци. http://www.a1.com.mk/vesti/pecati.asp?VestID=36674 (посетен на 01.09.2004 година)

растечки сојузници (Македонија, Косово и Босна и Херцеговина) и една идна сојузничка (Србија и Црна Гора).

Според Бугајски, Хитчнер и Вилијамс (Bugajski, Hitchner, Williams), постојат три безбедносни причини, зошто САД треба да го задржи своето присуство во регионот и да продолжи да го спроведува сопствениот безбедносен проект во Југоисточна Европа, вклучувајќи го и конечниот статус на Косово. Како прво, Балканската безбедност не е единствено важна за кредибилитетот на НАТО, туку и за американскиот кредибилитет и глобалната стратегија. Некомплетните поствоени мисии во регионот, како и во Авганистан, може да ги охрабри екстремистите. Уште повеќе, завршувањето на работата на Косово, ќе овозможи кредибилитет за можните американски напори за изградба на поствоениот Ирак. Второ, Југоисточна Европа мора да се консолидира како зона без терористички активности. Во пракса, превенцијата од инфилтрирање на меѓународните терористички групи би значела промоција и гарантирање на демократијата, владеење на правото, малцински права, регионална соработка и економски развој, како и борба со криминалните мрежи и нивните активности во регионот. Трето, САД не смее да ги запоставува националните и регионалните безбедносни интереси на сојузниците од Балканот, со што тие би можеле да станат поблиски со Брисел[127].

Горе напоменатото не води кон констатацијата дека, територијалните спорови сé уште влијаат на обликувањето на политичко-географскиот процес во регионот и неговата локална и регионална политичко-географска положба. Сепак се чини дека пред сé се работи за потенцирање на непризнатото право на припојување кон "матичната држава" на малцинствата кои живеат надвор од матичните држави или во упатените критики за угнетување на националните малцинства од страна на соседните држави. Во целиот тој контекст, од класичен геополитички аспект, всушност станува збор за претензии во поглед на зголемување на сопствената територија, а со самото тоа и на сопствениот национален статус.

Токму таквите претензии и последиците од нив, денес во Југоисточна Европа претставуваат причинители за нискиот безбедносен

[127]) Bugajski, J. Hitchner, B. Williams, P. *Achiving a Final Status Settlement for Kosovo*. CSIS-Center for Strategic and International Studies, April 2003, p.p. 3-4.

индекс. Но, притоа мора да се потенцира дека императивот "територија" не е единствениот фактор кој влијае врз стабилноста и врз односите на државите во регионот. Тука пред сé треба да се вклучи таканаречената "soft security" која ги опфаќа организираниот криминал кој има мултиетнички карактер, нелегалната трговија со луѓе, со оружје и со дрога како и тероризмот.

Не е потребна голема мудрост да се заклучи дека, таму каде што политиката и географијата не се во корелација, нивното совпаѓање се постигнува со етничко чистење и масовни присилни миграции. На просторот на Југоисточна Европа сосема е очигледно дека политиката и географијата се во еден дисконтинуитет кој неминовно, со децении наназад продуцира појави на војни, масовни миграции, промени на етничката структура на населението, асимилации, кроење на политичките граници и др. Исто така, очигледна е една контрадикторност, која се однесува на релацијата интегрирање – дезинтегрирање. Додека европските држави сложно ги структурираат европските политички, економски и воени интеграции во регионот се случува спротивен процес. Се поставува прашањето дали така дезинтегриран регион кој претставува еден мозаик од мали држави, секоја со свои, главно противречни интереси, со "славно" историско минато, ќе може во една поблиска иднина да се инкорпорира во европските интеграции. Сепак, со оглед на интенциите на државите за изградба на демократски општества подготвени за соработка, особено со соседите, нивните големодржавни амбиции на некој начин се супституираат со приклучувањето кон современите европски интеграциски процеси.

Историските случувања, традиционалните тензии меѓу државите во овој регион, како и новите жаришта кои настанаа по дезинтеграцијата на поранешна Југославија, укажуваат дека сегашната ситуација е најмногу обременета од историското наследство кое народите на овие простори го носат како свој траен багаж. Со самото тоа, регионот е промовиран како еден од најтурбулентните во светот.

Многу национални и интернационални иницијативи, како што впрочем е однеодамна утврдениот Пакт за стабилност за Југоисточна Европа, се сведоштво за ангажираноста на државите и меѓународната

заедница околу воспоставувањето на мир и на стабилност во регионот. Денес, Југоисточна Европа претставува и најверонатно ќе продолжи да биде главен предмет во дневниот ред на листата на приоритети на Евро атланската заедница. Северноатлантската алијанса и Европската унија ја покажуваат својата поддршка во напорите чија основна цел е стабилизирање на регионот и негово вклучување во европскиот конгломерат на нации со демократски идеали и вредности.

Можеме наполно да се согласиме дека процесот на европеизацијата на Југоисточна Европа, односно интегрирањето на балканските земји во европските структури отвара простор кај сите балкански држави дефинитивно да го надминат амбисот на балканизацијата и да го стабилизираат политичко-географскиот процес. За реализирање на таквите определби и надминување на товарот на акумулираната недоверба покрај време, неопходна е нова, чиста свест и силна војла за надминување на илузиите за некакво национално обединување на мноштвото етникуми кои егзистираат на релативно скромната, во територијален поглед, Југоисточна Европа.

**5.5. Надворешни фактори кои ја профилираат локалната и регионална политичко-географска положба на Балканот**

Западниот Балкан, неговата локална и регионална политичко–географска положба (ЛРПГП), сепак е целосно во рацете на меѓународната заедница која Балканот го гледа на сопствен начин. Имено сите надворешни “актери” кои ја профилираат локалната и регионалната политичко–географска положба на државите од регионот можат да се поделат во четири групи. Станува збор за влади, супранационални и интернационални организации, невладини организации и економските институции. Сите овие “актери” пројавуваат политички, економски, социјални и воени облици на влијание.

Во првата група се наоѓаат владите на САД, земјите членки на Европската унија, особено Германија, Италија, Франција, како и Русија и Турција. Во групата на супранационални и интернационални можат да се класифицираат Европската Унија, НАТО, Обединетите нации, Светската Банка (WB), Меѓународниот монетарен фонд (IMF). Од невладинитот сектор посебно значајни се Фондацијата Сорос, Меѓународната кризна група и др. И на крај во четвртата група на детерминатори на ЛРПГП спаѓаат европските и американски инвеститори.

Европската Унија има најголем интерес да го спречи понатамошниот хаос во регионот на Балканот со што влијаат на позитивното валоризирање на регионалната политичко–географска положба, но и на локалната положба на секоја држава конституент на истиот[128]. Ваквите ставови можат да се реализираат преку економскиот интерес олицетворен преку развивање на пазарите и рутите за стокова размена со регионот и безбедносниот интерес насочен кон заштита на границите на Европската Унија од криминални активности, нестабилност и бегалски бранови. ЕУ ја има водечката улога во економската и техничката асистенција во процесот на мотивирање на политичките реформи и

[128]) Треба да се напомене дека на самиот почеток на дезинтегративните процеси на Балканот, ЕУ немаше единствени ставови за решавањето на “хаосот” на Балканот. Така на пример, на почетокот Франција се залагаше за зачувување на Југословенската федерација, потпирајќи се на ставот за непроменливост на границите кои егзистираа по Втората светска војна. Набрзо го напушта овој став и заедно со Германија (која даде силна подршка на Словенија и Хрватска во нивното осамостојување) ја прифаќа можноста за дезинтеграција на југословенската федерација, правото на сецесија на федералните единици преку правото на самоопределување на нивните мнозински народи. Пошироко во: Шушиќ, С. (2004) *Геополитички кошмар Балкана*. Београд: Војноиздавачки Завод.

стабилноста на Балканот. Во таа насока од буџетот на Европската комисија за периодот од 2000–2006 година предвидени се 4.65 милијарди долари за државите од поранешна Југославија[129]. Европската инвестициона банка и Европската агенција за реконструкција претставуваат јадрото на обидите за реформирање и модернизирање на регионот. Процесот за стабилизација и асоцијација со ЕУ (Македонија и Хрватска) претставува фундаментален сегмент во настојувањата за поблиско асоцирање со Европската Унија.

Интересот на Соединетите американски држави за нивната економска (коридори и нафтоводи) и воена стабилност отсекогаш биле тесно поврзани со миролубива и стабилна Европа. Новите држави создадени по распадот на поранешната федерација претставуваат извонредно сратегиски значајни како мост помеѓу сегашните и аспиративните членки на ЕУ и НАТО, Грција, Турција, Бугарија и Романија. Редуцирањето на американската подршка на муслиманското население во Босна и на Косово, по настаните од 11 септември 2001 година, може да доведе до радикално свртување на овие муслимански територии кон религиозниот муслимански милитаризам, како изговор во нивните настојувања да се заштитат од нивните соседи (православни и католици). Американската безбедност (првенствено нивниот геополитички и геостратегиски интерес во регионот) ќе биде загрозена доколку Балканот продолжи да оди кон нови поделби, религиозни и етнички конфликти[130].

Спречувањето на таквите тенденции, според Германскиот Маршалов фонд на САД, треба да се реализираат преку повеќе конкретни активности. Некои од нив се следните:

- Воспоставување на мирот и интегрирана Југоисточна Европа претставува суштинска компонента за пошироката европска стабилност. Американското водство е и треба да продолжи да биде значаен елемент во одржувањето на Балканската стабилност и во олеснувањето на интегрирањето на регионот во евроатлантските структури. До–

---

[129]) *Balkans 2010: Report of an Independent task force.* Council on Relations Center for Preventive Action, 9 Dec. 2002.

[130]) Ibid.

колку САД настојува да го редуцира своето воено присуство на Балканот, ќе треба да ги зголеми своите економски активности и изградбата на демократијата.

- Членството во Европската Унија претставува примарна цел на секоја држава во регионот. Американската помош мора да биде јасно поврзана и координирана со активностите за подготовка на државите за влез во Европската Унија.
- Успешните меѓународни напори за поттикнување на регионалната соработка на Балканот ќе бара од САД и Европските партнери да понуди силна стимулација за ваквиот облик на соработка.
- САД ќе мора да развива стратегија за економска помош и градење на демократијата за регионот на Балканот. Во економската област помошта треба да се насочи кон создавање амбиент за зголемен проток на капитал кон регионот и развој на малите бизниси. Развојот на демократскиот амбиент треба да се одвива преку програми и приоди на американските институцииите во идентификувањето на потребите и решавањето на проблемите[131].

Според одредени проценки, САД на Балканот ќе потрошат помеѓу 8 и 12 милијарди долари за воени операции и како помош помеѓу 2 и 3.5 милијарди долари во периодот од 2002 до 2010 година[132]. Ваквите пресметки и прогнози укажуваат дека и до 2010 година нема да биде завршен процесот на целосно политичко, воено и економско интегрирање на регионот (особено западниот Балкан) во евроатлантските структури.

Ангажманот на НАТО на Балканот ги вклучува силите за стабилизација во Босна и Херцеговина (СФОР[133]) и Косовските сили

---

[131]) *Future Directions for U.S. Assistance in Southeastern Europe.* The German Marshall Fund of the United States, Washington D.C. February, 2001.

[132]) *Balkans 2010: Report of an Independent task force.* Council on Relations Center for Preventive Action, 9 Dec. 2002.

[133]) Силите за стабилизација (СФОР) својот мандат во Босна и Херцеговина го започнуваат на 20 декември 1996 година, по завршувањето на мандатот на Имплементирачките сили (ИФОР–Имплементатион Форце) кој започна по потпишувањето на Дејтонскиот мировен договор на 14 декември 1995 година. Од 1998 година под истото

(КФОР[134]). Меѓутоа значајно е да се напомене дека 85% од ангажираните сили не се од американско потекло. Исто така НАТО е инволвиран во регионот преку Партнерството за мир (*PfP-Partnership for Peace*) и Акциониот план за членство (*MAP-Membership Action Plan*). На самитот во Прага, земјите членки на НАТО ја повторија подршката за територијалниот интегритет и суверенитет на сите држави од регионот и се обврзаа за продолжување на ангажманот во контекстот на СФОР и КФОР, како и со ОН, ЕУ и ОБСЕ, заради интеграција на Југоисточна Европа во Евроатлантските структури.

*Русија* по завршувањето на "Студената војна" го загуби статусот на рамноправен партнер на САД. Меѓутоа, со оглед на сопственото територијално пространство, природните богатства, нуклеарните потенцијали, воените сили и наследените политички позиции, сепак може да се смета за светска сила. Со распаѓањето на Советскиот сојуз, Руската федерација се соочува со бројни потешкотии на сопствената територија и во непосредното соседство. Од тие причини и преостанува малку "енергија" посеопфатно да се инволвира во случувањата во Југоисточна Европа. Причина повеќе за ваквата констатација претставува фактот што поранешните балкански држави кои беа под закрилата на Советскиот Сојуз, својот пат го трасираат кон вклучување во европските институции и интеграции. Ваквата состојба беше актуелна се до појавата на кризата на просторот на поранешна Југославија.

Во ставот на Русија кон кризата во поранешна Југославија Петковиќ Р., идентификува два круцијални елемента. Како прво станува збор за избегнување конфронтација со САД и партнерските западни сили, поради неможноста за нови непријателства по доживеаниот де-

---

име во Босна оперираат мултинационални сили . На почетокот на 2002 година започната е редукцијата на силите од првичните 31.000 на 19.000, сочинети од 17 земји членки на НАТО и 15 земји кои тоа не се, вклучувајќи и руски контингент. Во ноември 2002 година, силите се уште намалени на 14.000 вклучувајќи ист број на држави. Пошироко во: *The Prague Summit and NATO's Transformation.* A Rider's Guide, 2003, p.p.57-58.

[134]) Првично бројот на Косовските сили (КФОР) на почетокот на нивниот мандат во јуни 1999 година, броеше персонал од 50.000 луѓе од 19 земји членки на НАТО и 19 земји кои тоа не се (во тој период: Аргентина, Австрија, Азербеџан, Бугарија–денес член на НАТО, Естонија–денес член на НАТО, Финска, Грузија, Ирска, Латвија–денес член на НАТО, Литванија–денес член на НАТО, Мароко, Романија– денес член на НАТО, Русија, Словачка– денес член на НАТО, Словенија– денес член на НАТО, Шведска, Швајцарија, Обединети Арапски Емирати и Украина. На почетокот на 2002 година КФОР броеше 39.000 перонал со интенција истиот до јуни 2003 година да се намали на 26.000. Пошироко во: *The Prague Summit and NATO's Transformation.* A Rider's Guide, 2003, p.p.63-64.

бакл во Студената Војна и како второ дефинирање на сопствените интереси на Балканот во коалиција со другите водечки сили. Во тој контекст, Русија се залагше за мировно решавање на југословенската криза, што би претставувало значајна политичка сатисфакција за нејзината дипломатија и реафирмирање на позицијата во кругот на оние држави на Балканот со кои се поврзува историското наследство[135].

Југоисточна Европа за Русија, во актуелниот момент претставува зона на изразени интереси (втор концентричен круг на делување), додека првиот концентричен круг претставуваат државите кои произлегоа од поранешниот Советски Сојуз. Балканот претставува сегмент од таканаречениот "руски опсесивен сон" за излез на топлите мориња, со што би се анулирал нејзиниот реално постоечки комплекс на затвореност. Неможноста да се реализира логичниот и приоритетен цариградски правец или бугарско–тракиската алтернатива, Русија во своите резервни варијанти го има централниот дел на Балканскиот Полуостров за јадранска партиципација[136].

*Германија* по рушењето на Берлинскиот ѕид во 1989 година и после нејзиното обединување (Демократска Република Германија–источна и Сојузна Република Германија–западна), благодарение на сопствената економска моќ, станува европска сила "број еден". Покрај Грција која е рамноправен член на Европската Унија и Турција како придружен член сите држави кои настанаа по дезинтеграцијата на југословенската федерација и останатите држави конституенти на Југоисточна Европа, геоекономски и историски гледано припаѓаат на просторот кој се наоѓа под неприкосновено економско, а во одреден степен и политичко влијание на Германија[137].

Партиципирањето на Германија во процесот на дезинтеграција на Југославија, во неговата прва фаза, беше исклучително потенциран. Со силната подршка на Словенија и Хрватска и нивното, според одредени

---

135) Петковић, Р. (1996) *XX век на Балкану, Версај, Јалта, Дејтон.* Београд: Службени лист СРЈ, стр. 325.

136) Грчић, М., Мироненко, С.Н., Толстоборов, С.И. (1995) *Основни геополитички модели светског поретка у 20 веку.* Београд: Географски факултет, Универзитет у Београду, стр. 52–53.

137) Пошироко за историското присуство и интерес на Германија на Балканот во: Ristović, M. (1991) *Nemački "Novi poredak" i Jugoistočna Evropa1940/41-1944/45.* Beograd: Vojnoizdavački i novinski centar.

аналитичари прерано признавање, Германија обезбеди свое присуство во регионот на Западен Балкан. После таа фаза, Германија на одреден начин се повлекува од "сцената", со оглед на фактот дека во двете светски војни на овие простори ја имаше улогата на агресор. Тенденциите кои би можеле и формално да ја промовираат како светска сила одат во насока на нејзино инфилтрирање во моравско-вардарската долина со што би се реализирале традиционалните германски геополитички југоисточни амбиции[138].

Влијанието на Германија како надворешен фактор кој има влијание на профилирањето на локалната и регионалната политичко-географска положба на државите од Југоисточна Европа, треба да се смета како сериозен елемент со оглед на фактот што после конечната разврска на кризните состојби во регионот, Германија ќе остане во регионот првенствено како најсилна економска сила на европското копно и како лидер на Европската Унија.

*Франција* по завршувањето на Студената војна особено ги подобрува своите односи со Романија, и претставува нејзин главен "ментор" во нејзините напори за интегрирање во евро-атлантските структури. Во мировните напори на просторите на поранешна Југославија (федерацијата) француската дипломатија главно беше присутна во склопот на активностите на Европската Унија. Нејзините позиции се маркирани, во поголема или помала мерка, како противречни на ставовите и интересите на САД, а во една поблага верзија и на ставовите и интересите на Германија[139].

*Италија* во периодот по завршувањето на блоковската поделеност го зголемува својот интерес на Балканскиот Полуостров, како поради настојувањата на останатите регионални и светски сили да ги редефинираат своите интереси на тој простор, така и поради настојувањата да поврати некои од изгубените позиции во сопственото јадранско соседство[140].

---

138) Петковић, Р. (1996) *XX век на Балкану, Версај, Јалта, Дејтон.* Београд: Службени лист СРЈ, стр. 327, и Грчић, М. (2003) *Политичка Географија.* Београд: Географски факултет, стр. 123.

139) Исто, стр.328.

140) Најекспонирана геополитичка идеја на Италија во регионот претставува т.н. идеја "*Mare Nostrum*" која ги опфаќа Истра, словеначкото приморје, јадранските

Со распаѓањето на Југославија, на површина се појавија недоразбирањата со Словенија и барањето за финансиска компензација за имотите на италијанските граѓани, одземени после Втората светска војна и нивното делумно насилно и доброволно протерување од Словенија[141]. Идниот интерс на влијание на Италија треба да се очекува да биде насочен кон Словенија, Хрватска и Албанија.

Влијанието на *Турција* како регионална сила во регионот на Југоисточна Европа се темели врз основа на следните аргументи: има положба на Босфор и Дарданели, како поморска врска помеѓу Црното Море и крајбрежните земји со Егејот и Медитеранот и како копнена врска помеѓу Европа и Азија (Балканот и Мала Азија); положба на еден од столбовите на исламот како планетарен, културно-цивилизациски и во последно време се повеќе економски и геополитички феномен, потоа значителна е турската лидерска позиција во однос на новосоздадените туркофонски средноазиски републики на поранешниот СССР; Турција како членка на НАТО под директно американско туторство[142].

Во периодот на кризата во поранешна Југославија, Турција се појавува како заштитник на муслиманите. Ваквите тенденции од одредени аналитичари се толкуваат како обид за реализација на својот европски правец на планетарна експанзија, притоа користејќи ги, во политичко-географски поглед, енклавите на Балканскиот Полуостров население со муслиманско население. Меѓутоа, со оглед на внатрешните проблеми кои ги има Турција, првенствено економските, продирањето на радикалниот исламски фундаментализам, револтот на Курдското население, преамбициозна е мисијата која Турција би требало да е има кон поранешните советски републики во кое доминира муслиманското население, како и на Блискиот и Средниот Исток. Од овие причини, интензитетот на ангажманот на Турција на Балканскиот Полуостров би требало да биде со пониски вредности[143].

---

острови и градови, држење под протекторат на Албанија и Црна Гора. Види карта: Грчиќ, М. (2003) *Политичка Географија.* Београд: Географски факултет, стр. 124.

141) Кремптон, Р. (2003) *Балкан после другог светског рата.* Београд: КЛИО, стр. 400.

142) Грчиќ, М. (2003) *Политичка Географија.* Београд: Географски факултет, стр. 123.

143) Република Македонија како држава со доминантно православно население има значителна политичка, економска и воена поддршка од Турција. Оттука, може да се смета на Турција како можен сојузник, особено во напорите за воено интегрирање во НАТО.

*Економските групации* како надворешни фактори кои ја детерминираат локалната и регионалната политичко–географска положба, првенствено ги користат економските средства за остварување на профит, но и политички, воени, дури и територијални добивки. Преку големата задолженост и неповолните кредитни аранжмани, големите банки или крупните финансиски институции имаат можност за еден вид на политичко и воено уценување, наметнување на внатрешните односи и др. Мултинационалните компании како инвеститори заинтересирани за експлоатација на природните ресурси, водите, сообраќајните коридори, во регионот исто така имаат свое влијание на локалната и регионална политичко–географска положба.

### 5.6. Картографски приказ на Големодржавните проекти во регионот на Југоисточна Европа




**Слика бр.14 “Голема Унгарија”, според границите на Унгарија во Хабзбуршката монархија (1867-1918)**

(**Извор:** Pavić, R. (1973) *Osnove opće i regionalne političke geografije, geopolitike i geostrategije (I dio)*. Zagreb: Sveučilište u Zagrebu)




**Слика бр.15 "Голема Италија", 1) според територијалните ветувања на силите на Антантата на Италија во тајниот Лондонски договор од 1915 година, 2) според различната територијална партиципација на Италија на Балканот во Втората светска војна**

(**Извор:** Степић, М. (2001) *У вртлогу балканизације*. Београд: Службени Лист СРЈ, Институт за геополитичке студије)




**Слика бр.16 "Голема Романија"**

(**Извор:** Степић, М. (2001) *У вртлогу балканизације*. Београд: Службени Лист СРЈ, Институт за геополитичке студије)




**Слика бр17 “Голема Хрватска”, 1) од 1862 година, 2) според етнографските граници на Хрватска во Кралството Југославија, 3) според територијалната поделба на Југославија од 1941-1945 година**

(**Извор:** Степић, М. (2001) *У вртлогу балканизације*. Београд: Службени Лист СРЈ, Институт за геополитичке студије)




**Слика бр18 “Голема Бугарија”, 1) Сан-стефанска Бугарија, 2) според, западната граница на територијата која Бугарија би ја добила според тајниот договор за сојуз со Централните сили од 1915 година 3) според границите што ги барала во Првата светска војна**

(**Извор:** Степић, М. (2001) *У вртлогу балканизације*. Београд: Службени Лист СРЈ, Институт за геополитичке студије)




**Слика бр.19 "Голема Србија"**

(Извор: Станишиќ, М. (2000) *Пројекти Велика Србија.* Београд: Службени лист СРЈ)




**Слика бр.20 "Хомогена Србија"**

(Извор: Станишиќ, М. (2000) *Пројекти Велика Србија.* Београд: Службени лист СРЈ)




**Слика бр.21 "Голема Албанија"**
(**Извор:** *LiMes-geopolitički časopis.* Beograd: KLIO, 1-2004)




**Слика бр.22 "Големо Косово", според картата "Shqipëria etnike" дистрибуирана на албанските протести во Брисел 1994 година**
(**Извор:** Шушиќ, С. (2004) *Геополитички кошмар Балкана.* Београд: Војно издавачки завод)

### 5.7. Глобална политичко-географска положба на Југоисточна Европа

Заплискуван од водите на Јадранското, Јонското, Средоземното, Егејското, Мраморното и Црното Море, Балканскиот Полуостров се карактеризира со голема географска шареноликост – од пространи рамнини преку пошумени планини до карстни региони.

Балканскиот Полуостров ги поврзува густо населените европски региони со Јужна, Југоисточна Азија и Блискиот Исток. Неговата местоположба го доближува и до Африка (релацијата Крит–Дерна изнесува само 320 км.). Полуостровот е широко отворен кон север, поврзувајќи се со Средна и Источна Европа со копнена врска од над 1300 км. Таа врска започнува од Трстјанскиот залив, по долините на реките Соча, Идрија, Сора пресекувајќи ги Јулијските Алпи, продолжува по Сава и доаѓа до Белград од каде по течението на реката Дунав се простира се до нејзиниот влив во Црното Море.

Положбата на Балканскиот Полуостров како крстопат, можноста од лесно движење во неговата внатрешност, противречностите на државите во регионот се основните двигатели на политичкиот развој на Полуостровот. Противречностите кои се манифестираат помеѓу државите во регионот неретко кулминираат и со воено спротивставување помеѓу истите.

Политичката раситнетост на Балканскиот Полуостров е еден од политичките фактори кои го определуваат развојот на регионот. Исто така значаен политички фактор претставува влијанието кое го манифестираат поблиските и подалечните геополитички центри. Истовремено Полуостровот се граничи и со два моќни културни и политички центри, од една страна католичка Централна Европа и Православна Југоисточна Европа, а од друга страна исламскиот дел на Азија[144].

Мореузите Босфор и Дарданели се од првостепено значење за Русија бидејќи и овозможуваат излез на Средоземното Море. Од друга страна, Велика Британија како голема поморска и колонијална сила од секогаш се стремела да го ограничи пристапот на Русија кон Средоземието, со цел спречување на издигнувањето на нова поморска

---

[144]) Карастоянов, С. (1997) *Политическа географија, геополитика, геостратегия.* София: Университетско издателство "Св. Климент Охридски", стр. 99–100.

сила во тој регион. Германската држава која значително покасно за разлика од другите „големи сили„ ја достигнува својата политичка и воена моќ, Балканскиот Полуостров, со своите копнени и водени транспортни врски, го третира како стратешки центар за распространување на своето влијание во Азија. Важноста на Балканот како крстопат и простор за ширење на својата територија, политичкото и економското влијание, бил искористен и од Франција и Италија. На тој начин, Балканскиот Полуостров се преобразува во подрачје за остварување на интересите на поблиските и подалечните геополитички центри. Таквата улога на Балканот особено доаѓа до израз во текот на 18 век со слабеењето на Отоманската Империја. Со формирањето на државите на Балканскиот Полуостров, во текот на 19 век, се скратуваат стопанските и културните врски со Отоманската Империја и полуостровот потполно се отвара за европското културно, економско и политичко влијание. Таквата консталација особено е значајна за средноевропските држави Германија и Австро-Унгарија пред кои се отвара ново поле за економско и културно влијание. Исто така Велика Британија и Франција кои и покрај нивната географска оддалеченост од регионот имаат свој интерес да не дозволат никаква закана на нивната хегемонија во Средоземното Море. Русија како геополитички центар исто така влијае на политичко-географската положба на Балканот. Одличните транспортни врски по реката Дунав (до 1991 година), Црното Море, широката отвореност за движење од север како и етничката и религиската блискост на народите ги определуваат насоките на взаемното политичко, економско и воено делување и ги втемелуваат трајните интереси на Русија на Балканскиот Полуостров.

Значителните геополитички промени кои настануваат по завршувањето на Втората светска војна со формирањето на два големи геополитички, економски и воени блока - Атлантскиот на САД и западноевропските држави и социјалистичкиот на чело со Советскиот Сојуз, не го одминуваат Балканот. По должината на државните граници на балканските држави минува линијата на спротивставување на двата воени блока (НАТО и Варшавскиот Договор) и економските сојузи (ЕЗ и СЕВ). Глобалната политичка противречност на Балканот се огледа во регио-

налната поделба на државите на членки на СЕВ (Бугарија и Романија) и Варшавскиот договор, и членки на ЕЗ (Грција) и НАТО (Грција и Турција). Од друга страна, неврзаните држави со социјалистичка ориентација и сопствен економски модел, поранешна Југославија и Албанија.

Таквата регионално–блоковска ориентација долго време не дозволуваше развој на економските односи, но од друга страна со задржување на територијалниот статус кво, кој со распадот на социјалистичкиот систем беше нарушен. Односно со нарушувањето на геополитичките пластови во светски размери дојде до вистинска катастрофа на Балканот.

Завршувањето на воените судири во Југоисточна Европа и почетокот на нормализирање на односите беа пропратени со воени, политичко–дипломатски и економски средства, кои претставуваа главен инструментариум на меѓународната заедница во смирувањето на состојбите. Врз основа на тие темелни претпоставки најпрво настапи состојба на послевоен мир, потоа воведување на одредени мерки за јакнење на меѓусебната доверба и преку регионално поврзување да се реализира заедничкиот простор.

Значителен пресврт за глобалната политичко–географска положба на Југоисточна Европа претставуваат настаните од 11 септември 2001 година, кога на одреден начин доаѓа до оддалечување на регионот од светското внимание. Светската јавност и големите сили, пред се САД, своето внимание го насочуваат кон тероризмот како универзална закана по светскиот мир. Притоа доаѓа до јасно разграничување на земји кои се против тероризмот и оние помалкубројни кои го подржуваат, симпатизираат терористички активности. Ваквата класификација ги вклучи земјите од ЈИЕ во првата категорија земји, а преку давањето на службени антитерористички декларации, во состојба кога постои тенденција целиот регион да биде од второстепено значење за големите сили, државите од регионот понудија директна и отворена соработка во борбата против тероризмот. Тоа се чини доведе до пацифизирање на екстремните Албанци на Косово и во Македонија кои добија јасен сигнал дека нема да се толерираат нивните евентуални оружени акции кои ќе бидат надвор од институциите на системот на државите во кои

егзистираат. Паралелно со тоа меѓународните сили во Босна, Косово и Македонија превземаат засилени мерки и контрола на против можните терористички сојузници или нивните центри во регионот.

Исто така, како значаен фактор кој влијае на глобалната политичко-географска положба на регионот може да се издиференцира приемот на седумте нови членки на НАТО во април 2004 година, како и приемот на новите десет членки во Европската Унија. Новите членки на НАТО, од регионот на ЈИЕ (Словенија, Романија, Бугарија) ги зацврстуваат своите политички позиции. Ваквата констатација произлегува од фактот што денес влегувањето во НАТО се оценува како признание на државите за спроведените политички и воени реформи, во насока на прифаќање на западните стандарди. После тоа, следуваат сите индиректни предности од таквата положба, во смисол на приближување кон ЕУ, зголемени инвестиции и јакнење на врските со преостанатите земји членки на НАТО и ЕУ. Исчекорот кој НАТО и ЕУ го направија кон Југоисточна Европа преку Словенија, Романија и Бугарија, создава уште поконзистентна слика за групацијата на држави од таканаречениот "Западен Балкан". Македонија, Хрватска и Албанија кои се наоѓаат во групацијата Јадран-Охрид, се членки на Партнерството за мир и пристапуваат кон првата фаза на МАП. Албанија ќе ги започне преговорите со ЕУ за Договорот за стабилизација и асоцијација, додека Македонија и Хрватска веќе имаат потпишано такви договори и имаат поднесено апликации за членство во Европската Унија. Босна и Херцеговина и Србија и Црна Гора сеуште се далеку од претходно наведените активности.

Следен фактор кој влијае на глобалната политичко-географска положба на Југоисточна Европа претставува иднината на евроатлантските односи, односно иднината на односите помеѓу Европа и САД. Постојат одредени показатели кои укажуваат дека САД ја предаваат лидерската позиција на Европа. Само во 2003 година, според Вашингтонскиот Институт за мир, САД ги намалиле своите воени капацитети во Босна и Херцеговина од 4400 на 1800 војници, а напоредно со тоа намалување се смалуваат и вредностите на американската финансиска

подршка од 613 на 495 милиони долари[145]. Овие показатели, во никој случај, не значат незаинтересираност на САД за овој дел од Европа. Напротив неговата геостратегиска важност како “мост” со Блискиот Исток, источниот Медитеран, Персискиот залив и Средна Азија е во регионите со приоритетно значење.

Глобалната политичко–географска положба на Југоисточна Европа во голема мерка ќе зависи и од идните евроатлантски односи. Како што истакнува Р.Вукадиновиќ во зборникот “Меѓународни односи”, недоразбирања, кризи и судири на концепции како синоними можат да ги одбележат сегашните односи помеѓу трансатлантските односи. Вукадиновиќ предвидува три сценарија за можниот развој на трансатлантските односи. Првото го нарекува сценарио на издвојување кое поаѓа од состојбата на опонирање на Франција[146] и Германија за употреба на воена сила врз Ирак, што продуцираше силни американски критики кон двете држави. Во случајот со Франција, јасно е дека со противењето, по пат на сила да се постигне целта, во најголема мерка се појавуваат и оние национални специфичности кои секогаш барале посебно место за Франција, истакнувајќи ја нејзината улога во Европа. Противењето кон американската концепција на сила секако дека беше пропратена и со бизнис зделките на Франција со Ирак, стравовите дека САД ќе ги приграби нафтните полиња, како и со понудите за обнова на послевоениот Ирак доделени првенствено на американските фирми[147].

Германија, по настаните од 11 септември 2001 година, во контекстот на новото американско однесување и лесната употреба на сила, смета дека таквата акција претставува предимензионирана и дека може да доведе до опасни последици. Американските закани кон Германија, поради нејзиното сојузништво со Франција, како што беше објавено во *“The New York Times”* одат во насока на закани дека војниците кои за–

---

145) Vukadinović, R. (2003) *Nestabilna Sigurnost Jugoistoka Evrope.* Zagreb: Zbornik Radova Poslijediplomskog studija “Međunarodni odnosi”, str. 69.

146) Интервјуто на Францускиот претседател Жак Ширак направено за CBS News од 16.03.2003 година укажува дека Франција не е анти–американски расположена, но војната како решение на проблемите претставува лоша солуција. Германија и Франција заедно го подржуваат ставот дека сите одлуки за употреба на сила се поврзани со Советот за безбедност и усвојување на релевантна резолуција. Пошироко во: Menon, A., Lipkin, J. (2003) *European Attitudes Towards Transatlantic Relations 2000-2003.* Research and European Issues N26, p. 9.

147) Ibid. str.115

минале од германската територија во Ирак, по завршувањето на операцијата ќе бидат стационирани во јужна Полска, Бугарија и Романија, каде што финансиските трошоци за издржување се пониски, а стратегиското значење поголемо[148]. Ваквите тврдења произлегуваат од фактот што со влегувањето на НАТО во источниот дел на Балканот, се отвараат вратите кон источниот Медитеран, Блискиот Исток и Каспиското море, со што се укажува на долгорочниот правец на американскиот ангажман кон исток, и кој има своја геостратегиска и економско–финансиска вредност. Ова сценарио, во Југоисточна Европа може да се одрази со привлекување на одредени држави на едната или другата страна. Познати се заложбите на Германија за Словенија и Хрватска во периодот на дезинтеграцијата на поранешна Југославија или подобрените односи на Франција со Романија по завршувањето на Студената војна[149].

Второто сценарио се однесува на можното собирање на англофонските сили околу Америка.

Поделбата на Европа на "Стара Европа" сочинета од Франција и Германија и "Нова Европа" која Доналд Рамсфелд ја направил, за американските аналитичари укажува на новите начини и кругови на создавање сојузништва. Во една таква состојба егзистира "слика" која покажува дека постои силно европско јадро кое се групира околу т.н "Стара Европа" и во која покрај Франција и Германија се наоѓаат државите на Бенелукс и Австрија. Таа групација може да прерасне во силен економски конгломерат, поставен во насока на спроведување на интеграциите и во која сепак ќе недостасува силна водечка политичка сила[150].

Во вториот европски круг, ќе се најдат сите преостанати членки на Европската Унија, кои всушност ќе претставуваат некој вид на зона за слободна трговија. И во третиот европски круг се наоѓаат сите преостанати европски држави, членки на Советот на Европа. Во вториот европски круг, американската политика би можела да смета на пријателски наклонети влади. Тоа посебно се однесува на државите од источна Европа кои во САД гледаат гарант во смисол да не се најдат

---

148) *The New York Times*, February, 10, 2003.

149) Пошироко во: Петковић, Р. (1996) *XX век на Балкану,Версај,Јалта, Дејтон.* Београд: Службени лист СРЈ, стр.326–327.

150) Vukadinović, R. (2003) *Nestabilna Sigurnost Jugoistoka Evrope.* Zagreb: Zbornik Radova Poslijediplomskog studija "Međunarodni odnosi", str. 116.

"стиснати" помеѓу Германските и Руските интереси. Поради тоа, ова сценарио за идните трансатлантски односи, бара зајакнато американско политичко и дипломатско лидерство во Европа, одлучно да се каже "не" на развојот на европските одбранбени сили и да се овозможи максимална подршка на Велика Британија која може околу себе да ги привлече силите на "Нова Европа"[151].

Третото сценарио за евроатлантските односи може да се назначи како *"враќање"*. Тргнувајќи од историските евроатлантски врски, можно е да се направи имагинарен модел во кој САД и Европската Унија ќе се обидат да ги намалат меѓусебните тензии и да се вратат на нивното сојузништво.

Растечкиот анимозитет помеѓу главните актери во евроатлантските односи, може во голема мерка да влијае на глобалната политичко-географска положба на Југоисточна Европа. Имено, станува збор за сé подинамичниот развој на Европската надворешна и одбранбена политика. Табелата ќе укаже на динамиката на развојот на таквиот концепт.

151) Ibid. str. 117.

| Табела бр.1 | Хронологија на европската надворешна и безбедносна политика | |
|---|---|---|
| **Година** | **Предлог** | **Одлука** |
| 1950-54 | Планот Плевен | Чекор кон основање на Европска одбранбена заедница. |
| 1960-62 | Планот Фуше | Чекор кон основање на политичка унија со заедничка надворешна и безбедносна политка. Преговорите не успеваат во 1962. |
| 1970 | Извештај Давињон/развивање на ЕПС | Основање на европската политичка соработка (ЕПС). Истата е базирана на неформални консултации и процедури на соработка помеѓу владите. Основна цел, координирање на позицијата на земјите членки во надворешните односи преку размена на информации. |
| 1986 | Единствен европски акт | Институционализирање на ЕПС процедурите преку заеднички спогодби. Секретаријат на ЕПС е воспоставен во Брисел. |
| 1991 | Договорот Мастрихт/создавање на ЗНБП | Заедничката надворешна и безбедносна политика (ЗНБП) ја заменува ЕПС. Иновации: ЗЕУ (Западно европската унија) станува воена сила на ЕУ. |
| 1992 | Декларација Петерсберг | ЗЕУ ги прифаќа следните задачи: (хуманитарни и спасувачки мисии, мировни должности, воени интервенции во полето на кризниот менаџмент. |
| 1997 | Договорот од Амстердам | Договор за консолидирање и развој на ЗНБП, Иновации: интегрирање на задачите од Декларацијата Петерсберг во договорот на ЕУ, политичко планирање и единица за рано предупредување. |
| 1998 | Британско-француски самит во Ст. Мало | Заедничка декларација за европски безбедносни структури кои ќе го подготват патот за Европската безбедносна и одбранбена политика. |
| 1999 | Совет на Европа/Келн | Советот на Европа одлучува да воспостави независна и оперативна Европска безбедносна и одбранбена политика. |
| 1999 | Совет на Европа/Хелсинки | До 2003 година создавање на сили за брза реакција со големина од околу 60.000 војници со максимум 60 дена учество во мисии во текот на годината. |
| 2000 | Совет на Европа/Феира | Конкретизација на не-воениот кризен менаџмент: зацртување на четири приоритети (полиција, судски, цивилно административен персонал и мерки за контрола на несреќи). До 2003 година 5000 полицајци подготвени за операции. |
| 2000 | Договорот од Ница | Европската безбедносна и одбранбена политика станува официјален дел на ЗНБП. Иновации: трансфер на институциите и капацитетите на ЗЕУ во ЕУ. |
| 2001 | Совет на Европа/Ликен | Советот на Европа подтврдува дека силите на Европскиот кризен менаџмен се подготвени за акција |
| 2003 | Босна и Херцеговина/ Македонија/Конго | ЕУ ја превзема мисијата на Обединетите нации во Босна (полициска мисија), НАТО мисијата во Македонија ("Конкордија" прва воена мисија на Европската безбедносна и одбранбена политика) и мировната мисија на ОН во Конго (Операцијата "Артемис", прва кризна интервенција на ЕУ надвор од нејзините граници). |
| 2003 | Затварање на Европската конвенција | Конвенцијата го усвојува нацртот на Уставниот договор на ЕУ. Иновации: Европски министер за надворешни односи, клаузула за солидарност, процедури за "засилена" и "структурна соработка", Канцеларија на ЕУ за вооружување, истражување и воени способности. |
| 2003 | Европска безбедносна стратегија | ЕУ ја усвојува Европската безбедносна стратегија која има три стратегиски цели: воочување на заканите, безбедност во непосредното соседство на ЕУ и меѓународен поредок базиран на ефективен мултилатеризам. |
| 2004 | Рим | Устав на Европската Унија |

**Извор:** Flechtner, S. "*New Impulses in European Foreign and Security policy*", International Policy Analysis Unit, Eurokolleg, 48, Berlin, Februar, 2004, p.2.

Хронологијата на развојот на Европската надворешна и безбедносна политика, укажува на трендот, особено во последните 5 години, на

засилено профилирање на сопствен надворешно политички и безбедносен идентитет на Европската Унија. Проблемите кои понатаму можат да се појават, првенствено се однесуваат на последиците од проширувањето на Европската Унија која ќе биде соочена со предизвикот како 25–те нејзини членки да се согласат со заедничката Европска надворешна и безбедносна политика (ЗНБП). Новопримените членки главно се ориентирани кон НАТО, вклучително и земјите од Југоисточна Европа, што значи дека тие се помалку заинтересирани за концептите на ЗНБП (*Common Foreign and Security Policy-CFSP*) и Европската безбедносна и одбранбена политика (*European Security and Defence policy-ESDP*)[152].

Воената интервенција во Ирак, несомнено на површината донесе голем број на неодговорени прашања, кога станува збор за трансатлантските односи. Генерално, постојат два главни става. Од една страна се државите кои веруваат во блиските односи и соработка со САД во поглед на надворешната и безбедносната политика, која треба да биде основа премиса во Европската политика. Тука пред се се мисли на Велика Британија. Од друга страна се наоѓаат оние држави кои фаворизираат одреден степен на автономност во европската надворешна и безбедносна политика, завземајќи позиција доколку е потребно и против САД. Ваквата позиција е најмногу застапувана од француската политика. Ставот на Германија, чија надворешна политика традиционално е блиска и со француската и со онаа на САД, иако во случајот со интервенцијата во Ирак. германската влада јасно ја отфрли таквата опција[153].

Прашањето како да се решат ваквите латентни конфликти во рамките на ЕУ, ќе игра решавачка улога во идното развивање на европската надворешна и безбедносна политика (ЕБОП). Ова прашање е тесно поврзано со идните односи помеѓу Европската безбедносна и одбранбена политика и НАТО. Оние кои фаворизираат тесни врски со САД се плашат дека ЕБОП може да стане ривал на НАТО и тие се стриктно против целосната автономија што се однесува до безбедносната и одбранбената политика. Официјалната политика на ЕУ нагласува дека ЕБОП треба да биде комплементарна но не и алтернативна на

---

152) Flechtner, S. *"New Impulses in European Foreign and Security policy"*, International Policy Analysis Unit, Eurokolleg 48, Berlin, Februar, 2004, p.11.

153) Ibid. p.12.

НАТО. И покрај тоа, во развојот на двете безбедносни институции се зголемува преклопувањето на компетенциите и задачите. Една од причините за ваквиот став претставува забрзаниот развој на воените капацитети на ЕБОП во последните години. Ангажманот и интересот на НАТО пактот, особено по завршувањето на Студената војна, е насочен првенствено кон опфаќање на менаџирањето со кризите и превенцијата на конфликтите, како и на операции надвор од териториите на алијансата. Тоа се големи подрачја, кои исто така се во суштината на концептот на европската безбедносна и одбранбена политика. Ваквите тенденции можат да доведат до вистински ривалитет помеѓу двете безбедносни институции, што впрочем не е во интерес ниту на ЕУ, ниту на НАТО, ниту пак на државите од регионот на југоистокот на Европа, поточно западниот Балкан[154].

Бжежински разработува неколку суштински точки во поглед на развојот на европската безбедносна иницијатива. Во својата книга "Геостратегиска тријада", авторот потенцира дека европската безбедносна иницијатива оддава впечаток на вистинска воена недораснатост, манифестирана во Косовската војна, надополнета со француските амбиции и Британската и Германската склоност кон смирување на американците. Тоа значи дека и следуваат три базични теста за да биде успешна: дали нејзините сили ќе бидат способни за навремено (брзо) распоредување во кризните региони?, дали ќе биде воено способна? и дали ќе биде логистички оддржлива[155]?.

Идните компликации, фрлајќи сомнеж на кредибилитетот на понудениот потфат, можат да се одразат на одредени држави кои се членки на ЕУ, но не и НАТО ("неутралните"), а други се членки на НАТО но не и во ЕУ (американскиот "Тројански коњ" според одредени европски аналитичари). Нивните идни релации со ЕБОП не се јасни. Многу веројатна цел или резултат на ЕБОП, не претставува ривалитетот со НАТО, ниту пак долгоочекуваниот втор Европски "столб" за поголемо сојузништво, базирано на еднаквост, туку да го засили сопственото воено планирање и развие здружените командни структури, особено

---

154) Ibid. p.p.12-13.

155) Brzezinski, Z. (2001) *"The Geostrategic Triad, Lliving with China, Europe and Russia"*. Washington D.C: Center for Strategic and International Studies, p.p.39-40.

после апсорбирањето на Западно европската унија во самата Европска Унија. На тој начин ЕУ ќе биде способна да понуди капацитети за не-НАТО мировни операции во одредени европски региони, каков што е Балканот[156].

Компарирајќи ги САД со обединета Европа, Бжежински истакнува дека трансатлантското сојузништвото е најголем американски приоритет. Единствено на тој начин, САД ќе биде во состојба да игра значителна улога на Евроазиското копно-светската централна арена на моќта.

| Табела бр.2 | Компаративни податоци за САД и Обединета Европа | | | |
|---|---|---|---|---|
| | САД | ЕУ15 | ЕУ27[157] | ЕУ27+Турција |
| Популација | 272.639.608 | 374.324.512 | 479.779.201 | 545.378.407 |
| БНП (во $ трилиони) | $8.511 | $8.053 | $8.747 | $9.172 |
| БНП по глава на жител | $31.500 | $20.927 | $15.061 | $14.759 |
| Воени трошоци (во $ билиони) | $267.2 | $166.3 | $221.6 | $228.4 |
| Воени трошоци како % од БНП | 3.4% | 1.84% | 1.97% | 2.06% |
| Вкупен извоз (во $ трилиони) | $0.905 | $2.032 | $2.189 | $2.233 |
| Извоз како % од светскиот извоз | 16.5% | 37.0% | 39.9% | 40.7% |
| Вкупен увоз (во $ трилиони) | $0.757 | $2.028 | $2.146 | $2.174 |
| Увоз како % од светскиот увоз | 13.5% | 36.0% | 38.1% | 38.9% |

Извор: Brzezinski, Z. (2001) "The Geostrategic Triad, Lliving with China, Europe and Russia". Washington D.C: Center for Strategic and International Studies, p.30.

Европската Унија и САД заедно даваат 12,5% од вкупната светска популација. Ако се знае дека 85% од глобалниот проток на капитал се одвива помеѓу САД е ЕУ, 60% од американските странски инвестиции се слеваат во државите од ЕУ, годишните американски инвестиции се поголеми во Холандија отколку во Кина, секојдневната размена на стоки помеѓу САД и Европа ја преминува вредноста од 1,2 милијарди долари, сосема е јасно зошто произлегува потребата од евроатлантското сојузништво.

156) Ibid. p.p.40-41.

157) ЕУ 27 ги содржи постоечките и сите потенцијални кандидати за членство во Европската Унија

Оттука, краткорочно гледано (наредните 5 години), американските интереси се во насока на консолидирање и унапредување на сегашниот геополитички плурализам на картата на Евроазија. Со тоа централно место му се дава на спречувањето на создавање на непријателска коалиција (која пред интервенцијата во Ирак се олицетвори во Франција и Германија) која може да престставува предизвик за американскиот примат. Среднорочно (наредните 20 години) постепено треба да се препушти приоритетот на создавање на стратегиски компатибилни партнери, кои преку американското лидерство, ќе го обликуваат трансатлантскиот безбедносен систем, втемелен на поголема меѓусебна соработка. Долгорочно (преку 20 години), претходно наведеното треба да прерасне во глобално јадро на вистински поделена политичка одговорност[158]. Ваквите ставови ја потенцираат интенцијата на САД за глобален светски поредок во кој истите ќе имаат водечка улога. Тоа е во спротивност со Европските стратегиски цели кои се во насока на создавање на мултилатерален светски поредок во кој повелбата на ООН ќе биде фундаментална рамка за меѓународните односи[159]. Меѓутоа во настојувањата за воспоставување на стабилни односи со Европа, за Америка не постои избор помеѓу Франција и Германија, без едната или другата нема да постои обединета Европа, а без Европа нема ни трансатлантско сојузништво.

Исто така значаен момент претставува забрзаното ширење на Европската Унија (денес брои 25 земји) кој претставува повод за серија на извештаи за нејзините перспективи. Ќелијата за перспективи на Европската комисија подготвила извештај под наслов "Сценарија за Европа во 2010 година, пет можни иднини за Европа". Во делот кој се однесува на трансатланското сојузништво, под наслов "немирни соседства" се претпоставува дека ќе дојде до силна деградација на економските и општествените состојби во непосредното соседство на Европа, со што под притисок на јавното мислење се враќа моќта на нацијата-држава и се блокираат внатрешните реформи. Се мултиплицираат

158) Brzezinski, Z. (1999) *"Velika šahovska ploča"*. Varaždin: Hrvatska udruga za međunarodne studije, p.p.187-188.

159) Flechtner, S. *"New Impulses in European Foreign and Security policy"*, International Policy Analysis Unit, Eurokolleg 48, Berlin, Februar, 2004, p.8.

мрежите кои можат најтешко да се контролираат: етничките герили, терористичките групи, организираниот криминал. Состојбата во Европа се влошува по одлуката на САД да ѝ ја препуштат на Европа одговорноста за нејзината одбрана. Приоритет е создавање на Совет за европска безбедност, задолжен да се соочи со заканите по безбедноста. Ширењето на Унијата е цврсто ограничено и интегративните процеси не напредуваат, освен на полето на безбедноста и заштитата на границите. Ваквата понудена регресивна еволуција, според ова сценарио, се прелива од европските рамки и го карактеризира целиот светски систем, кој во првата деценија на XXI век полека се "лизга" кон индивидуалната логика, а не кон заедничкото реагирање на настаните[160].

Мноштвото имагинативни сценарија упатуваат на сосема јасни заклучоци, кои се во насока на развивање на односи на доверба кон земјите од непосредното соседство на Европската унија базирани на конкретни економски и социјални основи и на нивно постојано усогласување и унапредување.

За регионот на Југоисточна Европа, имајќи го предвид историското наследство, геополитичките интереси на главните трансатлантски актери на нејзиното тло, најдобро сценарио за позитивно валоризирање на неговата политичко-географска положба претставува евро-атлантското единство.

160) Fuše, M. (2000) *Evropska republika, između istorija i geografija.* Beograd: Stubovi culture, str.133.

## 6. РЕГИОНАЛНИ ИНИЦИЈАТИВИ ЗА ПОВРЗУВАЊЕ НА ДРЖАВИТЕ ОД ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА

Политичките, економските и воените интеграциски токови во светски рамки, ја наметнаа потребата за поголема соработка на државите од регионот на ЈИЕ, како предуслов за транзиција на стариот општествено–политички систем. Со намалувањето на системските разлики помеѓу државите од Југоисточна Европа се појавија бројни иницијативи за регионално поврзување на политички, економски и воен план. Ваквата потреба се наметна поради подготвеноста на државите од регионот да дадат свој придонес кон мирот, безбедноста, просперитетот и развојот на европскиот континент. Националните стратегиски определби, на сите држави од регионот се насочени кон евро–атлантските интегративни структури. Притоа, како една од основните потреби за нивно достигнување се наметна потребата од интензивна регионална соработка. Во тој контекст, уште во периодот на идеолошката поделеност, егзистираа различни модалитети на регионална соработка.

Така на пример, Централноевропската иницијатива (*Central European Initiative - CEI*) своите почетоци ги бележи во ноември 1989 година[161]. Како главни цели на иницијативата, посочени во основачката декларација се: подобрување на политичката атмосфера во Европа, зајакнување на процесот на КЕБС и залагање за поголемо единство во Европа.[162] Како основна функција на CEI апострофирана е превенцијата на опасностите од создавање нови "линии на раздвојување" во Европа. За постигнување на оваа цел групирани се државите членки на ЕУ, асоцијативните членки и помалку просперитетните земји за членство во ЕУ. Во денешната констелација на односите, државите од ЈИЕ се или членки на оваа иницијатива или имаат развиени специјални односи со неа. Членки на CEI се 16 држави: Албанија, Австрија, Белорусија, Босна и Херцеговина, Бугарија, Хрватска, Чешката Република, Унгарија, Ита–

[161]) Пошироко за Иницијативата http://www.ts.camcom.it/english/strutture/inizcentreur.htm

[162]) Пошироко во: Ünal Çeviköz, (1998) "European Integration and Regional Co-operation in Southeast Europe", In: *PERCEPTIONS. Journal of International Affairs, December 1997-February 1998* Volume II - Number 4; Joint Declaration of the Quadrilateral Initiative, Budampest, 11 November 1989. http://www.mfa.gov.tr/grupa/percept/ii4/II4-10.htm (Посетен на 14.05.2004).

лија, Македонија, Молдавија, Полска, Романија, Словачка, Словенија и Украина. Фокусот на приоритетните активности на CEI се насочени кон:

- Зајакнување на соработката помеѓу нејзините членки (меѓугранична соработка, борба против организираниот криминал, почитување на човековите права, екологијата и др.);
- Поголемо учеството на сите држави членки во процесот на европска интеграција со водење на политички дијалог со ЕУ и помош на најмалку развиените членки;
- Зајакнување на економските, социјални и правни аспекти на процесот на трансформација.

Во 2002 година, Република Македонија претседаваше со Централно европската иницијатива, кога успешно ги реализираше приоритетите: понатамошна меѓународна афирмација на CEI, подинамичен дијалог помеѓу CEI и EU, зајакнување на економската димензија на Иницијативата, зајакната соработка на останатите регионални структури и унапредување на прагматичниот пристап преку развој и имплементација на одредени приоритетни проекти, кои претставуваат општ интерес на целиот регион[163].

Црноморската економска соработка (*Black Sea Economic Co-operation - BSEC*) претставува иницијатива која првите чекори ги бележи уште во 1989 година. Меѓутоа, формалното фунционирање беше воспоставено во 1992 година.[164] Декларацијата на BSEC, укажува на подготвеноста и заложбите на државите партиципиенти за развивање на економска соработка и потребата од преземање чекори за соработка помеѓу членките на полето на транспортот, комуникациите, информациите, енергијата, животната средина, туризмот и друго. Денес, оваа иницијатива е на пат целосно да се институционализира како регионална организација[165].

---

[163)] "Национална стратегија за интеграција на Република Македонија во Европската Унија–предлог", Влада на Република Македонија, Скопје, јули, 2004, стр.44.

[164)] Declaration on Black Sea Economic Co-operation, Istambul, 25 june 1992. http://www.mfa.gov.tr/grupa/percept/ii4/II4-10.htm (Посетен на 14.06.2004).

[165)] Процедурата за полноправно членство на Република Македонија во Црноморската економска соработка е во тек.

Централно европската иницијатива и Црноморската економска соработка претставуваат резултат на завршувањето на Студената војна и се разликуваат од Балканската мултилатерална соработка, базирајќи се на широкиот европски консензус за пазарно ориентиран систем. Основната интенција на двете постстуденовоени иницијативи за соработка беше во насока на постепена трансформација на еден стар систем во нов. Од друга страна, Балканската мултилатерална соработка беше насочена кон изнаоѓање на патишта за помирување помеѓу различните општествено–политички и опшествено–економски системи.

Состојбата во периодот после завршувањето на Студената војна, иако во голема мерка создаде услови за трајна стабилност и овозможи предуслови за стабилизирање на политичко–географскиот процес во Централна Европа, беше прекината со дезинтеграцијата на поранешна Југославија. Ваквите случувања го диктираа политичко–географскиот процес во ЈИЕ кој не беше во насока на зајакнување на интеграциите, втемелени на добрососедски односи и соработка. Како резултат на овие негативни процеси, регионот беше потиснат и вратен назад во својот пат кон евро–атлантските политички, воени и економски интеграции.

Кон средината на деведесеттите години од минатиот век се наметна ставот за значењето на субрегионалната соработка во напорите за надминување на постоечките проблеми во регионот. Дејтонско–парискиот мировен договор претставуваше иницијална "написла" за создавање услови за поширока регионална соработка и истовремено иницираше нови облици на регионално поврзување.

Во таа насока, Процесот за стабилност и добрососедство во Југоисточна Европа – Ројамонскиот процес (*Process of Stability and Good-neighbourliness in Southeast Europe - The Royaumont Process*), претставуваше една од првите такви иницијативи. Ројамонскиот процес, беше иницииран на маргините на Мировната конференција за Босна и Херцеговина која се одржуваше во Париз, на 14–15 декември 1995 година. Учесниците на конференцијата (Европската комисија, Албанија, Босна и Херцеговина, Бугарија, Хрватска, СР Југославија, Македонија, Унгарија, Романија, Словенија и Турција), на состанокот во Ројамон, се интересираа дали

идеите промовирани од Пактот за стабилност на Европа, кој беше развиен под закрилата на ОБСЕ, може да се примени на регионот на Југоисточна Европа. Тоа пак, требаше да овозможи интеграција на регионот во европските институции и требаше да воспостави дијалог помеѓу земјите од Југоисточна Европа.[166]

Во подоцнежниот период, Ројамонскиот процес доживеа трансформација во Иницијатива на Европската унија за унапредување на соработката помеѓу земјите од ЈИЕ со нудење на различни проекти чија цел беше зајакнување на добрососедските односи.

Промовирањето на Иницијативата за соработка во Југоисточна Европа (*Southeast European Cooperation Initiative*[167] *- SECI*), од страна на САД, претставува втор обид за развивање на соработката во регионот. Првиот состанок на SECI беше одржан на 6 декември 1996 година во Женева. Членки на оваа иницијатива се: Албанија, Босна и Херцеговина, Бугарија, Хрватска, Грција, Македонија, Унгарија, Молдавија, Романија, Словенија и Турција.

На состанокот одржан во Женева на 29 јануари 1997 година, беше усвоен работниот документ на оваа Иницијатива во кој Европската економска комисија предложи "Листа на проекти" кои требаше да ја олеснат идната работа на SECI. Иницијативата за соработка во Југоисточна Европа се обидува да ги мобилизира финансиите од приватниот сектор и меѓународните институции за специфични проекти. Неговата цел е да ја зголеми регионалната стабилност, со стимулирање на меѓуграничната стопанска соработка и соработката во заштита на животната средина.

Во јули 1996 година беше иницииран Процесот за соработка во Југоисточна Европа (*South Eastern Eurrope Co-operation Process - SEECP*), познат како Балканска конференција. Основната идеја претставуваше континуитет на процесот на соработка на Балканот кој беше воспоставен пред распадот на поранешна Југославија. Основните акценти на овој процес претставуваа зајакнување на стабилноста, безбедноста и мултилатералната економска соработка на хуманитарното, социјалното

---

166) Declaration of the Process of Stability and Good Neighbourliness, Royaumont, Paris, 13 December 1995. http://www.mfa.gov.tr/grupa/percept/lll-3/bilman.htm (Посетен на 17.06.2004).

167) Пошироко на: http://www.unece.org/seci/

и културното поле, како и борба против криминалот, кријумчарењето на дрога и тероризмот.

На Софискиот состанок на министрите за надворешни работи на земјите од ЈИЕ, одржан на 6–7 јули 1996 година, министрите се обврзаа дека ќе ги направат сите напори за трансформација на регионот во подрачје на стабилност, безбедност и соработка во склад со развојот на настаните во цела Европа.[168] По Софискиот состанок, беше одржан друг во Солун од 9 до 10 јуни 1997 година. Како новитет, покрај цврстата реафирмација на одлучноста за унапредување на добрососедските односи, стабилноста, безбедноста и соработката во Регионот, министрите ја подвлекоа нивната обврска да работат заедно за да го осигураат брзиот економски развој на подрачјето, потенцирајќи ја либерализацијата на трговијата и проектите со инфраструктурен карактер, кои треба да обезбедат просперитет за луѓето од Регионот. Исто така, беше потенцирана Европската ориентација на државите од Регионот како интегрален дел од нивниот политички, економски и општествен развој.[169] По двете конференции на министрите за надворешни работи, шефовите на држави или влади на земјите на Југоисточна Европа се состанаа во Крит на 3 и 4 ноември 1997 година[170]. Критскиот самит беше прв состанок на највисоко ниво во историјата на соработката на Југоисточна Европа и на самитот се идентификуваа главните актери во овој процес. Главни учесници на Самитот во Крит беа: Албанија, Бугарија, Грција, Македонија, Романија, Турција и СРЈугославија, Босна и Херцеговина учествуваше како набљудувач. Словенија и Хрватска како членки на CEI не беа посебно заинтересирани за соработка во оваа иницијатива. Лидерите на земјите учеснички се согласија дека треба да работат заедно во создавањето на регионални услови за про–

---

168) Sofia Declaration on Good-Neighborly Relations, Stability, Security and Co-operation in the Balkans, Sofia, 7 July 1996. http://www.un.org/documents/ga/docs/51/plenary/a51-211.htm (Посетен на 26.05.2004).

169) Salonikia Declaration on Good-Neighborly Relations, Stability, Security and Co-operation in the Balkans, Salonikia, 10 June 1997. http://www.un.org/documents/ga/docs/52/plenary/a52-217.htm (Посетен 26.05.2004).

170) Joint Statement By the Heads of State and Government of Countries of South Eastern Europe. http://www.hri.org/docs/crete97.html; Bilman, L. (1998) "The Regional Cooperation Initiatives in Southeast Europe and the Turkish Foreign Policy", In: *Perceptions. Journal of International Affairs,* September-November, Volume III-Number 3, http://www.mfa.gov.tr/grupa/percept/lll-3/bilman.htm (посетен на 28.05.2004).

споритет на нивните нации, луѓето да живеат во мир, безбедност, стабилност и добрососедски односи.[171]

По овој самит на шефовите на држави и влади на земјите од Југоисточна Европа се одржаа уште неколку, во Анталија, во Букурешт и последниот во Скопје. Натамошниот развој на SEECP, примарно зависи од целосната имплементација на Акциониот план за регионална економска соработка, усвоен на Самитот во Скопје во 2001 година.

Иницијативата на НАТО за Југоисточна Европа (*NATO's South East European Initiative – SEEI*) беше промовирана на Вашингтонскиот самит, во април 1999 година. Основната интенција на SEEI се регионалната соработка и долготрајна безбедност и стабилност на регионот. Оваа иницијатива се темели на формирањето на Консултативен форум за безбеносните проблеми на ЈИЕ[172], промовирање на регионална соработка во ЈИЕ преку активности под покровителство на Евро-атлантскиот партнерски совет, користење на механизмите на Партнерството за мир[173] и програми за соработка во областа на безбедноста помеѓу земјите од регионот. Целта на иницијативата е да се обезбеди транспарентност во одбранбеното планирање, кризниот менаџмент и раководењето со одбраната.[174] Оваа цел се остварува преку одржување на активности како што се "работилниците" на теми кои се интересни за земјите од Регионот, а со цел унапредување на стабилноста преку регионална соработка и интеграција. За координација на регионалните

---

171) Joint statement by the Heads of State and Governments of the Countries of Sought Eastern Europe, Crete, 4 November 1997.

172) Во Консултативниот форум се вклучени: членките на НАТО, земјите партнери од ЈИЕ (Албанија, Бугарија, Хрватска, Романија, Македонија и Словенија) и Босна и Херцеговина. Бугарија, Романија и Словенија се членки на НАТО од 1 април 2004 година.

173) Иницијативата "Партнерство за мир" е промовирана во 1994 година со цел да претставува непосредна и практична програма за зголемување на довербата и соработката помеѓу НАТО и земјите учеснички во јакнењето на мирот и безбедноста. Според рамковниот документ за пристап на земјите во "Партнерството за мир", соработката со НАТО се темели врз основа на обезбедувањето на транспарентност на националното одбранбено планирање и на процесот на изработка на буџетот за одбрана, обезбедување на демократска контрола на вооружените сили, одржување на способноста и подготвеноста за учество во операциите под раководство на ОН или ОБСЕ, развој на воените односи и соработка со НАТО со цел оспособување за дејствување на полето на мировните активности, истражувањето и спасувањето, хуманитарните операции како и долгорочен развој на силите, заради нивно оспособување за дејствување со силите на членките на НАТО. Поширoко во: Стаменковски, А. (1997) *Одбрана НАТО*. Скопје: НИП Ѓурѓа, стр. 57–60.

174) NATO's Initiative for South East Europe, Washington, 23-25 April 1999. Пошироко на: http://www.nato.int/seei/home.htm (Посетен на 09.06.2004).

проекти воспоставена е Група за координација (*South East Europe Security Coordination Group - SEEGROUP*).

На состанокот на министрите за надворешни работи на земјите-членки на инцијативата,[175] на 29–30 мај во Будимпешта, беше донесен Документот за заедничката проценка на регионалните безбедносни предизвици и можности на земјите од Југоисточна Европа (*South East Europe Common Assessment Paper on Regional Security Challenges and Oppourtunities –SEECAP*). Документот е значаен затоа што партиципиентите во процесот се согласија дека "не постои директна опасност од воена агресија по националниот суверенитет, територијален интегритет или политичка независност" помеѓу земјите од ЈИЕ.[176]

Процесот за соработка на министрите за одбрана од ЈИЕ (*South-Eastern Defense Ministerial – SEDM*) има за цел да ги охрабри министрите за одбрана на земјите од Регионот да соработуваат по прашања од областа на одбраната, посебно од сферата на интероперативноста со силите на Алијансата.[177] Како плод на соработката на полето на одбраната формирани се Мултинационални мировни сили на Југоисточна Европа (ММСЈИЕ).[178] Овие сили се операционализирани во Бригада на ЈИЕ (*South East Europe Brigade – SEEBRIG*), која ќе учествува во мировни операции предводени од НАТО и ЕУ а со мандат на ОН или ОБСЕ.[179]

Со завршувањето на Косовската криза се направи нов обид за унапредување на безбедноста на регионот. Како резултат на залагањето на САД и ЕУ, во Келн–Германија, на 10 јуни 1999 година, беше ус–

---

175) На состанокот присуствуваше и СР Југославија, иако не е партиципиент на Иницијативата, како членка на Пактот за стабилност и Балканската конференција.

176) South East Europe Common Assessment paper on Regional Security Challenges and Oppourtunities, Budapest , 29-30 May 2001. Пошироко: http://www.nato.int/docu/comm/2001/0105-bdp/d010612a.htm (Посетен на 05.05.2004).

177) Во процесот беа вклучени министрите за одбрана на пет земји партнери (Албанија, Бугарија, Македонија, Романија, Словенија) и четири земји сојузнички (САД, Грција, Турција, Италија).

178) Во ММСЈИЕ се вклучени сите земји од SEDM, освен САД и Словенија кои имаат статус на набљудувач.

179) Иницијативата за формирање на Мултинационални мировни сили на ЈИЕ започна со Министерскиот состанок во 1996 година во Тирана–Албанија. Идејата се официјализира во Софија–Бугарија, во 1997 година, во Букурешт–Романија беше одржан состанок на 14–16 април 1998 година при што се потпиша Рамковниот документ. Имплементацијата започна со министерската средба одржана во Скопје, на 26.09.1998 година, кога се потпиша Договорот за формирање на мултинационалната мировна бригада.

воена иницијативата за Пактот за стабилност за Југоисточна Европа (*Stability Pact for South East Europe – SPSEE*). Во основачкиот документ, повеќе од 40 субјекти, земји партнери и организации, ја изразија нивната подготвеност за целосна поддршка на земјите од ЈИЕ “во нивниот обид да го унапредат мирот, демократијата, почитувањето на човековите права и економскиот просперитет со цел стабилизирање на целиот регион”. На самитот, одржан на 30 јули во Сараево, Пактот беше свечено промовиран.[180]

Целите на Пактот се: превенирање и ставање крај на тензиите и кризите; целосно развивање на демократскиот политички процес; создавање на добрососедски односи во Регионот; создавање стабилни макроекономии; унапредување на економската соработка; и борба против организираниот криминал, корупцијата и тероризмот.

За овие неколку години од своето постоење Пактот постигна одреден успех кој се однесува на комплетирање на неговата структура и трасирање на патиштата на понатамошната работа. Понатаму, Пактот стана важен форум за одржување на стабилноста на Регионот на ЈИЕ. Донаторската конференција и проектите за брз старт се релативно успешни и повеќето од нив се во фаза на реализација. И последно, меѓутоа не и најмалу важно, дојде до демократски промени кај некои земји од Регионот (Хрватска, СР Југославија, и одредени позитивни промени во Босна и Херцеговина).[181]

Република Македонија, во својство на набљудувач, активно учествува во Сегединскиот процес, инициран од страна на Унгарија во 1999 година, во рамките на сопствените заложби за активно учество во Пактот за стабилност. Денес, овој процес е насочен кон зајакнување на демократијата и улогата на локалната самоуправа во земјите на ЈИЕ, унапредувајќи ја прекуграничната соработка меѓу локалните власти и

180) Учесници во Пактот се: државите членки на ЕУ и Европската комисија; државите од регионот и нивните соседи (Албанија, Босна и Херцегоина, Бугарија, Хрватска, Македонија, Унгарија, Романија, Словенија и Турција); други држави (САД, Канада, Јапонија, Русија, Норвешка и Швајцарија); меѓународни организации (ОН, ОБСЕ, СЕ, УНХЦР, НАТО); меѓународни финансиски институции (Светската банка, Меѓународниот монетарен фонд, Европската банка за реконструкција и развој, Европската инвестициона банка); и регионалните иницијативи ( Рајмонт процесот, BSEC, CEI, SECI, SEECP).

181) СР Југославија му се приклучи на Пактот на 26 октомври 2000 година во Букурешт, што преставуваше прва меѓународна институција која и ги отвори своите врати на нова Југославија.

процесот на основање на Евро–региони. Исто така, Република Македонија има статус на набљудувач во рамките на Јадранско–јонската иницијатива, која имајќи ги предвид државите нејзини членки: Италија, Грција и Словенија–членки на ЕУ, Албанија, Босна и Херцеговина, Хрватска и Србија и Црна Гора–аспиранти за членство во ЕУ, се смета за перспективна иницијатива во рамките на регионалната мрежа на иницијативи на државите од Западниот Балкан[182].

### 6.1. Партиципацијата на меѓународните организации во субрегионалната соработка во регионот

На подрачјето на ЈИЕ веќе се инволвирани сите значајни европски и светски меѓународни организации, Обединетите нации (ОН), Организацијата за соработка и безбеденост во Европа (ОБСЕ), Советот на Европа (СЕ), Северноатлантската договорна организација (НАТО), Европската унија (ЕУ), и нивните различни функционални агенции. НАТО и ЕУ се вклучени како резултат на нивните активности околу проширувањето, преку програмата Партнерството за мир на НАТО и преку Договорите за асоцијација, односно за стабилизација и асоцијација со ЕУ. Исто така, нивното инволвирање се манифестира и преку кризниот менаџмент во Босна и Херцеговина, Косово и Македонија. Политичката, економската и воената сила на НАТО и ЕУ им дава на овие организации значително влијание, а како резултат на желбата на повеќето држави од овој регион да бидат членки на овие организации. ОБСЕ, СЕ и ОН се, исто така, активно инволвирани во ова подрачје преку разни проекти за поддршка на демократијата и човековите права, економскиот и еколошкиот развој, и активности од сферата на кризниот менаџмент и реконсилиацијата.

Покрај силното присуство на главните европски и меѓународни организации во ова подрачје не можеме да зборуваме за постигнување на некои импресивни резултати. Политиките на проширување се темелат на премисата дека државите можат да бидат примени во група, меѓутоа одлуките за членство ќе се темелат на подготвеноста на секоја поединечна земја апликант посебно. Овој приод не ја охрабруваше суб–

---

182) "Национална стратегија за интеграција на Република Македонија во Европската Унија–предлог", Влада на Република Македонија, Скопје, јули, 2004, стр.45.

регионалната соработка помеѓу државите партнери, а понекогаш, дури, и го зголемуваше натпреварувањето помеѓу нив во однос на развивањето поблиски врски со Запад. ОБСЕ, СЕ и ОН слично се фокусираа на специфични активности во државите членки (како што се набљудување на изборите, на пример) или погенерални активности (како на пример, обврската за контролата на вооружувањето на ОБСЕ).

НАТО своите субрегионалните активности ги реализира во рамките на ПзМ и на Евроатлантскиот партнерски совет (ЕАПС). ЕУ ги подржува мултилатералните активности помеѓу нејзините партнери и ги поддржа постоечките субрегионални инцијативи како што е, на пример, ЦЕИ. ОБСЕ започна со дискусии за сопственото место во субрегионалната соработка. Меѓународните организации дојдоа до сознание дека оваа соработка придонесува кон јакнење на безбедноста и развојот и затоа ги подржаа постоечките субрегионални инцијативи.

Европската унија, откако не успеа успешно да интервенира во разрешувањето на конфликтот во БиХ и Хрватска во почетокот на деведесеттите, постепено ја преземаше главната улога во ЈИЕ. ЕУ и нејзините земји членки се меѓу најголемите донатори на помош на постконфликтното градење на мирот во БиХ, Косово и Македонија. Преку договорите за асоцијација со Словенија, Романија и Бугарија, договорите за стабилизација и асоцијација со Македонија и Хрватска, односно договорите за трговија со останатите држави од Југоисточна Европа, ЕУ, исто така, се инволвира во засилена билатерална соработка со државите од регионот.

Сепак, обидите на ЕУ да ја промовира стабилноста и субрегионалната соработка имаа само ограничен успех. ЕУ имаше само делумен успех во користењето на своите економски и политички капацитети во намерата да ги охрабри домашните реформи. Иако Словенија, Бугарија и Романија се вклучени во првиот бран земји поканети да и се приклучат на ЕУ, економските околности, (освен на Словенија) на останатите земји од ЈИЕ им даваат малку надеж дека ќе и се приклучат на Унијата пред 2010 година, најрано. Заклучувањето, ратификацијата и имплементацијата на договорите за асоцијација, стабилизација и трговија со земјите од ЈИЕ е спор процес. Таму каде

што договорите се потпишани содржината на соработката е лимитирана и споро се развива. Иако ЕУ се обиде да ја промовира субрегионалната соработка помеѓу државите од поранешна Југославија преку Рајмонскиот процес, оваа инцијатива постигна само лимитиран успех. На тој начин, ЕУ вероватно направи помал прогрес од НАТО во надминувањето на билатералниот карактер на нејзините односи со земјите од ЈИЕ и охрабрувањето на мултилатералната, субрегионална форма на соработка. Еден од начините на промовирање на ваква соработка може да биде користење на каналите отворени со билатералните договори и програмата за помош, за да се промовира мултилатералната и трансгранична соработка во областите на економскиот развој, инфраструктурата, транспортот, екологијата и превенција на криминалот. На воено–политичко ниво, поголемо значење треба да и биде дадено на начините со кои новата “заедничка европска одбрана” може да ја промовира субрегионалната соработка во ЈИЕ преку вклучување на аспирантите во разни едукативни програми на Унијата[183].

Советот на Европа, посебно ОБСЕ, исто така се ангажираа во широк спектар на активности во ЈИЕ. Преку активностите на претседавачот и неговите специјални преставници, Високиот комесар за национални малцинства и мисиите на ОБСЕ, Организацијата ја презема водечката улога во пост–конфликтното градење на мирот во Албанија, БиХ, Косово и Македонија. ОБСЕ, исто така, презема бројни активности за воспоставување на субрегионална соработка во рамките на неговиот постојан совет во Виена. Советот на Европа, исто така, беше вклучен во различни форми на набљудување на изборите и активности за унапредување на демократијата во ЈИЕ. Ако се сака ОБСЕ и СЕ да ја зајакнат својата улога тогаш мора поголемо внимание да се посвети на нивните оперативни улоги. Исто така, неопходно е да им се доделат поголеми ресурси. Обете организации можат да дадат поголем придонес на полето на демократијата, човековите и малцински права. ОБСЕ би можел да обезбеди соодветна рамка за иницијални дискусии

---

183) Славески, С. (2002) “Субрегионалната соработка на земјите од Југоисточна Европа–прилог кон регионалната безбедност”, во: *Современа македонска одбрана*. Година III, бр.6, Скопје, стр. 31–32.

за тоа како транснационалните проблеми можат да бидат разрешени на субрегионални основи.

Пречка на поголемата надворешна поддршка за соработката во Југоисточна Европа преставуваат различните односи кои државите од субрегионот ги имаат со НАТО и ЕУ. Имено, Словенија, Бугарија и Романија се веќе членки на НАТО, додека Албанија, Хрватска и Македонија се членки на ПзМ и ЕАПС и го имаат потпишано таканаречениот Акционен план за членство што е последна фаза пред финалниот пристап во структурите на НАТО. Од друга страна, Босна и Херцеговина и СР Југославија (Србија и Црна Гора) не се членки на овие институции, односно програми, и не може со сигурност да се предвиди кога и дали ќе бидат.

Европската Унија манифестира два различни пиода кон земјите од Регионот. Од една страна, ЕУ ги повика Словенија, Романија и Бугарија, три земји од регионот кои веќе имаат потпишано договори за асоцијација (билатерални договори со ЕУ со кој се воспоставува политички дијалог и унапредува економската интеграција) да започнат преговори за полноправно членство во ЕУ, а од друга страна, ЕУ воспостви нова форма на договорни односи, договори за стабилизација и асоцијација, за земјите од таканаречениот Западен Балкан. Меѓутоа, содржината на овој договор во однос на договорот за асоцијација не е иста. Овој договор не содржи одредба за задолжително идно членство. До сега, ЕУ потпиша вакви договори само со Македонија и Хрватска, додека не можат да очекува, во блиска иднина, потпишување на слични договори помеѓу ЕУ и Босна и Херцеговина, Албанија и Србија и Црна Гора.

Како резултат на ваквите состојби, државите од ЈИЕ имаат различен степен на пристап до институциите на ЕУ и НАТО, односно до економската и воена помош, кои тие можат да им ја обезбедат. Тоа им создава потешкотии на ЕУ и НАТО подеднакво да ги привлечат сите земји од субрегионот во активности околу субрегионалната соработка. Понатаму, овие разлики почнуваат да се продлабочуваат со приемот на некои од земјите од ЈИЕ во НАТО и ЕУ, (Словенија во НАТО и ЕУ, Бугарија и Романија во НАТО).

Додека главните европски безбедносни организации можат и треба да направат повеќе за да ја унапредат субрегионалната соработка во ЈИЕ, напредокот на субрегионалната соработка не може да биде одвоен од поширокиот политички и безбедносен развој на субрегионот. Субрегионалната соработка нема да може да се развива или да игра значајна улога ако ЈИЕ ја карактеризира продолжено насилство и влошување на меѓуетничките и меѓусебните односи. Во овој контекст, Западот не успеа да развие една ефективна стратегија за соочување со наведените причини за субрегионалните проблеми предизвикани од дефектите во процесот на демократизација и насилниот национализам. Долгорочно, решението за кризите во БиХ, Косово и Македеонија, и проширувањето на стабилноста низ целото подрачје на Југоисточна Европа ќе зависи од развојот на демократиите кои по исти стандарди ќе ги почитуваат човековите и малцински права во сите држави, како и принципот на неменување на меѓународните граници. За да се постигне оваа цел, клучните членки на НАТО, ЕУ, ОБСЕ и СЕ ќе треба да останат длабоко ангажирани во Југоисточна Европа во годините што доаѓаат. Еден елемент на овој ангажман треба да биде засилена поддршка на субрегионалната соработка. Предизвик за главните европски и меѓународни организации ќе биде изнаоѓањето на политички простор во кој субрегионалните организации ќе можат да се развиваат и да се обезбеди политичка и материјална поддршка за максимизирање на оваа соработка[184].

Иако овој фрагментиран приод на интеграција можеби нема да предизвика понатамошна поделба помеѓу земјите од ЈИЕ, тој не ја промовира интеграцијата, односно не води до зголемена соработка во Регионот. Меѓутоа, како што веќе напоменавме, политичката и економска интеграција на земјите од регионот на ЈИЕ е еден од условите за долготрајна регионална стабилност и интеграција во западноевропските структури. Оттука, сепак ќе се согласиме дека, на одреден начин, иницијативите за регионална соработка влијаат на стабилизирањето на политичко-географската положба во регионот и ги намалува

184) Исто, стр.32–33.

опасностите од радикални пресврти кога станува збор за политичко-географскиот процес во регионот.

| Табела бр.3 | Членство на Република Македонија во Меѓународни организации: | |
|---|---|---|
| 1 | IMF-Меѓународен монетарен фонд | 14 декември 1992, Одлука на Бордот за сукцесија, ефективно 21 април 1993 |
| 2 | ICAO-Меѓународна организација за цивилна авијација | 9 јануари 1993 |
| 3 | WB-Светска банка | 25 февруари 1993 |
| 4 | UN-Обединети нации | 8 април 1993 |
| 5 | UNCTAD–Конференција на ОН за трговија и развој | 8 април 1993 |
| 6 | UN/ECE–Економска комисија на ОН за Европа | 8 април 1993 |
| 7 | UNICEF–Меѓународен фонд за децата | 8 април 1993 |
| 8 | WFP–Светска програма за храна | 8 април 1993 |
| 9 | CEI–Централно европска иницијатива | 17 април 1993 |
| 10 | EBRD–Европска банка за обнова и развој | 21 април 1993 |
| 11 | WHO–Светска здравствена организација | 22 април 1993 |
| 12 | IMO–Меѓународна поморска организација | Мај 1993 |
| 13 | ITU–Меѓународна организација за телекомуникации | 4 мај 1993 |
| 14 | UNIDO–Организација за индустриски развој на ОН | 27 мај 1993 |
| 15 | ILO–Меѓународна организација на трудот | 28 мај 1993 |
| 16 | UPU–Универзална поштанска унија | 16 јуни 1993 |
| 17 | UNESCO–Организација за образование, наука и култура на ОН | 28 јуни 1993 |
| 18 | WMO–Светска метеоролошка организација | 1 јули 1993 |
| 19 | WIPO–Светска организација за интелектуална сопственост | 23 јули 1993 |
| 20 | IAEA–Меѓународна агенција за атомска енергија | 27 септември 1993 |
| 21 | IFAD–Меѓународен фонд за развој на земјоделието | Јануари 1994 |
| 22 | ISO–Меѓународна организација за стандардизација | 1 јануари 1995 |
| 23 | Меѓународен центар за генетски инженеринг и генетика | 27 април 1997 |
| 24 | OSCE–Организација за безбедност и соработка во Европа | 12 октомври 1995 |
| 25 | WTO–Светска туристичка организација | 21 октомври 1995 |
| 26 | FAO–Организација за храна на ОН | 8 ноември 1995 |
| 27 | Совет на Европа | 9 ноември 1995 |

| | | |
|---|---|---|
| 28 | PfP–Партнерство за мир | 15 ноември 1995 |
| 29 | PSJIE–Процес за соработка на ЈИЕ | 1996–од основање |
| 30 | OPCW–Организација за забрана на производство, складирање и употреба на хемиско оружје | 20 јули 1997 |
| 31 | EAPS–Евроатлантски партнерски совет | 11 март 1996 |
| 32 | Банка за развој | 15 декември 1997 |
| 33 | SECI–Иницијатива за соработка во ЈИЕ | Декември 1996–од основање |
| 34 | Франкофонија | 5 септември 1999–асоцијативна членка |
| 35 | CTBT–Организација за сеопфатниот договор за забрана на нуклеарни проби | 14 март 2000 |
| 36 | IOM–Меѓународна организација за миграција | 13 јули 2000 (набљудувач) |
| 37 | WTO–Светска трговска организација | 4 април 2003 |

**Забелешка:** Со приемот во членството на ОН, Република Македонија стана членка на низа програми и органи на ОН, од кои некои се дадени во табелата (UNICEF, WFP, UNCTAD). Во овие програми и тела исто така спаѓаат и: UNCHR (Висок комесаријат за бегалци на ОН), UNDP (Програма за развој на ОН), UNIFEM (Фонд за жените на ОН), UNDCP (Програма за контрола на дрогата), UNEP (Еколошка програма на ОН) и други.

**Извор: Министерство за надворешни работи на Република Македонија, www.mnr.gov.mk**

## 7. АНАЛИЗА НА ДЕТЕРМИНАНТИТЕ КОИ ВЛИЈААТ НА ПОЛИТИЧКО-ГЕОГРАФСКАТА ПОЛОЖБА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Определувањето на политичко–географската положба подразбира комплексна анализа на влијанието на повеќе детерминанти. Од тие причини во докторската дисертација при определување на политичко–географската положба на Република Македонија опфатени се физичко–географските, геополитичките, геостратегиските, сообраќајно–географските, културно–цивилизациските и економските–географските детерминанти.

*ФИЗИЧКО-ГЕОГРАФСКИ ДЕТЕРМИНАНТИ.* Апсолвирањето на географските фактори единствено со нивната физичко–географска компонента, претставува оддамна надмината состојба. Таквиот природно–географски детрмининизам, често пати, доколку се осврнеме на геополитичките, идеолошките и военостратегиските експликации, претставувал нивна појдовна премиса. Според нив, настојувањата за подобрувањето на квалитетот на географскиот простор, освојувањето на суровински, енергетски, хидрографски и стопански богатите простори претставувале примарна задача и “ексклузивитет” на големите сили кои го применуваат природно–географскиот детерминизам заради зачувување и јакнење на нивните позиции или оневозможување на евентуалниот соперник да дојде до нив. Од друга страна, како дијаметрална спротивност, но еквивалентни по својот екстремизам и деформираност се диференцираат размислувањата кои имаат комплетно негаторски однос кон улогата на природните фактори.

Многу добар пример за прифаќањето и негирањето на физичко-географскиот детерминизам претставуваат германските и француските гледишта за политичката географија. Французинот Видал де ла Блаш (*Vidal de la Blache 1845-1918*) со својот посибилизам се спротивставил на теоријата за географскиот–детерминизам. Според него природната средина претставува ограничувачки фактор и нуди можности (*posibilite*) за нејзино освојување, меѓутоа начинот на човековото влијание и прилагодувањето на природните услови во голема мерка зависат од неговите сопствени традиции и начинот на живеење (*le genre de vie*). Притоа, под *le genre de vie* се подразбира збир на институции, традиции, цели и

технички навики на луѓето, односно сето она што антрополозите го нарекуваат култура. Видал приметил дека едни исти природни можности на различни начини се искористени од страна на луѓе со различна култура. Исто така, Л. Февр (L. Febvre) истакнува дека ”*Никаде не постои нужност, секаде постои можност*”. Човекот како владател на можностите пресудува за нивната употреба, односно на прво место се става човекот, а не земјата, ниту пак климата, ниту местоположбата”[185].

Се наметнува констатацијата дека комплексот од физичко–географски и општествено–географски детерминанти, всушност делува заеднички, додека интензитетот и доминантната улога на одредени фактори пред се зависи од конкретниот простор и сплетот на историски околности. Местото и улогата на физичко–географските фактори може да се идентификува само на ниво на “арена” во која формата и крајниот резултат на процесите го детерминираат општествено–географските фактори. Ваквата релација, односно интерактивно дејство на физичко–географските и општествено–географските фактори мора да се има предвид при анализирањето и одредувањето на вкупниот квалитет на политичко–географската положба[186].

Потенцирањето на значењето и влијанието на одредени морфолошки и хидролошки карактеристики на историскиот развиток и современите меѓународни односи, на прв поглед може да се разбере и протолкува како теза тесно поврзана со карактеристиките на природно–географскиот детерминизам и теза која лесно се “урива”. Меѓутоа, внимателната анализа може да укаже на поврзаноста на природната основа и општествената надградба. Притоа, може да се детерминираат неколку основни елементи, значајни за влијанието на физичко–географските детерминанти врз општествените процеси и профилирањето на политичко–географската положба.

а) Историски набљудувано, по долините на големите реки создавани се и лоцирани сите некогашни позначајни форми на државотворност (долината на реката Нил, Месопотамија, до–

---

185) Грчиќ, М., (2000), “Политичка Географија”, Београд: Географски факултет, стр. 46

186) Степиќ, М., (2001) *У вртлогу балканизације*. Београд:Службени лист, Институт за геополитичке студије, стр. 27.

лината на реката Инд и др). Тоа биле простори кои овозможувале единствена животна рамка за егзистенција на развиените општествени организации. Во тој контекст и денес постојат држави кои остваруваат исклучително тесна врска помеѓу нивната национална економија, односно егзистенција и хидрографските карактеристики.

б) Големите речни текови имаат големо влијание, како природна основа, врз повлекувањето на државните граници или во организацијата на животот во одредени региони.

в) Припадноста на одредени делови од поречието на различни држави, може значително да влијае на меѓународните односи. Оттука, според теоријата на природното право на континенталните држави, кои располагаат со изворот и со горниот тек на реката, имаат право и на излез на море, односно партиципација во зоната на устието. Генерално ваквите ставови имаат негативно влијание во меѓусоседските односи.

г) Постојат голем број на примери за војни и конфликти за водата или недоразбирања околу искористувањето на водените ресурси. Така на пример, во државите низ кои протекува реката Јордан (Израел, Либија, Сирија и Јордан) се прават обиди преку изградба на брани и други објекти, секоја држава да задржи што е можно повеќе вода на сопствената територија. Египет зависи од водите на реката Нил, односно 97% од водата за пиење доаѓа од реката Нил. Нил и неговите притоки во нивниот горен ток ги користат голем број на држави: Судан, Етиопија, Кенија, Уганда, Руанда, Бурунди, Танзанија и Д.Р. Конго. Египет има потпишано договор со Судан во 1959 година за користење на водите на реката Нил, но не и со другите држави во регионот кои го користат сливот на Нил според сопствените потреби. Етиопија планира да изгради хидроцентрали кои ќе го намалат нивото на Белиот Нил за 10%, со што ќе се намалат водените капацитети кои се наоѓаат во

неговиот долен ток[187]. На територијата на Македонија исто така постоеле конфликти и недоразбирања околу водните ресурси. Имено, најпознати се конфликтот со регионалниот водовод "Студенчица", меѓудржавниот конфликт помеѓу Македонија и Грција поради непочитувањето на договорот за искористување на водите од Дојранското Езеро од страна на Грција кон крајот на 80–те години од дваесеттиот век. Исто така, и во конфликтот од 2001 година опсадата на Липковската брана од страна на албанските екстремисти, со што градот Куманово повеќе денови беше без вода за пиење[188].

*ГЕОПОЛИТИЧКИ ДЕТЕРМИНАНТИ*. Во многу држави во светот, значењето на геополитиката било минимизирано поради сваќањето дека таа нема никакви допирни точки со науката. И покрај таквиот став на поголемиот дел од научната јавност, политичките кругови и аналитичарите на меѓународните односи, не можеле да ги ескивираат наодите и предупредувањата на геополитиката, како и нивното метаморфирање и склопување со аргументите на географијата или историјата, од друга страна, одредени поединци се обидувале да направат нејзина рехабилитација[189].

Геополитиката, која го има својот зародиш уште од времето на Херодот, стекнува широка актуелност во деветнаесеттиот век и првите години од дваесеттиот век во трудовите на американскиот адмирал А.Т. Махон (*A.T. Mahon 1840-1914*), за улогата на морската сила во завладувањето со светот, германскиот географ Ф. Рацел (*F. Ratzel 1844-*

---

187) Пошироко во: Stroh, K. *Water: An Advocate for Reason Win-win Solution for the Nile Basin.* In: IPG-Internationale Politik und Gesellschaft, Fridrich-Ebert-Stiftung, 4/2003, p.96. Cvtila, V. *"Iračka kriza" i novi regionalni poredak.* In: Međunarodni odnosi, Zagreb, Fakultet političkih nauka, 2003, str.235.

188) Змејковски, М. (2001) *Човекот, водата и животната средина.* Скопје: НИП "Студентски збор", стр.36.

189) Постојат различни ставови околу тоа дали геополитиката претставува наука или не. Подолг период доминирале теории дека геополитиката претставува концепција, која ја објаснува политиката на државата. Во американската литературе таа се здобива со статус на општествена научна дисциплина, која се занимава со проучување на ефективноста на етничките, демографските и економските аспекти врз државната политика. На нашите простори (Балканот), во изминатите педесет години, геополитиката не била вклучена во мултидисциплинарниот инструментариум за проучување на Балканот, поради што доминираа идиличните слики за тој простор. Преовладуваа верувања дека дипломатијата и политиката, економијата и воената стратегија, базирани на идеолошки премиси, ја прават геополитиката на Балканот непожелна и во голема мерка демантирана. Дезинтеграцијата и воените судири на просторот на поранешната заедничка држава покажа дека таквите верувања биле неосновани.

*1904*) за поврзаноста на географијата и животниот простор, шведскиот професор по политички науки J.P. Челен (*J.R. Kjellen 1864-1922*), за државата како организам и надмоќта на германската раса, британскиот научник Х.Ј. Мекиндер (*H. J. Mac Kinder 1861-1947*), за улогата на хертланд и германскиот генерал и географ К. Хаушофер (*K. Haushofer 1869-1946*) за геополитичките причини на хитлеровата експанзија. Сите овие ставови на прв поглед изгледаат доста енигматични и во голема мерка тешки за објаснување.

Дискредитирањето на геополитиката во голема мерка е резултат на нејзиното користење за проектирање и оправдување на германскиот експанзионизам уште во XIX век, а особено во XX век, во контекстот на Првата и Втората светска војна. Исто како што денес се силни тенденциите за сето она што се поклопува со поимот марксизам да се елиминира, така и геополитиката после Втората светска војна е "закопана заедно со Хитлер во неговото подземно засолниште во Берлин"[190]. Наместо врз база на наодите и предупредувањата на геополитиката, навремено да се предвидат, согледаат и по можност спречат експанзионистичките пориви на Хитлерова Германија, геополитиката како научна дисциплина е поистоветувана со доктрината на крвта и почвата (*Blut und Boden*), со животниот простор (*Lebens Raum*) и народот–господар (*Herren Volk*)[191].

Ваквите констатации во секој случај не треба да доведе до сознание дека геополитиката претставува симбол на вистината, особено елиминирајќи ги сознанијата и предупредувањата кои произлегуваат од проучувањето на историјата, меѓународните односи, глобалните цивилизациски достигнувања и хуманите стремежи на човештвото. Желбата за моќ не е продукт на геополитиката, напротив, желбата за моќ ја издигнува геополитиката на пиедестал на единствена и неприкосновена вистина. Токму тоа, при геополитичките анализи мора да се има во предвид за да не се западне во опасниот лавиринт на заблуди на користената литература, која можно е да има такви тенденции. Тоа несомнено води кон погрешно толкување на политичко–географските

[190] Петковиќ, Р. (1996) *XX век на Балкану, Верскај, Јалта, Дејтон*. Београд: Службени лист СРЈ, стр.10.

[191] Исто, стр.10–11.

процеси и ја детерминира субјективната геополитичката валоризација на политичко-географската положба.

Присутноста на геополитичките анализи укажуваат дека се повеќе доаѓа до ревитализирање на (рехабилитација) на геополитиката, не како научна дисциплина која автоматски произведува вистина, туку како дисциплина без која тешко може да се постигнат точни и целосни сознанија за општествените и меѓународните појави.

Балканскиот Полуостров со сите сопствени карактеристики во изминатите два века претставува вистинска лабораторија за изучување на сите позитивни и негативни својства на геополитиката.

Историски гледано, повеќе истакнати војсководци, државници и научници ја потенцирале врската помеѓу политиката и географијата. Многу погледи за таа поврзаност добивале димензија на детерминизам, но реалните размислувања воспоставиле порационален однос помеѓу политичките феномени на една страна и географските појави и процеси, на друга страна. Ваквиот однос на политиката и географијата претставува широко поле на интерес на геополитиката и политчката географија, при што релациите помеѓу овие дисциплини не се јасно издиференцирани и каде што нивниот предмет на проучување неретко се испреплетува и меѓусебно надополнува. Оспорувањето на геополитиката после Втората светска војна, оправдувајќи го таквиот став со "нацистичката хипотека", во никој случај не ја намалува вредноста на геополитичките детерминанти и нивната клучна улога во механизмот на светските односи.

Имено, геополитичките детерминанти на положбата на некој простор, место или политичко-територијална единица, спаѓаат во групата на најзначајните квалитативни својства на територијата и претставуваат значаен посреден или непосреден елемент во вкупните политички, економски, демографски, културно-цивилизациски, безбедносни и други процеси.

Геополитичките детерминанти имаат големо значење за профилирањето на политичко-географската положба. Истите се доста варијабилни што произлегува, на одреден начин, од променливите ставови за геополитиката. Имајќи ја предвид еволутивната патека на развојот

на геополитичките сваќања В.Д. Мамаду (V.D.Mamadouh) определува неколку различни пристапи кон проучувањето на геополитиката: класична геополитика, неокласична–геополитика, субверзивна геополитика, не–геополитика (non-geopolitics) (политичка–географија на меѓународните односи) и постмодерна геополитика[192].

| Табела бр.4 | Четири геополитички пристапи | |
|---|---|---|
| | Практично/применливо | Академско |
| Држава | Нео–класична геополитика, геополитика, геостратегија, геоекономија | Не–геополитика политичка географија |
| Други политички актери | Субверзивна геополитика интерна и екстерна геополитика | Пост–структурална геополитика критичка геополитика |

**Извор:** Mamadouh, V.D., *"Geopolitics in the nineties: one flag, many meanings"*, GeoJurnal 46, Kluwer Academic Publishers, 1998, p.239.

Основните елементи на класичната геополитика, според Мамаду (*Mamadouh*), можат да се објаснат во неколку зборови: државата се подразбира како жив организам, поради што нејзините граници се многу флексибилни, односно границите на државата се зголемуваат во ситуација кога расте нејзината сила. Карактеристично за класичната геополитика е географскиот детерминизам, спротивно од "посибилизмот" застапуван од Францускaта географска школа.

Неокласичната геополитика се разликува од класичната геополитика според следните точки: *Прво,* државата не се подразбира како организам, со променливи граници, односно државата се набљудува во светлината на нејзините национални интереси и национална безбедност. Се напушта географскиот детерминизам, а во текот на осумдесеттите години од минатиот век се зголемува интересот за т.н. нуклеарна геополитика. Се профилираат неколку "жешки" точки од аспект на безбедноста: СССР, Заливска Војна, вселена, ислам и др. Субверзивната геополитика (сè е геополитика), чиј протагонист е французинот Ив Лакост (*Yves Lacoste*), како главен предмет на геополитиката ги истакнува територијалните конфликти (многу почесто од државата или државниот систем). Анализите се насочени на природата на барањата

---

192) Mamadouh, V.D. *"Geopolitics in the nineties: one flag, many meanings"*, GeoJurnal 46, Kluwer Academic Publishers, 1998, p.p.237-253.

на политичките актери во одреден географски простор. Лакост и дава големо значење на внатрешната геополитика (*Internal geopolitics*), односно, на значењето на административните региони во државата. Ваквиот приод, во одредена литература е составен дел на електоралната географија (географија на изборите).

Не–геополитика (*Non-geopolitics*) (политичка географија на меѓународните односи). Мамаду (*Mamadouh*) овој правец го нарекува не-геополитика поради неговата интенција за "неутрализирање" на геополитиката. Истиот своите извори ги има во препородот на политичката географија кон крајот на седумдесеттите и почетокот на осумдесеттите години од дваесеттиот век.

Значајни теми на истражување кај не–геополитиката (*Non-geopolitics*) се територијалните карактеристики на државата и нејзиниот политички систем. Односно, просторната дистрибуција на силата помеѓу државите, особено помеѓу големите сили и супранационалните актери како што се Организацијата на Обединетите Нации и НАТО (пр: улогата на ООН во граничните конфликти). Ваквиот дискурс овозможи воведување на "мировни студии" како спротивност на стратегиските студии, односно создава приод кој може да се нарече мировна–геополитика.

Англо–саксонските политички–географи како што се П.Ј. Тејлор (P. J. Taylor) и Ј. О'Лафлин (J. O'loughlin), геополитичките теми ги класифицираат во две "теории". "Практична геополитика" која претставува водилка на надворешната политика на државата и која претставува водич во одредувањето на она што е добро или лошо, односно прави дистинкција помеѓу "Нас" и "Нив". И "Формална геополитика", која се практикува на академско ниво и која се однесува на меѓународните односи, и чија главна задача претставува критичката анализа на "практичната геополитика".

Пост–структурниот или постмодерниот геополитички (критичка геополитка) пристап за прв пат е промовиран во САД[193]. Геополитичките перцепции се проблематизирани, познавањето и дебатирањето за

---

193) Според *Mamadouh* терминот критичка геополитика за прв пат се сретнува во докторската дисертација на *G. Ó Tuathail "Critical geopolitics: the social construction of state and place in the practise of statecraft"*, одбранета на Универзитетот Сиракуза, Њујорк, во 1989 година. Mamadouh, V.D., "Geopolitics in the nineties: one flag, many meanings", GeoJurnal 46, Kluwer Academic Publishers, 1998.

географските карактеристики на меѓународните односи се најчести објекти за истражување. О'Тул (*Ó Tuathail*) идентификува три видови на геополитика: *popular geopolitics* ( медиуми, кино, романи), практична геополитика (надворешна политика, политички институции) и формална геополитика (стратегиски институти, академско ниво). Сите три допринесуваат за просторно ограничување на границите и опасностите (геополитичка карта на светот), како и геополитичко претставување на себеси и другите (геополитичка имагинација). Постмодерната геополитика, користејќи го геополитичкиот модел на Луке (*Luke*), односно постмодерниот информатички капитализам, дава насоки за ново претставување на светот (карти наспроти ГИС системите), негова поделба (Исток/Запад наспроти Џихад/McWord), како да се идентификуваат главните геополитички актери (играчи), (држави и лидери наспроти компјутерски мрежи и киборзи)[194].

Еволуцијата и значењето на различните пристапи кон проучувањето на геополитичките карактеристики на просторот, ќе ни овозможи објективно анализирање и разбирање на геополитичките детерминанти како "круцијални" во дефинирањето на нивното влијание врз политичко-географската положба на Република Македонија. Притоа, настојувајќи да не западнеме во методолошките замки и оптоварувања на користената литература.

*ГЕОСТРАТЕГИСКИ ДЕТЕРМИНАНТИ*. За секоја држава една од основните национални цели претставува националната безбедност, која ја опфаќа нејзината способност да ги порази непријателските сили, со што може да обезбедат услови за непречено остварување на другите национални цели. Во тој случај, ако се согласиме дека едно од средствата за остварување, на претходно искажаното, претставува војната која според Фон Клаузевиц претставува продолжение на политиката но со други средства, тогаш продолжение на геополитиката претставува геостратегијата. Ова произлегува од релацијата помеѓу следните две прашања: додека геополитиката се обидува да одговори на прашањето, кој има право на одредена територија?, геостратегијата одговара на

194) Mamadouh, V.D. *Geopolitics in the nineties: one flag, many meanings.* GeoJurnal 46, Kluwer Academic Publishers, 1998, p.245.

прашањето, како да се завладее со одредена територија?[195]. Класичниот геостратегиски концепт би не упатил на анализа на военостратегиските потенцијали на одредени држави или одредена територија со целокупниот квалитет на географскиот простор. Меѓутоа, современите геостратегиски трендови кои го наметнуваат концептот на создавање на сфери на геостратегиски интерес, без значително присуство на воени потенцијали и можност за "војување од далечина" во голема мерка ги профилира современите геостратегиски детерминанти.

Терминолошки гледано, префиксот "гео" во геостратегијата упатува на географските објекти како што се патни комуникации, железници, населби и сл. Основната цел на геостратегијата, како што веќе напоменавме, претставува остварување контрола на територијата, завладување со геостратегиските позиции, утврдувања, пристаништа, острови, канали, големи комуникациски и логистички артерии. Познати се примерите за Средоземното море, Блискиот Исток, Балканот, Гибралтарскиот мореуз, Босфор, Дарданели, големите нафтни лежишта во Персискиот залив и др. Сите овие примери, претставуваат објекти на децениско спротивставување на одредени геостратегиски политики. Теоретската геостратегија црпејќи искуства од различни карти, концепции и историски знаења, нуди најефикасни решенија за прекинување на коминикациите, за изолирање на армиите и просторот, за воспоставување контрола над територијата и сл. Значи, суштината на геостратегијата е премин на дадената територија од една контрола во друга.

Кога станува збор за геостратегијата и воената вештина, односно нивната географска условеност и причинско-последичните врски очигледна е нивната компатибилност во поглед на сваќањето на самата стратегија[196] а посебно на нејзините три класични доктрини од преднук-

---

195) Грчиќ, М., (2000), "Политичка географија", Београд: Географски факултет, стр.91

196) Зборот стратегија (στρατηγία – водење војска) потекнува од античка Грција. Со него било опфатено водењето и командувањето со војската, се означувала вештината на генералот. Меѓутоа, со текот на времето самиот поим стратегија еволуирал, како во појмовна така и во содржинска смисла, притоа задржувајќи ја својата првобитна поврзаност со војската и војувањето. На таквото нејзино првобитно значење биле надградувани нови видувања и содржини условени од промените во

леарниот период – сувоземната (автор на сувоземната стратегија е Карл Фон Клаузевиц, автор на делото "За војната" кое се појавило по неговата смрт во 1831 година) , поморската (за родоначалник на поморската стратегија се смета Алфред Тејер Махан) и воздухопловната ( автор на оваа стратегија Ѓулио Дует после Првата светска војна). Географски комплекс најчесто се базира само на архаично физичкогеографско–детерминистичко сваќање на просторот како место на кое се изведуваат воени операции при што антропогеографските фактори се "ставаат на страна" или вреднуваат преку други показатели. Имајќи предвид дека современото поимање на политичката географија претставува симбиоза на три структурни елементи (политичка географија во потесен смисол на зборот, геополитика и геостратегија), консеквентно на тоа, геополитичките и политичко–географските детерминанти се практично неодвоиви од геостратегиските. Ваквата констатација произлегува од аналогијата која укажува на тоа дека положбата, обликот, големината, компактноста, природните ресурси и останатите карактеристики на територијата, заедно со нејзината антропогена структура и влијанието на поблиското и подалечното опкружување ги сочинуваат нивните најважни заеднички содржини. Исто така, поимот геостратегиска положба се дефинира слично како геополитичката и политичко–географската но специфично фокусирана од аспект на воената вештина и потреба. Валоризацијата на геостратегиската положба подразбира анализа на физичко–географските и антропогеографските чинители, силата, правците на пробив, предностите на територијата и недостатоци на потенцијалниот непријател.

*СООБРАЌАЈНО-ГЕОГРАФСКИ ДЕТЕРМИНАНТИ*. При анализирањето на сообраќајно–географските детерминанти и определувањето на нивното влијание врз политичко–географската положба, може да се каже дека истите најдиректно влијаат во одредувањето на квалитетот на територијата. Анализите кои се однесуваат на сообраќајот, односно сообраќајната поврзаност и функционирање на државата се среќаваат уште во раниот зародиш на политичко–географските погледи.

---

воената организација, воената технологија, начинот на војување и др., при што стратегијата своето место го наоѓа и во областа на политиката, стопанството, дипломатијата и сл. Пошироко во: Нацев, З. (1998) *Доктрина и стратегија на националната одбрана*. Скопје: Нип "Ѓурѓа", стр.75.

Државната територија преку нејзината сообраќајна поврзаност во значителна мерка ја профилира сопствената територијална компактност и внатрешна кохезивност. Во ситуација на слабо развиен сообраќај, државата најчесто се соочува со следните проблеми, прикажани на шемата број 1.

**Шема бр.3**




Поради овие причини, најчесто доаѓа до пројавување на таканаречени центрифугални сили и до јакнење на регионализмот, кој во комбинација со националната, верската, јазичната, културната и друга разноликост, како и историското наследство водат кон сепаратизам. Оттаму, како примарен императив на секоја држава се јавува интенцијата за воспоставување на соодветна сообраќајна мрежа, која не само што ќе придонесе кон поефикасен стопански развој, туку ќе овозможи зачувување на територијалната компактност и промовира безбедносно–политичката стабилност.

Врз основа на сообраќајната мрежа можат да се идентификуваат внатрешните просторно–развојни определби на државите, на пример моноцентризмот во Франција, наспроти полицентризмот во САД.




**Слика бр.23 Француски моноцентризам - Париз во центарот на сообраќајната инфраструктура**
(**Извор**: Route Planner Europe, Sonymap)

Исто така, можно е да се воочат и надворешните експанзионистички, геополитички и воеtechnostratегиски интереси, пример Австроунгарските настојувања преку "Новопазарскиот санџак" да се излезе на Солун, германската дилема за глобална експанзија: копнената "идеја Багдад" и поморската "идеја Хамбург", руско-турските разлики околу трасите за нафтоводот во Касписко-црноморската зона и др.

Многу важен фактор на територијалната интеграција и консолидација претставуваат карактеристиките на сообраќајот. Овие карактеристики во голема мерка своето влијание го манифестираат врз политичките и општите цели како на внатрешната, така и на надворешната моќ на државата. Вообичаено во оние држави во кои има слабо развиен сообраќај, отежната е контролата на сите делови на територијата и полесно се јавуваат сепаратистички движења.

Од друга страна, познато е дека Римската и Австроунгарската империја претставувале "друмски империи", односно ја граделе својата моќ на фаворизирајќи ја централистичката политика во сообраќајот. Во денешни услови Франција ја зацврстува својата моќ градејќи сообраќајна мрежа чии центар претставува нејзината престолнина, Париз. Европската Унија исто така има амбициозна политика со цел модернизирање и унификација на сообраќајните мрежи на државите членки, но и ин-

вестирање во сообраќајот во државите аспиранти за членство. Во колкава мерка сообраќајот може да претставува отежителна околност за интегрирање, претставува примерот со поранешните републики на Советскиот Сојуз, кои имаат проблем да се интегрираат во железничката мрежа на Европа, поради поголемата широчина на пругите–колосекот[197].

Оттука, неопходни се научно фундирани пристапи и стратегии кон анализата на сообраќајно–географските детерминанти, со основна цел нивно вистинско валоризирање во практичните заложби за интегрирање на териториите како основен предуслов за севкупен развој на политичко–територијалните субјекти.

*КУЛТУРНО-ЦИВИЛИЗАЦИСКИ ДЕТЕРМИНАНТИ*. Крајот на милениумот, односно почетокот на новиот беше предопределен, временски апсолвирано со завршувањето на скоро полувековна глобална поделба на светот на два меѓусебно противречни политички, економски, идеолошки и воени блокови. Со завршувањето на таквата временска и фактичка конципираност на светот, на површината испливаа мотиви за научна анализа и проценка на основните постулати за функционирање на идниот светски поредок. Футуристичките погледи за односите во светот во 21 век многу често имаат “призвук” на екстравагантни или катастрофични, но има и такви кои претставуваат симбиоза на веќе познатити размисли и погледи за структурата на новиот светски поредок.

Френсис Фукујама (*Francis Fukuyama*), промовира теоретски пристап за “крајот на историјата”, во својот провокативен есеј “*The End of History*”. Неговото навестување на крајот на историјата претходеше на завршувањето на Студената војна и воопшто не беше случајно. Имено, Фукујама сопствената идеја ја промовирал кон крајот на летото 1989 година, наговестувајќи го новиот светски поредок. Според изјавите на самиот автор на оваа теорија, истата претходела на неговото прераспределување на местото заменик директор на Оделението за планирање на политиката на САД. Истата година, во декември тогашните претседатели на САД и СССР, Буш и Горбачов, објавиле завршување на “Студената војна”[198].

---

197) Грчић, М. (2000) *Политичка географија*. Београд: Географски факултет, стр. 199

198) Пошироко во: Фукујама, Ф. (1994) *Крајот на историјата и последниот човек.* Скопје: Култура

Кон средината на 90–те година на дваесеттиот век беше промовирана уште една парадигма, наречена “Судир на цивилизациите”, од страна на професорот по политикологија на Харвардскиот универзитет, Семјуел Хангтинтон (*Samuel Huntington*). Структурните премиси на оваа парадигма, потекнуваат од периодот на т.н. трет бран на демократизација, отпочнат во 1974 година. Имајќи ги предвид настаните по рушењето на Берлинскиот ѕид, Хантингтон потенцира дека завршува ерата на идеолошката поделеност и конфронтираност, односно дека настапува период на судир на цивилизации[199].

Ваквата теорија, “аплицирана” на Балканското полуострово, особено на неговиот западен дел, укажува на неговата културно–цивилизациска контактност и “територијално допирање” на три културно–цивилизациски кругови – византископравославниот, католичкиот и исламскиот.

*ЕКОНОМСКО-ГЕОГРАФСКИ ДЕТЕРМИНАНТИ*. Економско–географските детерминанти исто така имаат соодветно место во анализата на детерминантите кои имаат влијание врз профилирањето на политичко–географската положба на државата.

Големината на националната територија и големината на населението имаат соодветно влијание во изборот на оптималните решенија во стратегијата за стопански (економски) развој. Имајќи ги предвид тие факти, може да се констатира дека изборот на решенијата во градењето на оптималната стратегија во развојот, претставува многу ограничувачки фактор. Заедно со композицијата и големината на минералните природни ресурси од кои некои се прекинуваат на државната граница, големината на површината на територијата на Република Македонија има влијание и врз стопанската (економската) структура на националната економија. Притоа, за поголема диверзификација и масовност на производството е потребен *широк пазар* со поголема апсорпциона моќ, поради што многу стопански дејности и гранки не можат да најдат место во стопанската структура на Република Македонија. Државата мора повеќе да се потпира на надворешниот пазар, односно да биде упатена

199) Пошироко во: Hantington, S. (1999) *Sukob civilizacija i preustroj svetskog poretka.* Zagreb: Izvori

на увоз, што уште повеќе го оптоварува платниот биланс. Исто така, подложноста на екстерните влијанија врз националната економија, кои доаѓаат од надворешниот Пазар се се понагласени. Оттука, особено нагласено влијание врз стопанството на државата има општествено–економското опкружување (војните, економските блокади и др.) што понатаму се одразуваат на сите сфери на развојот.

## 7.1. ФИЗИЧКО-ГЕОГРАФСКИ ДЕТЕРМИНАНТИ

### 7.1.1. Улогата на планинските и рамничарските области, морските басени и речните долини

Историски гледано, планинските области со својата височина, правецот на протегање, составот на карпите и почвата, овозможувале добра заштита, ги спречувале или отежнувале завојувачките походи. Таквите природно–географски предиспозиции, истите ги насочувале на единствено можните правци, преку тесните речни долини и планински превои. Тргнувајќи од сознанието, за територијата која ја населувале македонците низ историјата, нејзините карактеристики и ресурси, таа секогаш била атрактивна за завојувачите кои настојувале трајно да ја запоседнат и контролираат. Секогаш во средиштето на воените (територијални) разврски на Балканскиот Полуостров, Македонија била територијално “фрагментирана[200]”.

Запоседнувањето и државното интегрирање на значајните планински превои, котлини, речни долини и рамнини, планински венци, отсекогаш давал нов квалитет на положбата на територијата[201]. Во исто време, воените случувања и политичките одлуки на големите сили ги “кроеле” границите на тој начин што секогаш се испресекувале компактните карактеристики на географските простори, со што се намалувал или зголемувал квалитетот на нивната политичко–географска по–

[200]) Терминот “фрагментација” е употребен како синоним на трендот за постојаното намалување на територијата која била населувана од македонците.

[201]) Следејќи го природно–географскиот детерминизам и анализирајќи ја Сан Стефанска Бугарија, Павиќ, Р., истакнува дека Вардарската долина како географска целина претставува периферна за Бугарија, меѓутоа нејзиното запоседнување би дало нов квалитет на нејзината положба. Истото се однесува и за српските претензии за излез на Егејот, полагајќи право на природно–географската целина која ја прават Моравската и Вардарската долина и неможноста излезот на Јадранското Море да се бара преку северниот дел на Албанија поради природно–географските неповолности (планинските бариери) и етничкиот состав на населението. Ваквите аргументи биле во голема мерка користени во политичката борба за време на Балканските војни и поделбите на Македонија. Пошироко во: Pavić, R., (1973), “Osnove opće i regionalne političke geografije, geopolitike i geostrategije – I deo”, Zagreb: Fakultet političkih nauka, str. 265

ложба. Политичко-географското интегрирање на ваквите географски простори единствено е можно преку политичките, економските и воените интегративни процеси кои се во тек на Балканскиот Полуостров. Следејќи ги таквите трендови, можеме да се согласиме дека Република Македонија само на тој начин ќе може да ја поврзе Вардарската долина и да ги користи благодетите на поволната положба на Солун, како крајна излезна порта кон Егејското Море.

Демографските тенденции, миграциите, асимилациите, националната и верска композитност го проектирале современиот просторно-популациски мозаик на Балканот. Во еден таков амбиент, надополнет со природни и политички исфорсирани процеси (На пример, насилните иселувања од Егејска Македонија[202] и размена на население помеѓу Грција и Бугарија[203] и Грција и Турција[204]), комбинирани со територијалните последици од вкрстените интереси на големите сили и балканските центрифугални тенденции, придонеле македонскиот народ да не биде во можност да ги реализира кохезивните процеси и политичко-територијалното интегрирање на македонските територии. Напротив, формиран е политичко-правен субјект на дел од етничката територија на Македонија.

Современите настани, набљудувани низ призмата на настаните од 2001 година, покажаа дека кризните региони беа манифестирани токму во подрачја на високо планински релјеф каде што опстојува население од еднороден етнички (албански) состав.

---

202) Во 1913 година во Егејска Македонија живееле 1.052.227 жители од кои 370.371 (35,20%) Македонци, 274.052 (26.05%) Турци. 236.755 (22.50%) Грци, 68.206 (6.49%) Евреи, 44.414 (4.22%) Власи, 25.302 (2.40%) Роми, 15.108 (1.43%) Албанци, 18.019 (1.71%) други. Киселиновски, С. (1990) *Егејскиот дел на Македонија (1913-1989)*. Скопје: Култура, стр.18.

203) На 27 ноември 1919 година, врз основа на членот 56 од Нејскиот мировен договор, меѓу Грција и Бугарија се потпиешала и конвенција за "доброволно" иселување на Грците од Бугарија и "Бугарите" од Грција. Така во периодот од 1913 до 1928 година во Бугарија се иселиле 86.582 Македонци. Исто, стр.26.

204) Според Лозанскиот мировен договор од 1923 година, а како резултат на завршувањето на Грчко-турската војна (1920-1922), бил отфрлен општиот принцип на почитување на правата на малцинствата во рамките на Грција и Турција и се прифатил принципот на задолжително иселување на малцинствата, т.е. протерување на муслиманите од Грција и христијаните од Турција. Според Лозанскиот договор од егејскиот дел на Македонија биле протерани 350.000 муслимани, од кои 40.802 македонци со муслиманска вероисповед. На нивно место било прифатено христијанското население од Мала Азија и ширум светот. Нивниот број изнесувал 1.159.311 кои како резултат на грчката политика за враќање на Грците во татковината, врз основа на правото на *ius sanquinis* (од грчко потекло) се вратиле во Грција. Од вкупниот број на вратени Грци, 565.143 се населиле во егејскиот дел на Македонија, со што била променета нејзината етничката композитност. Исто, стр.30.

Македонските планински простори претставуваат дивергентна зона во поглед на емиграциските процеси. Потенцијално тие претставуваат витални, високонаталитетни области, но поради долготрајното иселување се наоѓаат во фаза на потенцирано стареење, која во одредени делови достигнала степен на потполно празнење на просторот[205]. Ваквите тенденции, доколку се има предвид дека планинските простори повеќе неможат да обезбедат сопствено демографско обновување[206]. Во контекстот на природно–географските детрминанти, ваквите простори претставуваат погодни области за населување на население од онаа етничка заедница која се одликува со позитивни популациски процеси, кои во голема мерка во одредени околности, можат да е релативизираат и фрагментираат политичко–географската положба на конкретната територија.

Просторот со своите рамничарски предели, морските басени и речните долини има свое значење не само од стопански аспект, туку и од политичко–географски. Примерот со реката Вардар со својата политичко–географска суштина, претставува синоним за поделба на Македонија на источна и западна. Во случајот на главниот град се повеќе се наметнува како синоним за “поделеност” на “Албанско Скопје” од левата страна на реката и “Македонско Скопје” од десната страна на Вардар.

Табелите кои следуваат, претставуваат добар пример за синонимот на “поделено” Скопје, анализиран според пописот од 2002 година и територијалните организации од 1996 и 2004 година.

---

205) Детални анализи за миграцијата и депопулациските процеси на селското население од руралните подрачја во градските центри во Република Македонија има изготвено Панов М., во неговата студија “Селата во Република Македонија”. Имено, со оглед на фактот дека Република Македонија има мошне разновидна структура, од висока до рамнинска, од ридска до долинска морфологија, нејзината населеност е условена од орографските карактеристики. Поради емиграцијата на населението од повисокиот и ридест релјеф доста се раселуваат планинските населби, а некои се веќе сосема раселени, додека рамнинските населби, популациски растат. Пошироко во: Панов, М., (1993), “Селата во Република Македонија 1 и 2”, Скопје: НИО “Студентски збор”.

206) Панов во неговата студија предлага раселување на населбите во планинските простори кои имаат крајно неповолна биолошка структура, односно се карактеризираат со негативни популациски процеси. Причините ги посочува во фактот што тие немаат никаква понатамошна социо–економска оправданост, дека неможат да се ревитализираат, а воедно претставуваат сериозна проблематика во системот на населените места. Најприфатливата алтернатива на ова, Панов ја посочува во можноста ваквите населби да се интегрираат или организираат со некои соседни поголеми и најблиски населби.

| Табела бр.5 | Според територијалната организација на РМ од 1996 година | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупно | Македонци | Албанци | Турци | Роми | Власи | Срби | Бошњаци | Останати |
| Скопје-град | 467.257 | 332.778 | 71.483 | 8549 | 23.202 | 2546 | 14251 | 6465 | 7983 |
| Гази Баба | 72.222 | 53.106 | 12.502 | 606 | 2082 | 236 | 2094 | 710 | 886 |
| Ѓорче Петров | 41.490 | 35.322 | 1597 | 368 | 1249 | 109 | 1719 | 489 | 637 |
| Карпош | 59.810 | 52.943 | 1952 | 334 | 615 | 407 | 2195 | 98 | 1266 |
| Кис.вода | 125.379 | 113.057 | 1264 | 889 | 1296 | 1137 | 4485 | 963 | 2288 |
| Центар | 82.604 | 44.150 | 25.315 | 3481 | 3651 | 483 | 2274 | 1713 | 1537 |
| Чаир | 68.395 | 33.238 | 26.259 | 2816 | 988 | 174 | 1440 | 2354 | 1116 |
| Шуто Оризари | 17.357 | 962 | 2594 | 55 | 13.311 | – | 44 | 138 | 253 |

**Извор: Попис на населението, домаќинствата и становите во Република Македонија, Државен завод за статистика, 2002 година.**

| Табела бр.6 | Според територијалната организација на РМ од 2004 година | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупно | Македонци | Албанци | Турци | Роми | Власи | Срби | Бошњаци | Останати |
| Скопје-град | 502.665 | 334.155 | 103.891 | 8594 | 23.475 | 2546 | 14.269 | 7585 | 8150 |
| Аеродром | 71.976 | 64.355 | 1014 | 430 | 580 | 506 | 3084 | 538 | 1469 |
| Бутел | 34.446 | 21.968 | 8371 | 1291 | 385 | 113 | 971 | 804 | 543 |
| Гази Баба | 72.222 | 53.106 | 12.502 | 606 | 2082 | 236 | 2094 | 710 | 886 |
| Ѓорче Петров | 41.645 | 35.466 | 1597 | 368 | 1249 | 109 | 1730 | 489 | 637 |
| Карпош | 62.472 | 53.449 | 4021 | 337 | 631 | 412 | 2230 | 112 | 1280 |
| Кис.вода | 53.403 | 48.702 | 250 | 459 | 716 | 631 | 1401 | 425 | 819 |
| Сарај | 35.408 | 1377 | 32.408 | 45 | 273 | 0 | 18 | 1120 | 167 |
| Центар | 46.976 | 39.032 | 2485 | 701 | 977 | 462 | 2040 | 151 | 1128 |
| Чаир | 3.317 | 15.309 | 35.727 | 4301 | 3240 | 77 | 642 | 3059 | 962 |
| Шуто Оризари | 20.800 | 1391 | 5516 | 56 | 13.342 | 0 | 59 | 177 | 256 |

**Извор: Закон за територијална организација на локалната самоуправа во Република Македонија, Скопје, јули 2004 година.**

Со анализа на податоците од пописот од 2002 година за градот Скопје дојдовме до податоци кои укажуваат за направената диференцијација на албанското население која може да има свои геополитички и геостратегиски реперкусии. Анализиран е просторот од вливот на реката Лепенец во реката Вардар на запад па понатаму по течението на реката Вардар до крајните источни граници на градот. На левиот брег на реката Вардар, според пописот од 2002 година живеат околу 66.670 жители Албанци од вкупниот број на Албанци во градот Скопје кој изнесува 71.483, односно на левиот брег на Вардар живеат 93.26% од вкупниот број Албанци во градот Скопје.

Според Законот за територијална организација на локалната самоуправа во Република Македонија од 2004 година, на левиот брег на

реката Вардар, на истиот простор, живеат 64.601 жители Албанци распоредени во поинаква територијална организација (во Бутел, Чаир, Шуто Оризари, дел од Центар, Гази Баба), од вкупно 103.891 Албанци во градот Скопје или 62.2% од нивниот број. Преостанатите, меѓутоа надвор од претходно анализираниот простор– вливот на реката Лепенец во реката Вардар на запад па понатаму по течението на реката Вардар до крајните источни граници на градот, се на десниот брег на реката Вардар претежно во Сарај, 31.19%, потоа во Аеродром 0.97%, во Ѓорче Петров 1.53%, во Карпош 3.87%, во Кисела Вода 0.24%. Според овие податоци намален е бројот на албанското население на левиот брег на реката Вардар, меѓутоа зголемен е нивниот вкупен број во градот Скопје.

### 7.1.2. Основни параметри на територијата на Република Македонија

Вкупната површина на македонската државна територија изнесува 25 713 км$^2$, додека вкупната должина на границата изнесува 870,1 км. од кои 263,8 км према СРЈ, 177,7 км према Бугарија,192 км према Албанија и 236,6 км према Грција[207].

Во месноста Аниште – с. Луке, Крива Паланка се наоѓа најсеверната точка на Република Македонија, со следните географски координати 42°22'21" северна географска ширина и 22°18'04" источна географска должина. Најисточната точка на Р.Македонија се наоѓа кај месноста Ченгино Кале – Берово и ги има следните географски координати 41°42'33" северна географска ширина и 23°02'12" источна географска должина. Географските координати на нашата најјужна точка која се наоѓа кај месноста Маркова Нога – Ресен се 40°51'16" северна географска ширина и 21°07'32" источна географска должина. Кај месноста Кестењар – Дебар се наоѓа најзападната точка во Република Македонија со следните географски координати 41°31'04" северна географска ширина и 20°27'32" источна географска должина.

207) Должините на границите се според д-р Јове Талевски презентирани во книгата "Границите на Република Македонија".

Република Македонија претставува планинско–котлинска земја, односно околу 80% од нејзината територија е ридско–планинско земјиште. Планинските простори се најзастапени во релјефната структура и зафаќаат 11.044 км$^2$ или 43% од територијата (воглавно припаѓаат на Родопските–стари грамадни и Шарско–пиндските–млади верижни планини), следуваат ридските простори кои зафаќаат 9.769 км$^2$ или 37.9%, и рамниците кои зафаќаат 4.900 км$^2$ или 19.1 % од вкупната територија на Република Македонија[208].

Формата на државната територија има во основа елипсоиден облик. Во правец исток–запад растојанието помеѓу двете граници е подолго, отколку во правец север–југ. По должината на сите четири граници постојат многу завои, кривини и други линиски неправилности, поради што степенот на разведеноста на границата е доста голем. Интересен е податокот за односот на државната граница спрема вкупната површина на државната територија, односно на 1 км граница, според Талевски, Ј. отпаѓа 28,7 км$^2$, а според Стојмилов отпаѓа просечно по 30,28 км$^2$ државна територија[209].

Територијата на Република Македонија го завзема централниот дел на Балканскиот Полуостров. Просторните карактеристики на Р. Македонија условуваат таа да има извонредни географски предиспозиции, со оглед на фактот што е многу добро поврзана не само со соседните области, туку и со поширокото географско опкружување. Што значи дека просторните карактеристики на Македонија и даваат можност за широко географско конектирање и посредно поврзување. Добрата географска положба произлегува од природните погодности кои ги имаат долините и котлините низ кои поминуваат важни комуникации, како и близината на Егејското (околу 80 км.) и Јадранското (околу 100 км) Море. На просторот на Република Македонија најголемо значење има долината на реката Вардар која преку Кумановско–прешевскиот преслап се надоврзува на долината на реката Морава. Преку Моравско–вардарската долина се протега најзначајната балканска сообраќајница која ја поврзува Македонија на југ со Егејското Море, а

[208)] Талевски, Ј., (2003), "Воена Географија", Скопје: Воена академија "Генерал Михаило Апостолски", стр.88

[209)] Талевски, Ј., „Границите на Република Македонија„, Апекс, Битола, 1997, стр.229. и Стојмилов, А., "Географија на Република Македонија", Просветно дело, Скопје, 1995, стр. 11–12.

на север со Панонската Низина и Средна Европа. Значењето на оваа сообраќајна врска произлегува и од фактот што таа претставува најкратка сообраќајна линија помеѓу Средна Европа и Средоземното Море, а преку него и кон Блискиот Исток. Низ Вардарската долина поминува железничка линија изградена во 1873 година и современ автопат.

Кон север, Република Македонија преку долината на реката Лепенец има добри природно–географски и сообраќајни врски со СР Југославија, а преку неа и со Јадранското Море. На југ врските со соседна Грција се одржуваат преку Гевгелиската и Дојранската котлина, преку Битолското Поле како и јужна Преспа. На исток долината на Крива Река и преминот Деве Баир, долината на Брегалница и преминот кај Делчево и долината на реката Струмица, Струмичката котлина и преминот Ново Село се основни правци преку кои се одржуваат врските со Бугарија. Преку наведените долини, односно правци нашата земја е поврзана и со земјите од Источна Европа и Југозападна Азија. Кон Албанија, односно на запад комуникациите поминуваат низ Дебарската, Охридската, Струшката и Преспанската котлина. Од нив најголемо значење има патниот правец што води преку Струга и Ќафа Сан, затоа што преку него Македонија директно се поврзува со Јадранското Море.

Важноста на географската положба на Македонија како централна Балканска држава произлегува и од фактот што таа остварува гранични контакти со четири држави и еден протекторат, различни по својата развиеност, политички, воени и економски потенцијали, кои своите меѓусебни контакти ги остваруваат преку територијата на Република Македонија. Меѓутоа, низ историјата, поволната географска местоположба нé секогаш имала позитивна валоризација. Во одредени периоди таа претставувала “проклетство” за Македонија, особено кога преку нејзината територија или конкретно за неа се прекршувале интересите на соседните држави или големите сили.

Република Македонија според својата апсолутна положба, која подразбира однос на некоја држава, место или објект према

просторните координати (математичко-географска положба) и факторите кои произлегуваат од географската ширина и должина, односот према копното и морето (физичко-географска положба), спаѓа во редот на *"географски хендикепираните држави"*. Односно, држави кои немаат директен излез на море, така што таквата состојба негативно се одразува на вкупната политичко-географска положба, како и на интензитетот на нејзиниот целокупен развиток. Ваквото апсолвирање на нејзината положба мора да се редефинира и позитивно надгради преку квалитативното влијание на преостанатите детерминанти, со цел нејзината местоположба да претставува главен атрибут во интенциите за политичко, економско и воено интегрирање.

Доколку се запрашаме дали постои лимитираност во поглед на големината на државата, за да може истата успешно да функционира, секако дека одговорот би бил негативен. Големината на територијата претставува релативна категорија и не постои механичка врска со политичката моќ на државата[210]. Следното прашање, кое го тангираат физичко-географските детерминанти, е прашањето дали е подобра помала територија со рамномерно распоредено население или поголема територија со ретко населени подрачја?. Големите територијални простори никогаш не биле добри, особено ако станува збор за анекумена (ненаселен простор), која во голема мерка манифестира ефект на граница. Северниот дел од Канада, Сибирскиот дел од Русија, Централната австралиска пустина, претставуваат речиси ненаселени простори во кои по пат на колонизација се правени обиди за населување. Интересен е примерот на Бразил, каде што заради мотивирање на населувањето во Амазонија во 1960 година, преместен е главниот град на државата од Рио Де Женеиро во средиштето на троп-

[210]) Само за илустрација, за да го потврдиме претходно изнесеното, ќе ги наведеме следните примери: Мавританија со површина ос 1,2 мил. км$^2$ е поголема од било која држава на Европската Унија, меѓутоа со население од 2,8 милиони и со главен град (Наукшут) со 450 илјади жители, има слаба политичка тежина. Египет со површина од 1.001 мил.км$^2$, но неговото население од околу 70 мил. живее на само 4,4% од територијата (околу 44 илјади км$^2$ , што е нешто помалку од две македонски територии). Спротивни примери претставуваат Јапонија и Германија. Имено, споменатите држави по површина се наоѓаат на 60 и 61 место во светски рамки, според населението на 8 и 12 место, додека според политичката моќ се меѓу водечките светски држави. Шпанија има 12 пати поголема територија од Холандија и 2,5 пати повеќе население, меѓутоа Холандија има 3 пати поголема меѓународна трговија, а нејзиното пристаниште Ротердам е прво во светот според тонажата и трговската размена.

ската џунгла, односно во Бразилија. Во овој контекст, за Македонија, заради пренаселеноста, како можна солуција се наметнува, нè дислокација на главниот град, меѓутоа растоварување со административните центри, во Велес, Битола, Кавадарци. Сите територијално големи држави трошат огромни финансиски сретства за контрола на целата територија. Исто така значајно е тоа што сите држави со голема територија, исклучок е Кина, имаат федералистички принцип на уредување[211].

Кога ги анализираме предностите и слабостите на големите и малите територии, не можеме да се потпреме на апсолутен детерминизам. Оваа констација произлегува од фактот што политичката сила на државата не зависи само од територијата, туку и од нејзиното население, односно од сето она што се подразбира, во смисол на ресурси и природни услови, квалитет и квантитет на работната сила, технологија, организација, капитал.

Според својата големина, државите можат да се класифицираат на следниот начин:

| Табела бр.7 | Класификации според различни автори |
|---|---|
| **Според Рацел** | Континентални: >5 мил.км $^2$<br>Средни: од 5 – 0.2 мил.км $^2$<br>Мали: < 0.2 мил.км $^2$ |
| **Според Маул** | Џиновски сили; Големи сили; Средни сили; Мали држави; Џуџести земји. |

[211]) Голем број на географи и политички научници се обидувале да ги детерминираат условите под кои федерализмот може да се избере како државно уредување. Во тој контекст ќе ги изложиме размислувањата на Педисон (*Paddison*) кој истакнува дека мора да постои една група на моќни креатори на државата, кои се способни да ги убедат членовите на територијалните суб–единици во добрите страни на сојузот наспроти раздвојувањето. Понатаму, Падисон истакнува, мора да се покаже дека безбедноста и можностите се поголеми на поголема територија отколку на одделни помали територии. За ваквите ставови, неопходен е силен сојуз помеѓу креаторите на државата и економските групи кои ќе профитираат од договорот за поголема територија. Можеме наполно да се согласиме дека ова се основните принципи за договорно "укрупнување" на териториите. Пошироко во: Taylor, J.,P., (1993), "Political Geography, World-Economy, Nation-State and Locality,", Essex: longman Scientific & Technical, p.170.

| | |
|---|---|
| **Според Пондс** | Гигантски: > 6мил.км$^2$;<br>Огромни: 2.5–6мил.км$^2$;<br>Многу големи: 1.25–2.5 мил.км$^2$;<br>Големи: 0.65–1.25 мил.км$^2$;<br>Средни: 0.25–0.65 мил.км$^2$;<br>Мали: 0.125–0.25 мил.км$^2$;<br>Многу мали: 0.025–0.125 мил.км$^2$;<br>Минијатурни: 0.005–0.025 мил.км$^2$;<br>Микро–држави: <0.005 мил.км$^2$. |
| **Според Швинд** | Трансконтинантални: 7–20 мил.км$^2$;<br>Субконтинентални: 3–10 мил км$^2$;<br>Макротопи: 0.9–2.9 мил.км$^2$;<br>Мезотопи: 0.04–0.9 мил.км$^2$;<br>Микротопи: 0.001–0.04 мил.км$^2$;<br>Минитопи: <0.001 мил.км$^2$. |

Извор: Грчиќ, М., (2000), "Полтичка географија", Београд: Географски факултет, стр.159

Република Македонија според сопствените територијални димензии спаѓа во групата на мали држави. Главни обележја на Македонскиот државен простор набљудуван како физичко–географска "арена" ги има следните атрибути:

- со површина од 25 713 км$^2$ тој е релативно мал, што претставува негативна димензија;
- според својот облик се доближува до формата на круг со приближно еднаков радиус од географскиот центар кој се наоѓа југозападно од градот Велес или поточно во реонот на Стари Град и Круша, што може да се оквалификува како позитивна карактеристика поради можностите за рамномерен развој и полесна организација на одбраната;
- гранична линија во должина од 870 километри, со испакнат облик и со коефициент на отстапување од правата линија 1,59. Оваа карактеристика претставува позитивен елемент поради што границата спаѓа во групата на граници со средни отстапувања[212];
- Со Букурешкиот договор од 1913 година географската област Македонија е поделена и над неа е воспоставен суверенитет на три држави, што ќе се покаже како негативен фактор во конституирањето на идната македонска држава и нација;

212) Според коефициентот на отстапување од права линија (К), границите можат да се класификуваат во следните групи: 1) К од 1 до 1,1 – граници со незначителни отстапувања; 2) К од 1,1 до 1,3 – граници со мали отстапувања; 3) К од 1,3 до 1,6 – граници со средни отстапувања; К од 1,6 до 1,8 – граници со големи отстапувања; К над 1,8 – граници со многу големи отстапувања. Талевски, Ј., (2003), *Воена Географија.* Скопје: Воена Академија "Генерал Михаило Апостолски", стр. 59

- македонскиот простор е простор со специфична географска, геополитичка и геостратегиска положба и голема политичка вредност;
- простор со голема енергија на релјефот и јужна експозиција;
- коефициентот на вертикалната разгранетост е поголем од коефициентот на хоризонталната разгранетост што претставува посебен квалитет на просторот.
- простор со мал број на гранични (17) премини кои имаат мал проточен капацитет, што е негативна карактеристика. Во просек на секои 51 км пости граничен премин. На *македонско-грчката граница* постојат 3 гранични премини, Меџитлија во Пелагонија, Богородица кај Гевгелија и Стар Дојран на јужниот брег од Дојранското Езеро. На оваа граница постојат и два железнички премини, Гевгелија–Идомени кај Гевгелија и Кременица–Лерин во Пелагонија. Од посебен интерес би било отварањето на уште два гранични премини, едниот во Преспа на источниот брег на Преспанското Езеро со што директно би се поврзале Ресен и Костур, а другиот на планината Кожуф и би ги поврзал Мариово и Мегленската област во Република Грција. На *македонско-албанската граница* официјално егзистираат 4 гранични премини. Блато кај Дебар, Ќафа Сан кај Струга, Свети Наум на јужниот брег на Охридскотот Езеро и Стење на западниот брег на Преспанското Езеро. Во просек на секои 48 километри на оваа граница доаѓа по еден граничен премин. Нов граничен премин би можел да ја активира врската помеѓу селата Јабланица во Македонија и Стеблево на Голо Брдо. Можност за нов граничен премин постои и кај селата Џепиште на нашата територија и Требиште на албанска територија. На *македонско-српско-црногорската граница* постојат седум гранични премини, Јажинце преку кој води патната комуникација Тетово–Приштина, граничниот премин Волково на железничката линија Скопје–Приштина, Блаце на автомобилскиот пат Скопје–Приштина, Табановце на патната и железничка комуникација Куманово–Врање, Сопот на старата патна комуника–

ција Куманово–Бујановац и Пелинце на патната комуникација Куманово–Свети Прохор Пчињски. Првите четири се меѓународни гранични премини, додека последните два се меѓудржавни. Исто така, од неодамна опстојува и сезонски граничен премин Стрезимир–Рестелица, кој ја поврзува обласа Гора (населена со македонци муслимани) на Косово со Република Македонија. На *македонско-бугарската граница* постојат 3 гранични премини. Ново Село преку кој поминува патната комуникација Струмица–Петрич, граничниот премин кај Делчево преку кој поминува патната комуникација од Делчево до Благоевград и граничниот премин Деве Баир преку кој поминува патната комуникација од Крива Паланка кон Ќустендил и Софија. Во однос на вкупната граница на секои 55 км доаѓа по еден граничен премин. Значајно е да се потенцира изградбата на граничниот премин Клепало кој треба да ги поврзе Берово и Сандански, меѓутоа од наша страна е завршена целокупната инфраструктура, додека од бугарска страна не се преземени потребните активности. Покрај Клепало постои можност за отварање и на граничен премин кај месноста Црна Скала меѓу Делчево и Ќустендил.

Сите горе напоменати физичко–географски одредници, во интеракција со геополитичките, сообраќајно–географските, военостратегиските, економско–географските и културно–цивилизациските детерминанти имаат сопствена валоризација и добиваат димензија на положба.

## 7.2. ГЕОПОЛИТИЧКИ ДЕТЕРМИНАНТИ

### 7.2.1. Контактен карактер и јазолност на геополитичката положба на Република Македонија

Територијата на Република Македонија, како константа на нејзината геополитичката положба, допринесува за една историска специфичност на глобален, континентален и регионален план. Ако се има предвид долговековното присуство на две моќни, но внатрешно–политички и економски дивергентни држави, односно Австро–Унгарија и Отоманското царство, во регионот е создадена од една страна линија на контактна цивилизациска поделба, а од друга, голема внатрешна меѓуетничка и историска испреплетеност, која секогаш преку интересот на веќе константните интересенти за балканскиот регион, ја релативизираат неговата геополитичка положба. Релативизацијата на геополитичката положба, скоро секогаш, има суштински аналоген инструментариум, односно политички ултиматуми, економски уцени и блокади, злоупотреба на меѓународните институции, воените операции, наметнување на несоодветни територијални решенија и мировни услови, односно спогодби под присила.

Варијабилните елементи кои ја одредуваат геополитичката положба на Република Македонија, претставуваат последица на прераспределбата на економските и воените сили и редефинирањето на картата на светската и регионална политичка моќ. Геополитичка положба на Република Македонија може да се разгледува преку неговото контактно и гранично значење, положбата во однос на историските геополитички интереси и положбата во однос на воените организации.

Контактното и граничното значење на територијата на Република Македонија претставува резултанта на комплексните односи помеѓу природните и антропогени компоненти. Имено, станува збор за надополнување со геополитичктата димензија на физичко–географската предиспонираност одредена преку геолошките и морфолошките целини[213], која е во корелација со историските процеси условени преку ет–

[213)] Геолошките карактеристики на една држава покрај феноменолошкото значење влијаат и врз целокупниот развој. Ваквата констатација произлегува од значењето на целокупниот геолошки потенцијал на просторот, под што се подразбира геолошката средина како носител на сите геолошки вредности, како што се минералните богатства, подземните води, минералните и термалните извори, геотермална

ничката разноликост, политичките, економските, културно–цивилизациските, комуникациските структури и сл.

Современата контактна геополитичка положба на Македонија, почнува да се формира во втората половина на XIX век и особено во почетокот на XX век, односно во периодот на Источната криза, во која територијата на Балканот е разгледувана како "*terra nullius*"[214], односно отворено е прашањето за редефинирање на просторот по Османлиското повлекување од Балканот. Секоја од балканските држави, соседи на Македонија, истовремено подготвувала планови за проширување на сопствената држава за сметка на нејзината територија и барала "ментор" во некоја од големите сили со чија помош ќе ги оствари сопствените цели. На тој начин настанале големодржавните програми на балканските земји, кои на најдобар начин го илустрираат правецот на историската територијална редукција на македонската етничка територија.

Јазолната геополитичка положба на мекедонската територија, претставува резултат на нејзината лоцираност во многу чуствителната зона на балканскиот геополитички крст, создаден од испресечените правци на дејствување на вонбалканските држави и сојузништва.

---

енергија и својствата и состојбата на карпестите маси. Од овој аспект, може да се констатира дека просторот на Република Македонија има на располагање значителен геолошки потенцијал на метали и наметали како суровини, голем број минерали, водни ресурси и др. Планското користење на овој потенцијал секако дека има влијание врз целокупниот развој на државата, но, исто така, во одредени ситуации има свои геополитички и геостратегиски импликации, кои можат да го валоризираат просторот и предизвикаат интерес, економски, воен или политички. Пошироко во Талевски, Ј., (2003), "Воена Географија", Скопје: Воена академија "Генерал Михаило Апостолски", стр. 146–147.

214) Во својот историски развиток границите не биле секогаш претставувани со линии. Асоцијацијата со терминот "*terra nullius*", е направена поради фактот што повлекувањето на Отоманската империја зад себе оставила територија врз која се "најстрвиле" соседните држави да ја поделат. Вообичаено терминот *terra nullius* подразбира подрачје помеѓу два оддалечени суверенитета.




**Слика бр.24 Балкански геополитички јазол**

(**Извор:** Степић, М. (2001) *У вртлогу балканизације*. Београд: Службени лист СРЈ, Институт за геополитичке студије, стр.100.)

Краците на "геополитичкиот крст" имаат правец северозапад–југоисток, а се однесуваат на интересите на т.н. "германски блок" и југоисток–северозапад, апострофирајќи ги интересите на Турција и исламските држави, односно, североисток–југозапад, Русија и Унгарија и југозапад–североисток, Италија, Ватикан, Британија, Франција, САД. Ваквата комплексна состојба го профилира "геополитичкиот јазол", каде што во центарот на неговата најголема испреплетеност, поради својата централна географска положба, се наоѓа територијата на Македонија.

Големите сили, преку сопствените правци на интерес, Балканскиот Полуостров, во геополитички смисол го детерминираат како амбиент за конкретна територијална реализација на замислените

проекти. Македонската територија секогаш била во центарот на таквите проекти, притоа неможејќи македонскиот народ да “игра улога” на субјект кој рамноправно би одлучувал за територијалното дефинирање на сопствената политичко–територијална “рамка” во регионот. Покрај тоа, неможноста сопствените интерси да ги наметне и вгради во рамките на интересите на некоја од големите сили, Македонија се здобива со епитетот на “паричка за поткусурување”.

Контактниот карактер и јазолна положба на Македонија е од исклучително големо значење при анализите на геополитичките детерминанти. Притоа, значајно е да се напомене дека при анализата на геополитичките детерминанти, постои различен пристап кој најдобро е илустриран во авторитетното француско издание, “Геополитички речник” (*Dictionaire géopolitique*), во кој се напоменува дека политичката географија ги анализира односите на државата кон нејзините соседи, додека геополитиката анализите ги прави во обратна насока, односно односите и интересите на другите држави кон државата[215]. Притоа мора да се напомене дека анализите на научниот корпус не́ секогаш се совпаѓаат со конкретната надворешна политика на одредена соседна држава кон сопствената. Меѓутоа, таквите анализи, мора во краен случај, да се апсолвираат како предупредувачки, заради навремено завземање на одредени ставови и можни насоки на делување.

### 7.2.2. Српските територијални интереси кон Македонија

Идеиите за територијално проширување на Србија својот зародиш го имаат во српската национална програма за која се смета дека ја креирал Илија Гарашанин во своето дело “Начертанија” во 1844 година. Меѓутоа, во изградувањето на српската национална идеологија и српската програма, можеби поголем придонес од политичарите дале српските писатели, поети и научници, особено во времето на националниот романтизам кај Србите при крајот на XIX и во почетокот на XX век[216]. Ваквата теорија ја оспорува М. Станишиќ, кој смета дека генезата на големосрпството има далеку постар датум, односно дека потекнува уште од 1683

---

215) Христов Т. (2001) *Политическа география на България*. Пловдив: Академично издателство на Аграрния университет, стр.332.

216) Страњаковиќ Д. (1937) *Србија од 1834 до 1858 године.* Београд: “Геца Кон”, стр. 82–90.

година, за време на Бечката војна (турската опсада на градот под водство на Кара Мустафа–Паша) кога српскиот племенски старешина Ѓорѓе Бранковиќ го промовирал проектот за ослободување и обединување на сите региони на јужна Унгарија и Балканот и формирање на Голема Србија[217]. Следен големосрпски проект претставува идејата на пивскиот архимандрит, Арсеније Гаговиќ, во есента 1803 година, која била изложена на руската влада. Сличен таков план, бил испратен до рускиот цар во 1804 година од страна на карловачкиот митрополит Стеван Стратимировиќ. Голема Србија според митрополитот Стратимировиќ би ги опфатила, покрај старите српски покраини кои се под турско владение (тука се мисли и на Македонија), Срем, Бока Которска и Далмација со Шибеник[218].

Основната премиса на проектот "Начертание" била да се создаде силна српска држава на Балканот што ќе може да им се спротивстави и на Австрија и на Русија, бидејќи тие двете сакале да извршат поделба на Балканот по линијата, Видин–Солун. Српската држава според замислите на Гарашанин, требало да биде заснована на историското право и врз корените на српското царство од XIII и од XIV век.[219] Таквата држава била замислена како фактор на стабилноста и зачувувањето на "европската рамнотежа" по пропаѓањето на Турција. Во засновувањето на таквата програма како појдовна основа на Гарашанин му служела увереноста дека западните сили предводени од Франција и од Англија се противат на засилувањето и ширењето на Австрија и на Русија на сметка на Турција.

Историски набљудувано територијалните интереси на Србија, главната насока на делување ја имаат кон Солунскиот Залив. Имено, три години по завршувањето на Берлинскиот конгрес, Србија е принудена во Белград да на 28 Јуни 1881 година да потпише договор со Австро–Унгарија (Договор за сојуз меѓу Австро–Унгарија и Србија[220]) со кој и

---

[217] Државата која е проектирал Бранковиќ во 1683 година се протегала од Триглав до Родопите. Ваквата идеја најпрво била прифатена од Виенскиот двор од страна на царот Леополд I поради планираните востанија на србите во турската позадина. Кога истите успеале и турците преминале на левиот брег на Дунав, Бранковиќ бил затворен во 1689 година. Станишиќ М. (2001) *Пројекти Велика Србија*. Београд: Службени лист СРЈ, стр.14.

[218] Исто, стр. 32

[219] Страњаковиќ, Д. (1937) *Србија од 1834 до 1858 године*. Београд: "Геца Кон", стр. 82–90.

[220] Пошироко види: Христов, А., Донев, Ј. (1994) *Македонија во меѓународните договори 1875-1919*. Скопје: Архив на Македонија, Матица македонска, стр.100–103.

се забранува секаква активност кон запад во правец на Босна и Херцеговина, Далмација, Јадранското Море и Хрватска[221].

Идејата за создавање голема Србија во времето на владеењето на династијата Обреновиќи била поддржувана од Австро-Унгарија и главно, се задржувала во рамките на теоријата. Меѓутоа, по доаѓањето на власт на династијата Караѓорѓевиќ, по Мајскиот преврат од 1903 година и особено по Анексионата криза во 1908 година, српските националисти зазеле отворен курс за обединување на севкупното српство што практично било насочено и против Австро-Унгарија и против Османлиската Империја. Политиката на Караѓорѓевиќ била поддржувана од руската влада, која после завршувањето на војната со Јапонија била во позиција да понуди помош.

Во натамошната политика Караѓорѓевиќевата династија се потпирала врз Русија, бидејќи со анектирањето на Босна и Херцеговина од страна на Австро-Унгарија, Србија ја изгубила можноста преку Босна и Херцеговина да излезе на Јадранското Море. Затоа, српската владејачка политика се определила преку Албанија и Македонија, кои биле под турска власт, да бара излез на море. Подготвувајќи се за една завојувачка војна во Македонија и во Албанија, српската влада покажала дека "националните идеали на владејачката класа се измама зад која се крие тежнението за експлоатација и за поробување туѓи народи".[222] На тој начин националната мисла во Србија почнала да добива се повеќе стопанска смисла, па со идејата за ослободување на Србија од Австро-Унгарија и за слободен излез на море, владејачката политика успеала да ги загрее широките маси и со истурањето на националната политика барала излез на море по цена на секакви жртви и големи опасности.[223] Во подготовките за Балканските војни, српската владејачка политика била принудена да води сметка и да се судри со сличните веќе постојни планови и цели на своите балкански партнери: Бугарија, Грција и Црна Гора, што, исто така, се подготвувле за освојување и поделба на турските територии на Балканот. И во нивната

221) Катарџиев, И. (1998) *Македонија и соседите, вчера, денес, утре*. Скопје: Менора, стр.11.

222) Туцовиќ, Д. (1945) *Србија и Албанија*. Београд, стр.101.

223) Исто, стр. 105–111.

политика, покрај останатите турски области, во центарот на вниманието, барем за Бугарија и за Грција, била Македонија.[224]

Геополитичките аспекти на современата српска стратегија се манифестираат со самиот почеток на распаѓањето на СФРЈ, кога српските големодржавни амбиции преку идејата на Српската академија на науките за живот на "сите срби во една држава" ја започнаа крвавата разврска на југословенската криза. Кон македонскиот простор тие се препознатливи преку следните активности:

– обидот за насилно воспоставување на српската големодржавна јурисдикција, беше насетен од страна на Хрватска, Македонија, БиХ и Словенија на вонредната седница на Претседателството на СФРЈ одржана на 12–13. Март 1991 година[225].

– повлекувањето на ЈНА од македонскиот простор, која со себе го однесе севкупното оружје и воена опрема оставајќи ја државата без оружени способности за одбрана со стратегиско значење "кога ќе затреба ќе се вратиме". Овој чин е во насока Р.Македонија да биде одбранбено неподготвена во одвраќањето на албанската оружена агресија[226], што и се случи во 2001 година и заврши со спогодба која, по се изгледа, ниту на македонската, ниту на албанската страна одговара и го држи отворено прашањето на иднината на државата.

- Интервенцијата на НАТО врз СРЈ, продуцираше етничко чистење на Косово кое резултираше со "бегалската криза" од која, околу 380 000 бегалци[227] засолниште побараа на просторот на Р.Македонија. Прогонувањето на туѓа територија на свои државјани, албанско и друго население, кои се граѓани на СР Југославија, ја менува етничката структура на другата територија (види табела бр.8). Според меѓународните стандарди на бегалските кризи голем дел од тие лица со помош на меѓународниот фактор се вратија и ќе се враќаат, а дел од нив врз основа

---

224) Стојанов, П. (1962) *Македонија во времето на Балканските и Првата светска војна (1912-1918)*. Скопје: Институт за национална историја, стр. 21.

225) Поопширно во: Гоцевски, Т. (2001) *Одбранбеното осамостојување на Македонија*. Куманово: Македонска ризница.

226) Нацев, З., Начевски, Р. (2000) *Војна, мир и безбедност*. Куманово: Македонска ризница, стр. 417.

227) Според податоците од Министерството за одбрана во 1999 година, од вкупно 379.523 бегалци, во камповите во Македонија (Блаце, Радуша, Бојане, Стенковец 1 и 2, Непроштено, Сенокос и Чегране) биле згрижени 112.434, во фамилии (воглавно албански) 154.989, останати или нерегистрирани 20.000, додека во странство биле пренасочени 92.100 бегалци.

на склучување на бракови, изнаоѓање на најразновидни нелегални начини на престој е број кој воопшто неможе да се евидентира и кои трајно ќе останат на македонскиот простор. Ваквите настани можат да се толкуваат од два аспекта, бидејки албанскиот фактор етничкото прекомпонирање се обидува да го легализира со цел да го стави во функција на сопствени агресивни цели како: зголемување на процентот на албанскиот ентитет во државата, зголемување на електоратот во изборниот процес, и за логистичка подршка на оруженото дејствување од косовска страна.[228]

| Табела бр.8 | Етничка структура на Македонија од 15 Јуни 1999 година, вклучувајќи ги и бегалците од Косово | |
|---|---|---|
| МАКЕДОНЦИ | 1,295,964 | 58.03% |
| АЛБАНЦИ | 728,527 | 32.62% |
| ТУРЦИ | 78,019 | 3.49% |
| РОМИ | 43,707 | 1.96% |
| ВЛАСИ | 8,601 | 0.39% |
| СРБИ | 40,228 | 1.80% |
| ДРУГИ | 36,427 | 1.63% |
| НЕОПРЕДЕЛЕНИ | 1,882 | 0.08% |
| **ВКУПНО** | **2,233,355** | 100% |
| Извор: Министерство за Одбрана, 1999 година. | | |

– покрај потпишувањето на меѓудржвниот договор за разграничување (Договорот за разграничување помеѓу Република Македонија и СР Југославија е потпишан во Скопје на 22.02.2001 година), практично на теренот не е обележана границата помеѓу Македонија и Србија и Црна Гора. Ваквите активности беа оневозможувани со оглед на воените активности на албанските терористи во делот на нашата граница со протекторатот Косово, а по воспоставувањето на меѓународната власт на Косово дел од албанските граѓани не ја признаваат границата со Македонија што може да има големо геополитичко значење при решавањето на идниот статус на Косово.

- непризнавањето на афтокефалноста на МПЦ.

[228]) Нацев, З., Начевски, Р. (2000) *Војна, мир и безбедност*. Куманово: Македонска ризница, стр. 418.

### 7.2.3. Бугарските територијални интереси кон Македонија

Генезата на историскиот правец на посакуваното територијално проширување на источниот сосед, Република Бугарија, датираат уште од времето на создавањето на бугарската Егзархиска црква во 1870 година, со Цариградската конференција од 1876 година и со прелиминарниот Санстефански договор од 1878 година, со што се сметало дека се стекнати меѓународно–правните основи за присоединување на Македонија кон Бугарија. Во бугарската политика особено било присутно мислењето дека единствено таа имала право да владее со Солун,[229] иако Солун не бил вклучен ни во една од наведениве политички и црковни творби.




**Слика бр.25 Граници на Бугарската егзархија по ферманот од 28.02.1870 година и границите на Бугарија согласно Цариградската конференција (Декември 1876-Јануари1877 година)**

(**Извор**: Христов, Т. (2001) "Политическа география на България", Пловдив: Академично издателство на Аграрния университет", стр.179)

229) Стојанов, П. (1962) *Македонија во времето на Балканските и Првата светска војна (1912-1918)*. Скопје: Институт за национална историја, стр. 21.




**Слика бр.26 Граници на Сан-стефанска Бугарија** (1– Сан–Стефанска Бугарија 03.03.1878 година, 2–според решението на Берлинскиот договор 13.07.1878 година, 3–Источна Румелија, 4–Територии окупирани од Австро–унгарија, 5–Територии отстапени на Србија, 6–Територија придодадена на Романија, 7–Грција, 8–Истпчна Румелија)

(**Извор**: Христов, Т., "Политическа география на България", Академично издателство на Аграрния университет", Пловдив, 2001 година, стр.198.)

Континуитетот на ваквите тенденции кон Македонија, можат да се идентификуваат и по стекнувањето на нејзината независност и осамостојување од поранешната федерална држава. Таквиот формален геополитички правец е етаблиран во бугарската национална доктрина, "Национална стратегиска програма број 1" издадена од страна на Научниот центар за бугарска национална стратегија во 1998 година[230].

Од горе споменатиот документ, може да се види дека Бугарија иако прва ја призна независноста на Република Македонија, забележани се одредби кои го продолжуваат континуитетот на територијалните интереси. Имено, тоа можеме да го согледаме од следните одредби, презентирани во стратегијата:

- Населението во Република Македонија до 1944 година секогаш се декларирало како припадници на бугарската нација;

[230] "Защита и духовно обединение на българите по света – национална стратегическа програма No 1", София: Научен център за Българска национална стратегия, 1998, стр.23.

- Не се признаваат македонската нација и македонскиот јазик, за кои се тврди дека се творби на Комунистичката партија на Југославија, врз основа на решението на Коминтерната од 1934 година;
- Барањето на Република Македонија да се признае македонската нација и македонскиот народ, се толкува како "претпоставка за територијални претензии кон Република Бугарија и Република Грција";
- Според бугарската национална стратегија, денес во Македонија живеаат околу 1.400.000 граѓани со бугарски етнички корени, на кои им се оневозможува правото на самоопределување[231].

Во поднасловот "Стратегијата на Бугарија", евидентни се геополитичките насоки на бугарската држава кона Република Македонија. Не навлегувајќи во детали ќе презентираме само неколку определби:

- Бугарската држава да настапува јасно и цврсто пред меѓународната јавност и дипломатските кругови за неоснованоста и неможноста да се признае суштествувањето на македонскиот јазик и македонската држава;
- Бугарската држава да спроведува политика со која ќе се обезбеди и заштити правото на македонските бугари на самоопределување;
- Бугарија да го постави прашањето за целосно прилагодување на европските норми по однос на националните права на бугарите во Македонија;
- Да се прилагодат конститутивните и законодавните норми за постепено израмнување на правата на бугарите во Македонија и правата на бугарските граѓани[232].

Сепак се чини дека историските територијални претензии, адекватни на класичниот геополитички пристап, Бугарија ги надмина со потпишувањето на Спогодбата непосредно пред отпочнувањето на Косовската криза (Интервенцијата на НАТО во тогашна СР Југославија) во 1999 година, кога во февруари признаваат дека постојат независен ма-

---

231) Исто, стр.23–24.
232) Исто, стр. 25–27

кедонски јазик, култура и нација[233]. Како, практичен геополитички пристап на официјалната бугарската политика, може да се издвои издавањето на бугарски државјанства на македонските граѓани кои потоа добиваат одредени привилегии (бесплатно студирање на бугарските универзитети). Се проценува дека досега се издадени околу 20.000 такви државјанства, а 10.000 се во процедура на издавање. Причините за ваквата состојба секако дека се наоѓаат првенствено во слабата економска моќ на македонските граѓани и затвореноста на границите.

Исто така, според Петифер, Бугарија е единствената поранешна комунистичка држава која има добри односи со Албанските лидери во Тетово, и Бугарија станува значаен трговски партнер на Косово[234]. Крајно негативно сценарио според кое Бугарија би можела да добие дел или да контролира дел од територијата на Македонија е поделба на државата на албански и македонски дел, кој по "формулата" на блиски односи меѓу Република Српска и Србија би можело да функционира.

### 7.2.4. Грчките територијални интереси кон Македонија

По ослободувањето на Грција од Османлиската Империја во 1830 година, се појавува големогрчката национална програма. Нејзината основна цел на грчката национална програма била ослободување на Грците кои се наоѓале под турска власт. Паралелно, со појавата на националната програма, започнала и расправата меѓу Грците околу дефинирањето на поимот и суштината на грчката нација и целите на грчката национална програма. Како резултат на влијанието на повеќе фактори, во прв план, на идејата за создавањето на новата национална држава, како и на разните идеолошки струења, економскиот и верскиот фактор, и на други влијателни фактори во текот на првата половина на XIX век меѓу Грците биле создадени два политички и духовни центри во Атина и Цариград.[235] Борбата и ривалството меѓу овие два центра, што биле пречка да се изгради единствена грчка национална идеологија, биле надминати во средината на XIX век со прифаќањето на поимот елинизам што во себе ги содржел и ги соединувал поимите

---

233) Кремптон, Џ.,Р. (2003) *"Балкан после другог светског рата"*. Београд: Клио, стр. 403.
234) Pettifer, J. *FYROM After Ochrid.* G106, Conflict Studies Research Centre, March 2002, p.5.
235) Данова, Н. (1969) *Гърция и Цариградската патриаршия през втората четврт на XIX век.* Годишник на Софиският университет LXII, София,стр. 277–293.

грчка цивилизација (во смисла на античка грчка и на византиска) и целата грчка заедница во светот.

Во зацврстувањето на елинизмот како единствена грчка национална идеологија како и во неговото засилување имала Цариградската патријаршија со својата не само духовна туку и со световната власт врз православните христијани во Турција, бидејќи црковно–училишните општини, покрај религиозната, имале и многу важна политичка улога. Поради фактот што Грците доминирале во Цариградската патријаршија, особено во високото свештенство, нивната културна и економска супериорност во Турција, претставувало резултанта на распространувањето на грчката култура и на грчкиот јазик и на тој начин ширењето на елинизмот меѓу негрчкиот народ. Од овие кругови доаѓале идеи за создавање дуалистичка грчко–турска држава, а доколку дојде до распаѓање на Турција до создавање нова државна творба слична на Византиското Царство врз современите основи на православието и грчките културни традиции.[236] Дефинитивното прифаќање на поимот елинизам како компромисна национална формула било завршено во средината на XIX век кога во тој поим биле обединети античкото и византиското наследство.

Грчката национална програма се изразувала во формулата "мегали идеја" (голема идеја), а нејзиниот прв политички јавен израз го изнел Јоанис Колетис, претседател на грчката влада, кој во грчкото Народно собрание во 1844 година рекол дека претставниците на народот кои го започнале ослободувањето на сите христијани во духот на големата идеја, треба да одлучуваат "не само за судбината на Грција туку и за сиот грчки народ" во европската Турција и во Азија. Тој зборувал дека "сите кои веруват во Христа се Грци". На таквата негова "мегали идеја", што ги содржела грчките национални стремежи, грчките интелектуалци и тогаш и подоцна ѝ давале соодветна идејна содржина.[237]

Креаторите на големогрчката идеја многу брзо ја заборавиле помошта на Македонците кои силно придонеле во ослободувањето на Грција. Тие веднаш ги отфрлиле надежите на Македонците дека по осло–

---

[236]) Терзиќ, С. (1992) *Србија и Грчка 1856-1903, Борба за Балкан.* Београд, стр. 74–75.

[237]) Пошироко во: Маркова, З. *Русия и Българският црковно-национален въпрос 1856-1864*. Годишник на Софиският университет, Том – 70, София, 1980, стр. 172–174, и Клог, Р. (2000) *Историја грчке новог доба.* Београд: КЛИО, стр.49–50.

бодувањето Грците ќе помогнат да се ослободи и Македонија. Нејзините граници тогаш се протегале на југ околу полуостровот Пелопонез, на север до Тесалија, на исток зафаќала мал број на острови близу до Пелопонез и Атика, а на запад покрај самиот брег била без влијание врз островите. Во 1881 година во составот на Грција влегла и Тесалија. Во балканските војни Грција влегла со цел од Македонија да зафати што поголем дел исфрлувајќи ја теоријата, која има класичен геополитички пристап со нагласен географски детерминизам, дека Шар Планина е природната граница за одбрана на Егејското Море. По Балканските војни во 1913 година територијата на Грција се проширила за целиот егејски дел на Македонија, Епир и речиси сите острови во Егејското Море, допирајќи до брегот на Турција, вклучувајќи го и Крит.

Хаотичното повлекување на грчките сили од Мала Азија (1922) пред налетот на турските националисти под водство на Мустафа Кемал Ататурк го означило крајот на "Големата Идеја" и неславниот крај на грчката "цивилизациска мисија" во источното средоземје. Како резултат на мировната конференција во Лозана и завршувањето на грчко-турската војна (1919-1922) договорена е и размена на населението, односно во грчкото кралство се доселиле 1.100.000 грци, додека во Турција се префрлени 380.000 муслимани. Најголемиот дел од бегалците се населени во Егејскиот дел на Македонија, со што драстично е променета етничката структура.

Активностите на современата грчка геополтичка пракса укажуваат дека доминира нео-геополитички пристап, кој нема директни територијални претензии, односно се базира на создавање интерсни сфери на влијание. Пристапот е првенствено фокусиран против македонската државотворност. Денес, Грција претставува главниот надворешен инвеститор во Македонија, сопственик на рафинерија за преработка на нафтени деривати, цементара, пивара и големо влијание во сферата на малото стопанство.

На почетокот од осамостојувањето на Македонија, Грција за да наметне мислење дека самостојна тешко ќе може да опстане, во летото 1992 година Грција воведе економска блокада, односно го запре транспортот на сурова нафта и други стоки од Солунското пристаниш-

те. Целта беше со економските средства од арсеналот на неконвенционалното војување да се предизвка економски колапс на земјата а со тоа и пропаст. По симнувањето на економската блокада од страна на Грција, таквата стратегиска пресија е релаксирана. Денеска, со „освојувањето„ на македонскиот економски простор од грчка страна се очекува постепено да се релаксира стратегиската пресија и во рамките на политичката агресивност.

Грција со политичка блокада на македонската држава издејствува преку "Времената согласност за нормализирање на односите меѓу двете држави", потпишана во Њујорк на 13 септември 1995 година, промена на тогашниот симбол на македонското знаме, „откажување од својата уставна обврска да се грижи и да го штити статусот и правата на било кои лица во други држави кои не се нејзини државјани„[238], и на уставното име на државата[239].

Позначајни несогласувања помеѓу двете држави претставуваат: статусот на македонскиот ентитет на грчкиот простор. Познато е дека грчката влада не признава етнички малцинства. Понатаму, статусот на македонските бегалци од Грција кои преку организацијата "Виножито", ги бараат своите права како што се правото на репатријација, враќање на одземените државјанства, враќање на имотите, како и непризнавањето на Македонската православна црква

### 7.2.5. Албанските територијални интереси кон Македонија

Идејата за концептот "Голема Албанија" датира уште од периодот на Источната криза. Во тоа време се развива албанското национално движење кое како императив си го поставило барањето за автономија и обединување на сите територии на кои живееле Албанци во рамките на Отоманската империја. Покрај различните видувања на албанската политичка емиграција, кои биле во насока, едните за соработака со другите балкански народи во борбата против турската влас, а другите биле со став дека со слабеењето на турската власт на Балканот ќе се зголемуваат претензиите на другите балкански држави кои по проте–

---

[238)] Катарџиев, И. (1998) *Соседите и Македонија, вчера, денес, утре*. Скопје: Менора, стр. 46.

[239)] На 8 Април 1993 година Република Македонија е примена во Организацијата на обединетите нации под референцата БЈРМ.

рувањето на турската војска ќе сакаат да ги завземат териториите со кои таа владеела. Поголемиот број албански политичари застанале на страната на Турција барајќи, во рамките на Империјата, автономија за Албанија. Како резултат на агилноста на албанските феудалци, интелигенцијата и емиграцијата, а на иницијатива на скадарскиот Хусеин-паша и Албанците од Цариград во согласност со турската влада на 10 јуни во 1878 година била формирана Призренската лига.[240] Станува збор за политичка организација која како одговор на одлуките на прелиминарниот Санстефански договор си поставила цел да се бори за обединување на сите територии на кои живеел албански народ и за автономија во рамките на Отоманската Империја. Абдул-бег Фрашери бил главен идеолог на Призренската лига, воедно тој е креатор на проектот за "Голема Албанија", кој уште од почетокот се спротивставувал на плановите на инспираторите на сличните големодржавни проекти како што биле: "Голема Србија", "Голема Грција", "Голема Бугарија". Со оглед на тоа дека сите големодржавни програми биле инспирирани од националистичките сили во рамките на националните движења, така и проектот за „Голема Албанија" опфаќал територии на кои живеат други народи. Преку Призренската лига се барало обединување на Скадарскиот, на Косовскиот со центар во Скопје и на јанинскиот вилает во единствена турска провинција под суверенитет на султанот, со турски гувернер и со албански совет составен од десет Албанци. Покрај тоа, предвидувала воспоставување албанска локална власт и локална полиција на чело со турски офицери.

Со оглед на тоа што Берлинскиот конгрес ги анулирал одлуките на прелиминарниот Санстефански договор, Турција повторно се вратила на териториите што ги држела под своја власт. Потоа турската влада пристапила кон ликвидирање на Призренската лига и го задушила албанското национално движење. Во исто време Австро-Унгарија го зголемила ангажирањето во Албанија истакнувајќи го "правото на заштита" на католичкото население на Балканот, па и во Албанија. Таквата политика особено се спроведувала откако Австро-Унгарија ја окупирала Босна и Херцеговина и откако започнала преку Новопазар-

240) Hrabak, B., (1989) "Albanci Kosova od prizrenske lige do 1918 godine", Zbornik, Kosovo, prošlost i sadašnjost, Beograd, str. 46-47.

скиот санџак да продира кон Косово и кон Македонија. Присуството на Австро–Унгарија ја реафирмирала програмата на Призренската лига.

Како резултат на дејноста на македонската революционерна организација, Илинденското востание и особено Младотурската револуција направено е силно влијание врз албанското национално движење, па се појавиле повеќе востанија во годините пред Балканските војни со единствена цел, автономија за Албанија. На ваквите барања Турција имала негативен став. Победата на Балканските држави во Првата балканска војна која била мошне брза и успешна го спречила создавањето автономија на Македонија и на Албанија во рамките на Отоманската Империја. Поразот на Турција во Првата балканска војна и освојувањето на албанска територија од страна на Србија, на Црна Гора и на Грција предизвикале значајни последици. Прво, албанскиот народ да се откаже од борбата за автономија во рамките на Турција и да ја започне борбата за независност. Второ, Австро–Унгарија и Италија кои во 1901 година се договориле за одржување на статус кво во Албанија, по поразот на Турција дипломатски и политички се ангажирале да не дозволат на соседните држави да ја поделат Албанија. Спречувањето на Србија да ги оствари територијалните претензии и излегувањето на Јадранското Море преку Албанија уште повеќе ги поттикнало нејзините претензии кон Македонија и ривалството со Бугарија што било од полза и за Австро–Унгарија и за Италија бидејќи го доведувале во прашање Балканскиот сојуз, а со тоа се создавале поволни услови за нивно делување во Македонија.

На 28 ноември 1912 година во Валона, Националниот конгрес на албанскиот народ на чело со Исмаил Ќемал, со цел да ја спречи евентуалната поделба на Албанија, ја прогласил нејзината независност, а големите сили во декември 1912 година ја признале автономијата на Албанија под суверенитет на Турција и под нејзина гаранција. Тоа фактички значело дека големите сили ја ставиле Албанија под свој протекторат.[241] Албанската влада, во согласност со програмата на Призренската лига, од големите сили барала во составот на Албанија да влезат Косово, Македонија со Скопје, Битола и Преспанското Езеро,

---

[241] Avramovski, Ž. *Odnosi na Balkanu i stvaranje albanske države*. Zbornik, Kosovo, prošlost i sadašnjost, Beograd, 1989, str. 65.

како и територијата до Јанина и до Јонското Море. Без оглед на таквите барања границите на Албанија биле утврдени со протокол на конференцијата на амбасадорите во Лондон во април и во Август 1913 година. Веднаш потоа големите сили ја признале независноста на Албанија во однос на Турција, но го задржале правото со таа земја да можат да раководат и следните години.

Во Призрен од 16 до 19 ноември 1943 било одржано основачкото собрание на т.н. "Втора призренска лига", при што во прокламацијата било обелоденето обединувањето на Космет и западниот дел на Македонија со Албанија[242].

Лигата претставува култ на албанскиот национализам која, до денес, ќе биде основната водилка на нивната борба (на сите рамништа) за реализирање на целта: сите албанци под еден етнички покрив. Во тој контекст, албанските големодржавни активности (политички, економски и воени) како пракса кон македонскиот простор и на другите балкански простори на кои живет албанци, кој има за цел создавање на етничка или "Голема Албанија" имаат класичен геополитички пристап, со тенденции за освојување на територии.

Гледано низ призмата на историјата експанзионистичките пориви на биолошки активното албанско население отсекогаш биле насочени кон исток и североисток од албанската држава. Причините за таквата ориентација, преку географскиот детерминизам можеме да ги објасниме со фактот што албанскиот брег на Јадранското Море има многу мала расчленетост, што значи не дава најповолни услови за живеење. Таквите определби во голема мерка биле подржувани од Италија затоа што меѓусебно во голема мерка корелирале со нејзините интереси. Познато е дека Италија на Париската мировна конференција 1919 година се залагала за создавање на македонска држава се со цел да се спречат територијалните проширувања на Србија, Бугарија и Грција кои не оделе во прилог на територијалните интереси на Италија во Југоисточна Европа[243].

---

242) Батковски, Т. (1994) *Великоалбанската игра во Македонија*. Скопје: Мугри, стр. 40–41.

243) Pavić, R. (1973) *Osnove opće i regionalne političke geografije, geopolitike i geostrategije (I i II dio)*. Zagreb: Sveučilište u Zagrebu, str.272.

Албанија ја призна Република Македонија со уставното име и нејзиниот суверенитет и интегритет. Меѓутоа, признавањето на македонската државност не значеше ставање на крај и на нејзините големодржавни претензии кон македонскиот простор. Напротив, без оглед на фактот што Албанија пред меѓународната јавност званично се дистанцира од вмешаност во кризата од 2001 година во Македонија, постојат показатели кои оставаат сомнеж во искреноста на званичното, односно, дека таа имаше двоен пристап кон кризата. Како можни предупредувања ќе ги посочиме следните констатации:

- албанската држава не се спротивстави, преку потпишување на званични акти, туку вербално ги осуди или премолча: иницијативата за создавање на "Илирида", распишувањето на референдумот на македонските албанци, терористичките активности во Македонија и не ја осуди и не ја отфрли тезата дека македонците ја предизвикале герилско–терористичката активност;
- не го осуди ниту реагираше на интензивирањето на етничкото чистење на македонското население во кризните региони во 2001 година. Со таквата индолентност и молк, албанската демократска држава примени двоен аршин кон етничкото чистење со оглед на ставот за бегалската криза на Косово и тогаш изразената благодарност кон македонската влада за згрижувањето на албанските бегалци;
- не превзеде мерки за затворање на тренажните центри на терористите на нејзина територија и не ги затвори илегалните канали на нивната дислокација во Македонија преку Косово;
- после периодот на "пирамидалната криза" во 1997 година не застана на патот на илегалнто дистрибуирање на украденото оружје и опрема од касарните на нејзината армија во Македонија.
- континуирано ги интензивира лоби–активностите во меѓународните институции и јавноста за барањата на албанците по однос на човековите права, притоа протежирајќи ја тезата за конституирање на Македонија како бинационална држава. Ваквите активности се во насока на започнување незапирлив

процес по пат на референдум да се сепарират делови од македонскиот простор каде што албанскиот ентитет е мнозински;

- даваше безрезервната подршка на човековите права, кои истовремено од албанците во Македонија се бараа и преку оружен терор и окупација на просторот;
- не го осудува ниту го отфрла научното тврдењето на Албанската академија на науките за албанското правото на јурисдикција на просторот на Р.Македонија на кого претежно живее албанско население[244];
- го негира договорот за разграничување помеѓу Р.Македонија и СиЦГ, алудирајќи на потребата од инволвирање на Косовските власти во целиот процес на разграничување.

Горе споменатите констатации за територијалните интереси на соседните држави кон Македонија, го профилираат геополитичкиот аспект на нејзината вкупна политичко-географска положба. Изразито конвергентните интерси на околните простори и народи го детерминираат македонското подрачје како едно од најтурбулентните и најзначајните зони на европските конфронтирања. Определбите кои веќе ги напоменавме не мора да бидат во корелација со актуелната политика, мора да се разберат како геополитичко предупредување. Во тој контекст интересна е анализата која е прави М. Степиќ, во неговата книга "У вртлогу балканизације", која во голема мерка отстапува од актуелната српска надворешна политика.. Авторот потенцира дека "... во новопризнатата БЈР Македонија, создадена на почвата на јужниот дел од историски-географската Стара Србија како антисрпска коминтерновско-титоистичка геополитичка творба, на која по истиот принцип и припаѓаат "инстант нацијата" и црква, оддалечувањето од српството и идеолошко-политички наследеното порекнување на неспорното, дури и материјално докажано српско наследство од периодот пред 1945 година, во толкава мерка за време на полувековната индоктринација се вкорениле, така

244) Фразата "Албанско национално прашање" во контроверзниот документ на Албанската академија на науки, презентирано во 1998 година е интерпретирана како "движење за ослободување на албанските земји од странските окупатори и нивно обединување во една национална држава", *"Platform for the Solution of the National Albanian Question", Albanian Academy of Sciences*, in Pan-Albanism: How Big a Threat to Balkan Stability?, 25 February 2004, International Crisis Group, Europe Report N 153, Tirana/Brussels, p.2.

што реверзибилниот процес е незамислив, иако во одредени услови не и невозможен. Во опциите за иднината на БЈР Македонија, кога нејзината "тампонска" улога ќе заврши и кога евентуалната поделба ќе стане реално возможна, српското историско, етничко, државно и културно–цивилизациско наследство како аргумент во варијантата за нејзино целосно или делумно припојување се смета за неостварливо. Исто така, хипотетичките посегања на Грција се сметаат за неоправдани. Наместо ова, се почесто споменуваниот модел на поделба е на источен дел, кој би останал на "македонците" и кои после нивната бугаризација ќе се приклучи на "Голема Бугарија", додека западниот дел после демографското (со наталитетот и имиграција) "покривање" на Албанците, како "Илирида" би влегол во составот на "Голема Албанија". Вардар и неговата долина, наместо еден од главните коридори и интеграциони оски на Балканот, би станал или апроксимативна граница или периферна област на едната или другата големодржавна творба..."[245]

[245] Степић, М. (2001) *У вртлогу балканизације*. Београд: Службени лист СРЈ, Институт за геополитичке студије, стр. 394–395.

## 7.3. ГЕОСТРАТЕГИСКИ ДЕТЕРМИНАНТИ

### 7.3.1. Современи аспекти на геостратегијата

Во современите военостратегиски околности, со подемот на информатичката технологија која наоѓа примена во вештачкото моделирање на офанзивните тактики, селективно гаѓање со проектили и теледиригираните модели на војувањето, географската димензија на војната во голема мерка се намалува. Односно, нејзиното значење не е во толкава мерка изразено, како што тоа беше состојба за време на Втората светска војна или во најголемиот дел од Студената војна.

Балканскиот Полуостров, опишуван како "мост помеѓу Истокот и Западот" во периодот на Студената војна, имал одредена значајна стратегиска улога. Ваквата констатација била присутна и поради неговата потенцијална неутралност врз која блоковските сили се обидуваа да воспостават сопствено влијание. Во денешни услови, со распадот на биполарната поделеност на светот, Балканот ја нема повеќе таквата стратегиска важност, поради што неговата потенцијална неутралност повеќе за никого не претставува витален интерес, следствено на тоа и на ново настанатите држави во регионот. Исто така, со оглед на осовременувањето на методите на војувањето, запоседнување на одредена територија, заради отпочнување на конвенционален начин на војување, повеќе не е крајно неопходна[246]. Оттука, технолошки напредните армии (не е повеќе важен нивниот квантитет) не мораат да ја контролираат територијата во непосредна близина со територијата на која имаат интенција воено да дејствуваат. Ваквите согледувања укажуваат дека геостратегиското значење на Балканот (Југоисточниот дел од Европа) е помало за разлика од поранешниот биполарен период.

Во рамките на поранешната федерација, Република Македонија со својата геостратегиска положба, во контекстот на Студената војна и Европското војувалиште, претставуваше тампон зона од витално значење за двата спротивставени блока. Од исклучително значење во рамките на таквата геостратегиска определеност, претставуваше Вардарско–моравскиот стратегиски правец, кој ги соединува Егејското мо–

---

[246)] Пошироко во: Fatić, A., (1999), "Novi međunarodni odnosi", Beograd: Službeni list SRJ, str.67. Верификација на ваквото тврдење претставува усвојувањето на воената доктрина "Воздушно–копнена битка", од страна на Северноатлантската алијанса во 1991 година.

ре и Панонската низина. Со евентуални воени дејства по Вардарско-моравскиот стратегиски правец од север на силите на Варшавскиот договор им се овозможуваше напредување кон бреговите на Егејското море, со крајна манифестација на разделување на грчко-турското боиште и декласирање на Грција, која е од особено значење за НАТО пактот во тој дел од Европа. Аналогно на тоа по истиот стратегиски правец, силите на НАТО можеа да продрат во Панонската низина, со што се вклинуваа помеѓу јужното и централното боиште на Варшавскиот пакт и се создаваа можности за развивање на операции во сите правци[247].

Завршувањето на Студената војна, претставуваше крај на постоењето на посебното војувалиште на Варшавскиот договор во рамките на Европското војувалиште. Тоа значи дека на просторот на поранешните членки на Варшавскиот Договор се издиференцираа посебни војувалишта на Полска, Романија, Унгарија, Бугарија, како и новосоздадените држави Чешка, Словачка, Молдавија, Летонија, Естонија, Литванија, Белорусија, Украина, Словенија, Хрватска, Босна и Херцеговина, Србија и Црна Гора, Македонија. Дел од споменатите држави се веќе членки на НАТО алијансата.

Оттука, имајќи ја предвид современата геостратегиска реалност, можеме да посочиме дека посебното војувалиште на НАТО се карактеризира со следните специфики: го завзема западниот, централниот и јужниот дел од Европа, кој се карактеризира со голем број важни стратегиски објекти[248], полуострови, острови, мориња, заливи, мореузи. Ги држи под контрола сите морски излези од Европа кон топлите мориња. Понатаму, има маритимна (морска) западна граница, наспроти огромното копнено (Руско) пространство на исток. Во рамките на војувалиштето постои "шаховска" релјефна композитност (скандинавски, пиринејски, алпски, шарско-пиндски, карпатски, родопски планини). Најчуствителен дел на војувалиштето е централниот кој е во голема

247) Петковић, Р., (1996), "XX век на Балкану, Версај, Јалта, Дејтон", Београд: Службени лист СРЈ, стр. 15.

248) Статус на стратегиски објекти, во рамките на едно војувалиште, имаат значајните политичко-административни, демографски и економски центри, сообраќајни реони и др., вклучувајќи ги деловите на вооружените сили и инфраструктурата во нив. Талевски, Ј., (2003), "Воена географија", Скопје: Воена академија "Генерал Михаило Апостолски", стр. 32.

мерка е транспортно зависен од прекуокеанските логистички центри; целото војувалиште е на удар на асиметрични закани (тероризам, употреба на оружје за масовно уништување, информатичко војување), на регионалните безбедносни закани кои можат да произлезат од потенцијалите за конфликти помеѓу државите или групи на држави во рамките на војувалиштето и транснационалните опасности како екстремизмот, етничките препирки и религиозниот ривалитет, организираниот меѓународен криминал, вклучувајќи нелегална трговија со оружје, стратегиски материјали, дрога, масовни бегалски бранови и закани по животната средина.

### 7.3.2. Република Македонија во рамките на Јужноевропското боиште

Просторот на Република Македонија се наоѓа во рамките на Јужноевропското боиште[249]. Истото во значителна мерка влијае врз детерминирањето на геостратегиските обележја на просторот на нашата држава.

Северна граница на Јужноевропското боиште ја сочинува линијата Алпи–Карпати, додека неговата јужна граница претставува Средоземното море. Јужноевропското боиште во источна насока е ограничено со просторот на Мала Азија, односно до реката Кизилирмак (Kizilirmak), додека на запад се протега до Италијанско–француската граница и островот Корзика.

Доколку го опсервираме само копнениот дел од Јужноевропското боиште, сосема евидентно е дека истото се карактеризира со неговата расчленетост со морињата, планинските масиви, реките, мореузите, тесните проодни зони и превои. Евентуалните борбени дејства (ќе ги анализираме иако е намалена, но не и исклучива можноста за такви методи на војување) и масовната употреба на борбена техника во такви услови значително би била успорена. Операциите би се изведувале во одделни оперативни простори какви што се Апениското Полуострово, Северноиталијанската Низина, Панонската Низина, Долнодунавската Низина, Балканското Полуострово, Трансилванија, јадранско–егејскиот

[249] Во рамките на Европското војувалиште егзистираат: Арктичкото, Северноатлантското, Северноевропското, Средоземното и Јужноевропското боиште. Пошироко во: Талевски, Ј., (2003), "Воена географија", Скопје: Воена академија "Генерал Михаило Апостолски", стр. 189–194.

басен и црноморскиот басен. Физичко–географските карактеристики и комуникациска фрагментираност, амбиенталната некомпатибилност како и канализираноста на проодните зони, претставуваат фактори кои во голема мерка го оневозможуваат брзото пренесување на дејствијата од една во друга оперативна зона.

Безбедносната чуствителност на Јужноевропското боиште како составен дел на јужното крило на НАТО е главна негова карактеристика, особено по создавањето на посебните војувалишта на повеќето држави кои излегоа од составот на поранешниот Варшавски Договор или по распадот на СФР Југославија. Ваквата определба се потврди не само со крвавата разврска на југословенската криза, туку и со хроничното затегнатите грчко–турски односи, косовскиот проблем, македонската криза. Осетливоста на Јужноевропското боиште, покрај другото, претставува резултат и на различните општествено–политички определби и економски интерси, процесот на "задолжителната" унификација (неможноста за завземање друга опција) со НАТО воениот сојуз, неформалните мултирателарни и билатерални спогодби меѓу одделни држави, етничката композитност на регионот, односно поделеноста на определени народи во повеќе држави, влијанија и притисоци на соседните држави и големите сили, различните културно–цивилизациски детерминирања и слични состојби кои влијаат на неговата нестабилност.

Како најзначајни оперативни простори во рамките на Јужноевропското боиште можеме да ги издвоиме: просторот Милано–Верона–Болоња, Љубљана–Трст–Риека–Загреб, поширокиот регион на Виена и Будимпешта, Белград–Сараево, Скопје–Софија–Краљево–Приштина, Трансилванија, регионот на Истамбул со Босфор и Дарданели, регионот на Одеса, Долнодунавската Низина, Отрантската врата и други. Покрај припадноста на оперативната просторија Скопје–Софија–Краљево–Приштина, просторот на Република Македонија, се наоѓа во зоната на многу значајниот Украинско–егејски правец на дејства, кој ги поврзува источниот дел на Средоземјето и Јужна Украина со оска на правецот приближно на линијата Егејско Море–Босфор–Дарданели–Одеса–Киев и во обратна насока. Зоната на овој правец ја опфаќа Јужна Италија,

Албанија, Македонија, Грција, Бугарија, источните делови на Србија и Црна Гора, Романија, западните делови на Турција, егејската и црноморската акваторија и Јужна Украина.




**Слика бр.27 Украинско-егејски стратегиски правец**
(**Извори:** Route Planner Europe, Sonymap; Котовчевски, М., (1999), "Македонија воена алка на светот", Скопје: Македонска цивилизација", стр. 29.)

Исто така, доколку меѓународните вое違стратегиски околности во одредена варијанта го наметнат тоа, возможно е активирање на историски познатиот малоазиско–панонски стратегиски правец, кој би го опфатил Егејскиот басен, вклучувајќи ги Грција и турските мореузи, Македонија, Србија и Црна Гора и Панонската Низина со продолжение кон Баварија, како и во спротивна насока, преку Мала Азија кон Блискиот Исток.




**Слика бр.28 Малоазиско-панонски стратегиски правец**
(**Извори:** Route Planner Europe, Sonymap; Котовчевски, М., (1999), "Македонија воена алка на светот", Скопје: Македонска цивилизација", стр. 28.)

Според претходно изнесеното, геостратегиското значење на територијата на Република Македонија во рамките на Јужноевропското боиште е мошне големо. Нејзината централна положба прејудицира дека во евентуални локални и регионални војни би била неодминливо зафатена, поради што безбедноста и интересот за нејзиниот простор е доста изразен. Во блиска иднина со проектите за квалитативно "збогатување" на македонскиот простор, истиот влегува во геостратегиските планови на воено најмоќната планетарна сила, Соединетите американски држави. Ако направиме анализа на геостратегиската важност на територијата на Македонија за САД, ќе дојдеме до следните констатации. Доколку се знае дека развојот на американската сфера на влијанија на Балканот, во својата суштина ги подржува интересите на нафтните гиганти на чело со конгломератот во кој се наоѓаат "Бритиш Петролеум", "Амоко", "Арсо", "Шеврон" и "Тексако", евидентно е дека на оние географски пространства каде споменатите компании имаат непосреден интерес, неопходно е да се воспостави воено присуство и контрола. Оттука, обезбедувањето на рутите по кој во иднина ќе поминуваат исклучително важни нафтоводи, претставува по–

беда на интересите на овие компании. Проектот АМБО[250] за изградба на транс–балкански нафтовод, од Бугарското пристаниште Бургас на Црното Море до албанската Валона на Јадранското Море, во голема мерка го истиснува неговиот европски конкурент, нафтниот гигант "*Total-Fina-Elf*". Поинаку гледано, основната цел при изградбата на американскиот нафтовод, според одредени стратегиски видувања, претставува истиснувањето на Европската Унија од овој дел од Европа.

Американскиот конзорциум АМБО, во периодот на неговото создавање, беше директно поврзан со Вашингтон, односно со американскиот потпретседател Дик Чејни и неговата компанија "Халибуртон енерџи"[251]. Според анализата направена од познатата компанија "Брајан и Рут" (Британска сестринска компанија на "Халибуртон Енерџи") евидентен е податокот дека АМБО нафтоводот станува составен дел од критичниот инфраструктурен коридор Исток–Запад кој во себе ќе ги вклучи автопат, железничка пруга, нафтовод, оптички телекомуникациски кабли и гасовод. Уште поинтересен податок претставува тоа што "Халибуртон Енерџи" направил договор со американската влада за изградба на воена база на Косово, "Бондстил" кој се наоѓа на околу 20 км од инфраструктурниот коридор Исток–Запад (бр8). Во исто време во работата околу изградбата на нафтоводот се вклучува и познатата адвокатска фирма "Вајт и Кејс" од Њујорк, во која, по завршувањето на

---

250) Според изјавата на Тед Фергусон (претседател на корпорацијата АМБО) од 7 Април, презентирана на "Форумот за инвестиции и енергетика", одржан во Скопје, Албанско–македонско–бугарската нафтена корпорација (АМБО) во 2004 година треба да започне со изградба на транс–балканскиот нафтовод со кој касписката нафта ќе се транспортира од Црното море кон Јадранското море. При тоа е потенцирано дека нафтоводот е во вредност од 988 милиони евра, при што главни инвеститори се американската Ексим банка, Европската банка за реконструкција и развој, приватните американски банки Ситибанк и CFS Бостон. Нафтоводот ќе биде со должина од скоро 900 км., поаѓајќи од Бургас во Бугарија до Валона во Албанија, додека делот кој ќе поминува низ територијата на Република Македонија ќе изнесува 350 км. Нафтоводот на Република Македонија треба да и носи годишен профит од 16–24 милиони евра, средства од тарифите кои нафтните компании ќе ги плаќаат за транспорт на нафтата. Проектот треба да биде завршен до 2006 година.

251) Клучните членови на Бушовата администрација имале долготрајно искуство во работа со меѓународните нафтни картели. Бушовата фамилија (Буш сениор) има врски со Карлис групацијата (*Carlysle Group)*, која е тесно специјализирана за глобални инвестиции на полето на нафтата и природниот гас. Дик Чејни пред да стане Потпретседател работел во нафтниот конгломерат Халибуртон, чии што главни интерси се поврзани со изградба на нафтоводи. Советникот за национална безбедност Кондолиза Рајс пред да дојде во Вашингтон работела за нафтниот гигант Шеврон. *Gopalaswami Parthasarathy, "War against terrorism - the oil and gas dimensions",* достапен на: http//:www.blonnets/com/bline/2002/06/21 (Посетен на 04.09.2004 година)

претседателскиот мандат, се вработил поранешниот претседател на САД, Бил Клинтон[252].

За прв пат политиката за заштита на патиштата од регионот ја споменал поранешниот американски министер за енергетика Бил Ричардсон, неколку месеци пред воената интервенција на НАТО врз тогашна СР Југославија во 1999 година. Притоа потенцирано е дека станува збор за американската енергетска безбедност[253]. Територијата на Република Македонија влегува во рамките споменатата енергетска безбедност.




**Слика бр.29 Нафтоводи и гасоводи на Балканот, Блискиот и Средниот Исток**

(**Извори**: Route Planner Europe, Sonymap; Fouskas, K.,V., (2003), "Zones of Conflict", London: Plito Press, p.16; Emmanuela, C.del Re, (2003), "Corridor VIII", Rome: Ministero delle Infrastrutture e dei Trasporti, p.511)

252) Чушодовски, М. "Жетва петродолара" Геополитика, достапно на: http://www.geopolitika.org.yu /broj5/510.html (Посетен на 04.09.2004 година)

253) Исто.

### 7.3.3. Геостратегиски баланс на силите во регионот

Геостратегиски гледано, интенциите во регионот за создавање на паритетна моќ (*balance of power*), може да резултира со повеќе сценарија кои можат да имаат сопствена политичко-географска валоризација. Во овој контекст, доколку се анализира воено-стратегискиот паритет, треба да се идентификуваат правците на можното делување на Република Македонија.

**Република Бугарија**, со својата географска положба преку нејзиното геостратегиско значење, се наоѓа на јужното крило на познатата "Врата на народите", односно во широката проодна зона меѓу планината Урал и Црното Море. Основните геостратегиски карактеристики на Бугарија, и овозможуваат крстопатни специфичности, како и лесна контрола на морските патишта кои водат од Црното Море кон Средоземното Море и во обратна насока.

Геостратегиското значење на Бугарија произлегува од следните констатации: Во случај на регионална или светска војна, територијата на Бугарија претставува солидна стратегиска основа за превземање на воени операции од големи размери, особено кон југ и кон исток, притоа потпирајќи се на европското војувалиште како простор најопремен со воена инфраструктура, ресурси и воени сили. Територијата на Бугарија со целата своја површина се наоѓа во зоната на малоазиско-панонскиот, односно панонско-малоазискиот можен стратегиски правец на дејствување, кој се протега од блискоисточните региони богати со нафта, до средноевропските урбано-индустриски региони за кои нафтата претставува важен стратегиски ресурс. Бугарија остварува контрола на две значајни пловни артерии. Имено, станува збор за црноморско-средноевропската, која се одвива по реката Дунав[254] и системите од

---

254) Со својата должина од 2.850 километри и големиот број на притоки реката Дунав претставува една од поголемите реки во светски рамки. За големите трговски бродови Дунав е пловен во должина од 2.414 километри, додека трансевропската пловна артерија создадена со поврзување на реката Мајна и Дунав, во должина од 3.505 километри создава нови можности за економски развој на државите во басенот на Рајна и Дунав. Оваа европска речна магистрала поврзува преку 500 милиони жители на Европскиот континент. Геостратегиското значење на Дунав е големо со оглед на тоа што големиот број на притоки овозможуваат негово поврзување со Северното Море (каналот помеѓу Мајна и Дунав), како и она кое во иднина треба да се реализира, поврзувањето со Јадранското и Егејското Море преку Морава и Вардар. Пошироко во: Stojić-Karanović, E. Dunav: 1997-2000. in: *Međunarodna politika.* Godina XLVIII, 1061, 1 Oktobar, 1997, str.8-9.

пловни канали во северозападна Европа, а делумно Средоземноморско–црноморската пловна артерија која има големо воено и економско значење за скоро сите европски држави. Источниот дел на Република Бугарија обезбедува погоден амбиент за заштита на централниот дел на Балканскиот Полуостров, затоа што претставува погоден стратегиски мостобран во случај на воена инвазија од исток; Високопланинскиот и среднопланинскиот релјеф по должината на јужната и западната граница на Бугарија и овозможува значителни геостратегиски предности во случај на воена инвазија од југ и од запад. Преку просторот на Република Бугарија поминуваат комуникациските коридори број четири, осум, девет и десет[255], кои ја поврзуваат Европа со блискоисточните региони.

Како полуконтинентална земја, Република Бугарија зафаќа површина од 110.994 $км^2$ и се класифицира во категоријата мали геостратегиски простори. Најголемата должина на просторот изнесува околу 500 км, а средната широчина е околу 330 км. На тој простор живееат околу 7.537.929 жители. од кои најголемиот дел или 67% живеат во урбаните средини, а 33% во рурарните подрачја. Бугарите сочинуваат 85% од вкупната популација, 9% се Турци, додека останатите се Роми, Македонци, Ерменци, Грци. Густината на населеноста изнесува 68 жители на километар квадратен[256].

Рамномерната распореденост на населението во Република Бугарија претставува мошне важна геостратегиска карактеристика. И покрај одредени проблеми во врска со етничкиот состав и старосната структура на населението, како и природниот прираст кој е незадоволителен, се проценува дека Република Бугарија, со средно мобилизациско напрегање од околу 15–18% од машкото население, за сопствената армија може да обезбеди од 560 до 680 илјади воени обврзници, што претставува борбен потенцијал за респект.

Вооружените сили на Република Бугарија се составени од копнена армија, воено воздухополовство и воена морнарица. Копнената војска е организирана во три армиски корпуси и брои околу 60.000 луѓе.

---

255) Пошироко во делот за сообраќајно–географските детерминанти.

256) Податокот за населението е според Microsoft Encarta Encuclopedia Delux 2004. Според пописот од 1985 во Бугарија живееле 8,948,649 жители. Причината за драстичното намалување на популацијата се големите емиграциски процеси.

Опремена е со 1.300 тенкови (Т–55, Т–72), 2.000 оклопни возила, 800 самоодни артилериски орудија, 250 ракетни лансери (RM-120, BM-21, FROG и SCUD), 1.000 тешки артилериски орудија (M-1944, M-46, M-1973, D-20/44), ПВО системи од типот SA-4/6/7/13, противоклопни орудија T-12, M-1942, AT-1/2/3/4/5/6 и минофрлачки 82 мм, 120мм и 160 мм.

Военото воздухопловство брои околу 22.000 луѓе и е опремено со 230 ловци од типовите МиГ–21, МиГ–23, МиГ–29, Су–22 и Су–25, 10 извидувачки авиони МиГ–21 РФ, 16 транспортери од типот Ан–24/26/30, Л–410, Ту–134Б, 170 тренажни авиони и 110 хеликоптери Ка–26, Ми–2/8/17/24.

Воената морнарица брои околу 5.500 луѓе. Истата е опремена со три подморници од класата Romeo, две фрегати од класата Riga и Koni, девет корвети од класата Poti, Pauk I и Tarantula II, 14 патролни бродови од типот Osa II и Zhuk, 25 амфибиски возила од класите Vydra и Polnochny, 30 миноловци[257].

**Република Грција** според својата географска положба, сопствените природни одлики на просторот и создадените вредности на него, лоцирана е во јужниот дел на Балканскиот Полуостров. Големиот број на острови и полуострови овозможуваат Грција длабоко да навлезе во Средоземното Море. Грција, оттсекогаш со својата територија имала значајно геостратегиско значење, како во регионалниот така и во светскиот геостратегиски контекст.

Територијата на Република Грција се наоѓа во најјужниот дел од Балканскиот Полуостров. Со големиот број на острови и полуострови , Грција длабоко продира во акваториите на Јонското, Егејското и Средоземното Море. Таквата географска лоцираност и овозможува да се најде на приодите кон традиционалните кризни жаришта на Блискиот Исток и Североисточна Африка. Како најзначајни геостратегиски карактеристики на просторот на Грција можеме да ги издвоиме следните: Инклинирањето на копното во акваторијата на Средоземното Море и големиот број на острови овозможуваат воено присуство и воена контрола на големиот број пловни патишта, од кои најзначајни се оние кои водат

257) Талевски, Ј. (2003) *Воена Географија.* Скопје: Воена академија "Генерал Михаило Апостолски", стр. 200–201.

кон светски важните мореузи и канали како што се Суецкиот и Коринтскиот Канал, мореузите Гибралтар, Босфор и Дарданели, Отрантската Врата и др. Континенталниот копнен дел има добра заштита од многубројните острови распоредени околу него, истовремено континенталниот дел претставува стратегиска заштита за источниот дел на Средоземното Море и Апенинскиот Полуостров, претставува погодна стратегиска основа за изведување воени операции кон исток. Грција се наоѓа во зоната на познатиот украинско-егејски стратегиски правец на дејства. Егејскиот дел од Македонија, претставува погодна поморско-десантна и мостобранска стратегиска просторија за дејства од југ и исток, кон европското копно. Од север територијата на Грција е добро заштитена со високопланинската релјефна структура во пограничниот појас, како и со планинскиот релјеф на териториите на нејзините соседни држави, Албанија, Македонија и Бугарија. Оперативната длабочина на територијата во источниот дел од Егејска Македонија, која изнесува од 40 до 100 километри е релативно мала и претставува геостратегиски недостаток, кој може да се компензира со јаки поморски сили.

Горе наведеното не упатува на констатацијата, дека геостратегиското значење на територијата на Република Грција во голема мерка го надминуваат националното и државно значење, односно имаат многу поголемо регионално и светско значење. Уште повеќе што овој простор може да влијае на политичко-географските процеси и военополитички состојби на други поодалечени простори.

Грција претставува класичен пример за полуостровско-островска држава, бидејќи нејзиното копно е едно од најрасчленетите во светски рамки. Зафаќа површина од 131.957 км2, од кои на островскиот дел припаѓаат 25.484 км$^2$. Континенталниот дел на Грчката територија во меридијански правец има издолжена форма, и изнесува околу 540 км, протегајќи се од Гевгелија до 'ртот Тенерон. Карактеристично е што неговата широчина е променлива, односно преку Егејскиот дел на Македонија, Тракија и Епир изнесува околу 420 км, од кој, само појасот од Солун до грчко-турската граница е во должина од 300 км. и широк од 40 до 100 км. На линијата од Лариса до Јанина широчината изнесува 240 км, и одејќи во јужна насока има тенденција на намалување. Остров-

ским дел на Грчката територија се протега блиску до малоазискиот брег. Најблискиот остров до Мала азија е оддалечен само 6 км од брегот, односно од турската територија, поради што Грција има голема стратегиска предност. Оддалеченоста на островскиот дел, островот Крит, од африканското копно е околу 350 км, а од Апенинскиот Полуостров растојанието од островот Крф до 'ртот Санта Марија околу 110 км.

Територијата на Република Грција се карактеризира со динамични демографски процеси кои имаат свои политички и економски причини. Во Грција живеат околу 10,665,989 (податок од 2003 година), од кои 60% живеат во урбаните средини, додека 40% во руралните средини. Според одредени процени се претпоставува дека на територијата на Република Грција живеат околу 380.326 македонци, околу 170.000 турци, 21.129 албанци и др[258]. Најголема концентрација на градското население е во Атина и Солун, додека останатите градови бројат помалку од 100.000 жители.

Вооружените сили на Грција бројат околу 168.000 војници, вклучувајќи и 112.700 регрути. Резервниот состав го сочинуваат 291.000 луѓе од кои 235.000 копнена војска, 24.000 морнарица и околу 32.000 воено воздухопловство. Мирновременскиот состав на копнената војска брои 116.000 војници од кои 88.500 регрути или 69% од вкупниот број на вооружените сили. Копнената војска се состои од активни и резервни единици и национална гарда. Копнената војска на Грција е вооружена со: 714 тенкови М-48, 352 тенка LEOPARD 1A3, 130 извидувачки возила М-8, 13VBL, 500 борбени возила на пешадијата од типот BMP-1, 308 оклопни транспортери LEONIDAS1, 350 транспортери М-59, 1.669 оклопни транспортери M113. Артилеријата е со најразлични калибри, вклучувајќи влечни и самоодни орудија. Грција поседува противоклопни ракетни системи 290 MILAN, 336 TOW, 262 AT-4, противвоздушни ракетни системи: 838 STINGER, 421 HAWK и 12 SA-8B. КоВ има и воздухоплови, односно 43 авиони U-17A, 20 борбени хеликоптери AH-64 и 129 транспортни хеликоптери. Националната гарда брои околу 34.000 припадници и é

[258]) Податоци според: Талевски, Ј. (2003) *Воена Географија.* Скопје: Воена академија "Генерал Михаило Апостолски", стр.210, Киселиновски, С. (1990) *Егејскиот дел на Македонија.* Скопје: Култура, Microsoft Encarta Encyclopedia Deluxe 2004.

наменета за обезбедување на внатрешниот мир во земјата, поддршка на оперативната војска и заштита на виталните објекти.

Грчката воена морнарица има 19.500 војници, вклучувајќи 9.800 регрути. Опремена е со флота на фрегати и разорувачи, со уреди за лансирање на ракети, брзи патролни чамци, подморници, флота на минopoложувачи и миноловци и помошни бродови. ВМ располага со 13 поморски бази, главно сместени во Јонското и Егејското Море.

Грчкото воено воздухопловство е сочинето од 33.000 припадници, вклучувајќи и 14.000 регрути. ВВ на Грција располага со следните типови на воздухоплови: 92 A-7 H/E, 83 F-5, 66 F-4E/RF, 64 F-16, 26 MIRAGE F-1, 35 MIRAGE 2000, 35 транспортни авиони, 34 T-37B/C, 19 T-41D и 22 хеликоптери[259].

**Република Албанија** го завзема западниот дел на Балканскиот Полуостров. Како главна карактеристика на нејзината геостратегиска положба може да се потенцира можноста за контрола на Отрантската Врата, како важен теснец од кој се контролира Јадранското Море кое длабоко навлегува во европското копно.

По распаѓањето на Варшавскиот Договор, територијата на Република Албанија добива големо геостратегиско значење, заедно со териториите на Република Македонија и Република Бугарија кои се од посебен интерес за НАТО, заради неговата потреба од зголемување на оперативната длабочина за дејство на јужното крило. Други позначајни геостратегиски обележја на албанскиот простор се: просторот помеѓу Драч, Валона и Елбасан претставува погодна оперативна просторија, за собирање, стратегиско прегрупирање и логистичка поддршка на сили за евентуална инвазија кон запад; најмалата оддалеченост меѓу Апенинскиот Полуостров и албанскиот брег кај Отрантската Врата изнесува 70 км, а најголемата 810 км, на линијата Валона–Венеција; поставеноста на високопланинскиот релјеф во просторот на Албанија го заштитува средишниот дел од Балканскиот Полуостров; како можна оперативна просторија, просторот на Република Албанија се наоѓа на оддалеченост од околу 30–50 км од косовско–пелагонискиот операти–

[259]) Талевски, Ј. (2003) *Воена Географија.* Скопје: Воена академија "Генерал Михаило Апостолски", стр.212–213.

вен правец на дејства и околу 120–140 км од вардарско–моравскиот оперативен правец, кои воедно претставуваат најпогодни копнени проодни зони за преземање на воени операции кон север и кон југ.

Територијата на Република Албанија зафаќа површина од 28.748 км$^2$ и заедно со македонското и словенечкото, спаѓа во групата на најмали посебни војувалишта на Балканскиот Полуостров. Најголемото растојание во меридијански правец изнесува 345 км, додека широчината е најмала на линијата Пешкопеја–устие на реката Мати, каде изнесува 80 км, а најголема на линијата Корча–Фиери, каде изнесува 150 км. Геостратегиските одлики на просторот на Република Албанија со оглед на неговата издолженост (коефициент на издолженост 3.08) се неповолни.

Според статистички податоци од 2003 година во Република Албанија живеат 3.582.205 жители, од кои 43% живеат во урбаните средини, а 57% во руралните подрачја. Ваквиот соодност од геостратегиски аспект е доста územ поволен затоа што не е извршена урбано–економска концентрација на населението, што има позитивно влијание на одбранбените способности на Албанија. Најголемиот дел или 95% се Албанци, 3% Грци и 2% други. Според религиската припадност 70% се муслимани, 20% православни и 10% католици. Етничките Албанци припаѓаат на две големи традиционални племенски групи: Геги, кои сочинуваат 54% и живеат северно од реката Шкумба и Тоски, 46% кои живеат јужно од таа река.

Се проценува дека вооружените сили на Република Албанија бројат околу 48.000 персонал. Со мобилизациско напрегање од 5% Албанија може да обезбеди околу 180.000 луѓе. Вооружените сили се составени од копнена војска, воено воздухопловство и воена морнарица. Копнените сили бројат околу 35.000 луѓе. Опремени се со 150 тенкови од типовите Т–34, Т–54, Т–59 и Т–63, 200 борбени возила BDRM-1 и BTR-40/50, самоодна артилерија, 5 ракетни лансири, 500 тешки артилериски орудија и минофрлачи. Военото воздухопловство го сочинуваат околу 6.000 луѓе. Поседуваат 90 воздухоплови–ловци од типовите J/F-2, J/F-5, J/F-6, F-7, 20 транспортни авиони од типот Y-5 и Li-2, 40 тренажни авиони и 30 хеликоптери од типот Z-5, Bell 222 и CA 350. Воената

морнарица има персонал од околу 3.000 луѓе. Поседува 2 подморници од класата Whiskey, 45 патролни бродови од типовите Kronshtadt, Shanghai II, PO2, Huchaun, Arcor, три миноловци од типот T301 и T42 и др[260].

**Државната заедница Србија и Црна Гора**, според својата географска положба го завзема централниот дел на Балканскиот Полуостров. Таа, преку просторот на Црна Гора има излез на Јадранското Море, преку просторот на Војводина широко се отвара кон Панонската Низина, додека со централниот дел на Србија завзема крстопатна положба меѓу малоазиско-панонскиот и украинско-егејскиот стратегиски правец на можни воени дејства.

Просторот на Република Србија со средишниот и јужниот дел, претставува погодна геостратегиска просторија за концентрација на бројни воени сили, кои би можеле да бидат употребени за дејства на север, југ или исток. Северниот дел на Србија широко се отвара кон средишниот дел на Европскиот континент и претставува добра геостратегиска основа за собирање, престојување и ангажирање на бројни сили, кои би дејствувале кон југ, преку долините на реките Морава и Вардар, или кон исток, преку моравско-нишавската долина. Ако се земат предвид постојните транспортни коридори, како и пловната подунавска речна магистрала која ги спојува земјите од Западна и Средна Европа со Југоисточна Европа и Блискиот Исток, тогаш евидентно е големото геостратегиско значење на Република Србија. Исто така, треба да се потенцираат добрите геостратегиски карактеристики на подунавската рамнина, заедно со белградскиот регион и Војводина кои имаат капацитети за подготвување на големи воени операции и дејствување во сите правци. Поширокиот регион на Ниш, односно југоисточниот дел на Србија, доаѓа на второ место по своето геостратегиско значење. Во тој регион се спојуваат моравско-нишавскиот и моравско-вардарскиот оперативен правец на можни дејства. Како трет геостратегиски регион се издвојува новопазарско-косовската висорамнина, која се простира во зоната на епирско-западномакедонско-косовскиот оперативен правец, кој се проценува како парале-

[260]) Исто, стр.222-223.

лен и помошен на вардарско–моравскиот, меридијански насочен оперативен правец на можни дејства.

Република Црна Гора поради излезот на Јадранското Море има големо геостратегиско значење за целата Државна заедница. Недостаток на овој простор претставува недоволната комуникациска поврзаност со просторот на Србија, поради високопланинскиот релјеф. Надминувањето на комуникациските недостатоци уште повеќе ќе ја зголемат геостратегиската важност на територијата на Црна Гора.

Просторот на Србија и Црна Гора зафаќа површина од 102.173 км2 и припаѓа во категоријата на мали геостратегиски простори, но во рамките на Балканскиот Полуостров војувалиштето на Србија и Црна Гора припаѓа во поголемите посебни војувалишта. Територијата има издолжен облик во меридијанска насока, со најголема должина од 482 км на линијата Качаник–Суботица, додека најголема широчина од 460 км има на линијата Херцег–Нови–Бијело Поље–Кладово. Излезот кон Јадранското Море, мерен во праволиниска насока има широчина од 102 км, а должината на бреговата линија изнесува околу 119 км. Посебно геостратегиско значење има полуостровот Превлака, од каде многу лесно се остварува контрола на влезот кон Бокакоторскиот Залив, но и на пошироката морска акваторија, чија што широчина на линијата Бар–Бари изнесува 170 км.

Според статистички податоци за 2003 година, во Србија и Црна Гора живеат 10.655.774 жители. Од нив 9.979.752 во Србија и 677.177 во Црна Гора. Србите се најголема етничка група и сочинуваат 63% од вкупното население, 17% се Албанци главно населени во Косово, Црногорците се 5%, 3% Унгарци, 3% Југословени и 3% Муслимани. Распоредот на населението е доста нерамномерен, односно најгусто населени се Бачка, Банат, источниот дел на Срем, колубарско–алексиначкиот басен, Косово и долините на реките Велика, Западна и Јужна Морава. Во Црна Гора најнаселени се приморскиот појас, крашките полиња и речните долини. Од вкупното население околу 52% живеат во урбаните средини, а 48% во руралните подрачја. Генерално гледано Србија и Црна Гора располага со респектабилни демографски потенцијали, така што со релативно мало мобилизациско напрегање од 6–8% од

вкупното население може да ангажира од 650.000 до 850.000 воени обврзници[261].

Вооружените сили на Србија и Црна Гора се состојат од копнена војска, воено воздухопловство и воена морнарица. Според одредени проценки тие се движат околу 108.700 припадници. Копнената војска брои околу 80.000 луѓе. Опремена е со 1.200 тенкови (Т–55, М–72/84), 1.200 оклопни возила од типот BOV-M, BTR-40/50/152, BDRM-2 и M-60/80, самоодна артилерија на 200 орудија, ракетни лансири, тешка артилерија, ПВО системи (СА–6/7/8/9/13/16), противоклопни орудија и минофрлачи.

Военото воздухопловство брои околу 15.000 луѓе и во свој посед има над 400 авиони–ловци од типот МиГ–21, Орао, Галеб Г–2, Супер Галеб Г–4, Јастреб Ј–21, Крагуј, 80 извидувачки авиони, 160 транспортни авиони Ан–2/12/26, Јак–40, Боинг 727, Фалкон 50, 200 тренажни авиони и 340 хеликоптери од типот Ми–8, СА–315, Соко, СА–341.

Воената морнарица е сочинуваат околу 6.000 луѓе и е опремена со 10 подморници од типот Сава, Херој, Уна, Р–2, 4 фрегати, 2 корвети и повеќе од 60 торпедни и патролни чамци, повеќе од 25 миноловци, 25 бродови за подршка и околу 30 воздухоплови[262].

### 7.3.4. Македонија и геостратегиските оски на Балканот

Според презентираните податоци за воените потенцијали и геостратегиските карактеристики, евидентно е дека соседните држави на Република Македонија, со мали отстапки, имаат паритетни потенцијали. Албанија има нешто помала територија и популација, но ако се има предвид процесот на решавањето на конечниот статус на Косово и бројното албанско население во Западниот дел на Македонија и источна Црна Гора, ја прави Албанија геостратегиски и популациски паритетна на останатите држави.

Една од стратегиските варијанти за одржување на долготрајна стабилност на Балканот претставува балансот на силите на новоконституираните локални политичко–територијални ентитети. Ова пред се

---

261) Податоци според: Талевски, Ј. (2003) *Воена Географија.* Скопје: Воена академија “Генерал Михаило Апостолски”, стр.237, Microsoft Encarta Encyclopedia Deluxe 2004.

262) Талевски, Ј. (2003) *Воена Географија.* Скопје: Воена академија “Генерал Михаило Апостолски”, стр. 237–238.

подразбира рамнотежа на воените потенцијали (со јакнење на слабите и слабеење на големите) и просторно површинските односи.

Со создавањето на паритетно воено опкружување, македонската територија повторно добива геостратегиска положба, со познати историски специфики, на "опколена земја". Главната интеција на САД и НАТО е со минимално воено присуство и паритетни воено-стратегиски потенцијални да се овозможат услови за непосредно контролирање на регионот. Во тој контекст минималното воено присуство подразбира контрола на важните стратегиски објекти, при тоа имајќи ги предвид јадранското крајбрежје, островите и важните аеродроми во тој дел, со што се обезбедува северниот одбранбен Медитерански појас. Со приемот на Унгарија, Романија и Бугарија во НАТО со што е обезбеден дунавскиот мониторинг и е поврзано јужното крило на НАТО кое со децении имаше мала оперативна длабочина и во голема мерка беше ранливо. Понатаму, контрола на Моравско-вардарскот коридор, значаен поради централната стратегиска лоцираност на Балканот, поради трансверзалната регионална проодност со значајни стратегиски објекти, Криволак, аеродромот Петровец и Косово и Метохија.

Од геостратегиски аспект особено е значајно воспоставувањето на воена контрола на Косово, односно неговиот иден статус во регионот. Притоа треба да се имаат предвид следните факти кои имаат геостратегиско значење: според одредени извори, рудникот Трепча има карактеристики на еден од најбогатите рудници со олово и цинк во Европа. Според наодите на експертите, резервите од лигнит на Косово доволни се за наредните 13 векови. Капацитетот на погонот за преработка на оловото и цинкот е трет по големина во светски рамки. Според Крис Хеџис, големиот рударски басен "Стари Трг", претставува најзначајен недвижен имот на Балканот, чија вредност изнесува најмалку 5 милијарди долари. Богатството на рударскиот басен "Стари Трг" претставува објект на судири и конфронтирања. Племенитите метали во тој реон се откопувале и експлоатирале уште пред 2000 години. Рудниците (22 рудника во басенот) имаат огромно економско и воено-стратегиско значење. Во периодот на Втората светска војна и германската окупација на Балканот, нацистите ги користеле акумулаторите

кои таму се произведувале за придвижување на сопствените подморници. Денес, пред донесувањето на одлуката за конечниот статус на Косово, очигледно е дека стратегиските потенцијали на косовската територија ќе имаат значајна улога во профилирањето на интересните сфери на големите сили, особено САД и нивната енергетска безбедност во регионот[263].




**Слика бр.30 Геостратегиски оски на Балканот**

Геостратегиските оски укажуваат дека Западниот Балкан останува зоната во која треба да се доврши редефинирањето. Геостратегиските детерминанти на вкупната положба на македонската територија во краток временски рок може да има варијабилни карактеристики. Непосредното соседство, идниот статус на Косово, се фактори кои го придружуваат приоритетот на ширење на исток и ажурирање на јужните крила со пополнување на просторните студеновоени празнини на Северноатлантската алијанса. Во симбиозата на геостратегиските квалитети на македонската територија се наоѓа и контролата на балканските воено–оперативни правци како сообраќајни коридори. Во таква констелација валоризацијата на релативните геостратегиски де–

[263]) Флаундерс, С. (2000) "Косово–рат се води због рудног богатства", во *Нато на Балкану, гласови отпора*. Подгорица, Београд: Јумедиа Монт, Војноиздавачки Завод, 2000, стр. 268–269.

терминанти на положбата и зачувувањето на територијалната компактност е егзистирачко прашање.

Како алтернатива, на варијантата за баланс на силите, а која би била прифатлива за Република Македонија, треба да се посочи тенденцијата за надминување на концептот "покажување моќ", и насочување кон јакнењето на регионалниот безбедносен идентитет и соработка.

Од геостратегиски аспект набљудувано, мора да се потенцира значењето на Коридорот 8 и неговиот импакт врз геостратегиската положба на Република Македонија. Имено, Коридорот 8 претставува составен сегмент од еден многу поголем и исклучително значаен проект кој вклучува експлоатација на енергетските ресурси од Кавкаскиот регион и Централна Азија. Реализацијата на еден ваков проект неопходно бара големи инвестиции во пропратната транспортна инфраструктура во насока кон државите консументи. Коридорот 8 всушност претставува најважниот сегмент, оттука и неговото големо геостратегиско значење, поради фактот што главните производувачи на нафта и гас во Централна Азија (Казакстан, Туркменистан, Узбекистан, Азербејџан) немаат излез на друго море, со исклучок на Каспиското[264].

---

264) Emmanuela, C.del Re, (2003), "Corridor VIII", Rome: Ministero delle Infrastrutture e dei Trasporti, p.355

## 7.4. СООБРАЌАЈНО-ГЕОГРАФСКИ ДЕТЕРМИНАНТИ

### 7.4.1. Транспортни коридори во Југоисточна Европа и партиципацијата на Република Македонија

Балканското Полуострово како едно од трите јужноевропски полуострови, во неколку значајни особини се разликува од Апенинското и Пиринејското Полустрово. Токму поради тоа, Балканското Полуострово има специфичен сообраќајно–географски контекст и историски и политичко–географски развој.

Анализата на Пиринејското и Апенинското Полуострово, несомнено ќе укаже дека од физичко–географски аспект попреченоста со Алпите и Пиринеите истите ги одвојува од европското "тело". За разлика од нив Балканското Полуострово, преку Панонскиот басен остварува директна врска со останатиот дел од Европа. Во случајот на Апенинскиот и Пиринејскиот Полуостров, нивната релјефна и хидрографска структура овозможиле поволни услови за внатрешно сообраќајно поврзување, додека Балканскиот Полуостров со својата природна предиспозиција за интерно поврзување има значително поделикатни услови. Ваквата констатација особено е важна за западниот дел на Балканскиот Полуостров, каде што северозападно – југоисточниот правец на протегање на динарско–шарско–пиндскиот венечен систем, паралелно со јадранскиот и јонскиот брег, прават природна препрека за врските на крајбрежниот појас со внатрешност и обратно, како и за врските по должината на самото јадранско и јонско крајбрежје. Ваквите природни непогодности, прават внатрешното поврзување во Полуостровот да биде отежнато, но од друга страна, Балканскиот Полуостров има извонредни физичко–географски можности за копнено поврзување со неговата просторна околина.

Отвореноста на Балканскиот Полуостров кон централните, источните и западните делови од Европа, внатрешната изолираност со планински бариери, како и меѓуконтиненталната сообраќајно–географска положба, влијаеле на неговата општествено–географска сложеност во однос на релативната едноставност на другите два јужноевропски полуострови. Спротивно од нивната конфесионална монолитност, културно–цивилизациска, јазичка и популациона хомогеност, политичко–територијална стабилност и странските завојувачки продори, рушења,

асимилирања и вандализам[265], на Балканскиот Полуостров постои мозаик од религии, народи, политичко–територијални субјекти, реликти на различни империи од сите страни со најразлично потекло. Континуираниот процес на територијално и гранично прекомпонирање, различниот степен на развиеност, дивергентната насоченост на интересите, карактерот и траењето на завојувачите, како своевидно наследство продуцирале и оставиле релативно слаба сообраќајна мрежа, со мала густина, со слаб квалитет, нерамномерно концентриран, со слепи завршетоци и нереализирани коридори. Поради сите овие наброени карактеристики, значително се релативизира квалитетот на сообраќајно-географската положба на Балканскиот Полуостров и државите кои егзистираат на тој простор и покрај очигледната физичко–географска предиспонираност. Навраќањето на физичко–географската база и општествено–географска сложеност на Балканскиот Полуостров, ќе ни овозможи да ја согледаме потребата за надминување на таквата состојба.

Југоисточна Европа како геопростор кој претставува еден од незаменливите линкови помеѓу Европа и Азија, во исто време е природна транзитна врска помеѓу Европа и Азија. Шест од десетте мулти–модални транспортни коридори се во фаза на реализација на територијата на државите од Југоисточна Европа. Развојот на мрежата на транспортни коридори во еден интегриран систем претставува развојна политика на Европската Унија, која се реализира преку одлуките донесени на Втората Пан–Европска Транспортна конференција во 1994 година на Крит и на Третата конференција одржана во Хелсинки во 1997 година,[266] на

---

265) Ваквитео теоретстки пристапи во анализите за Пиринејското и Апенинското Полуострово во споредба со Балканското Полуострово се доминантни, но од друга страна даваат една погрешна перцепција за реалната состојба или нудат поглед во "замаглено огледало". На двата полуострова и островите околу нив, како латентни и не толку експонирани како на Балканското Полуострово, сепак егзистираат сепаратистички тенденции и политички недоразбирања кои опстојуваат со децении наназад. Во тој контекст ќе ги наведеме проблемите во центрите на политичко насилство и ненасилен отпор како што се Баскија, Каталонија, Корзика, Галиција и Јужен Тирол. Пошироко во: Wiliams, H.C. (1997) "The Question of National Congruence" in Agnew, J. (ed.) *Political Geography, A Reader.* London: Arnold, p.p. 336-346.

266) Историски набљудувано, уште во периодот на формирањето на ЕУ, апострофирана е нејзината одговорност во поглед на развојот на сообраќајната инфраструктура. Во тој период се формира Унија на Транс–Европски мрежи (*Trans-European Networks, TEN*), за енергија, транспорт и телекомуникации. Во целина ТЕН опфаќа: 75.200км патишта, 78.000км железница, 330 аеродроми, 270 меѓународни морски при–

која се дефинирани клучните принципи и инструменти за создавање на заедничка транспортна политика која ќе промовира одржлив, ефикасен транспортен систем кој ќе може да ги задоволи економските, социјалните, еколошките и безбедносните потреби на европските граѓани, да помогне во редукцијата на регионалните диспаритети и да овозможи на европските бизниси ефикасна компетитивност на светските пазари[267].

| Табела бр.9 | **Европски коридори за интегрирање на териториите:** |
|---|---|
| **Име на проектот** | **Главни цели:** |
| Коридор бр. 1 | Хелсинки–Талин–Рига–Каунас–Варшава со кракот Рига–Калињинград–Гдањск |
| Коридор бр. 2 | Берлин–Варшава–Минск–Москва–Низниј–Новогород |
| Коридор бр. 3 | Берлин/Дрезден–Вроцлав–Катовице–Краков–Лвов–Киев |
| Коридор бр. 4 | Берлин–Дрезден/Нирнберг–Прага–Виена/Братислава –Ѓер–Будимпешта–Арад–Констанца/Крајова–Софија–Солун/Пловдив–Истанбул |
| Коридор бр. 5 | Венеција–Трст/Копер–Љубљана–Марибор–Словеничко–унгарска граница–Будимпешта–Унграско–украинска граница–Ужгород–Лвов(Киев) со краците: **Крак 1:** Ријека–Загреб–Хрватско–унгарска граница–Будимпешта–Унгарско–украинска граница–Узхгород–Лвов–Киев; **Крак 2:** Братислава–Жилина–Кошице–Узхгород. **Крак 3:** Плоче–Сараево–Будимпешта |
| Коридор бр. 6 | Гдањск–Варшава–Катовице–Жилина со крак до Познањ |
| Коридор бр. 7 | Река Дунав |
| Коридор бр. 8 | Драч–Тирана–Скопје–Софија–Пловдив–Бургас–Варна |
| Коридор бр. 9 | Хелсинки–Ст.Петерсбург–Москва/Псков–Киев–Љубасевка–Кишињев–Букурешт–Димитровград–Александропулис со краците: Киев–Минск–Виљнус–Каунас Клајпеда/Калининград, Лубасевка–Одеса. |
| Коридор бр. 10 | Салзбург–Љубљана–Загреб–Белград–Ниш–Скопје–Велес–Солун со краците: • Грац–Марибор–Загреб • Будимпешта–Нови Сад–Белград • Ниш–Софија(Димитровград–Истамбул по должината на рутата на коридорот бр. 4) • Велес–Битола–Лерин–Виа Игнација–Игуменица |
| **Извор: IRIS Quarterly Policy Report, Summer,Autumn 2000; Emmanuela,C.,del Re, (2003) "Corridor VIII, realisation, financing, works, impact", Rome: Ministero delle Infrastrutture e dei trasporti** | |

станишта, 210 копнени пристаништа, како и системи за сообраќаен менаџмент, навигација и информации. Пошироко во: Emmanuela, C.del Re, (2003), "Corridor VIII", Rome: Ministero delle Infrastrutture e dei Trasporti, p.17; Triffonova, E. (2000) "Infrastructure Devlopment in the SEE Region", in : *IRIS Quarterly Policy Report*, Summer/Autumn, p. 64

267) Emmanuela, C.del Re. (2003) *Corridor VIII*. Rome: Ministero delle Infrastrutture e dei Trasporti, p.19.




**Слика бр.31 Пан-европски коридори**

(**Извор:** *LiMes, geopolitički časopis.* (2004) Beograd: KLIO, str.42.)

Согласно ваквите проекти, главните интенции на Романија претставуваат изградба на патиштата кои се дел од Европските транзитни коридори и кои поминуваат преку нејзината територија. Исто така значајна одредница претставува соработката со соседните држави во процесот на конкретното определување на можностите и потребите за развој и поврзување на национ–

налните патни мрежи со идните патни комуникации на Европските транспортни коридори.

Романските програми планираат реконструкција и развој на националната патна мрежа. Основните приоритети се насочени кон реконструкција на комуникацијата Будимпешта–Питешт, како и конструкција на други патишта со вкупна должина од 3.000 км. Во сферата на комбинираниот транспорт многу значајно за Романија е креирањето на нови патно–ферибродски врски со Бугарија.

Транспортната политика на Грција има три главни цели. Првата претставува комплетирање и модернизирање на постојната национална патна мрежа. Главен приритет претставува развој на патното поврзување кое се однесува на западниот брег на државата. Следен приоритет претставува изградба на патни комуникации кои ќе ја подобрат патната мрежа во регионот на Атина. Како втора цел се наметнува привлекувањето на меѓународниот транспорт преку нејзина територија (обидите за пренасочување на Коридорот бр. 8[268]) Ваквите определби се евидентни со фаворизирањето на коридорот Via Egnatia[269], кој се наоѓа по должината на главната меѓународна патна оска во државата. Трета главна цел претставува воспоставувањето на нови и подобрување на веќе постоечките односи и врски со соседните држави, како и подобрување на можностите за копнено поврзување со останатите држави членки на Европската Унија. Во таа насока се интенциите за отварање на три нови гранични премини со Бугарија и нова патна врска преку Грчко–Албанската граница.

---

268) Непосредно пред приемот на десетте нови членки (Словенија, Словачка, Чешка, Малта, Кипар, Естонија, Летонија, Латвија, Полска и Унгарија на 1 мај 2004 година) во Европската Унија, суспендирано е финансирањето на Коридорите 8 и 10 на територијата на Република Македонија. Главни финансиери до тогаш беа EIB (The European Investment Bank) - Европска инвестициона банка, EBRD (The European Bank for Reconstruction and Development) – Европска банка за реконструкција и развој, PHARE програмот.

269) Првиот трансверзален пат којшто го изградиле Римјаните на нашите простори бил патот "Via Egnatia" кој поаѓал од Драч и околните области по долината на реката Шкумбија, преку Охрид и Воден доаѓал до Солун, а оттаму по должината на Егејскиот крајбрежје до Истамбул (Цариград). Во Римскиот период, "*Via Egnatia*" бил најзначајниот комуникациски пат помеѓу Рим и европскиот и азискиот исток. Исто така, во византискиот и турскиот период "*Via Egnatia*" претставувала најкраткиот комуникациски коридор кој го поврзувал Цариград со неговите западни провинции, а нив со јужните делови на Италија. Поширoко во: Цвијић, Ј. (1966) *Балканско Полуострово и јужнословенске земље - Основи антропогеографије*. Београд: Завод за издавање уџбенике СР Србије.

Стратегијата на Турција за развој на патната мрежа опфаќа неколку значајни аспекти. Главната интенција претставува обезбедување можности за привлекување на транспортниот сообраќај од Европа кон Азија и обратно. Непосредно со ваквата желба е и насоката за комплетирање на делницата (секцијата) од Транс–Европската мрежа. Сакајќи да обезбеди побрза и пократка партиципација на пазарите во Западна Европа, Турција планира изградба на мост од Измитскиот залив и Чанаккале (*Chanakkale*) преку Дарданелите. Се планира овој проект да има силно влијание врз реструктуирањето на транспортниот сообраќај на Балканот. Исто така основен приоритет претставува изградбата на автопат по должината на азискиот брег на Мраморното Морето, како и развој на Црноморскиот коридор кој ќе ја поврзе Европа, Кавкаските држави и Средниот Исток.

Основните стратегиски определби на Бугарија се: реконструкцијата на постоечките патишта и нивно приближување кон европските стандарди. Преку нејзината територија поминуваат четири планирани коридори, односно коридорите бр.4, 8, 9 и 10. кои ќе ја подобрат и приближат бугарската економија кон европската[270].

Главните интенции на транспортната политика на Република Македонија, со која ќе се подобри нејзината сообраќајно–географска – положба, а воедно и вкупниот квалитет на политичко–географската положба, треба да претставува изнаоѓањето на алтернативни патишта за поврзување во насока исток–запад. Главниот правец на поврзување на државата со Европа, досега, главно беше во правец север–југ, односно преку територијата на Србија, и кон Егејот и Медитеранот преку територијата на Грција. Економската блокада на Грција во 1992 година, значително влијаеше на квалитетот, на политичко–географската положба на Република Македонија токму покрај другото и преку сообраќајно–географските детерминанти. Во услови на ембарго на меѓународната заедница кон поранешна СР Југославија и на Грција кон Македонија, македонската територија беше копнено изолирана од најблиските излези кон традиционалните економски пазари и најважното пристаниште, Солун. Извозно–увозните активности мораа да се валоризираат преку нестабилната и во сообраќајно–географски поглед нек–

---

270) Пошироко за стратегиските определби на државите од Југоисточна Европа во поглед на нивниот инфраструктурен развој во: Triffonova, E. (2000) Infrastructure Devlopment in the SEE Region. in : *IRIS Quarterly Policy Report*, Summer/Autumn, p.p. 63-86.

валитетна Албанија или преку подолгите комуникации во Бугарија до Бургаското пристаниште (трета алтернатива после Солун и Валона). Резултат на таквата сообраќајно–географска лимитираност несомнено се кризни состојби во поглед на економијата, но и респектабилен инструментариум за политички притисок кон конкретната територија, односно држава, кој заврши со потпишување на "Времената согласност за нормализирање на односите помеѓу двете држави" на 13 септември во Њујорк[271].

Исто така, во 1999 година за време на воената интервенција на НАТО врз тогашна СР Југославија и периодот на санирање на оштетените комуникации, Република Македонија повторно беше (не по своја вина) оневозможена да го користи коридорот север–југ, односно Вардарско–моравската долина.

Ова претставуваат многу еклатантни пример за влијание на сообраќајно–географските детерминанти врз политичко–географска положба, односно нејзиното дескредитирање и релативизирање. Во услови на немање алтернативи можен е целосен колапс на државата.

Алтернатива на значајната Моравско–Вардарска долина и поврзувањето во насока север–југ, би требало да претставува проектот за Коридорот бр. 8 и настојувањата за воспоставување на соработка со Албанија и Бугарија. Од сите партиципиенти во овој коридор Република Македонија има најголема потреба од реализиција на истиот. Постоењето на повеќе алтернативни можности за поврзување со Европската Унија ја намалува нејзината LLC (*Land Locked Country*[272]) положба. Суспендирањето на финансирањето на Коридорот 8 и 10 е доволно силен политички сигнал за сеуште кризниот статус на регионот, како и приоритетот кон инфраструктурните потреби на новопримените членки на ЕУ[273]. Меѓутоа, Република Македонија, за која истиот е неопходно да се реализира, повеќе отколку за Албанија

271) Пошироко во: Катарџиев, И. (1998) *Соседите и Македонија, вчера, денес, утре*. Скопје: Менора, стр. 46.

272) LLC или *Land Locked Country* положба имаат оние држави кои се опкружени со копно, и кои немаат излез на морски брег, односно на Светското Море.

273) Европскиот парламент во април 2004 година, утврди список на транспортни проекти што ќе ги финансира во наредните 15 години, во кои нема ниту еден автопат што минува низ Македонија и низ земјите од Западен Балкан. Според предлогот, за финансирање се предвидени автопатите во Грција (Виа–игнација од Патрас до Солун), во Бугарија (трасата од Софија до бугарско–грчката граница) и во Романија (автопатот кон Букурешт и кон Црното Море). Иста е состојбата и со железничките пруги, односно даден е приоритет на пругата меѓу Бугарија и Грција.
http://www.a1.com.mk/vesti/pecati.asp?VestID=31397 (Посетен на 22.04.2004 година)

и Бугарија кои имаат излез на море, треба да понуди можности за изградба преку концесии.

### 7.4.2. Коридорот 8 и неговото значење за Република Македонија

Балканскиот регион отсекогаш бил во центарот на интересите за Централна Европа. Во тој контекст уште на Берлинскиот конгрес од 1878 година во членот 10 од Договорот предвидено е поврзување со железничка пруга помеѓу Виена и Софија, преку Љубљана, Загреб, Белград и Ниш, како и помеѓу Виена и Солун, преку Сараево и Скопје. На почетокот на 1900 година рутата помеѓу Виена и Софија била функционална, додека рутата Виена–Солун барала конструирање на железничка секција на линијата Сараево–Увац–Митровица (Косовска Митровица) во насока на Солун преку Македонија. Оваа рута претставувала голема предност за Австрија која ги прави сите останати европски држави зависни од нејзината железничка мрежа за евентуална конекција со Југоисточна Европа.

Помеѓу 1890 и 1893 година постоел генерален план за поврзување помеѓу Битола и Јадранското море, преку Струга, Елбасан, Каваj и Драч. Покасно со создавањето на Компанијата Јонкшон–Солун–Константинопол во 1908 година направен е обид за создавање на железничко поврзување Ниш–Приштина–Ѓаковица–Призрен–Скадар–Бар. Реализацијата на железницата наидувала на многубројни проблеми, затоа што поголем број градови сакале таа да поминува преку нивните територии, како и противењето на албанските лидери за било каква поврзаност со Србија[274].

Во периодот по завршувањето на Првата светска војна, Италија повторно промовира проект за железничко поврзување помеѓу Константинопол и Јадранското море, преку Солун и Битола. Крајната точка на ова поврзување би претставувала Валона, од причина што во тој период била под окупација на Италија. Проектот не бил реализиран и покрај неговата голема поддршка во италијанската јавност[275].

Во периодот помеѓу завршувањето на Втората светска војна и падот на Берлинскиот ѕид не постоеле конкретни инфраструктурни

---

274) Emmanuela, C.del Re. (2003) *Corridor VIII*. Rome: Ministero delle Infrastrutture e dei Trasporti, p.p.33-34.

275) Ibid. p.34.

проекти за поврзување во насока запад–исток. Ваквата состојба е резултат на комунистичките уредувања во државите од Балканот (Албанија, Југославија, Бугарија) кои оневозможуваа контакти со западниот свет. Специфичниот однос на овие држави со Советскиот сојуз, поврзаноста со Варшавскиот пакт, прогресивната економска независност придружена со изолацијата на Албанија и неврзаноста на Југославија имаа силно влијание на транспортната политика во секоја од државите поединечно. Албанија единствено го протежирала поврзувањето во насока север–југ, додека Македонија во склопот на тогашна Југославија не успеала да се поврзе со Бугарија по пат на железница. Со дефинирањето на Пан–европските коридори во 1990 година состојбата комплетно се менува, во интерес на целиот регион.[276]

Воспоставувањето на идејата за создавање на Коридорот 8 претставува релативно голема новина во историјата на Балканскиот регион. Коридорот 8 создава корисни, но во исто време опасни триангулации во регионот. Имено, заедно со Коридорите 4 и 10 го формира триаголникот Ниш–Скопје–Софија, кој го допира и Косово, кое со неговиот нерешен политичко–правен статус, опасноста од прелевање на кризни состојби во непосредното опкружување и неговата централна позиција како простор на илегален транспорт, негативно влијае врз позитивните сообраќајни трендови на поврзување во регионот.

Коридорот 8 претставува еден од десетте Пан–европски коридори кој опфаќа околу 905 км национални патишта, автопатишта и многу секундарни патишта, 1184 км железничка мрежа, три директно поврзани пристаништа (Драч, Бургас и Варна) но исто така и конекција со Констанца на Црното Море, меѓународни аеродроми (Софија, Тирана и Скопје). Стартната точка за имплементација на коридорот 8 претставува потпишувањето на Меморандумот за разбирање на 9 септември 2002 година во Италија. Поголем дел од проектите поврзани за Коридорот 8 веќе беа елаборирани и започнати да се реализираат со креирањето на Пактот за стабилност во 1999 година. Фондовите биле насочени во Италија за создавање на Интернационален секретаријат во Бари. Основна цел на секретаријатот претставува координирање на сите

---

276) Ibid. p.35.

проекти поврзани со изградбата на Коридорот 8. Фондовите изнесувале 850.000 евра за 2002 година и 300.000 евра за 2003 година. Изборот на градот Бари за седиште на координираните активности претставува резултат на силниот интерес на италијанскиот регион Апулија за Коридорот 8. Во рамките на овој регион егзистираат две големи пристаништа кои воедно се крајните западни точки на Коридорот 8, односно станува збор за Бари и Бриндизи.

Главната траса на Коридорот 8 започнува од Драч, Тирана, Скопје, Софија, Пловдив, Бургас до Варна. Во 2002 година се предложени и приклучени на трасата на Коридорот 8 следните рути: Ормени (Грција)–Свиленград (Бугарија)–Бургас (Бугарија), поврзани со Коридорите 4 и 9; патна конекција помеѓу Бјала/Горна Ораховица–Плевен–Софија, поврзани со Коридорите 4 и 9 и Ќафа Сан–Капштице (Албанија) / Кристалопиги (Грција).




**Слика бр.32 Ормени-Свиленград-Бургас**

(**Извор**: Route Planner Europe, Sonymap; Emmanuela, C.del Re. (2003) *Corridor VIII*. Rome: Ministero delle Infrastrutture e dei Trasporti)




**Слика бр.33 Ќафа Сан-Капштице (Албанија) / Кристалопиги (Грција)**

(**Извор**: Route Planner Europe, Sonymap; Emmanuela, C.del Re. (2003) *Corridor VIII*. Rome: Ministero delle Infrastrutture e dei Trasporti)




**Слика бр.34 Бјала/Горна Ораховица-Плевен-Софија**

(**Извор**: Route Planner Europe, Sonymap; Emmanuela, C.del Re, (2003) *Corridor VIII*. Rome: Ministero delle Infrastrutture e dei Trasporti)

Основни негативни елементи на регионот низ кој треба да поминува Коридорот 8 претставуваат: лошата репутација на одредени држави; преголем економски ризик; недостаток на правни гаранции; високо ниво на корупција и криминал; нискиот степен на хумана (персонална, лична) безбедност.

Негативната димензија претставува интересот на Грција за реализација на т.н. Via Egnatia, траса која ги поврзува Игуменица и Александропулис . Тргнувајќи од фактот што Грција не е директно инволвирана во реализацијата на Коридорот 8, бидејќи истиот не поминува низ грчката територија, протежирањето на ретрасирањето на старата римска Via Egnatia заедно со Коридорот 10 претставуваат приоритети за Грција.




**Слика бр.35** Via Egnatia

(**Извор**: Route Planner Europe, Sonymap; Emmanuela, C.del Re, (2003) *Corridor VIII.* Rome: Ministero delle Infrastrutture e dei Trasporti)

Во насока на привлекување на странскиот капитал државите мора да го модифицираат сопственото законодавство, како на пример; Елиминирање на фискалните оптоварувања за првите пет години од функционирањето; институциите да гарантираат ризици од оштетувања предизвикани од конфликти, војни и сл.

Генерално гледано импликациите на Коридорот 8 можат да се анализираат на неколку нивоа. Првенствено се мисли на локалното ниво, за секоја држава поединечно, на регионално ниво, економски импликации, геостратегиски импликации, безбедносни предизвици, регионални интеграции, миграциите и геополитички интереси.

За Република Македонија од особено значење претставува реализацијата на Коридорот 8 кој заедно со Коридорот 10 ќе овозможи територијата на нашата држава да има значително крстопатно значење кое може да се валоризира од повеќе аспекти. Првенствено регионално транспортни, геостратегиски, геополитички, па и како превентивни елементи во зачувување на стабилноста како на локално така и на регионално ниво. Превентивната димензија мора постојано да се нагласува од причина што големите сили кои пројавуваат интерес (првенствено САД) треба да ја промовираат својата сфера на интереси, преку оневозможување на било какво напуштање на демократските трендови кои се имплементираат во државите од регионот.

Коридорот 8 е од исклучително значење за политичкото, економското и безбедносното интегрирање на државите од регионот. Со негова реализација Република Македонија во голема мерка ќе се доближи до потребните стандарди за интеграција. Понатаму, интеграцијата секако дека ќе има позитивно дејство врз безбедноста бидејќи добрите економски односи секогаш претставуваат елемент на одвраќање во однос на тензиите помеѓу нациите.

Заради конечно реализирање на потребните стандарди, транспортната политика на Република Македонија мора да се фокусира кон изградба на потребните делници од двата Пан–европски коридори кои поминуваат преку нејзината територија (Коридорите 8 и 10). На тој начин

загарантиран е излезот на две морињa, Јадранското море и Црното Море и нејзино вклучување во транспортните текови помеѓу Европа и Азија.

Западно–источниот коридор во блиска перспектива ќе овозможи пристап кон растечките Касписки и Централно Азиски економии и нивните ресурси. Коридорот 8 исто така може да претставува значаен сегмент во вклучувањето на Кавкаските и Централно Азиските држави во Европската сообраќајна мрежа. Всушност, проектот за Коридорот 8 е во фаза на проширување кон Грузија[277].




**Слика бр.36 Коридор 8**

(**Извор**: Route Planner Europe, Sonymap; Emmanuela, C.del Re, (2003) *Corridor VIII*. Rome: Ministero delle Infrastrutture e dei Trasporti)

277) Ibid. p.439.




**Слика бр.37 Коридор 10**

(**Извор**: Route Planner Europe, Sonymap; Emmanuela, C.del Re. (2003) *Corridor VIII.* Rome: Ministero delle Infrastrutture e dei Trasporti)




**Слика бр.38 Краци на Коридорот 10**

(**Извор**: Route Planner Europe, Sonymap; Emmanuela, C.del Re, (2003). *Corridor VIII.* Rome: Ministero delle Infrastrutture e dei Trasporti)

### 7.4.3. Копнени сообраќајни правци и нивно значење

Системот од копнени сообраќајници, своите вистински вредности може да ги ефектуира само во корелација со останатите видови на сообраќај. Државите кои имаат територијална партиципација на значајните водни површини се стекнуваат со вреден параметар во современата валоризација на политичко-географската положба. Водата се повеќе претставува дефицитарен ресурс особено во економски развиените и пренаселени простори, поради што нејзината улога како егзистенционална материја прераснува во многу значаен стратегиски елемент. Минатото зборува дека нeретки биле војните кои се воделе токму поради водата, истото се случува и денес (водните резерви на Голанската висорамнина), а поголемиот дел аналитичари сметаат дека и во 21 век водата ќе биде една од главните причини за судири. Според анализата подготвена од Центарот за човечки населби при Обединетите нации, многу делови во светот се соочени од опасноста до 2010 година да останат без вода и да влезат во кризни периоди што можат да се претворат во судири и војни[278].

Сообраќајно-географското значење на морињата, реките, езерата, каналите и понатаму е големо, но политичко-географското и геополитичкото вреднување на водите добива нова суштина. Приморскиот карактер на сообраќајно-географската положба на одредена територија, покрај економското значење, има и геополитичко и воено-стратегиско значење кое ги дефинира вкупните регионални и глобални релации, односите и распределбата на моќта, империјалните амбиции, експанзивните и регресивните територијални ориентации, распоредот на населението и населбите и др. Односот на земјата и водата, континенталноста и маритимноста, копнените и океанските сили, копното како синоним на стабилноста, конзервативноста, цврстината, и водата како метафора на подвижноста, мекоста, динамичноста, адаптибилноста, претставуваат основа во политичко-географскиот начин на поимањето на реалноста и фундаментална нитка во досегашните геополитички теории на класичните и некои нови автори. Историската ретроспектива

---

278) Змејковски, М. (2001) *Човекот, водата и животната средина.* Скопје: НИП "Студентски збор", стр. 34.

укажува на фактот дека основниот импулс на целокупната планетарна историја е втемелен во настојувањата на народите и државите не само на квантитативното проширување на територијата или животниот простор, туку и подобрување на неговата квалитативна димензија преку партиципирање на Светското море – значајните мориња, во економски и геополитички поглед, мореузите, каналите и заливите[279].

Хендикепираноста во тој поглед, ги упатува државите кои немаат излез на Светското море, да се фокусираат на изнаоѓање соодветни стратегиски решенија преку осовременување на копнените комуникации. Познато е дека најзначаен сообраќаен коридор во југоисточниот дел од Европа претставува моравско–вардарскиот коридор. Тоа за Македонија значи извонреден квалитет кој во голема мерка влијае на нејзината транзитна и контактна сообраќајно–географска положба.

Просторната партиципација на Република Македонија во најважниот копнен коридор на Балканскиот Полуостров, овозможува таква вкупна положба што ја прави незаобиколен фактор во овој дел од светот. Надоврзувањето на Коридорите бр. 8 и бр. 10 несомнено дека ќе се влијае врз одредувањето на значењето и улогата на околните држави и народи, влијааат на квалитетното дефинирање на сообраќајно–географската и вкупната положба на нејзината територија и ја условуваат нејзината поврзаност со централна и западна Европа, од една страна и со Блискиот и Средниот Исток од друга страна (Босфор, Дарданели, Суец, нафтните лежишта).

Според тоа, во регионален контекст, коридорите 8 и 10 како мошне значајни копнени комуникациски коридори, ќе ги подобрат комуникациските својства на просторот на нашата држава и ќе вградат нов квалитет во нејзината сообраќајно–географска положба, како и нејзината вкупна политичко–географска положба.

Од аспект на безбедноста, пројавената фрагментација и тенденциите за ставање "надвор од контрола" на деловите од територијата низ кои поминуваат важни патни сообраќајници, можат да се надминат преку соодветни активности насочени кон креирање на адекватна на–

---

279) Грчић, М., (2000), Политичка географија, Београд: Географски факултет, стр. 83

ционална стратегија за модернизирање на постоечките патни комуникации во стратегиски значајните региони од државата.

| Табела бр.10 | | Магистрални и регионални патишта во Република Македонија | | |
|---|---|---|---|---|
| | *Опис* | **Магистрални патишта** | **Регионални патишта** | **Вкупно** |
| 1 | Вкупна должина (км) | 909 | 3.461 | 4.370 |
| 2 | Асфалтен коловоз (км) | 829 | 2.662 | 3.491 |
| 3 | Процент на азфалтен коловоз (%) | 91.2% | 76.9% | 79.9% |
| 4 | Коловоз од земја или тампон (км) | 0 | 506 | 506 |
| 5 | Напробиени патишта (км) | 80 | 293 | 373 |
| 6 | Изграден автопат (км) | 143 | 0 | 143 |
| 7 | Автопат во градба (км) | 45.5 | 0 | 45.5 |
| 8 | Европски патишта (км) | 541.2 | 0 | 541.2 |

**Извор: Фонд за магистрални и регионални патишта на Р.М., состојба 2004 година**

Согласно со Законот за јавните патишта[280], мрежата на јавни патишта во Република Македонија ја сочинуваат:

- Магистрални патишта 909 км
- Регионални патишта 3.461 км
- Локални патишта 5.300 км
- **Вкупно 9.670 км**

Според тоа, патниот сообраќај во Република Македонија се карактеризира со вкупна патна мрежа од околу 9.670 км од кои 5.300 км или 54,8% се патишта со локално значење, 3.461 км или 35,8% регионални патишта и 909 км или 9,4% се магистрални патишта. Патната мрежа е најразвиена во централниот дел на државата, и тоа во Повардарието, потоа следува западниот дел на Република Македонија, а постојат и региони каде што нема основна патна мрежа.

Од посебно значење на национално ниво се следните комуникациски правци: Прешево–Куманово–Скопје; Скопје–Тетово–Гостивар–

[280)] Подетално за условите и начинот на изградбата, реконструкцијата, одржувањето, заштитата, користењето, управувањето, финансирањето на јавните патишта и надзорот во Закон за Јавните патишта, Службен весник на РМ 26/96 од 29 мај 1996 година. Законот е достапен на следната интернет страница: http://www.mlrc.mk.org

Кичево–Охрид, со краците Гостивар–Дебар–Струга; Скопје–Крива Паланка; Велес–Штип–Кочани–Делчево; Штип–Струмица–Ново Село; Битола–Струга–Дебар;

Железничкиот сообраќај во Република Македонија има повеќе недостатоци кои во голема мерка го намалуваат квалитетот на нејзината сообраќајно–географска положба и вкупно влијае на нејзиниот политичко–географски квалитет и севкупниот општествено–политички развој. Праввите определби можат да се аргументираат со недоволната развиеност на железничката мрежа, чија вкупна должина изнесува 699 км или само 27 км на 1000 км$^2$, што е многу под просекот на соседите, иземајќи ја Албанија[281] која има 16 км на 1000км$^2$ или Босна и Херцеговина во регионот кој има 20 км на 1000км$^2$ (види табела бр.11).

| **Табела бр.11** | **Железничка мрежа во државите од Југоисточна Европа** | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Држава | Површина | Население | Двојна пруга | Единечна пруга | Вкупно | | | Густина Км/1000км$^2$ |
| | | | | | км | Електрифицирана | | |
| | | | | | | км | % | |
| АЛ | 28.7 | 3.4 | 0 | 447 | 447 | 0 | 0 | 16 |
| БГ | 110.9 | 8.2 | 969 | 3323 | 4292 | 2712 | 63 | 39 |
| МК | 25.3 | 2.0 | 0 | 699 | 699 | 233 | 33 | 27 |
| ХР | 56.5 | 4.5 | 248 | 2478 | 2726 | 983 | 36 | 48 |
| БиХ | 51.1 | 3.9 | 87 | 944 | 1031 | 776 | 75 | 20 |
| Ро | 237.5 | 22.4 | 2723 | 8657 | 11380 | 3943 | 35 | 48 |
| СиЦГ | 102.3 | 10.6 | 277 | 3754 | 4031 | 1341 | 33 | 39 |
| **Вкупно** | 612.3 | 55 | 4304 | 20302 | 24606 | 9988 | 41 | 40 |
| **Извор: Emmanuela, C.del Re. (2003) *Corridor VIII.* Rome: Ministero delle Infrastrutture e dei Trasporti** | | | | | | | | |

Основни недостатоци кои имаат негативен импакт на профилирањето на сообраќајно–географската детерминанта во сегментот на железничкиот сообраќај се непостоењето на кружен тек, со постоење на слепи завршетоци во одредени места (Кичево, Кочани и Бељаковце,), поради што мрежата е крајно нерационална за експлатирање, негативен аспект претставува големата концентрација на средствата и институциите во скопскиот јазол. Поради ваквите состојби за подобрување на вкупниот квалитет на положбата на Република Македонија како и заради обезбедување поомтимални услови за инвестирање и развој, што е и предуслов за успешно интегрирање на железничкиот

281) Талевски, Ј. (2003) *Воена Географија.* Скопје: Воена академија "Генерал Михаило Апостолски", стр. 164–165.

сегмент во регионалниот и европскиот контекст. Инвестициите мора да бидат во насока на доизградба и оформување на повеќе кружни текови со што ќе се зголеми неговата функционалност во економскиот развој, но и безбедносниот сегмент ќе биде задоволен.

Во Република Македонија, поради делувањето на големиот број на историски, економски, општествени, географски фактори, сообраќајот не е во потполност развиен. Тоа посебно се однесува на граничните подрачја кои претежно се наоѓаат на ридско–планинско земјиште. Овие подрачја се најчуствителни при евентуални конфликтни состојби. Во сферата на одбраната секоја тактичка активност е поврзана за сообраќајот. Истиот не смее да се гледа само од аспект на одбраната, односно треба да се најде средина помеѓу безбедносните потреби и потребите во областа на стопанството.

Република Македонија, нема партиципација на морски брег. Поради таквиот склоп на историски настани, произлегува потребата од протежирање на два примарни и два секундарни "маритимни" пристапи. Два примарни се Солун и Валона, додека секундарните се Бургас и Бар. Вистинска валоризација на споменатите пристапи, единствено е возможна при стабилизирање на политичко–географските процеси во регионот и првенствено неговото безбедносно стабилизирање.

За инфраструктурата во регионот на Балканот можат да се потенцираат неколку значајни димензии. Прво, главното делување во насока на заработка (профит), подобрување на транзитната сообраќајно–географска положба може да биде направено повеќе со интензивен инфраструктурен развој на регионално, отколку на национално ниво. Ваквите констатации произлегуваат од фактот што државите во регионот имаат мали димензии, поради што инфраструктурната политика и инвестициите во национални рамки нема да можат да дадат поголем придонес во експлоатирањето и развојот на економијата во пошироки размери, особено тоа се однесува на транспортот и трансферот на енергетски суровини.




Слика бр.39 Европски патни коридори во Република Македонија

| Табела бр.12 | СОСТОЈБА НА ИЗГРАДЕНОСТ НА ПАТНИОТ КОРИДОР VIII НА ТЕРИТОРИЈАТА НА Р.МАКЕДОНИЈА | |
|---|---|---|
| *1.* | **Делници од патната инфраструктура на Коридор VIII** | |
| | **Изградени: 86,5 км** | • Куманово–Скопје, должина 28,6 км<br>• Тетово–Гостивар, должина 22 км<br>• Скопје–Групчин, должина 17,6 км<br>• Групчин–Тетово, должина 14,6 км<br>• Обиколница Тетово, должина 3,7 км |
| | **Во фаза на градба: 25,5 км** | • Обиколница Скопје, должина 25,5 км. Изградбата на автопат треба да биде со четири сообраќајни ленти поделена во две фази: Обиколка околу скопје I фаза која започнува од клучката "Хиподром" и завршува до клучката "Оризари" во должина од 13 км, и Обиколка околу Скопје II фаза која започнува од "Оризари" до клучката "Сарај" во должина од 12,5 км каде се приклучува на постоечкиот автопат Скопје–Тетово. |
| | **Неизградени: 190.4 км** | • Страцин–Крива Паланка, должина 23 км<br>• Струга–Ќафасан, должина 6 км<br>• Требениште–Подмољe, должина 5 км<br>• Подмољe–Струга, должина 8 км<br>• Подмољe–Охрид, должина 6 км<br>• Ботун–Требениште, должина 9,1 км<br>• К.Паланка–Деве Баир, должина 13,9 км<br>• Куманово–Младо Нагоричане, должина 10,3 км<br>• Младо Нагоричане–Страцин, должина 22,6 км<br>• Гостивар–Ново Село, должина 14,4 км<br>• Ново Село–Кичево, должина 30,3 км<br>• Кичево–Извор, должина 15,5 км<br>• Извор–Ботун, должина 26,3 км |
| *2.* | **Делници од железничката инфраструктура на Коридор VIII** | |
| | **Изградени: 152 км** | • Куманово–Скопје–Кичево, должина 152 км |
| | **Во фаза на градба: 30 км** | • Куманово–Бељаковце, должина 30 км |
| | **Неизградени: 125 км** | • Бељаковце–Крива Паланка, должина 37 км<br>• Крива Паланка–Граница со Република Бугарија, должина 22 км<br>• Кичево–Ќафасан, должина 66 км |
| Извор: Фонд за магистрални и регионални патишта на РМ, состојба 2004 година | | |

| Табела бр.13 | СОСТОЈБА НА ИЗГРАДЕНОСТ НА ПАТНИОТ КОРИДОР X НА ТЕРИТОРИЈАТА НА Р.МАКЕДОНИЈА | |
|---|---|---|
| **1.** | **Делници од патната инфраструктура на Коридор X** | |
| | **Изградени: >105 км** | • Куманово–Миладиновци, должина 21,8 км<br>• Миладиновци–Петровец, должина 5,8 км<br>• Петровец–Катланово, должина 7,0 км<br>• Катланово–Велес, должина 22,1 км<br>• Обиколка на Велес, должина 5,3 км<br>• Велес–Градско, должина 21,9 км<br>• Градско–Неготино, должина 15,8 км<br>• Надградба на патот Е–75 помеѓу Гевгелија и граничниот премин Богородица<br>• Неготино–Демир Капија фаза 1, должина 5,3 км |
| | **Во фаза на градба: >10 км** | • Неготино–Демир Капија Фаза 2, должина 3,89 км<br>• Неготино–Демир Капија Фаза 3, должина 6,5 км<br>• Смоквица–Гевгелија |
| | **Неизградени: 52,6 км** | • Демир Капија–Удово–Гевгелија, должина 44,2 км<br>• Табановце–Куманово, должина 8,4 км |
| **2.** | **Делници од патната инфраструктура на Коридор X, Секција Д** | |
| | | • Велес–Прилеп, должина 73 км<br>• Прилеп–Битола, должина 34,5 км<br>• Битола–Меџитлија, должина 20 км |

Извор: Фонд за магистрални и регионални патишта на РМ, состојба 2004 година

## 7.5. КУЛТУРНО-ЦИВИЛИЗАЦИСКИ ДЕТЕРМИНАНТИ

### 7.5.1. Дескриптивно и нормативно дефинирање на цивилизацијата.

Во дескриптивен смисол, цивилизацијата претставува целина од повеќе народи и држави кои имаат заеднички јазични, религиозни, уметнички, морални, научно–технички и институционални карактеристики. Според одредени автори, како на пример Хантингтон, цивилизацијата ја одредуваат структурните одлики на еден начин на живеење. Германските автори, пред се Макс Вебер, го сведуваат поимот цивилизација само на нејзината материјална, технолошка и економска димензија, за разлика од културата која е опфаќа духовната димензија[282]. Сепак преовладало поширокото значење на терминот "цивилизација". Секој народ има своја култура, а цивилизацијата се однесува на односите на поширока групација на народи и ја опфаќа и материјалната и духовната сфера.

Во нормативна смисла, цивилизацијата се однесува на одреден степен на историски развој. Човековото општество, според Морган, поминало низ период на дивеење, потоа варварство, а до ниво на цивилизација се издигнало кога завладеало со писменоста и ја развило науката, техниката и рационалната организација на општеството[283].

Многу брзо е напуштено гледиштето дека во целиот свет постои една единствена глобална цивилизација "скроена" на Запад. Напуштено е и гледиштето дека во историјата постои еднолинеарен развој, кој има универзално значење. Со прифаќањето на мултилинеарноста, се отишло, привремено во една друга крајност – потполен културен релативизам на мноштво цивилизации. Најистакнатите историчари, социолози и антрополози, меѓу кои: Макс Вебер, Тојнби, Шпенглер, Сорокин, Кребер, Бегби, Валерштајн, Хантингтон и др. сепак зборувале за поларитетот на "големите" цивилизации. Некои од нив исчезнале како на пример: месопотамската, египетската, критска, класична (хеленско–римска), византијска, андска. Други постојат и денес како: кинеска, хиндуска, исламска, западна, латино–американска, афричка.

---

282) Weber, M. (2000) *Sociologija religije.* Zagreb: Kruzak.

283) Според: Марковић, М. (1998) "Узајамни односи међу различитим цивилизацијама на Балкану", во: *Сусрет или сукоб цивилизација на Балкану.* Београд: Историски институт САНУ.

Набрзо станало јасно дека постојат и помали и многу специфични цивилизации, кои неможат едноставно да се вклучат во овие големи целини. Такви се: јапонската, виетнамската, корејската, арапската, турската, персијската, малајската, словенската и други цивилизации.[284]

Во согласнот со глобалните анализи на современите тенденции во светот, научните согледувања сметаат дека не само минатото туку и сегашноста почнува да се дефинира како едно цивилизациско прекршување.

---

284) За разлика од големите, глобални цивилизации постојат и помали, периферни цивилизации. Тие мора да се имаат во предвид кога се зборува и анализираат балканските цивилизации. Денешната *Грчка* цивилизација претставува наследник на хеленската и византиската цивилизација. Се карактеризира со јазик кој е сосема различен од сите други јазици во Европа и кој претставува континуитет со старогрчкиот и византискиот јазик. Стопанските активности се продолжение на хеленската традиција со посебен акцент на бродоградбата и трговијата. *Јужно-словенска* цивилизација. На Балканот уште во средниот век јужните словени создале импресивна цивилизација. Создадени се независни, а во исто време, моќни и добро организирани држави: Бугарското царство на Симеон, Хрватска на Томислав и Крешимир, Зета, Самуиловото царство, Душановото српско царство Хрватска во 1102 година станува дел на Унгарија, а покасно и на Хабзбуршката монархија (до 1918 година), што дефинитивно одредува, дека и покрај јазичната сродност и обидите за обединување со србите, таа повеќе не се идентификува со Балканот и балканските цивилизации. На Јужнословенската цивилизација денеска и припаѓаат Србите, Бугарите, Македонците и Црногорците. Сите нив ги соединува голема сродност на јазикот, православна вероисповед, голема сличност на средновековната културна традиција (црквена архитектура, фрески, музика, литература, накит и сл.) Сите народи кои и припаѓаат на оваа цивилизација имаат слични обичаи и начин на живеење. Многу силни се остатоците на патријахалната култура, високо се цени гостопримството, соседските и кумовските односи, висок степен на самоувереност и гордост со сопствената историја. Меѓутоа, работата на листата на вредности не котира високо, што е една од причините за недоволната економска развиеност на регионот. *Романска цивилизација*, чии што претставник е Романија. Потеклото и јазичните карактеристики на романскиот народ се различни од оние од словенско потекло и јазик на околните народи. Според многу други карактеристики, Романците се многу слични на Словените. Ваквата констатација можеме да ја потврдиме со следните аргументи: романците имаат православна вероисповед, во текот на историјата се бореле против исти непријатели, Турците и Унгарците, имаат слични обичаи, фолклор, начин на исхрана. Наследници се на римската, но и на хеленската и византиската култура, поради што потесно се поврзани во поглед на архитектурата и другите уметности со западноевропската, а особено за француската и италијанската култура. На Балканот е присутна и *Исламската цивилизација* и тоа застапена не само со Турскот население туку и со босанските и санџачките Муслимани, Албанците во Албанија и околните земји, односно на Косово, Јужна Србија, Источна Црна Гора, Западна Македонија и Северозападна Грција. Основна карактеристика на оваа цивилизација претставува религијата, односно исламот. Значи, тоа не е јазикот, затоа што тој се разликува (турскиот, албанскиот и српско-хрватскиот кој го зборуваат Бошњаците битно се разликува). Различно е и потеклото, односно Турците потекнуваат од Мала Азија и генетски и етнички потполно се разликуваат од Албанците и од Јужните Словени кои исламот го попримиле за време на Турското присуство на Балканот. Албанците потекнуваат од староседелско племе на Балканот и на територијата на денешна Албанија доста долго давале отпор на турската инвазија. После смрта на Скендер-Бег во 1468 година отпорот бил скршен и повеќе од половина Албанија го попримила исламот. Основни карактеристики на Исламската цивилизација се: високи религиозни "стандарди", односно секојдневни молитви, редовен живот, воздржување од алкохол и одредени видови на храна, експанзивност и милитантност, висока стапка на демографски развој. Во споредба со христијанските религии, исламот се до појавата на Кемал Ататурк, но и во поново време го предопределува начинот на државното уредување според начелата на Куранот, насекаде каде што муслиманите сочинуваат мнозинство од населението во одредени држави. Имајќи го во предвид ваквиот диверзитет на цивилизации, а посебно различноста на исламската од другите присутни на Балканот, можни се одредени конфронтации и појава на нестабилност во регионот. Марковић, М. (1998) "Узајамни односи међу различитим цивилизацијама на Балкану", во: *Сусрет или сукоб цивилизација на Балкану.* Београд:Историски институт САНУ, стр.95-100.

Поголем број научници поаѓаат од ставот дека, религијата претставува основен идентификатор на одредена цивилизација, поради што верата претставува главен фактор за конфликтни состојби. Ваквите констатации ги прифаќаат Хантингтон С., Мојсеев Т.Н., и др. Меѓутоа постојат и аналитичари кои е оспоруваат ваквата теза, објаснувајќи дека растечкиот атеизам помеѓу младите, доведува до смалување на улогата на црквата во животот на повеќето современи држави. Аналогно на ваквите размислувања, се појавува нова теорија која предлага определување на постоечките цивилизации со помош на системот на писмото кое се користи, односно писменоста[285]. Според Ј. Гускова, судирот на цивилизациите поминува по должината на линијата која разграничува одредена писменост. Така на пример, во изминатиот период војуваа Срби (ќирилица) и Хрвати, муслимани (латиница), Грци и Кипрани (грчко писмо) и Турци (латиница). Дополнителен аргумент на ваквата опсервација, при определувањето на цивилизациската припадност, претставува и преминувањето на одредени народи од ќирилично писмо на латиница. Така на пример, во Молдавија во 1938 година Советската влада го наметнува ќириличното писмо, додека во 1989 е повторно вратена латиницата, Азербеџан, каде што официјален јазик е Azeri со арапско писмо, во 1920 била воведена латиницата, а во 1939 година Советскиот режим го вовел ќириличното писмо. По стекнувањето на независност отврлено е ќириличното писмо и прифатена е турската верзија на латиницата, во Чеченија во 1920 е напуштено арапското, во 1938 промовирана ќирилицата, а во 1990 година прифатена латиницата. Според размислувањата на авторот на теоријата и Таџекистанските "рахмановци[286]" (ќирилица и ислам) и опозицијата (арапско писмо и ислам) исто така се борат за цивилизациски вредности. Слично се случува во туркојазичните постсоветски републики Азербејџан, Туркменија, Узбекистан, Киргистан и Казакстан кои почнуваат да преминуваат од ќирилично на

---

285) Кузњецов А.,"Русија као посебна цивилизација", *Независимая Газета* – Москва, 30 Септ.1994 година.

286) Приврзаници на претсетаделот Имамаил Рахманов, кој од 1999 го добил вториот претседателски мандат во Таџикистан.

латинично писмо. Односно, дека на повидок е раѓање на нова моќна цивилизација со мешовита цивилизациска припадност - ислам и латиница[287].

Ваквите размислувања, сепак се чини, дека немаат доволна аргументираност. Имено во Таџикистан официјалниот јазик е Таџик или Тоџики, кој спаѓа во групата на индо-ирански јазици. Оригиналното писмо на овој јазик е модифицирано арапско писмо. Меѓутоа, во 1930 Советската влада ги присилила Таџикистанците да прифатат одредена модифицирана форма на латиницата, а потоа во 1940 година и модифицирана форма на ќирилицата. Со падот на Советската империја, Владата на Таџикистан се определи Таџик да биде официјален државен јазик со постепено враќање на арапското писмо. Препораките се повторени во 1992 година, но истата година покасно со доаѓањето на власт на про-руските сили, ваквите промени не беа реализирани.

Може да констатираме, дека определувањето на цивилизациите сепак нема своја издржаност со оглед на фактот што оригиналниот Таџик јазик има арапско писмо како основа, наметнувањето на друго писмо како резултат на идеолошката поделеност и определување на припадноста претставува еден реликт од периодот на идеолошката поделеност на светот. Цивилизациската припадност, во ниеден случај не би требала да има таков осцилаторен и трансферски обоен карактер.

Ако направиме пресек на развојот на писмото на нашите простори и пошироко во регионот, станува јасно дека Словенската азбука ја создал Константин (Кирил), а брат му Методија заедно со него и некои други ученици ги превел потребните богослужбени книги од грчки на јазикот на кој говореле Македонските Словени од околината на Солун. По нивната смрт, останале нивните епохални дела: словенската азбука и словенскиот книжевен јазик.[288]

Значи, Македонија според овај начин на определување на цивилизациската припадност треба да се смета за посебна цивилизација или водечка во светот на кириличното писмо.

Дали се случува вакво детерминирање и на Балканот за време на редефинирањето на неговата политичка карта?. Во секој случај на

---

287) Гускова, Ј. (1997) *Ислам, Балкан и велике силе (14-20 век).* Београд: Историјски институт САНУ, стр.555–560.

288) Апостолски, М., Зографски, Д., Стојановски, А., Тодоровски, Г., (1972), "Историја на Македонскиот народ", Скопје: Просветно дело, стр. 33–37

самиот почеток, сосема евидентно беше дека преовладуваат интересите на големите сили, кој на одреден начин преку религијата ги реализираа сопствените интереси. Католичката и исламската цивилизација имаа идентични интереси. По настаните од 11 септември доаѓа до дисбаланс на односите и поинакво моделирање на интересните сфери. Се чини дека во денешни услови исламот полека преку Балканот настојува да си го трасира сопствениот пат кон Западна Европа. За таквата определба, во политичко-географските и геополитичките анализи, основен принцип претставува неопходноста од компактна територија, која во моментов нема контактибилен карактер со Турција, која претендира да стане водечка држава на исламската цивилизација[289].

Имајќи ги предвид настаните во изминатата деценија, турбулентноста во безбедносен поглед ќе биде присутна на сите територии во кој опстојува муслиманско население. Тоа не ја одмина и нема да ја одминува ниту Република Македонија. Набљудувано од тој аспект, за остварување на конпактна територија на исламот му се потребни територииte на јужна Бугарија, северна Македонија, Косово, Санџак, свероисточна Црна Гора, Босна и Херцеговина.

Во таа насока, Јануш Бугајски (*Janusz Bugajski*) поставува дилема: дали исламот на Балканот претставува пречка или бариера за развој и интеграција во Западноевропските интеграции?.

| Табела бр.14 | Религиската припадност како сегмент на културно-цивилизациската дивергентност на Балканот | | |
|---|---|---|---|
| Држава | Вкупно население | Вкупен број на Муслимани | Процентуална застапеност |
| Албанија | 3,182,416 | 2,225,000 | 70.00% |
| Босна и Херцеговина | 4,364,574 | 1,902,954 | 43.60% |
| Бугарија | 8,472,724 | 1,078,000 | 12.72% |
| Хрватска | 4,784265 | 55,500 | 1.16% |
| Македонија | 2,033,964 | 610,200 | 30.00% |
| Црна Гора | 615,267 | 130,812 | 21.26% |
| Романија | 22,760,499 | 54,182 | 0.24% |

289) Посебно загрижува фактот за растечкиот исламски фундаментализам, кој доминира во повеќето муслимански држави. Во тој контекст особено е значајна изјавата на поранешниот турски претстедател Озал, кој потенцирал дека "границите на Турското царство се на бреговите на Јадранското Море". Марковић, М. "Узајамни односи међу различитим цивилизацијама на Балкану" во: *Сусрет или сукоб цивилизација на Балкану.* Београд, Нови Сад: Историјски институт САНУ, Православна Реч, стр.95-96.

| | | | |
|---|---|---|---|
| Србија | 10,345,464 | 2,066,332 | 19.97% |
| Словенија | 1,965,986 | 30,471 | 1.55% |
| **ВКУПНО** | 58,525,159 | 8,153,451 | 14.00% |
| **Извор: Center for Strategic and International Studies, Islam project, June 2000.** | | | |

Според Табелата во Република Албанија 70% од популацијата претставуваат муслимани. Во Босна и Херцеговина муслиманите се идентификуваат и како религиска и како етничка припадност. Во Бугарија муслиманската популација ги вклучува Турците, Словенските муслимани (Помаците) и Ромите. Во Република Хрватска муслиманите се застапени со Албанци, Босански муслимани и Роми. Во Македонија тоа се Албанците, Турци, Бошњаци, Македонци муслимани и Роми. Во Црна Гора, Словенски муслимани и Албанци, во Романија Турци, Татари и Роми. Во Србија Албанци, Бошњаци–Босански муслимани, Турци и Роми. Словенската муслиманска популација ја сочинуваат Босански муслимани и Албанци.

Врз основа на горе наведените податоци евидентно е дека околу 9 милиони Муслимани живеат во осум пост–комунистички држави кои географски го структуираат Балканот. Тоа е некаде околу 1/6 од вкупната популација, а како мнозинско население се во Албанија, Босна и Херцеговина и на Косово.

Ваквите тенденции можат да го затворат патот на Балканот кон европските интеграции. Христијанско–муслиманскиот дијалог и коегсистенција зависи од неколку фактори. Некои од нив се делот кој се однесува на демократизацијата во сопствените држави, вклучувајќи го степенот на малцинските права, слободата на вероисповеста, женските права, инволвираноста на муслиманите во политичките институции и економскиот развој. Толеранцијата е основниот предуслов за непречен развој на Балканот и неговата интеграција во Европските и северно–атлантските проекти[290].

Оттука, при проценката на културно цивилизациските детерминанти неопходно е да се анализираат аспекти кои се однесуваат на по–

---

290) Bugajski, J. (2000) *Islam in the Balkans: Bridge or Barrier?.* CSIS Briefing Notes on islam, Society, and Politics, Vol.3, No.1, June.

литичко–територијалното уредување на светот во исламскиот свет. Ваквата констатација подразбира разбирање на теологијата на исламот која има силно изразени универзалистички интереси[291].

Исто така, политичко–територијалното уредување на светот според исламските сваќања е организирано на три дела. Првиот дел претставува *Дар ал-Ислам* "Исламски свет", во кој партиципираат сите држави под власт на муслимански владетели и каде се практикуваат нормите на исламското право (*шериат*). Вториот дел е *Дар ас-Сулх* (или *Дар ал-Ахд*) "Свет на мировен договор". Во него влегуваат оние области кои при нивното потпаѓање под муслиманите склучиле договор со кој ги прецизираат нивните обврски кон нив, но задржуваат одреден степен на автономија. Така например воспоставувањето на *Дар ас-Сулх* била првата етапа кон присоединувањето на државите од Балканот кон Отоманската империја во текот на XIV и XV век. Третиот дел претставува *Дар ал-Харб* "Свет на војната", вклучувајќи ги немуслиманските држави надвор од *Дар ас-Сулх*, со кој Дар ал–Ислам се наоѓа во состојба на света војна (*џихад*), а воспоставувањето на мирни односи се подразбира само како состојба на привремено примирје. Карактеристично е што во исламската теорија не се јавува концептот на државен суверенитет, а државата како правно–политички и територијален субјект нема јасна формулација[292].

Интересно е да се напомене дека христијанско–муслиманските односи беа актуелни и при донесувањето на новиот Устав на Европската Унија (донесен на 29.10.2004 година во Рим). Во текот на двегодишните преговарања на членките на ЕУ, интересни беа предлозите кои се однесуваа на религиските сегменти во новиот ЕУ–Устав. Имено, папата Јован Павле Втори предлагаше дека во новиот Устав на проширената

---

291) Според принципите на исламската политика, Суверенитетот на државата му припаѓа на Господ; Сите муслимани во државата имаат подеднакви права без разлика на расата, бојата на кожата или јазикот; Шеријатот (односно, Законот објавен во Куранот) претставува највисок закон на кој секој мора да му се потчини; владата, нејзината власт доверени се од Господ на чување имуслиманите треба да се плашат од него, да бидат милостливи и праведни, никој нема право да ги искористува, да ги казнува или да биде недоследен према Шеријатот; Поглаварот на државата (Халиф, Имам или амир) ќе биде поставен врз основа на меѓусебната консултација на муслиманите и нивната согласност. Sharif, M.M. (1990) *Historija islamske filozofije*. Zagreb: August Cesarec, str. 70-71.

292) Бацаров, З., (1999), "Геополитически системи", София: Фондация "Свободна и демократична България, стр. 211–212.

Европска Унија би можело да се споменат “христијанските вредности”. Ваквиот став беше поддржан од Италија, Шпанија, Ирска и Полска. Акцентот, според Л. Диоталеви (*Luca Diotallevi*), беше ставен на приемот на Турција во ЕУ. Во интервјуто за “*The Times*”, Диоталеви истакнува дека “во минатото ЕУ беше загрижена за почитувањето на човековите права и практикувањето на демократијата во Турција, но денес според одредени аналитичари таа загриженост е насочена кон исламот”[293]. Официјално, во уставната преамбула на Европскиот Устав стои дека ЕУ својата инспирација ја извлекува од европското културно, религиозно и хуманистичко наследство[294].

### 7.5.2. Линија на разделување/линија на дијалог

Линијата на разделување помеѓу источноправославниот и западнокатоличкиот дел од христијанството многу е тешко да се определи поради постоењето на етнички “измиксани” и културно контактни зони. Ваквата констатација особено се потврдува со Балканскиот територијално–религиски лавиринт. Единствено со детално картографирање на помали територијални единици, врз основа на веродостојни статистички податоци за националната и верската структура на населението, може да се направи веродостојна слика на реалната состојба и да се направи прецизна делимитација на културно – цивилизациските зони.

Линијата на разделување од историски, географски, верски, геополитички, воен, економски и др.аспекти претставува специфична линија која е специфична по својата еволуција и сегашна позиција. Од руско–норвешко–финското тромеѓе, па се до Панонската низина оваа линија има речиси праволиниско протегање, при што ги разделува православните Руси, Белоруси, Украинци и Романци од припадниците на западната католичко–протестантска вера и култура, односно од Финците, прибалтичките Литванци, Летонците и Естонците, Пољаците, унијатските Украинци, Словаците и Унгарците[295]. Ваквиот меридијански

---

293) *God left out: European leaders decide not to include Christian roots in EU Constitution.* www.bpnews.net (Посетен на 20.11.2004 година)

294) *Provisional consolidated version of the draft Treaty establishing a Constitution for Europe.* Brussels, 25 June 2004.

295) Степић, М., У вртлогу Балканизације, Београд: ЈП Службени Лист, Институт за геополитичке студије, 2001, стр.42.

праволиниски правец на протегање јужно од Панонската низина, на Балканот, во голема мерка отстапува. Повеќевековното присуство на Османлиите на Балканот, претставува исклучително значаен историски факт, анализиран во светлината на култрурно–цивилизациските детерминанти. Долгиот процес на исламизирање и потурчување на православното население, како и специфичниот начин на потиснување (истиснување) на турската империја, во голема мерка го детерминирал современиот територијален распоред на етничките заедници на Балканот. Имено, од мореузите Босфор и Дарданели до северозападните предели на Балканскиот Полуостров, егзистираат поголеми или помали енклави во кои живее население со исламска вероисповед како силен интегративен фактор, кој го надминува нивната национална, образовна, обичајна и друга разновидност. Поголемиот дел од териториите населени со исламизирано население, инкорпорирани во православните територии, создаваат еден хетероген и мозаичен склоп. Поаѓајќи од Истамбул и источниот дел на Тракија, ланецот на исламски енклави го сочинуваат областите на бугарските Турци и Помаци во североисточна и јужна Бугарија, западнотракиските Турци во источната погранична област на Грција, Албанците во северо–западниот дел на Република Македонија, Албанците во Албанија и на Косово, во источните делови на Црна Гора, во Рашката област и Подриње, централните делови на Босна и Цазинска краина, што всушност претставува нивен краен домет во правец на северозапад.

Ваквите исламски енклави кои претставуваат остатоци од некогашниот отомански "организам", претставуваат крајни периферни делови од планетарно важната исламска цивилизација. Нивната положба, набљудувана од геополитички, военостратегиски и економски аспект, демографскиот квантитет[296] и културно–цивилизациската различност, ја прават политичко–географската "анатомија" на Балканскиот Полуостров доста сложена. Набљудувано низ призмата на големите

[296]) Само за илустрација на демографската експлозија на муслиманското население може да послужи следната компарација: Во 2003 година Русија имала 144. 526.280 жители, а Турција 68,109,469 жители. Според одредени проценки (врз основа на стапката на наталитет и морталитет) се предвидува дека во 2025 година Русија ќе има само 75 милиони жители, додека Турција околу 83 милиони жители. Екмечиќ, М., *Сукоб цивилизација или стварање светског система великих сила,*во: "Сусрет или сукоб цивилизација на Балкану", кн.16., (1998: 23–57); *Encarta Encyclopedia Deluxe 2004.*

панисламски проекти, каков што е европскиот крак на "Зелената транферзала" и нејзината Балканска траекторија (другиот правец е Магребско–францускиот), енклавите со исламско население се повеќе стануваат единствен и значаен политичко–географски фактор во Југоисточна Европа.

Република Македонија се наоѓа на допирот, односно линијата на разделување на православниот и исламскиот цивилизациски "круг". Меѓутоа анализата на културно–цивилизациските детерминанти покажува дека нивното влијание на политичко–географската положба повеќе се манифестира и зависи од регионалните и светски случувања, одколку локалните трендови. Потврден аргумент за ваквата констатација, гледано од политичко–географски аспект, претставува фактот што за време на кризниот период, како и периодот наназад, од осамостојувањето на Република Македонија, припадниците на иста религија (исламската) манифестираат различни степени на лојалност кон државата. Од друга страна, македонската држава како православна (според доминантното македонско православно население) има недоразбирања со своите соседи од иста православна цивилизациска определба (српската православна црква). Ваквите констатации, не го намалуваат значењето на културно–цивилизациските детерминанти во дефинирањето на политичко–географската положба, но укажуваат дека на локално ниво поголемо влијание имаат етно–географските карактеристики, односно бројот и дистрибуцијата на етничките групи на територијата на државата. Ова го потврдува ставот дека, верската нетолеранција во Македонија е понов проблем, во смисла на тоа што, според низа истражувања, верските предрасуди се манифестираат подоцна од меѓуетничките. Меѓутоа, иако религијата станува релевантен фактор подоцна од етносот, таа се повеќе се користи како инструмент во меѓуетничките релации. Политизацијата, па дури и партизацијата на верските заедници оди во прилог на влошување на овие односи и влијаат на релативизирањето на политичко–географската положба[297].

---

297) На територијата на Македонија, како и другите делови на Балканот, гледано низ историјата, забележани се искуства на дијалог помеѓу цивилизациите. Така на пример, во Отоманскиот период, кога муслиманските армии ќе освоеле нови области во текот на големиот освојувачки период, тие биле подготвени да соработуваат со луѓе од било која друга монотеистичка религија, чиишто предвоници се покориле на нивната

### 7.5.3. Етно-географски карактеристики на Република Македонија

#### 7.5.3.1.Бројно движење на населението во Република Македонија

На територијата на Република Македонија од 1900 година па наваму се случиле значителни промени во бројната состојба, просторниот распоред и структура на населението. Имено, првичните податоци за бројната состојба на населението во Република Македонија датираат уште од 1900 година. Сепак, првите официјални податоци за бројот на жители во Македонија датираат од 1921 година кога е спроведен првиот официјален службен попис на населението.

| Табела бр. 15 | Население според пописите | | |
|---|---|---|---|
| година | број на жители | Годишен прираст | прираст помеѓу пописите |
| 1900 | 908 904 | | |
| 1913 | 938 000 | 2 238 | 29 096 |
| 1921 | 797 841 | –17 520 | –140 159 |
| 1931 | 937 643 | 13 980 | 139 802 |
| 1948 | 1 152 986 | 12 667 | 215 343 |
| 1953 | 1 304 514 | 30 306 | 151 528 |
| 1961 | 1 406 003 | 12 686 | 101 489 |
| 1971 | 1 647 308 | 24 130 | 241 305 |
| 1981 | 1 909 136 | 26 182 | 261 828 |
| 1991 | 2 033 964 | 12 482 | 124 828 |
| 1994 | 1 945 932 | | –88 032 |
| (1994)[298] | 2 075196 | 13 744 | 41 232 |
| 2002[299] | 2 022 547 | 9576 | 76 615 |

Извор: Статистички годишник на Република Македонија, Државен завод за статистика, 2003.

Анализирајќи ги податоците во горната табела може да констатираме дека бројот на населението во Република Македонија во периодот од 1900 до 2002 година се зголемил за 2.2 пати. Ваквото зголемување не е во корелација со природниот прораст, што подразбира дека

власт. Особено биле почитувани христијаните и евреите како "луѓе од книга". Членовите на прифатените вери биле организирани во заедници познати како **милети**. Пошироко во: Јелавич, Б. (1999) Историја на Балканот, осумнаесетти и деветнаесетти век. Скопје: Ник Лист, стр. 56–57.

298) Во 1994 година бројот на населението во Република Македонија според новиот начин на попишување изнесувал 1 945 932 жители, а според начинот на кој се спроведувани претходните пописи тој изнесувал 2 075 196 жители.

299) Со Пописот на населението, домаќинствата и становите во Република Македонија во 2002 година, направена е нова промена во дефинирањето на единиците на попис, како и дефинирањето на категоријата вкупно население. Поради овие промени оневозможена е целосна споредливост на податоците од овој Попис со податоците од претходните. *Попис на населението, домаќинствата и становите во Република Македонија*, Државен завод за статистика, 2002 година.

голем број населението во тој период се иселило од Македонија. Така на пример од 1900 до 1913 година населението се зголемило за 29 096 жители што во споредба со природниот прираст кој изнесувал 15% претставува за околу шест пати помал број[300]. Причината за ваквата состојба е во делбата на територијата на Македонија по Балканските војни, кога дел од македонското население емигрирало надвор од Македонија, а дел од муслиманското население емигрирало во Турција.

Во временскиот интервал од 1913 до 1921 година населението во Македонија бележи пад за 140 159 жители. Причините за ваквото намалување лежат во фактот што во тој период дошло до масовно иселување на турското население од Македонија. Имено, според одредени статистички показатели се смета дека во периодот од 1900 до 1921 година, поради засиленото емигрирање бројот на турското население во Македонија се намалило за 56 000 лица или помалку за 47%. Во периодот помеѓу 1913 и 1914 година, поради масовното тероризирање од страна на Турците, преку сто илјади Македонци од Егејскиот дел мигрирале во странство[301].

Во периодот од 1921 до 1931 година населението во Македонија се зголемило за 139 802 жители или повеќе за 17,5%. Зголемувањето на населението во овој период е резултат на големиот број доселеници од Србија, враќањето на македонските иселеници и зголемениот природен прираст.

Од 1931 до 1948 година населението во Македонија се зголемило за 22,9% или повеќе за 215 343 жители. Македонското население со најбрзо темпо расте во периодот од 1948 до 1953 година. Во овој период природниот прираст изнесувал 24,2% годишно. Населението годишно се зголемувало за 30 306 жители. Една од причините за тоа зголемување бил големиот природен прираст, но и големиот број доселени Македонци од Егејскиот дел на Македонија.

Во периодот од 1953 до 1961 година населението во Македонија годишно се зголемувало за 12 686 жители или вкупно се зголемило за 101 489 жители. Релативно ниският индекс на зголемување на населението е резултат на иселувањето на турците и другото муслиманско население во Турција.

Од 1961 до 1971 година населението се зголемило за 241 305 жители или годишно се зголемувало за 24 130 жители. Во периодот по-

---

300) Стојмилов, А., (1995) *Географија на Република Македонија*. Скопје: Просветно дело, стр.79.

301) Панов, М. (1976) *Географија на СР Македонија*. Скопје: Просветно дело, стр. 251.

меѓу 1971 и 1981 година годишниот прираст на населението во Република Македонија изнесувал 26 182 жители или вкупно населението се зголемило 261 828 жители. Од 1981 до 1991 година населението се зголемило за 124 828 жители или годишно се зголемувало за 12 482 жители. Во периодот од 1991 до 1994 кога повторно е спроведен попис во Република Македонија населението се намалило за 88 032 жители или годишно се намалувало за 29 344 жители. Ваквите показатели за периодот од 1991 до 1994 година треба да ги земеме условно поради нецелосниот попис во 1991 година кога дел од албанското население во Република македонија не учествуваше во пописот. Од 1994 до 2002 година населението во Република Македонија се зголемило за 76615 жители или повеќе за 3.9%.

### 7.5.3.2. Етно-географска структура на населението во Република Македонија

Во Република Македонија отсекогаш, па и денес доминантно население било македонското. Тоа значи дека покрај македонското на овие простори живее и население од друга етничка припадност. Таквата состојба како и во поголемиот дел од државите во регионот е резултат на преселбите на населението во минатото, предизвикани од воени, политички и економски причини.

Табела бр16 — НАЦИОНАЛНА ПРИПАДНОСТ

| Пописна година | | македонци | албанци | турци | роми | срби | власи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1948 | бр. | 789648 | 197389 | 95940 | 19500 | 29721 | 9511 |
| | % | 68.49 | 17.12 | 8.32 | 1.69 | 2.58 | 0.83 |
| 1953 | бр. | 860699 | 162524 | 203938 | 20462 | 35112 | 9668 |
| | % | 65.98 | 12.45 | 15.63 | 1.57 | 2.69 | 0.67 |
| 1961 | бр. | 1000854 | 183108 | 131481 | 20606 | 42728 | 8046 |
| | % | 71.19 | 13.02 | 9.35 | 1.47 | 3.04 | 0.57 |
| 1971 | бр. | 1142375 | 279871 | 108552 | 24505 | 46465 | 7190 |
| | % | 69.35 | 1.98 | 6.59 | 1.49 | 2.82 | 0.44 |
| 1981 | бр. | 1279323 | 377208 | 86591 | 43125 | 44468 | 6384 |
| | % | 67.01 | 19.76 | 4.54 | 2.26 | 2.33 | 0.33 |
| 1994 | бр. | 1295964 | 441104 | 78019 | 43707 | 40228 | 8601 |
| | % | 66.6 | 22.6 | 4.1 | 2.3 | 2.1 | 0.5 |
| 2002 | Бр. | 1297981 | 509083 | 77959 | 53879 | 35939 | 9695 |
| | % | 64.17 | 25.17 | 3.85 | 2.66 | 1.77 | 0.47 |
| | | црногорци | хрвати | муслимани | словенци | Југословени/бошњаци | Други |
| 1948 | бр. | 2348 | 2090 | 1560 | 729 | –/– | 4550 |
| | % | 0.20 | 0.18 | 0.14 | 0.06 | –/– | 0.39 |
| 1953 | бр. | 2526 | 2770 | 1591 | 983 | –/– | 5241 |
| | % | 0.19 | 0.21 | 0.12 | 0.08 | –/– | 0.40 |
| 1961 | бр. | 3414 | 3801 | 3002 | 1147 | 1260/– | 6545 |
| | % | 0.24 | 0.27 | 0.21 | 0.08 | 0.09/– | 0.47 |
| 1971 | бр. | 3246 | 3882 | 1248 | 838 | 3652/– | 25484 |
| | % | 0.20 | 0.23 | 0.08 | 0.05 | 0.22/– | 1.55 |
| 1981 | бр. | 3920 | 3307 | 39513 | 648 | 14225/– | 10424 |
| | % | 0.21 | 0.17 | 2.07 | 0.03 | 0.74/– | 0.55 |
| 1994 | бр. | 2318 | 2248 | 15418 | 403 | –/– | 17922 |
| | % | 0.12 | 0.12 | 0.8 | 0.02 | –/– | 0.9 |
| 2002 | бр. | 2003 | 2686 | 2553 | 365 | –/17018 | 14839 |
| | % | 0.1 | 0.3 | 0.12 | 0.01 | –/0.84 | 0.73 |

*вкупно население по пописни години*

| 1948 | 1953 | 1961 | 1971 | 1981 | 1994 | 2002 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1152986 | 1304514 | 1406003 | 1647308 | 1909136 | 1945932 | 2022547 |

Извор: Статистички годишник на Република Македонија, 2003.

Анализирајќи ја табелата бр.16, може да дојдеме до следните заклучоци: Според податоците од пописот во 1948 година Македонците биле застапени со 789648 жители, што претставува 68,49% од вкупното

население, во 1953 година процентот на македонското население во вкупното изнесувал 65,98%. Во 1961 година Македонците учествуваат со 71,19% од вкупното население. Таквото зголемување првенствено е резултат на масовното иселување на Турците во периодот од 1953 до 1961 година. Според податоците од пописот во 1971 година, Македонците учествуваат со 69,35%, во 1981 година со 67,01%, во 1994 година се застапени со 66,6% од вкупното население, додека во 2002 година застапеноста изнесува 64.17%.

Процентуалното намалување на македонското население во изминатите децении укажува на мошне негативната демографска тенденција на континуирано намалување на македонската популација.

Албанското население според податоците од 1948 година во вкупно евидентираното население учествувале со вкупно 197389 жители или со 17,12%. Со пописот од 1953 година, се намалува учеството на албанското население во Република Македонија на 12,46%. Причините за таквата состојба се во тоа што Турците, Македонците муслимани и Ромите кои во 1948 година се евидентирале како Албанци сега се регистрирале како Турци, поради нивната заинтересираност за иселување во Турција. Во 1961 година Албанците партиципирале со 13,02% во вкупно евидентираното население во Република Македонија, во 1971 нивниот процентуален удел во вкупното население изнесувал 16,98%, во 1981 година 19,76%, во 1994 година 22,6%, додека во 2002 година со 25.17%.

Албанското население во Република Македонија континуирано се зголемува како резултат на високиот природен прираст, од високиот процент на Ромско и Турско население кое во изминатиот период се декларирало како Албанци, како и од механичкиот прилив на Албанци од Косово.

Во периодот од 1998 година до 2004 година природниот прираст на населението во Република Македонија се намалил од 12347 на 9799 лица, додека стапката на природен прираст, исто така, бележи намалување од 6.2 промили на 4.9 промили[302]. Според регионалната поделба на Република Македонија[303], Пелагонискиот регион се карактеризира со негативен предзнак на природниот прираст, во сите општини со

---

302) "Мапирање на социо-економските диспаритети меѓу македонските општини", UNDP, Скопје, јули 2004.

303) Осум регини: Пелагониски, Вардарски, Североисточен, Југозападен, Скопски, Југоисточен, Полошки и Источен. Според: "Мапирање на социо-економските диспаритети меѓу македонските општини", UNDP, Скопје, јули 2004.

исклучок на Житоше, Крушево, Долнени и Прилеп, со релативно ниски стапки на природен прираст се Источниот регион (1.8 промили), Вардарскиот (2.1 промили) и Југоисточниот (4.0 промили). Вредностите за природниот прираст се повисоки во Североисточниот (5.7 промили), Југозападниот (6.1 промили) и Скопскиот (6.1 промили). Највисоки стапки на природен прираст има во Полошкиот регион каде што е сконцентрирано албанското население, односно 10.2 промили[304].

Таквото зголемување неминовно води кон промени во етничкиот состав на етно–територијалната карта на Р.Македонија и создавање на енклави кои во одредени констелации на односи можат да имаат негативно влијание на вкупната безбедност на државата. Според податоците од пописот во 2002 година во 42 општини од вкупно 123 и градот Скопје, Албанците ја надминуваат бројката од 20%од вкупното население, додека според Законот за територијална организација на локалната самоуправа од 2004 година, Албанците се над 20% во 26 општини од вкупно 80.

Табела бр.17

| *Општини во кои Албанците се над 20% според територијалната организација од 1996 година* | | | *Општини во кои Албанците се над 20% според територијалната организација од 2004 година.* | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | **ОПШТИНА** | **%** | | **ОПШТИНА** | **%** |
| 1 | Шипковица | 99,51 | 1 | Желино | 99,20 |
| 2 | Боговиње | 99,27 | 2 | Осломеј | 98,39 |
| 3 | Желино | 99,20 | 3 | Зајас | 97,44 |
| 4 | Неготино–полошко | 99.38 | 4 | Липково | 97,42 |
| 5 | Велешта | 98,97 | 5 | Камењане | 95,23 |
| 6 | Осломеј | 98,38 | 6 | Сарај | 91,53 |
| 7 | Џепчишта | 98,34 | 7 | Арачиново | 90,72 |
| 8 | Делгожди | 97,64 | 8 | Теарце | 84,39 |
| 9 | Кондово | 97,52 | 9 | Врапчиште | 83,08 |
| 10 | Зајас | 97,44 | 10 | Тетово | 70,32 |
| 11 | Липково | 97,42 | 11 | Студеничани | 68,38 |
| 12 | Србиново | 96,84 | 12 | Гостивар | 66,69 |
| 13 | Чегране | 95,01 | 13 | Струга | 56,85 |
| 14 | Камењане | 91,15 | 14 | Чаир | 56,43 |
| 15 | Арачиново | 90,71 | 15 | Дебар | 44,77 |
| 16 | Сарај | 88,76 | 16 | Јегуновце | 43,02 |
| 17 | Теарце | 84,39 | 17 | Чашка | 35,23 |
| 18 | Вруток | 74,89 | 18 | Кичево | 30,53 |
| 19 | Студеничани | 68,38 | 19 | Долнени | 26,65 |
| 20 | Тетово | 63,96 | 20 | Шуто–Оризари | 26,52 |
| 21 | Дебар | 63,30 | 21 | Куманово | 25,87 |
| 22 | Брвеница | 61,62 | 22 | Петровец | 25,08 |
| 23 | Вратница | 61,12 | 23 | Бутел | 24,30 |

[304] Исто, стр.12.

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 24 | Гостивар | 59,00 | 24 | Чучер–Сандево | 22,88 |
| 25 | Лабуниште | 55,23 | 25 | Крушево | 21,31 |
| 26 | Житоше | 54,41 | 26 | Сопиште | 20,39 |
| 27 | Врапчиште | 51,14 | | | |
| 28 | Долна Бањица | 50,10 | | | |
| 29 | Струга | 41,53 | | | |
| 30 | Маврови Анови | 38,51 | | | |
| 31 | Чаир | 38,39 | | | |
| 32 | Јегуновце | 34,09 | | | |
| 33 | Центар | 30,64 | | | |
| 34 | Кичево | 30,53 | | | |
| 35 | Зелениково | 29,58 | | | |
| 36 | Куманово | 26,44 | | | |
| 37 | Бистрица | 25,38 | | | |
| 38 | Чучер Сандево | 22,87 | | | |
| 39 | Петровец | 22,85 | | | |
| 40 | Цапари | 22,33 | | | |
| 41 | Крушево | 21,31 | | | |
| 42 | Сопиште | 20,39 | | | |

**Извор:** Попис на населението, домаќинствата и становите во Република Македонија, Државен завод за статистика, 2002 година; Закон за територијална организација на локалната самоуправа во Република Македонија, Влада на Република Македонија, 2004 година.

**Решение: Мултикултурниот модел на уредување во Република Македонија?**

Скоро деценија и половина Република Македонија се соочува со предизвикот да изгради такво политичко уредување, кое ќе одговори и на барањата на демократијата, но и ќе биде адекватно на специфичниот општествен, етнички, економско–социјален и политички амбиент. Во првата декада од своето опстојување како независна држава, Македонија претендираше дека успеала да ги помири параметрите на парламентарната демократија, во нејзината мнозинска форма, со мултикултурниот карактер на своето општество. Меѓутоа, кризата од 2001 година, а и она што следуваше подоцна, го ре–дефинираа целокупниот политички модел, но за жал не ја затворија дилемата и не ги отстранија контроверзите. Сепак, најчесто споменуваната волшебна формула во јавниот дискурс во државата се врзува за она што се нарекува мултикултурен модел на политичко уредување.

Теоретски, мултикултурниот модел на политичко организирање претпоставува дека индивидуите можат да го изразат, заштитат и развиваат сопствениот културен идентитет. Мултикултурализмот, секако, не подразбира само признавање на културната разноликост, туку и нејзино афирмирање и надвор од општествената сфера. Со други зборови, тој диверзитет

треба да најде адекватен политички израз и механизам на дејствување во политичката сфера. Ваквите определби укажуваат на тоа дека мултикултурниот модел на политичко организирање станува механизам кој овозможува создавање на специфични политички солуции во современите држави.

Како главни политичко–географски цели на мултикултурниот модел во разрешувањето на меѓуетничките тензии и конфликтни состојби се потенцираат следните: зголемување на чувството на заедничка припадност на различните етнички/културни групи кон општеството и кон државата; постоење на чувството на доверба помеѓу етничките групи, како на индивидуално, така и на колективно ниво; редуцирање и елиминирање на меѓуетничките/ меѓукултурните тензии; афирмација на плуралистичкото општество; придонес кон стабилизација на општеството со цел засилување на неговите ефикасни перформанси во интерес на сите граѓани. Реализирањето на вака поставените политички цели претставува примерен предуслов за успешно функционирање на мултикултурниот модел. Од друга страна, покрај политичките принципи и механизми овој модел на општествено уредување бара и одредени специфични општествени услови. Имено, станува збор за доверба помеѓу главните играчи во имплементирањето на мултикултурниот модел т.е. институционални структури, кои ќе бидат во состојба да обезбедат реализирање на моделот. Тоа подразбира професионална добро обучена администрација која ќе биде способна да одговори на предизвиците од имплементирањето на моделот; единствено стабилни државни институции можат да ја преземат улогата на механизми за балансирање на различните културни и етнички интереси; економската состојба во државата ја диктира имплементацијата на мултикултурниот модел, од причина што истиот е релативно скап и е на товар на државниот буџет; сиромашните општества по правило генерираат етнички тензии поврзани со проблемите на дистрибуција на прилично лимитираните ресурси[305].

Ваквата теоретска експликација на мултикултурниот модел на практикување на демократијата има сосема ретка примена во светот, и тоа во најразвиените општества. Оттука, она што политичката теорија го елаборира обично се идентификува со консоцијалната демократија.

---

305) Petkovska-Hristova, L., (2004), "*Multi-Culturalism as Political Model: The Case of Macedonia*", in Genov, N. (ed.), "Ethnic Relations in South Eastern Europe", Berlin, Sofia: Friedrich-Ebert-Stiftung, p.p.97-99.

Пост–комунистичките општества кои се етнички, јазично и религиозно поделени, се соочуваат со сериозни проблеми при воспоставувањето на демократијата. Нарушен е основниот однос помеѓу граѓаните и политичките институции, кој наместо да се базира на цврста културолошка врска меѓу граѓаните и државата преку сите неопходни посредници (семејство, група, партија и сл.) кои преку избори ја легитимираат власта, доаѓа до поместување на врските на сегментите од општеството одредени од етничката, религиозната или јазичка лојалност. Во силно сегментираните општества демократијата може да се доведе во прашање преку нарушувањето на принципот на сувереност на граѓанинот како индивидуа која може да ги распознае сопствените интереси и да ја детерминира политиката во однос на нив, односно демократијата се сведува меѓу елитите на групите–колективистички принцип на организирање во политиката. Доколку не се прифатат "правилата на игра" во колективистички детерминиранто демократско општество, постои опасност од распаѓање на демократијата но и на самата држава.

Уставната реформа и т.н. Охридски Устав во голема мерка ги етаблираа елементите на консоцијалната демократија, меѓутоа на еден сосема специфичен начин, па дури и по цена на низа недоследности. Принципот врз кој се базира новиот општествен и политички консензус е немешање во внатрешната структура на сегментите и нивно демократско договарање само на најопшто, глобално ниво. Консоцијалната демократија се карактеризира со четири обележја, како: владеење на голема коалиција на политичките водачи на сите позначајни сегменти во плуралното општество, меѓусебно вето, пропорционалност како основно мерило при одредувањето на политичката застапеност (високи министерски функции) и распределбата јавните фондови на одделни сегменти, автономија на сегментите (малцинството е самото на себе си власт кога се во прашање работи кои се однесуваат на тоа малцинство т.е. етничка заедница). Главните недостатоци на ваквиот политички модел се однесуваат на ветото кое доколку пречесто се користи за изнудување отстапки од другите сегменти може да доведе до судир, на консоцијалната демократија и е поважно рамноправното и пропорционално решавање на проблемите на одредени групи отколку рамноправноста на поединците, опасноста од консоцијалната демократија произлегува и од интерната конфедерализација на системот. На консоцијалната демократија

денес, се чини, дека се гледа како на оптимално решение за оние држави кои се во опасност од распаѓање по етнички критериум.

Охридскиот договор[306], склучен по завршувањето на конфликтот од 2001 година, промовира мирен и хармоничен развој на граѓанското општество преку респектирање на етничките идентитет и интересите на сите граѓани на Република Македонија. Истовремено, тој ги обезбеди и механизмите на заштита на правата на сите етнички заедници (идентитети), обидувајќи се да ја избегне замката на општествена фрагментација или мајоризација. Меѓутоа, иако решенијата на Охридскиот договор во голема мерка ги рефлектираа легитимните барања на албанската заедница, тие сепак не можеа да обезбедат адекватна реализација на консоцијативниот модел. Имено, големата коалиција во Македонија редовно се сведува на партиципација на политичките елити на само две заедници т.е. два сегмента во општеството. Нивната релативна тежина е нееднаква, а останатите етнички заедници скоро и да немаат шанси за политичко претставништво и влијание. Ветото е имплементирано во т.н. Бадинтерово (двојно) мнозинство при донесување на одлуки од значење за заедниците и со влијание врз прашањата врзани со идентитетите, меѓутоа во практиката се употребува многу широко во неформалната комуникација, дури и во рамки на владеачката коалиција и Владата. Правичната застапеност на припадниците на заедниците често се прави на штета на професионалноста, а за сметка на етничко–партиската припадност, што во крајна инстанца повторно се рефлектира на слабиот капацитет на државата и јавната администрација. Конечно, автономијата на сегментите се повеќе зема форма на креирање на би–национална држава и етничко–територијална поделба на власта, капиталот и моќта. По тригодишното имплементирање на моделот, и особено по повод политичката криза поврзана со законот за територијална организација, стануваат се погласни критиките за тоа дека моделот не само што не ја доживува својата афирмација, туку се почесто создава и продлабочува кризи.[307]

---

306) Охридскиот договор е достапен на интернет страницата на Претстедателот на Република Македонија: http://www.president.gov.mk/info/dogovor.htm

307) Интересни се изјавите на поранешниот германски амбасадор во Република Македонија, Клаус Шрамајер кој во интервјуто за Дојче Веле во октомври 2004 година потенцира дека она што недостасува во Охридскиот договор е било каков механизам за интеграција. Се што е регулирано со Договорот претставува оградување и продлабочување на поделбата, на јазот, на самогетоизирањето и на гетоизирањето од страна на другите.

Во контекстот на анализа на меѓуетничките односи во Република Македонија, интересни се истражувањата, кои на одреден начин имаат своја политичко–географска експресија, што ги спроведува Програмот за развој при Обединетите нации (*UNDP-United Nation Development programme*). При спроведување на анкетата (Јануари 2003 година) истражувана е желбата на етничките заедници да продолжат да живеат на иста територија.

На прашањето, која би била идеалната ситуација за Вас?, 61,8% од испитаниците Македонци одговориле дека идеална ситуација за нив би била заедничко живеење на Македонците и Албанците на територијата на државата; 25,1% одговориле дека не се потребни никакви специјални малцински права на било која од етничките групи вклучувајќи ги и Албанците; 12,1% одговориле дека отсуството на Албанците од територијата на државата би била иделана ситуација за нив.

Кај Албанската етничка група на истото прашање позитивно одговориле 38,2% од испитаниците, односно се согласиле да живеат заедно со Македонците: 23,9% одговориле дека тоа би била целосна независност на одредени делови од поранешните кризни подрачја во Македонија; 15,9% одговориле дека идеална состојба би била таа со специјалните права за малцинствата вклучувајќи ги и Албанците; 11,2% одговориле дека идеална состојба би била автономија на одредени делови од територијата на Република Македонија[308].

| Табела бр.18 | Која би била иделаната ситуација за Вас? (за македонските испитаници) | |
|---|---|---|
| 1. | Без етнички Албанци на територијата на Република Македонија | 12.1% |
| 2. | Без специјални малцински права на секоја етничка група вклучувајќи ги и Албанците | 25.1% |
| 3. | Етнички Македонци и етнички Албанци кои без проблем живеат во Македонија | 61.8% |
| 4. | Други | 0.5% |
| 5. | Одбиле да одговорат | 0.0% |
| 6. | Не знаат | 0.5% |

Според Шрамајер, Охридскиот договор ја стопираше војната, но не претставува добра база за иднината. Понатаму, Шрамајер истакнува дека решенијата за новата територијална поделба (посебно за Струга, Кичево и Скопје) претставуваат резултат на таканаречената албанска салама тактика, односно да се бара се повеќе и повеќе од она што им следува. http://www2.dw-world.de/dw/macedonian/temamace/1.107116.1html (Посетен на 26.10.2004 година)

308) *Early Warning Report*, No.1,2003, UNDP-United Nation Development Programme, Kapital-Center for Development Research, p.p.41-50. Примерокот за анкетата е подготвен врз основа на официјалните податоци на државните институции од пописот во 1994 година, опфаќа случаен избор на испитаници над 18 години, селектирани по возраст, пол, образование, тип на населба, национална припадност и регион.

| Јануари 2003 | Која би била иделаната ситуација за Вас? (за албанските испитаници) | |
|---|---|---|
| 1. | Целосна независност на одредени делови од поранешните кризни региони во Македонија | 23.9% |
| 2. | Автономија на одредени делови | 11.2% |
| 3. | Специјални малцински права на сите етнички групи и на Албанците | 15.9% |
| 4. | Етнички Македонци и етнички Албанци кои без проблем живеат на територијата на Македонија | 38.2% |
| 5. | Други | 5.6% |
| 6. | Одбиле да одговорат | 0.8% |
| 7. | Не знаат | 4.4% |
| Извор: Early Warning Report, No.1,2003, UNDP-United Nation Development Programme, Kapital-Center for Development Research, p.42 | | |

Во контекстот на ваквите истражувања, интересни се анализите кои се правени во врска со подршката за Охридскиот договор и можноста за насилен етнички конфликт, по региони и кај македонската и албанската етничка група, од страна на Brima-Gallup. При тоа добиени се следните резултати презентирани во табелите.

| Дали верувате дека Охридскиот договор претставува главен инструмент со кој сегашните политички предизвици можат да се разрешат? | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Табела бр.19 | РЕГИОН | | | | | | | Вкупно |
| | Скопски | Пелагон. | Охрид. | Полош. | Повард. | Куман. | Брегалн. | |
| Силна поддршка | 23.6% | 5.7% | 25.4% | 44.3% | 6.5% | 24.0% | 6.3% | 20.2% |
| Делумна поддршка | 18.0% | 30.3% | 24.6% | 27.1% | 30.4% | 13.5% | 28.0% | 23.8% |
| Делумно нема поддршка | 8.9% | 12.3% | 14.3% | 5.0% | 14.1% | 13.5% | 17.1% | 11.6% |
| Воопшто нема поддршка | 42.3% | 46.7% | 29.4% | 15.7% | 35.9% | 37.5% | 38.9% | 36.2% |
| Одбиле да одговорат | 0.3% | | | 0.7% | | | 1.1% | 0.4% |
| Не знаат | 6.9% | 4.9% | 6.3% | 7.1% | 13.0% | 11.5% | 8.6% | 7.9% |
| | 100.0% | 100.0% | 100.0% | 100.0% | 100.0% | 100.0% | 100.0% | 100.0% |
| Извор: BRIMA. Macedonian member of GALLUP International and Associate of Taylor Nelson Sofres. PROJECT: Early Warning. Section: Political stability-Vol 5. September. 2004. | | | | | | | | |

Според табелата, Охридскиот договор како главен инструмент за разрешување на сегашните политички предизвици, најголема поддршка има во Полошкиот регион (44.3%), додека најмала поддршка има во Пелагонискиот регион (46.7%), Скопскиот регион (42.3%) и Брегалничкиот регион (38.9%).

| Дали верувате дека Охридскиот договор претставува главен инструмент со кој сегашните политички предизвици можат да се разрешат? | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Табела бр.20 | НАЦИОНАЛНОСТ | | | Вкупно |
| | Македонци | Албанци | Други | |
| Силна поддршка | 7.0% | 59.8% | 2.4% | 20.3% |
| Делумна поддршка | 23.6% | 27.4% | 16.8% | 23.7% |
| Делумно нема поддршка | 14.6% | 1.3% | 14.0% | 11.6% |
| Воопшто нема поддршка | 48.1% | 0.9% | 34.6% | 36.2% |
| Одбиле да одговорат | 0.3% | 0.9% | | 0.4% |
| Не знаат | 6.5% | 9.8% | 12.1% | 7.8% |
| | 100.0% | 100.0% | 100.0% | 100.0% |

Извор: BRIMA. Macedonian member of GALLUP International and Associate of Taylor Nelson Sofres. PROJECT: Early Warning. Section: Political stability-Vol 5. September. 2004.

Според етничката припадност, Охридскиот договор како главен инструмент за разрешување на сегашните политички предизвици, кај Македонците силна поддршка има кај 7.0%, делумно го поддржуваат 23.6%, делумно нема поддршка кај 14.6%, додека воопшто не го поддржуваат 48.1%. Кај Албанците состојбата е следна: 59.8% силно го поддржуваат, 27.4% делумно го поддржуваат, кај 1.3% делумно нема поддршка, 0.9% воопшто не го поддржуваат.

| Дали постои ризик од насилен етнички конфликт во Македонија? | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Табела бр.21 | РЕГИОН | | | | | | | Вкупно |
| | Скопски | Пелагон. | Охрид. | Полош. | Поވард. | Куман. | Брегалн. | |
| Да | 64.4% | 77.9% | 56.7% | 50.0% | 77.8% | 63.5% | 76.0% | 66.1% |
| Не | 26.5% | 16.4% | 33.1% | 34.8% | 14.4% | 19.8% | 15.4% | 23.7% |
| Одбиле да одговорат | | | | 0.7% | 1.1% | | | 0.2% |
| Не знаат | 9.2% | 5.7% | 10.2% | 14.5% | 6.7% | 16.7% | 8.6% | 10.0% |
| | 100.0% | 100.0% | 100.0% | 100.0% | 100.0% | 100.0% | 100.0% | 100.0% |

Извор: BRIMA. Macedonian member of GALLUP International and Associate of Taylor Nelson Sofres. PROJECT: Early Warning. Section: Political stability-Vol 5. September. 2004.

На прашањето дали постои ризик од насилен етнички конфликт во Македонија, намногу се согласиле со истото и потврдно одговориле во Пелагонискиот регион (77.9%), Повардарскиот регион (77.8%). Најмал ризик од можен етнички конфликт забележан е во Полошкиот регион (34.8%) и Охридскиот регион (33.1%).

| Дали постои ризик од насилен етнички конфликт во Македонија? | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Табела бр.22 | НАЦИОНАЛНОСТ | | | Вкупно |
| | Македонци | Албанци | Други | |
| Да | 76.5% | 38.3% | 57.4% | 66.1% |
| Не | 18.8% | 36.6% | 27.8% | 23.7% |
| Одбиле да одговорат | 0.1% | 0.4% | | 0.2% |
| Не знаат | 4.5% | 24.7% | 14.8% | 10.0% |
| | 100.0% | 100.0% | 100.0% | 100.0% |
| Извор: BRIMA. Macedonian member of GALLUP International and Associate of Taylor Nelson Sofres. PROJECT: Early Warning. Section: Political stability-Vol 5. September. 2004. | | | | |

Според табелата, Македонците со 76.5% се определиле дека постои ризик за насилен етнички конфликт во Македонија. За истата категорија, Албанците имаат вредност 38.3%. Негативно се изјасниле 18.8% од македонските испитаници и 36.6% од албанските испитаници. Интресен е податокот за албанските испитаници кои не знаат (24.7%) дали постои ризик од насилен етнички конфликт во Македонија.

Имајќи ги предвид ваквите резултати и предложените мерки за стабилизирање на меѓуетничките односи понудени во Рамковниот договор, прашање е колкав е оптимизмот во инаугурирањето на мултикултурниот модел на живеење во Република Македонија.

Може да се констатира дека, регионалните културно-цивилизациски детерминанти и локалната етно-географска композитност на Република Македонија имаат најголемо влијание во релативизирањето на нејзината политичко-географска положба. Истите, се користат како моќен политички инструментариум во реализирањето на политичко-географскиот процес во регионот.

## 7.6. ЕКОНОМСКО-ГЕОГРАФСКИ ДЕТЕРМИНАТИ

Со вклучувањето на Република Македонија во европските интеграциски токови (на 09.04.2001 година потпишана е Спогодба за асоцијација и стабилизација со Европската Унија) во голема мерка ќе се релативизираат импликациите и ограничувањата кои произлегуваат од малата национална територија, бројот на населението и пазарот.

Во економски поглед, географската положба на Република Македонија во однос на стопанствата на развиените републики на поранешниот југословенски простор беше доста одалечена и периферна. Таквата состојба не остана без последици во меѓусебните стопански движења, особено ако се има предвид структурата на меѓусебната размена. Имено, во неа македонското стопанство влегуваше со нагласено учество на суровини од обоената и црната металургија, неметали и земјоделските производи со ниска фаза на преработка и со релативно мала вредност, кои пак како кабасти имаа големи транспортни трошоци. Ваквата поранешна состојба упатува на заклучок дека во услови на самостојна и независна држава, Република Македонија репрудокциониот циклус, треба да се затвара во државата, додека меѓусебните стопански односи и врски со соседните пазари да се вршат со производи кои поминале низ повисоки фази на преработка. Тоа од една страна ќе овозможи позитивни промени во стопанската структура на земјата, а од друга страна погодноста на економско–географската положба во централниот дел на Балканскиот Полуостров ќе дојде целосно до израз и во однос на пазарите на поранешните југословенски простори.

Ако се разгледува економското опкружување на Република Македонија, истото може да се оцени како непогодно. Стопанството на нашите соседи во минатото, а некои и денес (Албанија, па и Бугарија) со недоволно развиени пазари и слаби трговски врски не можеле да укажат некое позитивно влијание врз нашиот економски развој. Напротив некои од нив имале територијални претензии на македонската територија.

### 7.6.1. Енергетски ресурси на Република Македонија

Значајно место во стопанскиот развој и трговските односи со странство на една држава им припаѓа на расположивите минерални богатства во енергетски и други минерални суровини.

Производството и потрошувачката на енергија претставуваат едни од најрелевантните индикатори за достигнатиот степен на стопански развој на една држава.

Доколку се анализира структурата на енергетскиот потенцијал на Република Македонија, евидентно е дека најголемо учество има јагленот (68,7%) и хидроенергетскиот потенцијал (22,3%), кои заедно покриваат преку 90%. Следува уранот (1,7%) и маслените шкрилци (7,3%)[309]. Во продукцијата на енергија, најголемо учество имаат цврстите горива (84,4%), па водните сили (15,2%) и геотермалната заедно со сончевата енергија (0,4%).




**Слика бр.40 Енергетски потенцијали на Р.Македонија**
(**Извор:** ЕСМ, *Годишен извештај*. 2003)

309) "Развојот на енергетиката во СР Македонија до 2005 година", студија изработена од ЕМО–Охрид, Институтот за енергетика, Скопје 1986 година.

Со пуштањето и експлоатацијата на гасоводот од Деве Баир до Скопје (на 17.09.1997 година), енергетското стопанство на Република Македонија влезе во нова “Метанска ера”. Со тоа нашата држава влеза во редот на држави кои користат еколошки најчист енергент. Магистралниот гасовод е долг 100 километри со разводни гасоводи кон Крива Паланка, Гиновци, Кратово, Куманово и Скопје, но и со готови студии за разводни гасоводи за поврзување на југоисточниот дел на Република Македонија, односно Велес, Свети Николе, Штип и Кочани, како и на западниот дел од државата, Јегуновце, Тетово и Гостивар. Сибирскиот гас[310] во нашата држава доаѓа преку гасовод долг 5000 км. Гасоводот е проектиран за транспорт на 800 милиони кубни метри гас годишно, а при конечната гасификација на државата има капацитет од 1,2 до 1,4 милијарди кубни метри и претставува значајна пресвртница во структурата на енергетската потрошувачка во Република Македонија.

Балканската зона претставува значајна транспортна рута за нафта и земен гас. На таа територија во план е изградбата на неколку важни проекти кои ја определуваат неговата безбедносна, економска и политичка димензија како мост помеѓу Западна и Источна Евроазија.

Значително влијание врз еконоско–географските детерминанти и положбата на Република Македонија се очекува да има нафтоводот АМБО иницииран и спонзориран од американски и европски инвеститори во областа на нафтата ( US Eximbank, EBRD[311], Светската Банка и АМБО корпорацијата основана од САД). Овој нафтовод е дизајниран со намера да транспортира нафта од Каспискиот регион (проценува дека е побогато нафтно наоѓалиште од оние во Арабија и Персија), преку Бугарија, Македонија до Јонското Море во Албанија, со што излегува на стратегиски важната Отрантска Врата. Различните физибилити студии, на–

310) Светските резерви на земен гас се дисперзирани на широки простори, но најголемиот дел од нив околу 40% се наоѓаат на огромни простори на поранешниот Советски Сојуз. Овде се остварува 39,7% од светската продукција на гас, која во 1990 година изнесувала оклу 2000 милијарди $м^3$. Главни производствени басени на земен гас се наоѓаат во: Западен Сибир, Средна Азија – Узбекистан, Туркменија, на Урал и во Украин. Оттука, кон земјите од Источна Европа и понатаму кон Германија и Франција поаѓаат мошне големи гасоводи. За земјите од Источна Европа од особено значење е мамутскиот гасовод Оренбург–Ужгород, со должина од 2750 км. Дамев, О. (1996) “Комерцијално светско стопанство”, Скопје: Економски факултет, стр. 69–70.

311) EBRD – (*The Europian Bank for Reconstruction and Development*), Европска банка за реконструкција и развој, основана на 15 Април 1991 година со цел олеснување на економските реформи во земјите од поранешниот Советски блок.

правени во периодот од 1997 до 2000 година предвидуваат буџет од 1 милијарда долари, со намера за негово комплетирање и пуштање во функција во 2005 година[312].

Конкурентски проекти кои влијаат на економско-географските детерминанти и политичко-географската положба се: Проектот на Русија, Бугарија и Грција за изградба на нафтовод вреден 600 милиони долари кој ќе биде во функција на транспорт на руската нафта и земен гас од резервите во Новорусиск до Бургас, а потоа преку надземен нафтовод од Бургас до Александруполис во Грција, со должина од 256 км[313]. Ваквиот проект во голема мерка треба да го редуцира сообраќајот на танкерите преку Турските мореузи (Босфор и Дарданели) со што би се избегнале евентуални еколошки несреќи. Проектот е раководен од "Грчко-рускиот конзорциум Трансбалкански нафтовод" во кој најголеми вложувања имаат Газпром, LUKoil и Hellenic Petroleum. Во економско-стратегиски поглед ваквиот нафтовод треба да е намали стратегиската важност на Турција, за сметка на стратегиската важност на Русија, овозможувајќи и економска компетиторност со ЕУ и САД на Балканот. Ваквата иницијатива како што се оценува од страна на "Економската разузнавачка единица", претставува "забивање на клин" помеѓу Грција и Турција и зголемување на руското влијание во Блискиот и Средниот Исток што потврдува и планот или намерата за продажба на ракетни системи на Кипар во 1998 година[314].

Во овој случај Република Македонија има периферна економско-географска положба., но со атрибут на потенцијална положба во однос како кон близок извор на ресурси.

Во март 2002 година Грција и Турција потпишале договор (300 мил. долари) за изградба на гасовод кој од Иран и Каспиското Море преку Турција до Александруполис, а понатаму и кон Западна Европа ќе транспортира земен гас. Ваквиот проект е подржан од САД, меѓутоа поради високата цена на чинење реално е да се очекува да биде напуштен. Ваквите тенденции укажуваат на значајната економско-гео-

---

312) Fouskas, K.V. (2003) *Zones of Conflict, US Foreign Policy in the Balkans and the Greater Middle East.*, London, Sterling, Virginia: Pluto Press, p.24

313) Wagstyl, S. (2002) "Profile: LUKoil; proces of growt is the main target", in: *Financial Times*, April 15, p.VII.

314) *The Economist Intellegence Unit*, Country Forecast, London, Russia, 3rd Quarter 1998, p.12.

графска улога на Балканот, особено на Грција и Турција во трансферот на Азиската енергија кон западните пазари. Особено е значајно што Грција станува доста флексибилна во поглед на нејзиното инволвирање во проекти спонзорирани и од Русија и од Соединетите американски држави[315].

Анализите на сообраќајно–географските детерминанти, односно сообраќајната отвореност и поврзаност со соседните држави, укажуваат дека тие се доста поволни. Комбинирајќи ги заедно поволните карактеристики на сообраќајно–географските и економско–географските детерминанти може да се констатира дека централната положба на Република Македонија на Балканскиот Полуостров, контактноста со соседните држави и пошироко со континеталниот дел на Европа и Медитеранот во голема мерка ги отвара пазарите на целиот свет. Ваквите географски погодности за мошне лесни и брзи стопански и трговски контакти, во комбинација со природните, трудовите и другите ресурси на Република Македонија, во услови на стабилни и нормални политички прилики отвораат бројни можности за привлекување и инвестирање на странски капитал.

Во последните 12 години, според анализата направена во Предлогот на "Националната стратегија за интеграција на Република Македонија во Европската Унија", од страна на Владата на Р.Македонија, се укажува на скромноста на постигнатите резултати. Според податоците од Заводот за статистика и Народната банка на Р.М. од 1991 година до крајот на 2003 година, кумулативниот прилив на странски директни инвестиции изнесува 1.044 милиони американски долари. Од аспект на потеклото на инвестициите, досега најголем инвеститор во Македонија е Унгарија, додека преостанатите поголеми инвестиции отпаѓаат на Грција, Кипар, Швајцарија, Велика Британија, Холандија и Германија.

---

315) Fouskas, K.V., (2003) *Zones of Conflict, US Foreign Policy in the Balkans and the Greater Middle East.*, London, Sterling, Virginia: Pluto Press, p.25.

| Табела бр.23 | Странски директни инвестиции во Република Македонија | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Година | 1991 | 1992 | 1993 | 1994 | 1995 | 1996 | 1997 | 1998 | 1999 | 2000 | 2001 | 2002 | 2003 |
| Вкупно (мил.) | 11.9 | 2.2 | 0.8 | 19.1 | 8.4 | 7.2 | 30.72 | 127.98 | 32.84 | 178.52 | 445.13 | 81.68 | 97.55 |
| % од БДП | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.7 | 0.2 | 0.3 | 0.8 | 3.6 | 0.9 | 5.0 | 13.0 | 2.2 | 2.1 |
| Извор: Национална стратегија за интеграција на Република Македонија во Европската Унија–предлог, Влада на Република Македонија, Скопје, јули, 2004 година, стр. 95. | | | | | | | | | | | | | |

Република Македонија во наредниот период мора да се стреми кон остварување на полноправно чланство во ЕУ како дел од глобалната ориентација во меѓународните економски односи. Потоа да го зголеми учеството на извозот и надворешната трговија со стоки и услуги во БДП; стимулирање на странските директни инвестиции; зајакнување на регионалната економска соработка; интернационализирање на македонската економија во согласност со детерминантите на меѓународната конкурентност.

## 8. ПОЗИТИВНИ И НЕГАТИВНИ АСПЕКТИ ОД ПОЛИТИЧКО-ГЕОГРАФСКАТА ПОЛОЖБА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА-ПРЕПОРАКИ ЗА ПОЗИТИВНО ВАЛОРИЗИРАЊЕ

Определувањето на политичко–географската положба е динамична категорија која го претставува односот на одредена географска (територијална) целина спрема природните и општествените компоненти на географската средина во поблиското и подалечното опкружување, компоненти кои се релевантни за внатрешните политички односи и надворешно–политички позиции спрема други географски (територијални) целини и меѓународни организации. Се одликува со релативност и се менува со оглед на промените кои тесно корелираат со територијалниот опфат на државата, нивото на стопанскиот развој, вклученоста на државата во економските, политичките и воените сојузи.

Анализата и проценката на политичко–географската положба, имајќи ја предвид нејзината комплексност и динамичност, налага научно фундиран пристап кој ќе помогне во правилно насочување на стратегиските национални пристапи за валоризирање на нејзините позитивни страни и надминување на нејзините негативни елементи.

а) Имајќи ги предвид *физичко-географските "перформанси"*, а набљудувани од геополитички и геостратегиски аспект, предностите на малите држави (во оваа група спаѓа Република Македонија) во споредба со оние поголемите се огледаат во следните елементи:

- Можностите за похомогена и пооперативна општествена организација (структура);
- Можностите за зголемување на комуникативноста внатре во територијата овозможуваат полесна организација на просторот и поголема кохезија во политички поглед.
- Во помалите држави вкупните сообраќајни трошоци се помали, а интензитетот на искористување на природните ресурси е поголем.
- Малите држави имаат помали граници поради што тие полесно се бранат, а во исто време побрзо се спроведува мобилизацијата.

Меѓутоа, ваквите предности можат да се ползуваат само во услови на стабилен безбедносно–политички амбиент.

Кога станува збор за негативните страни на малите држави треба да ги напоменеме следните:

- поголема чуствителност од губење на територија (подобра солуција за малите држави е размена на населението отколку размена на териториите). Република Македонија се наоѓа во регион во кој немало традиција на размени на територии (освен Грчко–турските размени на население со Лозанскиот мировен договор од 1923 година), односно териториите се добивале со сила по пат на војни, а исто така на тој начин се губеле;
- поголема чуствителност од употребата на неконвенционално оружје (хемиско, биолошко, нуклеарно); чуствителност на еколошки акциденти;
- малите држави се зависни од надворешната економија, поради што се чуствителни на санкции и блокади; Одредени мали држави ваквите недостатоци, особено во економски поглед, ги надминуваат со создавање на бесцарински зони, со укинување на даноци и сл. Во ваквиот контекст, Република Македонија се обидува да ги надмине економските негативности на сопствената територија со создавањето на Слободни економски зони[316].
- Ограничени ресурси и појава на пренаселеност. Големината на државната територија е во тесна врска и со економската сила на државата, со оглед на тоа што овозможува изнаоѓање на поголеми и побројни наоѓалишта на суровини.

316) Главен промотор на Слободната зона Бунарџик е Владата на Република Македонија. Дирекцијата за слободни економски зони е конкретно надлежна за промоција и реализација на целиот проект. Правната рамка за развој на Зоната е обезбеден со Законот за слободни економски зони (Службен весник бр.56/99, 41/2000 и 06/2002). Целата површина на изградба и развој на слободната зона Бунарџик завзема 159 хектари. Зоната е лоцирана на левата страна од автопатот Е–75 Скопје–Куманово, 10 км. источно од главниот град Скопје. Железничката станица е лоцирана на 500 метри, а аеродромот Петровец на 3 км. од зоната. Пристаништето Солун се наоѓа на 250 км. од Бунарџик. www.mnr.gov.mk, (посетен на 10.06.2004 година)

Големината на државата овозможува и изразита внатрешна дислокација на населението доколку тоа е потребно, а со што се намалуваат тензиите во нејзините густо населени делови поради што не се поставува прашањето за освојување на нов "животен простор" или не се појавуваат сепаратистички тенденции доколку таквите подрачја се населени со население од друга етничка припадност.

- Од аспект на одбраната на државната територија, приближно кружната форма има свои позитивни страни при успешното водење на одбранбена војна. Кружната форма обезбедува извршување маневри на сите страни, односно концентрацијата и стратегискиот развој можат да се спроведат на сите страни во најкратко можно време. Вкупната должина на границата е кратка, што овозможува релативно добра контрола на нејзината одбрана. Малата големина на просторот е негативна карактеристика пред се поради изложеноста на дејства на современите ракетни системи, артилеријата, радарите и авијацијата.

Негативните аспекти од физичко–географските детерминанти имаат апсолутна константа и не се променливи.

б) Покрај традиционалните геополитички константи кои ја детерминираат Република Македонија како простор со изразено конвергентни интереси на околните држави и народи, за релевантно и правовремено осознавање на геополитичката реалност и нејзиното предвидување, неопходно е разработка на геополитички модел со процес за одлучување (*geopoltitical decision-making proces*) кој во голема мерка ќе овозможи релевантна проценка на евентуалните надворешни територијални интереси кон Република Македонија. На овој начин ќе се промовира поголема инфлуентност на геополитичкиот импакт во надворешната и одбранбената политика.

Следните седум чекори ги нудиме како дел од процесот на создавање на геополитички одлуки (геополитички закони):

- *Опис, дескрипција на меѓународните настани*: Собирање на сите релевантни податоци (описи) за одреден настан: негови карактеристики, учесници, причини, закани по мирот, ниво на важност, основни ефекти и др;
- *Видувања и реакции на донесувачите на одлуките:* Согледување на настаните како многу важни. Истакнати настани се оние кои се здобиваат со вниманието на лидерите и се процесираат во политиката и акцијата.
- *Геополитички модел:* Создавање линк помеѓу настанот и геополитичките перспективи: колку политичката акција е мотивирана од географски елементи, односно, положбата, ресурсите, население, граници, оддалеченоста и сл.
- *Други модели на меѓународни односи:* Анализа и правење јасна дистинкција дали целиот настан или дел од настанот кореспондира со другите модели на надворешни односи и не бара објаснување преку геополитичката дефиниција. Така на пример: теоријата на реализмот, понекогаш погрешно сфатена како паралелна па дури и аналогна на геополитиката, ја опфаќа потребата преку сила да се постигне безбедност во анархичниот меѓународен систем, потреба од консензуален мировен светски поредок, потпирање на големи државници и умешна, вешта дипломатија за задржување на националните цели на линија со националната сила и ресурсите. Но, фокусот на реалистичката теорија не е на географската положба (политичко-географската положба), па оттука не е идентична со геополитиката. Накратко, помеѓу сите приоди на надворешната политика, геополитичкоит приод е уникатен во нагласувањето на географските фактори во нивното влијание на надворешната политика.

- *Директна акција и одлука кои се геополитички засновани:* Единствено оние надворешно политички акции и одлуки кои се поврзани со географската положба, имаат врска и со геополитичката дефиниција.
- *Споредба помеѓу државната директна (итна) геополитичка акција и одлука и нејзините геополитички традиции:* Секоја држава има широк спектар на геополитички традиции. На пример, Република Македонија како држава која има контактна политичко-географска положба, се карактеризира со централни и коридорски специфики, стравовите да не биде апсорбирана од поголемите соседи со оглед на геополитичките традиции како "јаболко на раздорот" помеѓу нејзините соседни народи нејзината евентуална изолираност и сл. Конкретната геополитичка акција/одлука не мора секогаш да биде во согласност со овие традиции.
- *Повратни ефекти:* Перцепциите на креаторите на геополитичките одлуки за идните услови кои може да ги предизвика настанот, базирани на влијанието од конкретната геополитички ориентираната одлука и акција, споредени со влијанието на геополитичките традиции.

в) Како главни препораки за креирање на стратегија за развој на сообраќајната мрежа, која ќе влијае на позитивно ефектуирање и валоризирање на политичко-географската положба на Р.Македонија можеме да ги потенцираме следните:

- Градење на заедничка стратегија со државите непосредно заинтересирани за Коридорите 8 и 10 за заедничко лобирање пред Европската Унија и заинтересираните страни;
- Изнаоѓање алтернативни извори на финансирање за завршување на секторите кои претставуваат составен елемент на европските коридори број 8 и 10. Со оглед на тоа дека Република Македонија не располага со доволно финасиски средства за самостојна изгрдаба на Коридорите, неопходно

е да се поттикнува и поагресивно да се користи интересот на Турција, САД и Италија за истите;

- Реконструкција на меѓународните патишта и нивно приближување кон европските стандарди;
- Подобрување на патната мрежа на национално и регионално ниво и изградба на нови оски на поврзување;
- "Отварање" на патната мрежа на Република Македонија према земјите од непосредното соседство со цел подобрување на меѓусебната соработка;
- Развој на патната инфраструктура на териториите на општините кои инклинираат кон пограничните подрачја;
- Протежирање на дополнителен крак на Коридорот 8 преку Битола, Градско, Делчево, бугарска граница со цел избегнување на целосна маргинализација на источниот дел на Република Македонија;
- Воспоставување на институционална комуникација со Секретаријатот на Коридорот 8 лоциран во италијанскиот град Бари;
- Доизградба на железничкиот сегмент со оформување на повеќе кружни токови. Приоритети се поврзувањето со Бугарија, согласно трасата на Коридорот 8, секциите од Ќафа Сан до Кичево во должина од околу 66 км (проценета на околу 230 милиони УСД) и Куманово–Деве Баир (85 км).




**Слика бр.41 Алтернативен крак на Коридорот 8, Ќафа Сан-Битола-Градско-Делчево-бугарска граница во должина од 311,4 км.**
(**Извор**: Route Planner Europe, Sonymap)

г) Геостратегиските детерминанти претставуваат историски променлива категорија. Геостратегиското значење на државите произлегува од нивната улога во одбраната или нападните дејства, како бази од кои може да се контролира морето, воздухот или копното, да се заштитат или запоседнат комуникациите. Во секој случај добрата геостратегиска положба ја зголемува моќта на државата и во војна и во мир. Согласно тоа, како констатации и препораки се наметнуваат следните премиси:

- Република Македонија нема алтернативна опција од зачленувањето во НАТО и ЕУ. Споредено со соседните држави, Република Македонија има најмали територијални и демографски потенцијали поради што треба да се движи во насока на градење на цврсто стратегиско партнерство со генераторот на геополитичката транзиција, САД[317]. Имајќи ги предвид тенденциите во развојот на односите помеѓу САД и ЕУ, Македонија може да се најде во "сендвич положба" што налага пратење на развојот на односите помеѓу главните евро–атлантски актери, првенствено односите внатре во ЕУ и преструктуирањето на НАТО.
- Предностите на македонската територија, набљудувани низ визурите на класичниот геостратегиски пристап, се географска положба во централниот дел на Балканскиот Полуостров, граница со две држави членки на НАТО, Грција и Бугарија, што би овозможило зголемување на оперативната длабочина на јужното крило на НАТО, како и Вардарскиот дел од централно–меридијански позиционираниот Вардарско–моравско–подунавски коридор. Меѓутоа, геостратегиската важност на територијата на Р.Македонија произлегува и од идните "квалитативни" (коридори, нафтовод и гасовод) карактеристики кои претставуваат геостратегиски значајни сегменти.

Валоризацијата на споменатите геостратегиските карактеристики се од исклучително значење за зачувување на територијалната

[317]) Се смета дека НАТО претставува инструмент на САД во реализирањето на нивните воено–политички интереси на Балканот

компактност на Македонија и валоризирање на нејзината контактна, коридорска и мостовска политичко–географска положба.

д) Република Македонија има потпишано спогодби за заштита и промовирање на странските инвестиции со голем број на земји, вклучувајќи ги поголемиот број на држави од ЈИЕ и држави членки на ЕУ, како и спогодби за двојно оданочување. Странските директни инвесттиции, како показател за стабилноста на политичко–географската положба, во Р. Македонија имаат национален третман. Сепак, како причини за ниското ниво на странски инвестиции, кои воедно претставуваат значаен сегмент во профилирањето на економско–географските детерминанти и нивното влијание на политичко–географската положба, можеме да ги идентификуваме следните:

- нестабилно безбедносно опкружување;
- малиот пазар;
- недоволен број големи фирми интересни за странски инвеститори;
- недостаток од суровина која има стратегиско значење;
- големо растојание од големите европски пазари;
- голема корупција;

Надминувањето на ваквите негативни ефекти, Република Македонија се обидува да ги направи преку Програмата за поттикнување на инвестициите изготвена во август 2003 година. Притоа државните приоритети одат во насока на формирање детален акционен план за намалување на бариерите во инвестирањето, зајакнување на борбата против корупцијата, поткупот и пристрасноста, реформа на даночниот систем и придружните погодности за инвестирање и формирање на Агенција за странски директни инвестиции на Република Македонија.

ѓ) Стратегиското значење кое на Балканот му го дава неговата местоположба на раскрсницата на големите светски артерии кои е поврзуваат Северна со Јужна Европа и Европа со Азија, овозможува, цивилизациите кои биле тука формирани да бидат под ударот на бројни наезди, инвазии и воени интервенции. Во текот на историјата, припад–

ниците на различните цивилизации меѓусебно војувале, меѓутоа имало и периоди кога заедно биле загрозени од ист непријател, поради што склучувале сојузништва.

По завршувањето на Втората светска војна, распадот на Варшавскиот договор и Советскиот Сојуз, се создаваат услови за зближување и соработка помеѓу Македонците, Србите, Бугарите, Романците, Грците, без разлика на цивилизациските различности. Ваквата констатација се наметнува со оглед на нивните интенции за трасирање на истородна патека кон европските интеграции. За прв пат, може да се каже дека конечно се надминуваат желбите за територијални проширувања помеѓу припадниците на православната религија. Незадоволството во тој поглед на Балканот го манфестираат единствено претставниците на исламската цивилизација. Во прв ред Босанските муслимани не се задоволни со Дејтонскиот договор, Косовските Албанци со статусот на протекторатот Косово, како и Македонските Албанци од западниот дел на Македонија со нивниот статус во Македонската држава. Подлога на ваквото незадоволство секако дека претставува атмосферата на нетолеранција кон другите околни народи.

Тенденциите на припадниците на исламската цивилизација не е единствениот проблем. Како втор суштински елемент претставува демографскиот бум и неговото итро користење во политички цели. Ниедна балканска држава, наше длабоко убедување дека тоа претставува клуч на поширокиот спектар на проблемите, нема да се согласи со губење на своите територии преку абнормална демографска експанзија на населението од исламската или било која друга цивилизација.

Се повеќе станува јасно дека САД и НАТО нема да дозволат воени конфликти во оној период во кој нив нема да им одговара, со други зборови нивните интереси и интересни сфери во голема мерка ќе влијаат на “потенцијалниот” мир кој лесно може да биде фактор на војната доколку тоа е потребно.

Приближувањето на припадниците на различните балкански цивилизации е единствено можно доколку сами се определат, во границите на можностите, да ги решаваат заедничките проблеми. Односно, кога Балканот ќе биде препуштен на Балканските народи

можни се рационални решенија на сите проблеми кои ги обременуваат балканските народи. Иако, звучи утопистички, со оглед на историјата на тукашните народи, не значи дека не треба да се вложуваат напори во тој правец.

Како препораки за надминување на негативните аспекти на културно–цивилизациските детерминанти (особено религиските аспекти), можеме да ги напоменем следните:

- Во Република Македонија односите меѓу верските заедници се резултат на високо политизираното општество во кое живееме. Генерално не постои радикализам и фундаментализам од било која вероисповест, а меѓуверските односи се еден вид рефлексија на меѓуетничките;
- Дистанцирање на религијата од образовниот процес, заради елиминирање на дополнителни фактори кои влијаат врз етничкиот соживот, особено кај младата популација. Правење напор за реализирање на наставни програми кои како главни тематски содржини би ги имале историјата и социологијата на религиите, со цел приближување и запознавање на другите култури;
- Обезбедување услови за изучување на јазиците на етничките заедници во Македонија, заради подобро запознавање на различните култури, а во функција на севкупните интеграциски процеси;
- Не смее да се дозволи мешање на црковните со државните интереси.
- Намалување на предоминанто изразениот принцип на етничност кој се користи како матрица во решавањето на широк корпус на прашања. (вработување, процентуална застапеност на сметка на квалитет, децентрализација и сл).

- Создавање на популациона политика, односно систем на мерки и прописи за планирањето на семејството, инвестициите во здравството и образованието, со цел насочување на популационите движења во правец на саканиот тип на репродукција и движење на населението. За реализирање на ваквата политика државата мора да создаде правен, економски, социјален и пропаганден инструментариум. Ова од причина што каноните на исламот, католицизмот и поголемиот дел религии го одобруваат наталитетот (не е случај кај православната религија) и го забрануваат вештачкото смалување на бројот на новородените деца, со цел зголемување на верниците и зацврстување на верата.
- Обезбедување постојана комуникација помеѓу верските заедници во Република Македонија со цел релаксирање на односите помеѓу нив и превентивно делување во насока на спречување на било какви типови на радикализам и фундаментализам кај било која вероисповед. Ваквите интенции мора да бидат во насока на подобрување на веќе промовираниот мултикултурен модел на соживот. Исто така, превентивно да се делува врз вкупната политичко-географска положба на Република Македонија и можностите за нејзино позитивно валоризирање.

## 9. ЗАКЛУЧОЦИ

Вкупното дефинирање на политичко–географската положба на Република Македонија како една од реперните точки за политичко–географскиот процес во Југоисточна Европа е определена со следните детерминанти:

1.Редефинирањето на политичката–карта во регионот на ЈИЕ предизвика редефинирање на неговата политичко–географска положба, како и политичко–географската положба на државите негови конституенти. Во периодот по завршувањето на Студената војна се наметнаа бројни безбедносни проблеми кои ги оптоваруваа односите во регионот и го детерминираа процесот на неговото приближување кон евро–атлантските политички, економски и воени интеграции. Во глобален смисол, трендот на новите политичко–географски процеси условува процес на намалување на суверенитетот над територијата како предуслов за политички, економски и воени интеграции, при што се редефинира погледот на суверенитетот. Имено, Вествалскиот модел на државен суверенитет и овозможувал на секоја држава право да владее со сопствената територија. Развојот на системот на Обединетите Нации по завршувањето на Втората светска војна не ја менува во голема мерка логиката и структурата на Вестфалскиот модел. Единствено, силните држави го зголемуваат својот авторитет преку одредени овластувања кои им се доделени. Глобализацијата како политичко–географски процес се заканува со релативизирање на суверенитетот и неговата територијална рамка. Ваквото редефинирање упатува на констатацијата дека се воведува одредена хиерархија на суверенитетот, односно со територијата која правно припаѓа на одредена држава, во реалноста управува друга помоќна држава. Во редефинирањето на државниот суверенитет свое место имаат и транснационалните компании кои како “невидливи империи” се повеќе го урииваат и релативизираат територијалниот суверенитет на државите.

2.Политичко–географската положба на Република Македонија и регионот на ЈИЕ е детерминирана од динамичноста на влијанието на светските политички, економски и воени центри. Анализата на овие

фактори укажува на сознанието за варијабилноста на односите, интересите и улогите кои ги имаат глобалните, континенталните, регионалните и многубројните локални чинители.

Имено, *Светските сили*, првенствено Соединетите американски држави, во периодот после биполарниот вакуум, Балканскиот Полуостров го перцепираа како географски фронтиер во кој може да се реализира потискувањето на влијанието на поразениот непријател од периодот на "Студената војна", односно простор во кој ќе можат на по-долг временски период да задржат својата непосредна европска партиципација. На тој начин, ќе биде овозможено затварање на "пукнатината" во безбедносниот бедем на северното Средоземие, што претставува уште еден сегмент во обезбедувањето на нафтните богатства од Блискиот и Средниот Исток. Географскиот простор на Македонија има партиципација на трасата на интерсните сфери на САД во регионот на Балканот. *Руската федерација*, како соперник кој доживеа пораз во периодот на "Студената војна", го изгуби статусот на рамноправна светска сила на САД, но ги има сите елементи кои ја детерминираат нејзината улога како голема сила. Во современи услови, имајќи ја предвид руската геополитичка доктрина на "концентрични кругови" на делување која просторот на ЈИЕ го сврстува во зоните на изразени интереси на Русија, или вториот концентричен круг. Како приоритет на Русија претставуваат државите кои настанаа по распаѓањето на поранешниот Советски сојуз. Ваквите трендови, ја ставаат Република Македонија на периферијата на рускиот интерес, но сепак во еден поширок контекст во регион кој претставува варијанта за излез на Русија на "топлите мориња". Европската Унија, претставува интеграциски проект, кој според одредени аналитичари може да продолжи да се движи кон следните два правци: силна, хомогена и обединета Европа која ќе продолжи да ги шири сопствените граници кон исток, промовирајќи стабилност и реализирање, првенствено на економскиот интерес, преку развивање на пазарите и размената на добра и услуги, како и безбедносниот интерес, обезбедувајќи ги границите на ЕУ од најразлични опасности кои произлегуваат од криминалот и корупцијата, бегалските бранови, кризните состојби, тероризмот и сл. На овој начин,

ваквиот тренд ќе влијае на позитивното валоризирање на регионалната политичко–географска положба, но и на локалната положба на секоја држава конституент на истиот. Од друга страна, евентуалниот тренд на еволуирање на парцијалните интереси во рамките на ЕУ, би можело да предизвика реактивирање на старите препирања на Балканскиот Полуостров, односно борба за превласт, интерсни сфери на Велика Британија, Франција, Германија, Русија, ресурси, сообраќајните коридори, традиционалниот геополитички "животен простор". Ваквата опција во голема мерка ќе ја дестабилизира политичко–географската положба на регионот во целина и на Република Македонија.

3. Кога станува збор за регионалните сили, најголемо влијание на политичко–географската реалност во регионот остваруваат Германија и Турција. *Германија* за многу краток рок успева да ги елиминира недостатоците на релација, "економски џин – политичко џуџе". На тој начин сопствените интереси ги реализира и како членка на ЕУ, но и како моќен економски фактор во регионот на ЈИЕ. Имајќи ја предвид германската геополитичка идеја за копнена експанзија ("Идеја Багдад") која претпоставува пристап кон јадранскиот басен, мореузите Босфор и Дарданели, Солун и блискоисточните нафтни лежишта преку моравско–вардарската долина, Македонија партиципира во германската копнена геополитичка доктрина. Германија треба да претставува сериозен елемент во детерминирањето на регионалната и локална политичко–географска положба, со оглед на фактот што после конечната разврска на кризните состојби во регионот, ќе претставува најсилна економска сила на европското копно и водечка држава на Европската Унија.

*Турција* сопствениот статус на регионален фактор го апострофира преку нејзината географска местоположба на Мореузите, важната геополитичка и геостратегиска положба како врска помеѓу три континенти, а во исто време и помеѓу европските, азиските, балканските, кавкаските држави, државите од Средниот Исток, Медитеранот и Црното Море, претставува значаен сегмент во Европската безбедносна архитектура како членка на НАТО, една од водечките држави на исламскиот свет. Политичко–географскиот импакт на Турција во регионот

на ЈИЕ, се остварува преку исламските балкански енклави кои во нејзината геополтичка доктрина се посебно потенцирани. Муслиманските области во регионот, вклучително и во Република Македонија се карактеризираат со квалитетна положба, респектабилна просторност, демографска експлозивност и сл. Ваквите определби ја потенцираат улогата на Турција во профилирањето на регионалната и локалната политичко–географска положба.

4. Соседните држави на Република Македонија, традиционално гледано имале територијални претензии кон македонскиот територијален систем. Историскиот континуитет на феноменот "Големи држави" во непосредното опкружување, никогаш не престанал да биде значајна алка на Балканската политичка географија. Интеграциските процеси кои ја промовираат интензивната регионална соработка ги потиснуваат но не ѝ елиминираат големодржавните константи како инструментариум кој не смее да се "прескокне" во детерминирањето на политичко-географската положба на Република Македонија. Притоа евидентен е диспаритетот кој се промовира на релација официјална политика – научен дискурс.

5. Детерминантите кои ја определуваат политичко–географската положба на Република Македонија, во исто време ја детерминираат и политичко–географската положба на ЈИЕ. Истите можат да се групираат во физичко–географски, културно–цивилизациски, геополтички, геостратегиски, сообраќајно–географски, економско–географски. Нивна основна карактеристика претставува динамичноста, адаптибилноста на новонастанатите состојби, па дури и со комплетна променливост на насоката и карактерот на дејствување во зависност од новопоставените критериуми според кои се вреднуваат и ја определуваат политичко–географската положба.

6. Физичко–географските детерминанти треба да се анализираат како фактор кој ја определува природната средина како простор во кој се реализираат политичко–географските процеси, кои често пати имаат повратно и решавачко влијание на природната средина односно географскиот простор. Македонската партиципација на Моравско–вардарската долина, претставува синоним за квалитативно определување на

положбата на државата. Историскиот процес и дезинтеграцијата на македонската етничка територија влијаеше на географската “хендикепираност” на македонската територија која има положба на *“Land locked country”*. Интегративните процеси мора да ја надминат политичко-географската синонимизација на македонската територија на источна и западна Македонија, лев и десен брег на реката Вардар, албански и македонски административно-територијални единици и сл. Ваквиот физичко-географски инструментариум може силно да влијае на внатрешната територијална копактност на македонската држава.

7. Геополитичките детерминанти на Балканскиот Полуостров, набљудувани во светлината на физичко-географските и антропогеографските специфики на Балканот, неговото историско и воено наследство, политичката и етничката поларизираност надополнета со многубројните вкрстени интереси на вонбалканските сили, го создаваат нивен посебен карактер и повеќедимензионалниот причинско-последичен идентитет. Оттука, карактеристиките на територијалната положба на Македонија, како политичко-географска резултанта, несомнено има своја сопствена геополитичка база (основа).

Анализите на политичките и економските односи, демографските процеси, цивилизациските влијанија и воените конфронтирања упатува на константноста на интересот на големите сили на Балканот. Оттука, нивното меѓусебно соперништво, инструментализацијата на локалните народи и етнички заедници, реализирањето на таквите интереси најчесто се остварува преку политички ултиматуми, економски уцени и блокади, злоупотреба на меѓународните институции, воени операции и манифестирање на воена моќ, наметнување несоодветни територијални решенија и мировни услови. Варијабилните елементи кои ја определуваат геополитичката положба на Република Македонија, претставуваат последица на прераспределбата на економската и воената сила и редефинирањето на картата на светската политичка моќ.

8. Културни-цивилизациските детерминанти покрај другото ја опфаќаат и религијата и религиската композитност на регионот на Југоисточна Европа. Нивното влијание се манифестира на вкупната

етничка разноликост, меѓусебна поларизираност и конфронтираност, како и политичко-географската разделеност. Република Македонија, од аспект на културно-цивилизациските детерминанти се наоѓа во специфична положба, како мултикултурна држава во која егзистираат различни верски ентитети. Просторно гледано таквата разнородност продуцира создавање на компактни територии кои имаат карактер на енклави/ексклави и кои можат да пројават тенденции за национална дивергенција.

Влијанието на регионалните културно-цивилизациски детерминанти и локалната етно-географска композитност на Република Македонија се огледа во релативизирањето на нејзината политичко-географска положба, поради аргументот што во голема мерка се користат како моќен политички инструментариум во канализирањето на политичко-географскиот процес во регионот.

9. Положбата на Балканскиот Полуостров, како простор кој има посредничка евроазиска положба и партиципацијата на Република Македонија во неговиот централен дел, овозможуваат преку неговите природно предиспонирани правци, да претставува незаобиколна алка (според принципите на економичност и рационалност) на патот на сообраќајната конектираност помеѓу западна, централна и северна Европа со нејзиниот југоисточен дел, Мала Азија, црноморскиот и егејскиот басен, Блискиот и Средниот Исток. Моравско-вардарската долина, која поминува низ централните делови на територијата на Република Македонија, претставува главен транзитен коридор за кој тешко може да се пронајде алтернатива.

Квалитетната сообраќајно-географската положба на Република Македонија претставува голема придобивка и може да се искористи како силен аргумент во одредувањето на нејзината вкупна положба, консеквентно на тоа и на нејзините политички, економски и воени способности. Територијалната партиципација на значајните природно предиспонирани правци, како и сообраќајни коридори, всушност претставува значаен транзитен сегмент во настојувањата за поврзување на Европа со Блискиот и Средниот Исток, како и Афричкиот континент. Евидентно е дека планираните проекти за реструктуирање на сообраќајната мрежа во регионот (особено Коридорот број 8 и Коридо-

рот број 10), ќе претставуваат тренд чија примарна цел ќе биде утврдување на македонската територија како реперна транзитна точка, во регионален, но и глобален контекст, која нема да биде можно алтернативно да се заобиколи. Секое заобиколување неминовно ќе бара дополнителни економски трошоци. Ваквите констатации несомнено треба правилно да се исползуваат, укажувајќи на квалитативното подобрување на вкупната положба, која ќе овозможи непречен развој и побрзо интегрирање во европското семејство.

10. Со оглед на своите политичко-географски карактеристики, односно својата географска, геополитичка и геостратегиска положба Република Македонија се наоѓа во трусна зона или ако се послужиме со терминологијата на Спајкман се наоѓа во зоната на Римланд (зона која се карактеризира со постојани судири, воспоставување на интересни зони, натпревар на големите сили за превласт во тој регион). Тоа значи дека се наоѓа во зона во која се испреплетуваат мноштвото интереси како на големите сили така и земјите од непосредното опкружување. Од секоја геополитичка транзиција, во зависност од нејзиниот генератор ќе зависи и степенот на прераспределба на интересните сфери во регионот во кој егзистира и Република Македонија, а со тоа и нејзината безбедност. Размислувањата во насока на неутралноста, еквидистанцијата со соседите или пак создавањето на некој одбранбен сојуз со некоја од соседните држави не би било оптимално решение со оглед на поблиските и подалечните воени искуства кои ги имаше нашата држава. Република Македонија како мала земја својата иднина во поглед на безбедноста ја гледа во интеграциските процеси со НАТО. Цената која мора да се плати се однесува првенствено на политичката и стопанска стабилност, регионалната соработка и реформите во одбраната, а за возврат покрај добивањето на безбедносни гаранции, Р. Македонија би ја зајакнала и стабилизирала својата политичко-географска положба.

Денешните настани укажуваат дека безбедносните предизвици имаат повеќе внатрешен отколку надворешен карактер. Од достигнатиот степен на нашата интегрираност во Европа ќе зависи и способноста за одбрана и елиминирање на сите безбедносни предизвици, кои мо-

жат да имаат територијален импакт. Можеме наполно да се согласиме дека процесот на европеизацијата на Балканот, интегрирањето на балканските земји во европските структури отвара простор за сите балкански држави дефинитивно да го надминат амбисот на балканизацијата. За реализирање на таквите определби неопходна е нова, чиста свест и силна војла за надминување на илузиите за некакво национално обединување на мноштвото етникуми кои егзистираат на територијално релативно скромниот Балкански регион.

11. Мноштвото субрегионални иницијативи за Југоисточна Европа ја покажуваат подготвеноста на државите од Регионот да воспостават понагласена соработка и решеност за елиминирање на постоечките анимозитети и разлики. Ваквите трендови, покрај релативно слабите практични достигнувања, претставуваат своевиден политички успех кој го детерминира политичко-географскиот процес во регионот.

На патот на достигнувањето на потребните стандарди за успешно политичко, економско и воено интегрирање на регионот во Евро-атлантските структури, неопходно е регионот успешно да го заврши транзитирачкиот политичко-географски период. Имено, поновата историја на земјите од ЈИЕ наговестува можност за детерминирање на конкретна цел, која вооедно претставува примарен стремеж. Односно, главно постигнување за нив претставува интеграцијата и членството во евроатланските институции и организации. Интеграцијата во Европа не е лесен процес и веројатно е дека сите земји од Регионот нема да ги достигнат овие цели во исто време, што веќе се покажа. Словенија е членка на НАТО и ЕУ, Бугарија и Романија се членки на НАТО, а до 2007/2008 и на Европската Унија. Како клучни елементи за остварување на тие цели, се наметнаа демократизација на посткомунистичките општества, зајакнување на добрососедски односи и реализација на политичките и економските реформи. Според проценките, државите од регионот на Западен Балкан, своите реформи треба да ги завршат до 2015 година, кога се очекува комплетно заокружување на интегративните процеси и стабилизирање на политичко-географската положба на целиот регион како на глобално, така и на регионално и локално рамниште.

Како значајна компонента на патот за политичка, економска и воена интеграција во Евро–атлантските структури, земјите од Регионот, треба да развиваат регионална соработка. Поради предностите од географската близина на државите во регионот, регионалната соработка ќе биде покорисна за овие земји поради што е полесно таа да се постигне отколку интеграцијата во Евро–атлантските структури. Сите овие напори треба да создадат стабилен политичко–географски амбиент кој ќе придонесува за унапредување на добрососедските односи помеѓу овие земји.

Треба да укаже на фактот дека, регионалната соработка и интеграцијата во Евро–атлантските структури не се меѓусебно алтернативни и спротиставени процеси. Регионалната соработка и регионалните трговски договори кои се одвиваат паралелно со глобализацијата на економската активност во светот, претставуваат позитивен тренд во развојот на меѓународните односи. Добар пример за ваквите ставови, претставува Договорот за слободна трговија во Централна Европа (*Central European Free Trade Agreement – CEFTA*).

Југоисточна Европа сé уште има репутација на немирен и нестабилен регион со релативни, варијабилни политичко–географски процеси. Тоа повторно беше потврдено со трагичните случувања во БиХ, Косово и Македонија. Разрешување на конечниот статус на Косово во согласност со Србија, зачувувањето на Босна и Херцеговина како мултиетничка, мултикултурна, независна и суверена држава со меѓународно признати граници и Република Македонија како унитарна и мултиетничка држава, се клучните елементи за мирот и стабилноста на Регионот. Овие елементи на потенцијални кризни жаришта го карактеризираат Западен Балкан. Од брзината на изнаоѓање на прифатлива солуција на сите инволвирани страни, ќе зависи и моментот на достигнувањето на потребните стандарди за политичко, економско и воено интегрирање во Евро–атлантските структури.

## 10. БИБЛИОГРАФИЈА

**Кирилична библиографија:**


**Апостолски, М., Зографски, Д., Стојановски, А., Тодоровски, Г.** (1972) *Историја на Македонскиот народ*. Скопје: Просветно дело.

**Бацаров, З.** (1999) *Геополитически системи*. София: Фондация "Свободна и демократична Бъгаря".

**Батковски, Т.** (1994) *Великоалбанската игра во Македонија*. Скопје: Мугри.

**Ванковска, Б.** (2001) "Македонија помеѓу глобализацијата и фрагментацијата" во *Современа македонска одбрана.*, Скопје, бр.3, година II.

**Ванковска, Б.** (2003) *Тековни перспективи врз состојбите во Македонија.* Скопје: Фондација Институт отворено општество.

**Ванковска,Б., Цветковски, Ц.** (1996) *Правото и одбраната.* Скопје: Робз.

**Ванковска-Цветковска, Б.** (1995), *Војската и демократијата.* Скопје: Детска радост.

**Велјановски, Н.** (2002) *Македонија 1945-1991 државност и независност.* Скопје: Институт за национална историја.

**Голдендах, Ф.В., Минов, Х-Р.** (2003) *Из рата у рат.Немачка спољна политика и етничко парцелисање Европе.* Београд: Јасен.

**Гоцевски, Т.** (2001) *Одбранбеното осамостојување на Македонија.* Куманово: Македонска ризница.

**Гоцевски, Т. Ортаковски, В. Георгиева, Л.** (1999) *Разрешување и трансформација на конфликтите.* Куманово: Македонска ризница.

**Гоцевски, Т.** (1997) *Современи тенденции во одбраната.* Куманово: Македонска ризница.

**Грчиħ, М.** (2000) *Политичка географија.* Београд: Географски факултет.

**Грчиħ, М., Мироненко, С.Н., Толстоборов, С.И.** (1995) *Основни геополитички модели светског поретка у 20 веку.* Београд: Географски факултет, Универзитет у Београду.

**Ѓускова, Ј.** (1997) *Ислам, Балкан и велике силе (14-20 век).* Београд: Историјски институт САНУ.

**Дамев, О.** (1996) *Комерцијално светско стопанство.* Скопје: Економски факултет.

**Данова, Н.** (1969) *Гърция и Цариградската патриярshия през втората четврт на XIX век.* Годишник на Софиският университет LXII, София.

**Змејковски, М.** (2001) *Човекот, водата и животната средина.* Скопје: НИП "Студентски збор".

**Змејковски, М.** (2000) 'Македонија – репер на балканската геополи–тика', во *Современа македонска одбрана.* бр. 1.

**Змејковски, М. Талевски, Ј.** (2000) *Основи на картографија и топографија.* Скопје: Универзитет "Св. Кирил и Методиј".

***Историја на македонскиот народ,*** *(том четврти)*, (2000) Скопје: Институт за национална историја.

**Јелавиќ, Б.** (1999) *Историја на Балканот - дваесетти век.* Скопје: Ник ЛИСТ.

**Карастоянов, С.** (1997) *Политическа география, геополитика и геостратегия*. София: Университетско издателство "Св. Климент Охридски".

**Катарџиев, И.** (1998), *Соседите и Македонија.* Скопје: Менора.

**Киселиновски, С.** (1990) *Егејскиот дел на Македонија (1913-1989).* Скопје: Култура.

**Клог, Р.** (2000) Историја грчке новог доба. Београд: КЛИО.

**Котовчевски, М.** (1999) *Македонија воена алка на светот*. Скопје: Македонска цивилизација.

**Котовчевски, М.** (2000) *Национална безбедност на Република Македонија - трет дел.*Скопје: Македонска цивилизација.

**Кремптон, Џ.Р.** (2003) *Балкан после другог светског рата*. Београд: Клио.

**Лазаревски, П.** (1995) *Политика и стратегија.* Скопје: НИК Лист.

**Липхарт, А.** (1994) *Демократијата во плуралните општества.* Скопје: ПНИД "СТЕП".

**Манчев, К.** (2001) История на балканските народи (XIV – XX век). София: Парадигма.

**Маркова, З.** (1980) *Русия и Българският црковно-национален въпрос 1856-1864*. Годишник на Софиският университет, Том – 70, София.

**Марковић, М.** (1998) "Узајамни односи међу различитим цивилизацијама на Балкану" во: *Сусрет или сукоб цивилизација на Балкану.* Београд, Нови Сад: Историјски институт САНУ, Православна Реч.

**Милески, Т.** (2002) *Политичко-географски карактеристики на Република Македонија и нивното влијание на одбраната.* Магистерски труд, одбранет на Филозофски факултет, Институт за одбранбени и мировни студии.

**Милески, Т.** (2000), *"Поимно определување на политичката географија и нејзиното место во светската академска практика"*, Скопје, во Современа македонска одбрана, бр. 2, година 1.

**Миноски, М.** (1994) *Соединетите американски држави и Македонија 1869-1919*. Скопје: Архив на Македонија, Матица македонска

**Начевски, Р.** (1997), *"Националното и наднационалното во стратегискиот контекст на Р.Македонија за 21 век"*, во Годишен зборник на Филозофскиот факултет, книга 24 (50), Скопје: Филозофски факултет.

**Нацев, З.** (1998), *Доктрина и стратегија на националната одбрана.* Скопје: Нип "Ѓурѓа".

**Нацев, З., Начевски, Р.** (2000) *Војна, мир и безбедност*. Куманово: Македонска ризница.

**Нишић, С.** (1999) *Велике силе и Балкан.* Београд: Војноиздавачки завод.

**Никодиновски, Б.** (1994) *Одбранбена регионализација на Македонија.* Скопје: Просветно дело.

**Никодиновски, Б.** (1999) *Регионална воена географија - книга втора.* Скопје: Нико–трејд.

**Никодиновски, Б., Маркоски, Б.** (1998) *Воена географија.* Скопје: Воена академија.

**Николајевић, Ј.М.** (1904) *Географије Балканског Полуострова.* Београд: Штампарска радионица Министарства војног.

**Панов, М.** (1976) *Географија на СР Македонија.* Скопје: Просветно дело.

**Панов, М.** (1993) *Селата во Република Македонија 1 и 2.* Скопје: НИО "Студентски збор".

**Павић, Р.** (1988) "Грчко–турски спор у Егеју као чинилац сигурности Балкана", *Балкан крајем 80-их.* Београд: ЦМУ.

**Петковић, Р.** (1996) *XX век на Балкану, Версај, Јалта, Дејтон.* Београд: Новинско–издавачка установа Службени лист СРЈ.

**Петрушевски, И.** (1995) *Македонија на мапи.* Скопје: ИП Љуботен.

**Поповски, В., Панов, М.** (1996), *Општините во Република Македонија.* Скопје: Мисла

**Славески, С.** (2002) "Субрегионалната соработка на земјите од Југоисточна Европа–прилог кон регионалната безбедност", во: *Современа македонска одбрана.* Година III, бр.6, Скопје.

**Станишић, М.** (2000) *Пројекти Велика Србија.* Београд: Службени лист СРЈ.

**Степић, М.** (2001) *У вртлогу балканизације.* Београд: Службени Лист СРЈ, Институт за геополитичке студије.

**Стојанов, П.** (1962) *Македонија во времето на Балканските и Првата светска војна (1912-1918).* Скопје: Институт за национална историја.

**Стојмилов, А.** (1995), *Географија на Република Македонија.* Скопје: Просветно дело.

**Страњаковиќ Д.** (1937) *Србија од 1834 до 1858 године.* Београд: "Геца Кон".

**Талевски, Ј.** (1998) *Границите на Република Македонија.* Битола: Апекс.

**Талевски, Ј.** (2003) *Воена Географија.* Скопје: Воена академија "Генерал Михаило Апостолски".

**Талевски, Ј.** (1999) *Воена топографија.* Битола: Киро Дандаро.

**Талевски, Ј. Миленковски, М.** "Северната граница и конфликтот во Република Македонија", во *Современа македонска одбрана.* Скопје, бр.5, јуни 2002.

**Талевски, Ј., Милески, Т.** (2000) *Етногеографски карактеристики на населението во општините Ростише, Дебар и Центар Жупа.* Зборник на трудови од II Меѓународна конференција на географите на Р. Македонија, одржана на 3–5 Ноември, Охрид.

**Талевски, Ј., Милески, Т.** (2001) "Позначајни военогеографски обележја на населението во дел од општините од западниот дел на Република Македонија" во *Современа македонска одбрана.* бр.4.

**Терзић, С.** (ед.) (1998) *Сусрет или сукоб цивилизација на Балкану.* Београд, Нови Сад: Историјски институт САНУ, Православна реч.

**Томоски, Т.** (1999) *Македонија низ вековите.* Скопје: Матица македонска, Институт за национална историја, Институт за историја – Филозофски факултет.

**Фукујама, Ф.** (1994) *Крајот на историјата и последниот човек.* Скопје: Култура.

**Христов, А., Донев, Ј.** (1994) *Македонија во меѓународните договори 1875-1919.* Скопје: Архив на Македонија и Матица Македонска.

**Христов, Т.** (2001) *Политическа география на Бъгария.* Пловдив: Академично издателство на Аграрния университет.

**Цвијић, Ј.** (1966), *Балканско Полуострово и јужнословенске земље-основи антропогеографије.* Београд: Завод за издавање уџбенике СР Србије.

**Шушић, С.** (1995) *Балкански геополитички кошмар.* Београд: Војна Књига.

**Шушић, С.** (2004) *Геополитички кошмар Балкана.* Београд: Војно издавачки завод.

### Латинична библиографија

**Agnew, J.** (1997) *Political Geography: A Reader.* London: Arnold.

**Agnew, J.** (2002) *Making Political Geography.* London: Arnold.

**Agnew, J., Mitchell, K., Toal, G.** (eds) (2003) *A Companion to Political Geography.* London: Blackwell.

**Anderson, J.** (1986) "Nationalism and Geography" in Anderson, J. (ed.) *The Rise of the Modern State.* Brighton: Harvester.

**Avramovski, Ž.** (1989) Odnosi na Balkanu i stvaranje albanske države. Zbornik, *Kosovo, prošlost i sadašnjost*, Beograd.

**Baldwin, D.** (ed.) (1993) *Neorealism and Neoliberalism.* New York: Columbia University Press.

**Brown, E.M.,Coté, R.O.Jr., Sean, M.L.J., Miler, S.** (eds.) (2000) *Theories of War and Peace.* London: The Mitt Press.

**Brzezinski, Z.** (2001) *"The Geostrategic Triad, Lliving with China, Europe and Russia".* Washington D.C: Center for Strategic and International Studies.

**Brzezinski, Z.**, (1999) *Velika šahovska ploča.* Varaždin: Inted i Hrvatska udruga za međunarodne studije.

**Bugajski, J.** (2000) *Islam in the Balkans: Bridge or Barrier?.* CSIS Briefing Notes on islam, Society, and Politics, Vol.3, No.1, June.

**Bugajski, J. Hitchner, B. Williams, P.** (2003) *Achiving a Final Status Settlement for Kosovo.* CSIS-Center for Strategic and International Studies, April.

**Çeviköz, Ü.** (1998) "European Integration and Regional Co-operation in Southeast Europe", In: *PERCEPTIONS. Journal of International Affairs, December 1997-February 1998* Volume II - Number 4.

**Chipman, J.**, (1992), *"The Future of Strategic studies: Beyond even grand strategy"*, Round table, Issue 322.

**Churcher, B.** (2002) *Kosovo Lindore/Preshevo 1999-2002 & The FYROM Conflict.* G104, Conflict Studies Research Centre, March.

**Cvrtila, V.**, (2000), *"Croatia - the Geopolitical 'Gateway' to Southeast Europe"*, Garmish-Partenkirchen: George C. Marshall European Center for Security Studies.

**Cvtila, V.** (2003) *"Iračka kriza" i novi regionalni poredak.* In: Međunarodni odnosi, Zagreb, Fakultet političkih nauka.

**Darling, D., Tairbairn, D.** (eds.), (1997), *"Mapping-Ways of Representing the World"*, Essex: Longman.

**Emmanuela, C.del Re** (2003) *Corridor VIII.* Rome: Ministero delle Infrastrutture e dei Trasporti.

**Fatić, A.** (1999) *Novi međunarodni odnosi.* Beograd: Službeni list SRJ.

**Flechtner, S.** (2004) *New Impulses in European Foreign and Security policy.* International Policy Analysis Unit, Eurokolleg 48, Berlin, Februar.

**Fouskas, K.,V.** (2003), *Zones of Conflict*, London, Verginia: Pluto Press.

**Fuše, M.** (2000) *Evropska republika, između istorija i geografija.* Beograd: Stubovi culture.

**Genov, N.** (ed.) (2004) *Ethnic Relation in South Eastern Europe.* Berlin, Sofia: Free University Berlin, Institute of Eastern Europian Studies.

**Gottman, J.** (1973) *The Significance of Territory.* Charlottesville: University Press of Virginia.

**Grizold, A., Tatalović, S., Cvrtila, V.** (1999) *Suvremeni sistemi nacionalne sigurnosti.* Zagreb: Sveučilište u Zagrebu - Fakultet političkih znanosti.

**Guzzini, S.** (1998) *Realism in International Relations and International Political Economy.* London, New York: Routledge.

**Hall, D., Danta, D.** (eds.), (1996), *"Reconstructing the Balkans - A Geography of the New Southeast Europe"*, Chichester: John Wiley & Sons Ltd.

**Hantington, S.** (1997), *"Sukob civilizacija i preustroj svetskog poretka"*, Zagreb: Izvori.

**Held, D.** (1997) Demokratija i globalni poredak – od moderne države ka kosmopolitskoj vladavini. Beograd: Filip Višnjić.

**Hinsley, F.H.** (1966) *Sovereignty.* London: Watts.

**Holsti, J.K.** (1996) *The State, War and State of War.* New York: Cambridge University Press.

**Hrabak, B.** (1989) "Albanci Kosova od prizrenske lige do 1918 godine", Zbornik *Kosovo, prošlost i sadašnjost.* Beograd.

**Ioan, I.** (2000) *Is Romania Merely an Onlooker at the Globalisation and Fragmentation Process?.* Third Geo-Political Colloquium, Garmish-Partenkirchen, Germany.

**James, A.** (1984) Sovereignty: ground rule or gibberish?, in: *Review of International Studies 10,* 1-18.

**Keates, J.S.** (1989) *"Cartographic design & production"*, Singapore: Longman.

**Lozančić, D.** (1999) "A new Military Dimension of a Cooperative and Preventive Approach to Security in Southeast Europe", in: *Politička Misao-Croatian Political Science Review.* Zagreb, Vol.36 No.5.

**Mamadouh, V.D.** (1998) *"Geopolitics in the nineties: one flag, many meanings"*, *GeoJurnal 46,* Kluwer Academic Publishers.

**Marshall, G.M., Gur, T.R.** (eds) (2003) *Peace and Conflict, 2003.* CIDCM – Center for International Development & Conflict Management.

**McLean, I.** (1996) *The Concise Oxford Dictionary of Politics.* Oxford: Oxford University Press.

**Menon, A., Lipkin, J.** (2003) *European Attitudes Towards Transatlantic Relations 2000-2003.* Research and European Issues No.26.

**Mitrović, A.** (1981) *Weimarer Republik und Südosteuropa.* Balcanica XII.

**Ostojić, D.** (2004) *Države sveta.* Beograd: No Limit Books.

**Pavić, R.** (1973) *Osnove opće i regionalne političke geografije, geopolitike i geostrategije (I i II dio).* Zagreb: Sveučilište u Zagrebu.

**Pepper, D., Jenkins, A.** (eds.), (1985), *"The Geography of Peace and War"*, Oxford: Basil Blackwell.

**Petranović, B., Zečević, M.** (1991) *Agonija dve Jugoslavije.* Šabac: IKP Zaslon.

**Pettifer, J.** (2002) *FYROM After Ochrid.* G106, Conflict Studies Research Centre, March.

**Poulton, H.** (1993) *The Balkans – Minorities ans States in Conflict.* London: Right Publications.

**Rakočević, Ž.** (2001) *Geopolitičko Finansijski Lavirinti.* Beograd: Samizdat.

**Ratković, B.** (ed), (1981) *Vojni Leksikon*. Beograd: Vojnoizdavački zavod.

**Ristović, D.M.** (1991) *Nemački Novi Poredak i Jugoistočna Evropa 1940/41-1944/45*. Beograd: Vojnoizdavački i Novinski Centar.

**Shariff, M.M.** (1990) *Historija Islamske Filozofije*. Zagreb: August Cesarec.

**Shelley, F.M.** (1994), "Political Geography of the Twentieth Century: A Global Analisis", edited by Peter J. Taylor, *Geographical Rewiev*, January, Vol. 36, No. 5.

**Small, M., Singer, J.D.** (1982) *Resort to Arms: International and Civil Wars 1816-1980*. Sage: Beverly Hills, Calif.

**Stojić-Karanović, E.** (1997) Dunav: 1997-2000. in: *Međunarodna politika*. Godina XLVIII, 1061.

**Stroh, K.** (2003) *Water: An Advocate for Reason Win-win Solution for the Nile Basin*. In: IPG-Internationale Politik und Gesellschaft, Fridrich-Ebert-Stiftung, 4/2003.

**Talevski, J., Mileski, T.** (2001) "Process of Democratisation and its Impact on Border Issues" vo *Zbornik na objaveni trudovi 1999-2000*. Skopje: Voena Akademija "General Mihailo Apostolski".

**Taylor, J.P.** (1993) *Political Geography, World Economy, Nation State and Locality-third edition*. Essex: Longman Scientific & Tehnical.

**Tindemans, L. et al.** (1996) *Izveštaj Međunarodne Komisije za Balkan-Nedovršeni mir*. Zagreb: Hrvatski Helsinški Odbor za Ljudska prava, Pravni Centar FOD BIH.

**Todorova, M.** (1997) *Imaginig the Balkan*. New York: Oxford University Press.

**Triffonova, E.** (2000) "Infrastructure Development in the SEE Region", in : *IRIS Quarterly Policy Report*, Summer/Autumn.

**Tuathal, O.G., Dalby, S.** (eds) (1998) *Rethinking geopolitics*. London: Routledge.

**Turek, F.** (2000) *Novi svjetski poredak*. Međunarodne studije, Vol I., br. 1., Zagreb.

**Vankovska, B., Wiberg, H.** (2003) *Between Past and Future-Civil-Military Relations in the Post-Communist Balkans*. London, New York: I.B. Tauris.

**Vukadinović, R.** (1999) "Chalenges to Security in Southeast Europe" in *Politička Misao*. Zagreb: Faculty of Political Science, Vol. 36 No.5.

**Vukadinović, R.** (2003) *Nestabilna Sigurnost Jugoistoka Evrope*. Zagreb: Zbornik Radova Poslijediplomskog studija "Međunarodni odnosi".

**Vukadinović, R.** (2001) *Sigurnosni izazovi s Mediterana*. Zagreb: Centar za meÿunarodne studije (CMS).

**Wagstyl, S.** (2002) "Profile: LUKoil; proces of growt is the main target", in: *Financial Times*, April 15, p.VII.

**Wallerstein, I.** (1984) *The Politics of the World-Economy*. Cambridge: Cambridge UP.

**Wallerstein, I.** (1992) *Geopolitics and Geoculture*. London: Cambridge University Press.

**Weber, M.** (2000) *Sociologija religije*. Zagreb: Kruzak.

**Wiliams, H.C.** (1997) "The Question of National Congruence" in Agnew, J. (ed.) *Political Geography, A Reader*. London: Arnold.

**Списанија и Извештаи:**


"Connections", *The Quarterly Journal.* Vol. I, No.3, July 2002.

*"Platform for the Solution of the National Albanian Question"*, Albanian Academy of Sciences, in Pan-Albanism: How Big a Threat to Balkan Stability?, 25 February 2004, International Crisis Group, Europe Report N 153, Tirana/Brussels.

*Акционен план за членство во НАТО.* Министерство за одбрана, Скопје, Септември 1999 – Октомври 2000.

*Balkans 2010: Report of an Independent task force.* Council on Relations Center for Preventive Action, 9 Dec. 2002.

*ЕСМ*, (2003) *Годишен извештај.*

*Future Directions for U.S. Assistance in Southeastern Europe.* The German Marshall Fund of the United States, Washington D.C. February, 2001.

*LiMes – geopoltčki časopis.* Beograd: KLIO, 1-2004.

*Македонија во НАТО.* (2003) Скопје: Министерство за одбрана на Република Македонија.

*Национална стратегија за интеграција на Република Македонија во Европската Унија-предлог*, Влада на Република Македонија, Скопје, јули, 2004.

*Одбранбена политика на Р.Албанија.* (2000), Тирана: Министерство за одбрана на Р.Албанија.

*Provisional consolidated version of the draft Treaty establishing a Constitution for Europe.* Brussels, 25 June 2004.

*Социолошки терминолошки речник.* (1995), Скопје: Филозофски факултет, Институт за социологија, МАНУ.

*Статистички годишника на Република Македонија.* (2003) Скопје: Државен завод за статистика на Република Македонија

*Статистички годишњак Србије.* (2004) Београд: Републички завод за статистику Србије.

*Стратегиски одбранбен преглед (политичка рамка)*, Скопје: Влада на Република Македонија, 2003, стр.16–17.

*The Prague Summit and NATO's Transformation.* A Rider's Guide, 2003.

*Защита и духовно обединение на българите по света - национална стратегическа програма.* (1998) София: Научен център за Българска национална стратегия.

*Minorities: The present and the future. Report of AHRG on the situation of minorities in Albania.* (2003) Tiranë: Botimet "Kanun".

*Foreign Affairs* – http://www.foreignaffairs.org/

*Geocritica* – http://www.ub.es/geocrit/menu.htm

*Hérodote* – http://www.herodote.org

*Limes* – http://www.limesonline.com/